ИСТОРИЈА

год. XLIX, бр.1

Здружение на историчарите на Република Македонија



JOURNAL OF HISTORY

year. XLIX, № 1

Association of the Historians of the Republic of Macedonia

ЗИРМ

2014

ИСТОРИЈА, год. XLIX, бр.1
JOURNAL OF HISTORY, year XLIX, No 1

Редакција:

Антонио РИГО (Италија)
Ендрју П. РОАЧ (Велика Британија)
Лила МОРОЗ – ГЖЕЛАК (Полска)
Денис ОЗДЕН (Турција)
Маја АНГЕЛОВСКА-ПАНОВА (Македонија, главен и одговорен уредник)
Лилјана ГУШЕВСКА (Македонија)
Катерина МИРЧЕВСКА (Македонија)
Драган ЗАЈКОВСКИ (Македонија, секретар)
Игор ЈУРУКОВ (Македонија)

Editorial Board:

Antonio RIGO (Italy)
Andrew P. ROACH (United Kingdom)
Lila MOROZ-GRZELAK (Poland)
Denis ÖZDEN (Turkey)
Maja ANGELOVSKA-PANOVA (Macedonia, Editor in Chief)
Liljana GUSHEVSKA (Macedonia)
Katerina MIRCHEVSKA (Macedonia)
Dragan ZAJKOVSKI (Macedonia, Secretary)
Igor JURUKOV (Macedonia)

Јазична редакција: Лилјана ГУШЕВСКА
Macedonian language editor: Liljana GUSHEVSKA

Адреса на ЗИРМ: Григор Прличев, бр.3, 1000 Скопје, Република Македонија
Address of AHRM: Grigor Prlichev, No 3, 1000, Skopje, Republic of Macedonia
www.zirm.org

Печати: САК-СТИЛ
Printing: SAK-STIL

Печатењето е финансирано од Министерството за култура на Република Македонија
Printing is funded by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

СОДРЖИНА
CONTENTS

СТАТИИ / ARTICLES

Трајче НАЦЕВ, Драган ВЕСЕЛИНОВ
СТРАТЕШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ВОЕНИТЕ УТВРДУВАЊА ВО ДОЦНАТА АНТИКА ПО ДОЛИНАТА НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА 7

Michel GYBELS
MANICHAEISM, A RELIGION INSPIRED BY JESUS, BUDDHA AND ZARATHUSTRA..... 21

Габриела СИМОНОВА
ГОТИТЕ МЕЃУ ПАГАНСТВОТО И ХРИСТИЈАНСВОТО: ТРАНЗИЦИЈА, ТРАДИЦИЈА И РЕПЕРКУСИИ 33

Драган ЗАЈКОВСКИ
БОРБАТА ЗА ЦРКОВНА ПРЕВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА АКАКИЕВАТА ШИЗМА (484–518): КОНСТАНТИНОПОЛ VSPRIM 49

Martin HUSÁR
END OF ANTIQUITY AND BEGINNING OF THE EARLY MIDDLE AGES (4^{TH} – 8^{TH} CENTURY) IN TODAY'S SLOVAKIA AND MACEDONIA 61

Ненад МИЛАНОВИЌ
СПОРОТ ОКОЛУ ИКОНИТЕ ВО ВИЗАНТИЈА И ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА КОНСТАНТИН ФИЛОСОФ 77

Peter IVANIČ, Martina LUKÁČOVÁ
JOURNEYS OF ST. METHODIUS WITHIN THE YEARS 860 - 881 89

Митко Б. ПАНОВ
САМУИЛОВАТА ДРЖАВА ВО ВОЕНАТА И ДУХОВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЈОВАН ГЕОМЕТАР..... 105

Dragan GJALEVSKI
BYZANTINE "JUST" WAR AND IMPERIAL INTERESTS IN THE BALKANS DURING THE TENTH CENTURY 125

Орданчо ПЕТРОВ
СРЕДНОВЕКОВНИТЕ КАМЕНОФРЛАЧКИ ПОСТРОЈКИ ОД ТВРДИНАТА ПРОСЕК ВО СПИСИТЕ НА НИКИТА ХОНИЈАТ 137

Александар МЕШКОВ
КУЛТОТ НА СВЕТЕЦОТ И ЗНАЧЕЊЕТО НА МАНАСТИРОТ СВ. ГАВРИЛ ЛЕСНОВСКИ 147

Elizabeth TIMBERLAKE-NEWEL
SIFTING THROUGH THE PAST—INQUISITIONAL CONFESSION IN BOLOGNA AND GAME THEORY..... 157

Лилјана ГУШЕВСКА
НАВРАЌАЊЕ КОН ДРАМАТА *МАКЕДОНСКА ЕМИГРАЦИЈА* ОД ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ 171

Димитар Љоровски ВАМВАКОВСКИ
ГРЧКАТА ПОЛИТИКА КОН ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА (1900-1903):
ПЕРИОД НА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И ДУАЛИЗАМ..... 183

Македонка МИТРОВА
СРПСКАТА ПАРАВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА (1903-1908) 201

Ирена АВИРОВИЌ
РЕГИСТРИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ВО МЕЃУВОЕНИОТ ПЕРИОД:
ИДЕНТИТЕТСКА РАСПРАВА..... 219

Ledia DUSHKU
ALBANIA AND GREECE IN THE COURSE OF THE FIRST BALKAN WAR 233

Надежда ЦВЕТКОВСКА, Лидија ЃУРКОВА
АГРАРНАТА СТРУКТУРА НА ТЕТОВСКИОТ ОКРУГ (според пописот на населението од 31 март 1931 година) 249

Марјан ИВАНОСКИ
МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН ФРОНТ: ПРВАТА МАКЕДОНСКА ЕМИГРАНТСКА ПОЛИТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА 257

Александар СПАСЕНОВСКИ
УСТАВНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКИОТСОЦИЈАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ НА СЕКУЛАРИЗАМ 267

Драгица Поповска
МУЗЕЈОТ НА ХОЛОКАУСТОТ ВО СКОПЈЕ: МЕСТО НА СЕЌАВАЊЕ 281

Ruzica CACANOVSKA
HISTIRICAL BASIS OF SOCIOLOGICAL METHODOLOGY.. 291

МАТЕРИЈАЛИ/ MATERIALS

Славчо КОВИЛОСКИ
АРХИВСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ТРИ ТРГОВСКИ ФАМИЛИИ ОД ПРИЛЕП: ПОПОВИ, ВРТАНОВИ И БЕЛАЗЕЛКОВИ 303

Марина Михайловна ФРОЛОВА
ALBANIAN AND SLAVIC POPULATION OF THE OHRIDKAYMAKAMLYK ACCORDING TO THE REPORTS OF RUSSIAN DIPLOMATS (60-IES OF THE XIX C.) 313

Александар МАНОЈЛОВСКИ
ЗНАЧАЈНИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТАТА НА ЕВРЕЈСКАТА ВЕРСКА ОПШТИНА ВО СКОПЈЕ ВО 1946 ГОДИНА..... 335

Александар СИМОНОВСКИ
ЗАПИСНИК ОД СОСЛУШУВАЊЕТО НА БОГЕ АТАНАСОВ ВЕЛЕСКИ НА 15 ЈАНУАРИ 1947 ГОДИНА..... 343

Борче ИЛИЕВСКИ
АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА (ПРЕДЛОГ-УСТАВОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА) 351

ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS

Марија ПАНДЕВСКА
СТО ГОДИНИ ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ, ПРИЛОЗИ ОД НАУЧНИОТ СОБИР ОДРЖАН НА 3И 4 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА, МАНУ, СКОПЈЕ 2013..... 371

Трајче НАЦЕВ,
Драган ВЕСЕЛИНОВ
Универзитет
„ГоцеДелчев“ – Штип

УДК 904 (497.7) “652“
94: 623.1 (497.7) “652“

СТРАТЕШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ВОЕНИТЕ УТВРДУВАЊА ВО ДОЦНАТА АНТИКА ПО ДОЛИНАТА НА РЕКАТА БРЕГАЛНИЦА

Релјефните, хидрографските и климатските карактеристики по долината на реката Брегалница овозможувале појава и развој на населени места уште од праисторијата и антиката. Подемот на овие населените места посебно бил изразен во доцната антика преку развојот на стопанството и патните комуникации. При наездата на Готите во 268 и во 269 година страдало целото македонско подрачје, а со тоа и долината на реката Брегалница. Поради ваквата состојба, односно поради загрозеноста на населените места и на населението, било неопходно да се преземат мерки со кои би се овозможила нивна одбрана и заштита. Такви биле градењето нови фортификации со нови техники и зајакнување на старите со истите, но и изградба на нови јавни градби кои се издвојувале од оние од претходните периоди.[1]

Ваквото утврдување на населените места, покрај тоа што овозможувало одбрана и заштита на луѓето и на материјалните добра, воедно претставувало и одбранбен систем приспособен за тој период. Таквиот одбранбен систем бил составен од: кастелум-гратчиња (opidae), кастелум-стражи (speculae), збегови (refugia) и утврдени села (vicimurati), од кои првите две биле воени, а другите цивилни

[1] Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот басен*, (Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 2013), 60.

утврдувања.[2] Како воените така и цивилните утврдувања биле од големо значење за одбраната и заштитата на населението. И едните и другите претставувале важен сегмент во одбранбениот систем.

Меѓутоа, поради задачите и целите за кои биле наменети воените утврдувања, тие имале одредени специфичности со кои се разликувале од другите утврдувања. Воените утврдувања, всушност, требало да исполнуваат одредни стратешки вредности кои би им овозможиле поефикасно функционирање. Така, од големо значење била нивната местоположба, форма, големина, позиција и слично. По долината на реката Брегалница во доцноантичкиот период, добрите стратешки вредности на ваквите видови утврдувања им овозможувале поголема ефикасност и ефективност во нивната намена, односно во одбраната и заштитата на луѓето и на материјалните добра. Со тоа овој регион претставувал дел од целокупниот одбранбен систем на тогашната држава.

Кастелум-гратчиња (oppidum) биле урбанизирани, градени по однапред одреден план. Редовно имале кули, а највисоката позиција се издвојувала за акрополата со одбранбени ѕидови, исто како и другиот дел од градот. Во нив имало куќи за живеење, јавни згради и „државни“ фортификациски објекти, што значело населување и на цивилно население.[3] Речиси секогаш имало ранохристијански базилики. Цистерните за вода се основните градби што се појавуваат во оваа категорија градови. Овој тип град зафаќа површина од 1,5 до 2 хектари кај помалите и 4 до 6 хектари кај поголемите.[4] Ваквите утврдувања се карактеристични по тоа што покрај нивната примарна цел која била од воено-одбранбен карактер, имале и цивилен карактер, бидејќи биле последни седишта на администрацијата, црковните достојници и на продуктивното население на крајот од доцноантичкиот период.

Кастелум-стражите (speculae) претставувале помали или многу мали тврдини изградени на доминантни позиции, со силни одбранбени ѕидови, и најчесто со една одбранбена кула. Овој тип најчесто бил поставуван покрај некој премин, граница, рудник или, пак, влегувал во системот на одбраната на поголемите утврдувања или

---

[2] Иван Микулчиќ, „Доцноантички фортификации“, *Археолошка карта на Р. Македонија*, т. I, (Скопје, 1994), 139-145; Иван Микулчиќ, *Антички градови во Македонија*, кн. 8, (Скопје, 1999), 189-209.

[3] Ivan Mikulčić, „Kasnoanticka utvrdjenja u S.R.Makedoniji - Pokusaj klasifikacije“, во *Odbrambeni sistemi u praistoriji I antici na tlu Jugoslavije*, *referati XII kongresa arheologa Jugoslavije* (Novi Sad: Savez arheoloskih društava Jugoslavije, Arheološko društvo Vojvodine, 1986), 108.

[4] Микулчиќ, *Антички градови во Македонија*, 143.

градови. Во суштина, претставувале чисто воени објекти, а се претпоставувало дека во нив покрај војници, живееле и нивните семејства. Овие утврдувања по својот изглед и големината главно биле хетерогени.[5]

Двата вида утврдување се присутни по долината на реката Брегалница во доцноантичкиот период. Така, од типот кастелум-гратчиња (oppidum) биле познати следните: Цуцуло, с. Мачево – Беровско; Селиште – Пехчевско; Прекинато Градиште, с. Вирче – Делчевско; Градиште, с. Моштица – Македонска Каменица; Пресечен Камен-Градиште, с. Очипала – Делчевско; Ошљан Град, с. Разловци – Делчевско; Даутов Чукар, с. Стар Истевник – Делчево; Градиште, с. Тработивиште – Делчевско; Виничко Кале – Виница; Кале, с. Истибања – Виничко; Бигланско Градиште, с. Лаки – Виничко; Градиште, с. Лаки – Виничко; Градиште, с. Бели – Кочанско; Горно Градиште, с. Долно Гратче – Кочанско; Градиште, с. Јатребник – Кочанско; Градиште, с. Мородвис – Кочанско; Св. Спас, Рамно Брдо, с. Полаки – Кочанско; Градиште, с. Горни Балван – Штипско; Кале-Градиште, с. Долани – Штипско; Бандера, с. Долни Козјак – Штипско; Градиште, с. Криви Дол – Штипско; Град Градиште-Чука, с. Пиперово – Штипско; Бавчи, с. Пухче – Штипско; Караул, с. Горобинци – Светониколско; Мамутница, с. Горобинци – Светониколско и Градиште, с. Долно Ѓуѓанце – Светониколско.

Утврдувањето **Цуцуло** се наоѓа на 2 км од селото Мачево. Неговата локација била на еден висок рид, кој благо се спуштал кон селото (Сл. 1). Утврдувањето се простирало на површина од 36 хектари, во чии рамки се наоѓала ранохристијанска базилика.



Сл. 1

[5] Mikulčić, „Kasnoanticka utvrdjenja u S.R.Makedoniji“, 110.

Селиште претставувало утврдување сместено на висок рид со зарамнето плато. Се наоѓало на 5 км од селото.

На околу 2,5 км источно од селото Вирче се наоѓа утврдувањето **Прекинато Градиште**. Се наоѓало на висок рид со доминантна позиција (Сл. 2). На врвот на ридот има зарамнето плато со димензии 250 х 150 м, или 3,8 хектари. На рабовите на платото сè уште се зачувани остатоците од одбранбените ѕидови на фортификацијата, што овозможува да се добие претстава за нивната поставеност и изглед.



Сл. 2

На левиот брег на Камненичка Река, до утоката од долот Моштеница, на едно зарамнето плато се наоѓа утврдувањето **Градиште**. Во рамките на одбранбените ѕидови тоа зафаќало површина од околу 1 хектар. Фортификацијата била градена во техниката opus incertum, од кршен камен поврзуван со варов малтер.

Пресечен Камен-Градиште било сместено на висок рид со зарамнет врв, кој се наоѓал на десниот брег на реката Брегалница, на местото каде што ја напушта долината на Пијанец. Неговите одбранбени ѕидови опфаќале површина од околу 2-3 хектари, а биле градени со истата техника како и кај претходното утврдување.

Утврдувањето **Ошљан Град** се наоѓало на висок рид со доминантна позиција на околината.

На површина од околу 0,5 хектари се простирало утврдувањето **Даутов Чукар**. Неговата положба се наоѓала на висок рид со доминантна положба на околниот терен, во непосредна близина на денешниот главен пат Делчево – Пехчево. На самиот врв на ридот имало зарамнето плато каде што се простирале одбранбените ѕидови градени од кршен камен поврзуван со варов малтер.

Утврдувањето **Градиште** е со локација врз едно извишување на североисточниот крај на село Тработивиште. На самиот врв на ова елипсовидно зарамнето плато (Сл. 3) се наоѓале одбранбените ѕидини. Тие зафаќале површина од околу 2,5 хектари.



Сл. 3

Виничкото Кале претставувало воено утврдување чија фортификација имала одбранбени полукружни и полигонални кули (Сл. 4). Ова утврдување било градено со техниката opus incertum, без нагласени хоризонтални редови, од кршен камен поврзуван со варов малтер. И ова утврдување се наоѓало на извишено место со доминантна положба, што овозможувало поефикасна одбрана и заштита.



Сл. 4

Врз карпестиот рид кој се наоѓа на 2 км североисточно од село Истибања, а се издига високо над коритото на Брегалница и над патот за Делчево, било утврдувањето **Кале.** Со досегашните истражувања е утврдено дека одбранбениот ѕид бил со ширина од 1,4 м.

На 4 км југоисточно од село Лаки, од десната страна на патот Виница – Берово, било сместено утврдувањето **Бигланско Градиште**. Неговите одбранбени ѕидови зафаќале површина од околу 1,5 хектари. Од јужната страна на утврдувањето вештачки бил изведен ров (фоса), кој овозможувал зајакнување на одбраната на самото утврдување.

Со површина од околу 0,2-0,3 хектари, на 5 км од селото Лаки се наоѓало утврдувањето **Градиште**. Неговото простирање на висок рид му овозможувало доминантна положба.

Градиште претставувало утврдување чии одбранбени ѕидини опфаќале површина од 2,2 хектари. Се наоѓало на 2 км северно од село Бели, на еден висок рид кој имал вештачки зарамнето плато. Ова утврдување води потекло уште од класичното и од македонското време.

Утврдувањето **Горно Градиште** се наоѓало на левата страна од утоката на Голема Река во езерото Гратче, на голем рид со доминантна положба. На зарамнетиот простор на врвот од ридот со површина од околу 2,5 хектари се наоѓала фортификацијата. На источната страна била зајакната со една кула. Во средишниот дел на утврдувањето се наоѓала акропола. Се претпоставува дека ова утврдување било за обезбедување и заштита на утврдувањето **Долно Градиште,** чија локација, пак, била кај утоката на Мала и Голема Река во езерото Гратче, на стрмен висок рид, на чиј врв имало зарамнет простор. Ова утврдување имало површина од околу 2 хектари и било градено во техниката emplektonco, квалитетен ѕидарски слог. Во неговиот горен дел се наоѓала ранохристијанска базилика. Ваквата положба на двете утврдувања се претпоставува дека е, пред сѐ, поради постоење на некое стратешко место (можеби рудник) во непосредна близина.

На десниот брег од Голема Река, во близина на селото Јастребник се наоѓа утврдувањето **Градиште**. Сместено во планински предел, на висок рид, имало поволна одбранбена и заштитна функција. Површината што ја зафаќал одбранбениот ѕид на ова утврдување изнесувала 3 декари.

Градиште било утврдување сместено на јужниот дел од селото Мородвис, во подножјето на Плачковица. Имало издолжена форма со ориентација север – југ. На највисокиот дел од јужната страна, врз карпа е издвоена акропола со одбранбени ѕидови.

Св. Спас претставувал утврдување чија локација е во близина на Рамно Брдо, село Полаки. Се наоѓало на висок рид што стрмно се издигал кај утоката на долот Лиса во Беровска Река. На самото вештачко зарамнување на врвот од ридот оваа фортификација зафаќала површина од 2,5 хектари. Темелите на одбранбените ѕидови

биле градени во техниката opus caementicum, со камен кој бил заливан со варов малтер.

Југозападно од селото Горни Балван, на самото тримеѓе помеѓу селата Горно Трогерци, Батања и Горни Балван се наоѓа утврдувањето **Градиште-Киево**. Бедемите на ова утврдување, кое било сместено на ридот Киево и е со доминантна положба, се градени во техниката opus incertum од необработен зеленикав песочник кој меѓусебно бил поврзуван со земја. Вкупната негова ширина изнесувала 2,5 метри. Всушност, локацијата на утврдувањето кое било на највисокото возвишение на овој простор е резултат на немирните времиња во доцноантичкиот период.

Утврдувањето **Кале-Градиште** се наоѓало на 1,5 км јужно од селото Долани, на висок рид кој доминира на околниот терен. На зарамнетото плато од ридот со одбранбени ѕидини широки 1,2 м, утврдувањето зафаќало површина околу 2,4 хектари. Ѕидовите биле градени во техниката opus incertum, без нагласени редови, од кршен камен поврзуван со варов малтер.

На рид кој се издига високо над селото Долни Козјак и со доминантна позиција било сместено утврдувањето **Бандера**. Платото на врвот од ридот е поставено во правец северозапад – југоисток и на југоисточниот крај е малку подигнато и опкружено со стрмни падини. Ширината на одбранбените ѕидини што се наоѓале на палтото изнесувала 2 м, а биле градени во техниката opus incertum, без нагласени хоризонтални редови, со речен кршен камен поврзуван со варов малтер.

Градиште претставувало утврдување сместено на висок рид издолжен во правец север – југ, кој доминира над околниот терен. Фортификацијата била со кружно утврдување.

На западниот крај на селото Пиперово, на сртот од планината Серта, се наоѓа утврдувањето **Градиште-Чука**. Со оваа местоположба на зарамнетот плато од ридот, утврдувањето имало поглед од едната страна на реката Вардар, а на другата кон лакавичката котлина. Ѕидините на фортификацијата зафаќале површина од околу 2,3 хектари, а биле изградени во техниката opus incertum.

Во месноста позната како Бавчи, на еден од ридовите на Серта се наоѓа истоименото утврдување **Бавчи**. Се простирало на блага падина со површина од околу 5 декари.

Караул било утврдување кое се наоѓало на 3 км јужно од селото Горобинци, на една мала височинка. Одбранбените ѕидови се градени во техниката opus incertu, без нагласени хоризонтални редови, од кршен камен поврзуван со варов малтер.

Утврдувањето **Мамутница,** пак, е лоцирано на 5 км југозападно од селото Горобинци, на границата помеѓу селата Трстеник, Иванковци и Џидимирци.

Од јужниот крај на селото Долно Ѓурѓанце, на висок рид опкружен со стрмни падини од сите страни било сместено утврдувањето **Градиште**. Речиси половина од височината на ридот е со кружна тераса со површина од 4 хектари. На оваа траса се простирала фортификацијата која е градена во техниката opus caementicum, од кршен камен заливан со варов малтер.

Кастелум-стражите исто така биле распространети по долината на реката Брегалница во доцнонтичкиот период. Како такви биле познати следните: Градиште –Беровско; Градиште, с. Владимирово – Беровско; Материца, с. Владимирово – Беровско; Градиште 1, с. Двориште – Беровско; Градиште 2, с. Двориште – Беровско; Градиште, с. Мачево – Беровско; Градиште, с. Панчарево – Беровско; Градиште 1, с. Ратево – Беровско; Градиште, с. Русиново – Беровско; Градиште – Делчевско; Мало Градиште, с. Sвегор – Делчевско; Градиште, с. Косевица – Македонска Каменица; Градиште, с. Саса – Македонска Каменица; Самовилец, с. Грљани – Виничко; Тркањски Рид, с. Бања – Кочанско; Турски Гробишта, с. Бања – Кочанско; Мировница, с. Горно Градче – Кочанско; Патилаво, с. Зрновци – Кочанско, Шилести Рид – Кочанско; Градиште, с. Кучичино – Кочанско; Црвен Камен, с. Теранци – Кочанско; Лозен, с. Горни Балван – Штипско; Градиште-Шаренковец, с. Горно Трогерци – Штипско; Градиште, с. Драгоево – Штипско; Кула, с. Калаузлија – Штипско; Кала (Коџоман Кааси), с. Пухче – Штипско; Солунски Рид, с. Судиќ – Штипско и Градиште, с. Горно Ѓурѓанце – Светониколско.

Градиште претставува утврдување кое е лоцирано на 7 км источно од градот Берово. Се наоѓало на рид што се издига високо над левиот брег на реката Брегалница (Сл. 5).



Сл. 5

Во планинскиот предел на Ѓузелце, во близина на селото Владимирово, на еден голем рид било сместено утврдувањето **Градиште**. Површината што ја опфаќале одбранбените ѕидови на ова утврдување изнесувала околу 3,5 декари.

Утврдувањето **Матерница** се наоѓало на висок рид во непосредна близина на селото Владимирово. Сместено на зарамнетото плато на ридот, тоа имало доминантна позиција над целата околина.

На 1 км северно од селото Двориште, на едно зарамнето плато на врвот од ридот било сместено утврдувањето **Градиште 1**. Целата фортификација зафаќала простор од околу 1 хектар. Одбранбените ѕидини биле градени во техниката opus incertum, без нагласени редови.

Градиште 2, пак, е лоцирано на 5-7 км југоисточно од селото Двориште, во месноста Црногорец, на висок рид со зарамнето плато. Одбранбените ѕидови на ова утврдување заградувале простор помал од 1 декар.

На едно зарамнето плато, на висок рид од левиот дел на реката Каменица било сместено утврдувањето **Градиште,** оддалечено околу 7 км од селото Мачево. Имало доминантна положба во однос на преостанатиот дел од теренот, а било со површина помала од 1 хектар.

Утврдувањето **Градиште** било сместено на 2 км јужно од селото Панчарево, на висок рид со доминантна положба. Тоа зафаќало површина од околу 2,5 декари. Одбранбените ѕидови се градени во техниката opus incertum, од кршен камен поврзуван со варов малтер.

Градиште 1 се наоѓало на источната периферија на селото Ратево. Сместено на висок рид, ова утврдување имало доминантна положба, која му овозможувала добра прегледност на околината.

На 3 км источно од Џами Тепе, во близина на селото Русиново, на висок рид се наоѓало утврдувањето **Градиште**. Фортификацијата на зарамнетото плато од ридот зафаќала површина од околу 0,5 хектари.

Во близината на градот Делчево, поточно на околу 2 км јужно од него е лоцирано утврдувањето **Градиште**. Неговите одбранбени ѕидови зафаќале простор со димензии 150 х 50 м или со површина од околу 1 хектар. Тие биле градени од кршен камен и варов малтер.

Мало Градиште се наоѓало 500 м источно од селото Свегор. На зарамнето плато на еден висок рид, ова утврдување имало доминантна положба во однос на околината.

Утврдувањето **Градиште** било сместено над маалото кое кај мештаните било познато како Паровско во селото Косевица. Со доминантна положба, сместено на зарамнето плато на висок рид, зафаќало површина од околу 1 хектар (Сл. 6). Одбранбените ѕидови

биле градени во техниката opus incertum, од кршен камен поврзуван со варов малтер.



Сл. 6

Градиште претставувало утврдување кое било сместено на 2 км од маалото Капетановци кај селото Саса. Со површина од околу 0,5 хектари, се наоѓало на висок рид со зарамнето плато.

Околу 400 м јужно од маалото Маниловци во селото Грљани се наоѓало утврдувањето **Самовилец**. Неговата местоположба, која била на висок рид со надморска височина од 930 м, на вештачки зарамнето плато, била доминантна во однос на околината. Одбранбените ѕидови на утврдувањето биле градени во техниката opus incertum, без нагласени хоризонтални редови, од кршен камен поврзуван со варов малтер.

Нискиот рид, познат кај мештаните како Тркањски Рид, на самата граница помеѓу селата Тркање и Бања, претставувал место каде што се наоѓало истоименото утврдување **Тркањски Рид**.

Турски Гробишта било утврдување кое е лоцирано на 300 м јужно од селото Бања. Неговата местоположба била на пространа падина покрај малата рекичка Сува Река, позната кај мештаните како Турски Гробишта.

Во месноста позната како Мировница, која се наоѓа на 500 м јужно од маалото Граматица во селото Горно Градче, било сместено утврдувањето **Мировница**. Оваа фортификација зафаќала површина од околу 1 хектар.

Утврдувањето **Патилаво** се наоѓало над селото Зрновци, на висок рид кој бил со доминантна местоположба (Сл. 7). Одбранбените ѕидови сместени на зарамнето плато на ридот зафаќале површина од околу 1 хектар. Тие биле градени во техниката opus cementicum, од кршен камен заливан со варов малтер.



Сл. 7

Зарамнетото плато на познатиот Шилести Рид било местото каде што се наоѓало истоименото утврдување **Шилести Рид**. Темелите на одбранбените ѕидови биле градени во техниката opus cementicum, од камен заливан со малтер.

Градиште е лоцирано на 3 км јужно од селото Кучичино, на висок рид со доминантна положба. Ова утврдување, кое се наоѓало на вештачки зарамнет простор на ридот, со своите одбранбени ѕидови зафаќало површина од околу 7 декари. Одбранбените ѕидови биле градени во техниката opus cementicum, од кршен камен заливан со варов малтер.

Утврдувањето **Црвен Камен** е лоцирано на 3,5 км југоисточно од селото Теранци, а на 1,5 км југозападно од селото Видовиште (по воздушна линија). Се наоѓало во подножјето на планината Плачковица, на местото познато како Рамни Ниви.

Лозен се наоѓа на 2 км од селото Горни Балван, од левата страна на асфалтниот пат од Горни Балван за Долни Балван (Сл. 8). Утврдувањето се наоѓало на висок рид, што му овозможувало доминантна положба над околниот терен и над коритото на реката Брегалница.



Сл. 8

Високиот рид со заоблен врв на северниот раб од селото Горно Трогерци претставувал место каде што се наоѓало утврдувањето **Градиште-Шаренковец**. Оваа местоположба му овозможувала прегледност врз Овчеполската и врз Злетовската Котлина.

На 3,5 км јужно од селото Драгоево, на еден од ридовите на планината Серта било сместено утврдувањето **Градиште**. Неговите одбранбени ѕидови се градени во техниката opus incertum, без нагласени хоризонтални редови, од кршен камен поврзуван со варов малтер. Се претпоставува дека во ова утврдување била сместена војска која имала задача да ја брани населбата Ташли Трла ситуирана во непосредна близина на Градиште.

Кула е лоцирана на 2 км јужно од селото Калаузлија, на издолжен гребен кој на западниот крај стрмно се издига на десниот брег над коритото на Козјачка Река, кој воедно претставува и природна препрека од непријателот. Ова утврдување било сместено на зарамнето јазичесто плато, опкружено со одбранбен ѕид кој затворал простор од околу 4,5 декари. Кула претставувала дел од одбранбениот систем на градот Баргала.

Тркалезното плато на ридот Кала, кој се наоѓа на околу 600 м западно од селото Пухче, претставувало место каде што било сместено утврдувањето **Кала (Коџоман Кааси)**. Оваа фортификација зафаќала површина од околу 1,5 хектари. Во подножјето на утврдувањето била сместена помала населба позната како Градиште, за која се претпоставува дека претставувала издвоена економија за неговите потребите.

Утврдувањето **Солунски Рид** се наоѓало на североисточната страна на селото Судиќ. Неговите одбранбени ѕидови затворале простор од околу 1,5 хектари.

Лоцирано на 2 км западно од селото Горно Ѓурѓанце, на висок рид со зарамнето плато се наоѓало утврдувањето **Градиште**. Зафаќало површина од околу 1 до 1,5 хектари. Одбранбените ѕидови биле градени во текниката opus incerum, без нагласени хоризонтални редови, од кршен камен поврзуван со варов малтер.

Од целокупниот кус опис на секое од двата вида воени утврдувања присутни по долината на реката Брегалница во доцноантичкиот период може да се увиди дека тие имале одредени стратешки вредности. Тоа се должело, пред сè, на природата на нивната намена, односно за одбрана и заштита на населените и на другите стратешки и економски значајни места. За извршување на таквите цели и задачи, неопходно биле нивните стратешки вредности одредени преку параметри, капацитети, положби и сл. Така, најчесто и

двата типа воени утврдувања биле градени и стационирани на места кои имале природна заштита, достапност на ресурси и прегледност на околината, со што овозможувале ефикасна одбрана и заштита на местата што ги обезбедувале.

Овие утврдувања имале природна заштита преку својата местоположба на сртовите и на зарамнетите платоа на ридовите, каде што биле опкружени со стрмни и непристапни страни кои го отежнувале и го попречувале непријателскиот напад. Од големо значење била и зајакнатата фортификација, односно примената на техниката opus incertum за градење на одбранбените ѕидини. Во утврдувањата претежно имало издвоена и доминантна акропола, како затворена целина, и една или повеќе цистерни кои овозможувале подолга снабденост со вода на луѓето во случај на опсада. Кај поголемите, но во мал дел и кај помалите воени утврдувања, покрај присуството на војската имало и цивилно население, кое, всушност, го сочинувале семејствата на војниците. Нивното стационирање на високите места не значело само заштита од непријателските напади, туку и прегледност на околината. Таквата доминантна положба им овозможувала набљудување, преку кое можеле да воочат какво било непријателско движење или активност.

Воените утврдувања што се наоѓале во долината на реката Брегалница во доцноантичкиот период биле наменети за одбрана и заштита, односно биле одредени за обезбедување на разни цели. Така, нивните функции и задачите биле обезбедување на рудници, патишта, граници, а имало и такви кои претставувале дел од одбранбените системи на поголемите градови.

Некои од воените утврдувања по долината на реката Брегалница во овој период се обновени, а другите се новоизградени. И едните и другите биле зајакнувани со употреба на поцврсти градежни материјали и со соодветни градежни техники како резултат на преземањето на одбранбените реформи за време на владеењето на Диоклетијан, Константин Велики, Теодосиј I и Теодосиј II. Ваквата изградба, поставеност и фунционирање на воените утврдувања овозможувала поголема безбедност и одбрана во доцноантичкиот период по долината на реката Брегалница и поради нивната ефикасност, некои од нив биле приспособувани и користени за истите цели и во понатамошниот период (во средниот век).

Trajche NACEV, Dragan VESELINOV

STRATEGIC VALUES OF MILITARY FORTIFICATIONS IN LATE ANTIQUE ALONG THE VALLEY OF BREGALNITZA RIVER

s u m m a r y

The natural characteristics of the valley of Bregalnitza river in the Late Antique period enabled certain occurrences and development of the populated areas, which had been of great ecclesiastical and economic importance for the region. But it happened in a period when the entire Macedonian territory was under permanent external attacks. Thus, for protection of the populated areas, military fortifications were built. Two types of military fortifications appeared along the valley of the Bregalnitza river in the Late Antique period : Castelum-towns (oppidum) and Castelum-sentry (speculae). These fortifications had their strategic values and characteristics which provided proper defence and protection of the population and material goods.

Michel GYBELS
Independent scholar

УДК 27-876-4

MANICHAEISM, A RELIGION INSPIRED BY JESUS, BUDDHA AND ZARATHUSTRA

Even in recent times, the alleged connection between Manichaeans and Cathars persists to exist. For instance, Charles Schmidt (1812-1895) still states in his book *Histoire et Doctrines des Cathares* (1848) that the Italian Cathars originate from the Manichaeans.

Only from the fifties of the previous century onwards, researchers have provided evidence that Manichaeism is not related to Catharism. One of the first was the Italian church historian Raffaello Morghen, who states in his 1951 book *Medioevo cristiano* that there is no proof that Catharism originated from Manichaeism: the Manichaean dualism was cosmological and metaphysical, whereas eleventh and twelfth century dualism was anthropological and ethical.

Even today, there are numerous groups, mostly in the esoteric *milieu*, who steadfastly proclaim that the Cathars are derived from the Manichaeans…

Meanwhile, recent scientific research has clearly proven that the alleged relation can be dispelled forever, and that the connections have emerged throughout time due to erroneous interpretations and/or deliberate manipulations, which can be situated, above all, in the context of the Roman Catholic Church.

A rectification…

MANICHAEISM AND THE SASANIAN EMPIRE

Too often, and completely unjustified, the adjective “Manichaeist” is used to refer to an action or philosophy without any nuance, dualistic or even simplistic. Hereby it is completely denied that Manichaeism was a proper religion in its own right, which originated in Persia (present-day Iran) in the third century of the Common Era. At the time of its founder, Mani, this religion spread significantly, both to the west and to the east of Iran. Soon, Manichaeism competed with Zoroastrianism, Buddhism and Christianity, three religions that fiercely contested the teachings of Mani since the fourth

century. Later, during the Middle Ages, the Roman Church put Manichaeism on the long list of Christian heresies. However, due to the discovery of various Manichean texts, and also archaeological findings, from North-Africa to China, present-day historians can construct a better and objective image of this religion and its great past.

The Sasanian Empire occupied an immense territory in the third century, supplemented with vassal states, which also acknowledged the suzerainty of the powerful king of kings. Despite of the armed conflicts with the neighbouring countries there was cultural, artistic and religious exchange. The Empire, situated on the crossroads of major commercial trade routes, here and there intersected with the important Silk Road, was permeated with various influences.

Certain monarchs, like Shabuhr I, benefited the exchanges and encouraged the translation of Greek, Latin and Indian literary works. When it comes to religion, the Sasanian dynasty succeeded in the expansion of the ancient Persian religion, Zoroastrianism.

Zoroastrianism or Mazdaism is a religion which originates from Persia. Today Zoroastrians are a small majority in Iran (Persia) and also in Azerbaijan, India and the Kurd areas in Iraq and Pakistan. It is estimated that there are 2.6 million Zoroastrians globally. The founder of Zoroastrianism is the mythical prophet Zarathustra or Zoroaster, who lived around the tenth century BC in the east of what we now know as Iran or Afghanistan. His teachings are compiled in the holy book of Zoroastrianism, the Avesta. These teachings are characterised by a strong dualism between good and evil. Humanity is stuck between two opposite powers: Ahura Mazda (Enlightening Wisdom) and Angra Mainyu (Destructive Spirit), and must choose the good side during the eternal struggle between the two. This ethical choice is summarised in the three pillars: good words, good deeds and good thoughts.

In Antiquity and the early Middle Ages, before Islam emerged, Zoroastrianism was more widespread than today. At that time, the inhabitants of major parts of south-west Asia followed the teachings of Zoroaster. Zoroastrianism was the state religion of the Medes and later in the Persian Empire.

Cyrus the Great decided to make Zoroastrianism the state religion of the Persian Empire after his campaigns in the areas of the Medes. This continued, with interruptions, until the spread of Islam in the seventh century. The Zoroastrians, who did not convert to Islam, were called *gabar*. The Gabar—a degeneration of the Arabian kāfir, meaning "unbeliever"—were considered second-class citizens. Even though they bought some tolerance by paying tax, they were not allowed to ride horses or carry

weapons and they were obliged to wear mandatory clothes. They also spread in the east coast of Africa.

In the tenth century, intensification of the prosecution of non-Muslims occurred and many were forced to emigrate to India, where to this very day the Parsi keep their beliefs. The founders of the Parsi-communities in India left the Persian Gulf in the year 917. Parsi often wear white clothes during prayer and a string around their waists.

In the course of time, this religion underwent major changes. It was originally monotheistic, but later the ancient deities of the Persians increasingly started to play a role, such as the angel of Amshaspand. The energy of the creator is being spread in sunlight and fire, according to Zoroastrianism. That is the reason why Zoroastrian buildings are called fire temples. Zoroastrians regard fire as the symbol of Ahura Mazda, but they neither honour nor worship it, which is why the predicate *fire worshippers* is incorrect.

Zoroastrians believe in life after death; you have to improve your spirit in this life or in the next, before you encounter Ahura Mazda, the Enlightening Wisdom.

However, the Sasanian Empire also included Jews and Christians, mostly in the western provinces, while Buddhism arose in the east in the Kushan Empire. It is in this diversity of religions that Manichaeism manifested itself as a new religion.

Its founder, Mani, could always count on the benevolence and support of king Shabuhr I, who allowed him to preach throughout the Empire. However, the politics of the religious tolerance lasted only until Bahram II acceded the throne.

Influenced by Kirdir, the leader of the Zoroastrian religion, Bahram II commanded to arrest Mani, who died in prison. From that moment onwards, Zoroastrianism becomes an intolerant and dictatorial religious movement, which prosecutes Manichaeans, Christians, Jews and Buddhists.

Despite of the prosecutions, Manichaeism nevertheless succeeds to maintain itself within the borders of the Sasanian Empire. The adherents of the religion even succeed to develop strongly based missionary missions, which led to the further spread of the teachings from North Africa to China.

MANI (216-276), FOUNDER OF A NEW RELIGION

Mani, born in 216 in Mesopotamia, founded a new religion, which was named Manichaeism after him. Various Greek, Coptic, Persian and Chinese texts prove that Mani has lived, and that he is no imaginary figure.

According to the *Cologne Mani-Codex*[1] and the *Chinese Compendium*[2], Mani was born within a Northern-Babylonian rural community in 527 of the Seleucid moon year, which is 216 according to the Christian calendar.
Some sources even give his date of birth: the eighth of *nissan*, which corresponds to 14 April, but this date is historically uncertain and it seems that it is selected to compose the Manichaean calendar.
Mani was the only son of Patticius and Maryam. His father was a pagan worshipper of the god Nabu and around the time of the birth of Mani he converted to Elkasaism, a Judaeo-Christian Baptist community, for which baptism and the ritual purification of the hands was significant.
When Mani was four years old he was taken away from his mother and his father adopted him in a male community of *mughthasila* (meaning "those who purify" in Arabic) who lived in accordance to the teachings of Elkasai.
The doctrine of Elkasaism is based on respect for the Jewish laws, but it rejects the blood sacrifice (which is fundamental within Hebrew religion) and replace it with purification of the water and thaumaturgical[3] virtues.
The *mughtasilites* were rigorously bound to an alimentary code that is based on ethnic criteria: only food from domestic, Jewish and male sources on the condition that the food was baptised was allowed; forbidden was food from external, Greek and female sources.
According to the *Cologne Mani-Codex*, the life of Mani changed drastically when he turned twelve, when he had his first visions and when he encountered various religious works within his community, such as *Diatesseron* by Tatianus[4], the epistles of Paul, the various writings on the

[1] The Cologne Mani-Codex is a small document of parchment (4,5 x 3,5 cm) which is being preserved at the University of Cologne, and which originates from Upper-Egypt. The text is in Greek and was being edited between the fourth and sixth century. The work presents the conflicts of the juvenile Mani, and is based on his own testimonies, interpreted by his disciples. It is therefore a fundamental document for understanding the spiritual revolution of Mani until he founds his new religion.

[2] The Chinese Compendium originates from the caves with thousand Buddhas, near Dunhuang, where it was found in the early twentieth century. It was edited at the court of the Tangdynastie in China. It is an exceptional document, which is partly preserved at the British Library in London, and partly at the Bibliothèque Nationale de France, written by a Manichaean bishop who was initiated in the Buddhist terminology and describes the life of Mani, and the doctrines and rules of Manichaeism.

[3] Thaumaturgical is derived from the Greek thaumatourgos, meaning "performer of miracles".

[4] Tatianus (ca. 120-173) was born among a pagan family in Syria and converted to Catholicism in Rome. He is the author of a *Diatessaron*, a compilation of four Gospels in one document. It was written in Greek and it was soon translated to Syrian. It was used as one Gospel within the Syrian church during the course of three centuries. It is also called "the equilibrium of the Gospels".

revelations and the acts of the different apostles like Peter, John, Paul, Andrew and Thomas.

When he turned 24 his life changes and he dissociates himself more and more from the religious community of the *mughtasilites* and he is seen, that is, according to the Manichaean literature, as the long-awaited Paraclete[5]—mediator and Holy Spirit—heralded by Jesus in the Gospel of John (14,26). At the time of the enthronement of the Sasanian king Shabuhr I, Mani is being received as the new prophet, whereby a symbiosis takes place between two worlds: prophetic and politic.

Mani then regards himself as part of the continuing cycle of the prophets. He does not see himself as the last and final figure of this cycle, but he pretends to be both the heir of Zoroaster for Persia, the Buddha for India and China and Jesus for the west. In other words, he proclaims to be the universal prophet.

By appropriating the title of Paraclete, he soon antagonised the Christians, first of all Augustine, and later Christian saints.

From 240 onwards Mani and his disciples begin missionary work and he engages mainly with the Iranian (Persian) world. His many travels lead him to numerous cities, such as Seleukeia-Ctesiphon in Mesopotamia between the Tigris and Euphrates and also Ganzak in Bactria. Next, he travels to Bharat in India, following the path of the apostle Thomas, whose acts he knows. He is fairly successful in Christian communities in India and in Deb he founds a Manichaean community.

There is even a rumour about the conversion of the Buddhist king of Turan and his family members. However, in all probability, this is exaggerated Manichaeist propaganda.

With his return to Persia, he dedicates his *Shabuhragan* (Book of Shabuhr) to king Shabuhr I, written in *pehlevi* or Old Persian, in which he explains his religious principles and also to receive the goodwill of the king. With the help of Peroz, a brother of the king, Mani and his followers receive a safeguard and also personal support from Shabuhr I in 253.

Since then, Mani is able to send out his disciples to the four major regions of the world as it was known then: to Palmyra and Egypt, to North-East and probably also to Arabia and the Arabian Peninsula. From 264 to 270 Mani goes to North-West to full his duty as universal prophet.

After the death of Shabuhr I, Manichaeism was widespread in Iran. The only thing lacking was the political decision to recognise Manichaeism as the official state religion. That decision never happened. The enthronement of Hormizd I in 272-273, and, subsequently, of his brother Varham I in late

[5] Paraklêtos in Greek: "he who is called for help, to defend", a name often used for Christ or the Holy Spirit, as protector or mediator.

273, led to the ending of Mani's mission in Babylonia and Khuzestan. He returned to Ctesiphon by the route of Kholassar where the viceroy Bat converted to his religion after all.
The conversion was not received well by Varham I who arrested Mani and brought him to his residence. He was not only confronted with the king himself, but also with his counsellor Kirdir, leader of the Zoroastrian religion and in fact the actual ruler. He considered Mani to be a rioter and he wished to reintroduce the Mazdaic law and orthodoxy in the region. Mani was taken captive and died shortly thereafter due to exhaustion in prison around 276 or 277.
Mani's successor was Sis of Kaskar, and also a strongly integrated religion with a well established hierarchy. The successors proceed his work, whereby they altered some aspects of the religion and picture their master as a martyr.

THE MANICHAEAN RELIGION

Mani believed that he was a prophet and that his ideas were in accordance with the Zoroastrian belief that the universe is engaged in an ongoing battle between the powers of good and the powers of evil. The Zoroastrians saw their good god Ahura Mazda as a stronger principle than the power of evil (Angra Mainyu, darkness, matter), which rules the world, and states that salvation of evil (the triumph of good, enlightenment, spirituality) is only available through profound knowledge of both dualities and by the targeted battle against evil of a select group of chosen ones.
Mani regarded eating meat as the first major sin of Adam and Eve, who he called Gehmurd and Murdiyanag, and he believed that humanity's salvation was only available by rejecting meat, wine, blasphemy, sexuality and work, which all harm light elements.
Mani's adherents were divided into two groups, a division which resulted in a fixed pattern for later dualist sects. The first group were the *Electi*, or the Chosen Ones. The *Electi* were ascetics and they dedicated their lives to salvation, with other words, to the separation of the kingdom of light and the kingdom of darkness by living pure as an ascetic and by fasting on Sundays and Mondays. They mainly ate fruits and solely drank fruit juices, because they believed that fruit contained many light particles, which is contrary to regular water which was only matter to them. It was forbidden for the *Eclecti* to eat or grow plants, to cut down trees or to kill animals and, like Buddhist monks, they had to withhold fully from sex and marriage.[6]

[6] The rejection of meat, sex and marriage is an indication for the belief in the transmigration of souls. The Manichaeans adopted this doctrine from Buddhism. Regarding the influence of Buddhism on Manichaeism, I refer to a study by Richard Holtz,"*Religions of the Silk*

The second group was called the *Auditores* or Audience. They followed the teachings of Mani but they also did what was forbidden for *Electi*; they prepared the food, were married and procreated. They also prepared the food and beverages for the *Electi*, they led a normal life, even ate meat, but it was compulsory to fast on Sundays. Just like the *Electi*, they fasted a full month before the most important celebration of the year, the Bema festival, that was celebrated to commemorate the death of Mani.

Within some Manichaean communities there was also a third group who were not obligated to perform religious practices, but who only had to believe in the religion. Due to their propaganda, they ensured that Manichaeism became a popular religion.

When an *Elect* died, his soul immediately went to the Kingdom of Light, whereas the soul of an *Auditor* undergoes several transmigrations before it reaches its ultimate goal, the incarnation as an *Elect*.

The Manichaean viewpoint when it comes to the Fall determines their views on the complete Old Testament, which they reject as the work of the evil principle. They regard the human body as a prison and a burden to the soul of humanity, and they did not accept the view that Christ had voluntarily chosen to lock up his divine soul in a similar human shape. They also stated that Christ only had an apparent body and was seemingly born. This docetic view of the incarnation completely undermines the reality of his life, death, resurrection and ascension and, at the same time, attacks the roots of historic Christianity. That is the reason why some Manichaeans made a division between the worldly or historic Christ, who was considered an evil human being who belonged to matter, and the spiritual Christ, who was a divine redeemer.

Manichaeism adopted three Christian/Gnostic Apocrypha, namely the Gospel of Thomas, the Teachings of Addas and the Sheppard of Hermas. Soon the legend developed that Thomas, Addas and Hermas were the first three major apostles of the religious system of Mani. Addas assumingly spread Manichaeism in the Orient, Thomas in Syria and Hermas in Egypt.

Mani considered himself as the last prophet and the last heir of a sequence of men who were guided by God, like Seth, Noah, Abraham, Shem, Enoch, Zoroaster, Hermes, Plato, Buddha and Jesus.

In 297, about twenty years after Mani's death, the Roman emperor Diocletian declared war on the Zoroastrian Persians. During that time, Manichaeism had penetrated the Roman Empire. As there were also Zoroastrian elements within Manichaeism, Diocletian also persecuted them.

Road: Overland Trade and Cultural Exchange from Antiquity to the Fifteenth Century"(St. Martins Griffin, 2000.)

He considered this religion as a "pernicious snake" which poisoned the Roman people with the customs and laws of the Persians.
Because Zoroastrians were considered fire worshippers who refused to cremate or bury their deceased, because they believed that fire and earth were too sacred to get into contact with dead bodies,[7] Diocletian proclaimed a law which stated that all leaders and propagandists of Manichaeism should be put to death at the stake, together with their holy books.[8]
After Mani's death in 276, various disciples spread the religion widely. Traces of Manichaeism can be found in the Middle-East (Egypt, Gaza, Syria, Antioch, Palmyra) as far as Babylonia and Mesopotamia (Ctesiphon), through Khuzestan (Gandishapur and Bharat), to Bactria, Sogdia (Samarkand, Zamb and Merv), India (Deb, Tourfan, Sangim, Qotcho) and China (Lo Yang, Chang'an and Quanzhou).
The most significant and interesting Manichaeist documents and archaeological findings, who are used by present-day scholars to reconstruct the religion and its spread, come from the site of Kellis or Ismant el-Kharab at the oasis of Dakhlah in Egypt and of the site Qotcho in India. Many manuscripts were found in so-called caves of the thousand Buddhas, near Xinjiang in China.

PROSECUTION OF MANICHAEISM

From the edict of the Roman emperor Diocletian onwards, promulgated in 302 in Alexandria, the Roman state regarded Manichaeans as Persian spies. Besides, the Roman Church was against Manichaeism and regarded it as a Christian heresy.
What were the most important reasons to consider the teachings of Mani as heresy? The Roman Church believed that the two principles, good and evil, light and darkness, equal and infinite, the creation of the universe and humanity, to be the result of a battle between the two principles as a war without compassion, the rejection of the hate against the Old Testament, mainly against the book Genesis and against the God who revealed himself through this book, the reconsideration of the figure of Christ within a cosmic pattern and the refusal to admit his human nature, were all reasons to fight against the Manichaean teachings.
In 443, Pope Leo I the Great proclaimed that Manichaeism was a Satanist doctrine "*whereby Satan has erected a mighty fortress within the frenzied worldview of the Manichaeans, in which he could give orders and rule with*

[7] The Zoroastrians laid their deceased in the open air on a *ziggurat* where they fell prey to birds of prey. Only when all bones were free of flesh, the bones were collected and buried.
[8] S. N. C. Lieu, *"Manicheism in the Later Roman Empire and Medieval China"*(Manchester, 1985.)

his indecent brutality". The acumen of his words reflect the situation with which the pope in Rome was confronted: the city was being overwhelmed with Manichaeans who endangered the Christian community at large with their propaganda.

The first anti-Manichaean testimony is from 280 and is a letter which is being attributed to Theonas, bishop of Alexandria, and directed to his adepts to arm oneself against the Manichaean danger. Theonas accuses the Manichaeans of idolatry and sun worship, a charge that lives on until Saint Augustine, who, as an ex-Manichaean, is firmly against this religion.

The Manichaean problem was not only current in Egypt, but the reactions against it were also fierce in Palestine, for instance, in 302 by Eusebius of Caesarea in his monumental *Historia Ecclesiastica.*[9] In his *Acts of Archelaus,* written in 345, Hegemonius describes Manichaeism as a heresy, and he labels Mani as the worst heretic ever known, a barbarian and the biggest enemy of Christianity.

AUGUSTINE AS THE MOST IMPORTANT OPPONENT OF MANICHAEISM

The life and works of Saint Augustine (354-430), the most influential Church Father of the West, were strongly related to Manichaeism. Between the age of 19 and 28 years old, probably even older, Augustine was an adherent of Manichaeism. However, in 387 he is being baptised in Milan and enters into conflict with his former fellow believers and his own past. We can even assume that his philosophy and theology would differ tremendously without his profound knowledge of the religion of Light.

The schism between Augustine and Manichaeism emerged when he started his study "*On the Morals of the Catholic Church and on the Morals of the Manicheans*" in 387*,* and ended in 404 with the publication of his work "*Concerning the Nature of Good*".

As an adherent of the religion, the young Augustine knew much about Manichaeism. This can be concluded from his works which he wrote after his conversion to Catholicism, and mainly from his magisterial cycle of thirty-three books, the *Contra-Faustus*.

An expert concerning Augustine studies, the Swiss Benedictine Basil Studer, also thinks that Augustine was a Manichaean for only nine months, a claim that is also put forward by other researchers. They make a distinction between the young *auditor* Augustine who was being tempted by Manichaeism but did not know what it meant, and the older Augustine who

[9] Eusebius (approx. 260-339) was a theologian who became a Church Father. He was also bishop of Caesarea and Palestine.

has shown his immense knowledge on Manichaeism when he became a Catholic priest, and subsequently a bishop.

However, this way of perceiving the facts does not correspond with reality and the attentive writings of the famous *Confessiones* will result in the development of a different view. In book V of *Confessiones*, Augustine states that, as an audience, he started to doubt the Manichaean claims considering the movement of the planets (such as the eclipses of the sun and moon). In this regard, he compared his own knowledge with the attributed sayings of Mani, without therewith discovering rational arguments. In book V he further states that this blocked his zeal for studying the writings of Mani.

Before he became *auditor* of Manichaeism, Augustine did not know much about this religion, but the Christocentric devotion appealed to him. He states this explicitly in his *Confessiones*: "*I ended up between men who preached their faith, based on a mix of cosmological and metaphysical ideas with regard to our Lord Jesus Christ and the Paraclete…*".

The close relationship between Catholic Christianity and Manichaeist Christianity can be illustrated with a dispute between Augustine and Fortunatus in 392. The Manichaeist priest gives the following *profession* to Augustine, which closely resembles a Christian orthodox faith: "*This is what we confess: that God is incorruptible, shines, inaccessible, unknown and immune to suffering, and that He lives in an eternal intrinsic Light and that in His realm no demons, nor Satan, nor darkness reigns. We also confess that he sent a Saviour who is equal to him*". During more than ten years, Augustine was very familiar with this community of "true Christians".

The Manichaeist past profoundly influenced Augustine, even after his conversion to Roman Catholicism. In the years after his conversion, Augustine repeatedly tried to write down his own interpretation of the book *Genesis*, the texts concerning Creation in particular, to disprove the Manichaeist theories on that subject. In certain texts, it seems as Augustine was inspired by fragments from the *Gospel Harmony (Diatessaron)* by Tatianus, which he read in his youth. Following the example of the Manichaeans he emphasised the fact that Christ was a healer, with other words, that he was a physician. He also underlined that Christ was a master of Knowledge (for Manichaeans the divine and redeeming *gnosis*[10]) and also the Divine Wisdom and Enlightener.

[10] Gnosis means "knowledge". For Gnostics, salvation could not be achieved through faith, but through an intellectual understanding. Gnosis is solely possible for those who are able to understand and it is characterised by a certain esotericism.

For Augustine, this was the most important reason to get involved with this religious community, which is related to the gnostic movement. The "sincere piety" of Augustine and his devotion for Christ are clearly a legacy of Manichaeism, which, at the same time, has profoundly influenced western civilisation.

At last, it is an established fact that the Roman Catholic Church was well informed on Manichaeism due to the works of Augustine, which led to the designation of heresy and its prosecution. That is the reason why later medieval religious dualists (Cathars, Waldensians, Bogomils, Paulicians, etc…) were put under the same umbrella as Manichaeism, although their Christology should be interpreted differently.

As we have seen, Manichaeism was first and foremost a religion inspired by the oriental, which reached its zenith in ancient Persia, Mesopotamia, Egypt, Babylonia, and even India and China with roots in Persian Zoroastrianism and also a symbiosis with Buddhism.

A connection or a continuation of Manichaeism in later western religious dissident movements cannot be proven.

Michel GYBELS

MANICHAEISM, A RELIGION INSPIRED BY JESUS, BUDDHA AND ZARATHUSTRA

- s u m m a r y-

When examining Catharism and related medieval heresies, we oftentimes encounter the claim that these religious dissidents are connected with ancient Manichaeism and that the Cathars and their coreligionists were adherents of Mani.
This claim was predominantly put forward in the polemist writings of the opponents of Catharism and related movements, such as Durand of Huesca in his *Liber contra manicheos* (1223) and numerous inquisitors, including Bernard Gui, who fully dedicates the first chapter of his *Practica inquisitionis heretice pravitatis* (1323) to "*the errors of the Manichaeans of this age*".

Габриела
СИМОНОВА
докторанд на
Институт за историја
на
Филозофскиот
факултет – Скопје

УДК 398.3:27 (363.6)
94 (363.6)

ГОТИТЕ МЕЃУ ПАГАНСТВОТО И ХРИСТИЈАНСВОТО: ТРАНЗИЦИЈА, ТРАДИЦИЈА И РЕПЕРКУСИИ

Преминот на Готите од паганство кон христијанство, како и секој друг транзициски период, се карактеризира со промени и турбуленции. Во конкретниот случај станува збор за појава на поделеност меѓу Готите во однос на промената на религијата. Еден дел од нив, претежно побогатиот и раководниот слој, тежнееле кон задржување на паганството, а со тоа настојувале да си ги зачуваат своите позиции и привилегии, додека другите, оние што се определиле за прифаќање на христијанството како нова религија која им носела одредени бенефити, се нашле во остар судир со претходните. За тоа какви биле последиците од овој судир, како и за самиот процес на христијанизирање, кој е проследен со долготрајност, етапност во развојот и променливост во интензитетот, ќе стане збор подолу во текстот.

Освен тоа, во оваа пригода проблемски ги анализираме и другите прашањата кои се поврзани со процесот на покрстување на Готите. Имено, ги разгледуваме релациите меѓу Готите-пагани, кои им останале верни на своите прадедовски традиции, и Готите-христијани, кои раскинале со истите. Ги следиме прогоните на Готите-христијани, нивната заштита од страна на Византија и нивното прифаќање во

рамките на истата. Ги акцентираме позитивните и негативните реперкусии од покрстувањето, како: интеграција во цивилизираниот свет и напредување во византиската служба, од една страна, и раскинот со традициите и готското одродување, од друга страна. На крајот ги оценуваме резултатите и последиците од христијанизацијата за самата Византиска Империја.

Ритуалниот и религиозниот живот на Готите-пагани се одвивал во одделни селски заедници, а бил одредуван и надгледуван од т.н. *kuni* (родот, племето) и неговите претставници, т.е. *reiks*. Селото било посебна сфера на мир воспоставен и одржуван со ритуалот на жртвениот оброк на селаните. Секој што ќе се исклучел себеси од таквиот оброк, односно немало да земе учество во истиот, ја нарушувал религијата и на тој начин ги прекинувал своите врски со заедницата. Таквото однесување било казнувано со прогонство на „безбожното“ лице кое било обвинето за негирање на божественото потекло на племето. Откажувањето од племенската традиција претставувало закана за високиот слој претставуван од племенските водачи и кралеви. Тие се гледале себеси како носители на етничките традиции, кои успевале речиси да ги монополизираат.[1]

Готите-пагани негувале особена почит кон култот на предците (Ansic-Aesir), оригиналниот предок на Тервингите. При започнување битка, Готите интонирале песни во чест на своите предци. Готското паганство претставувало ексклузивна племенска религија и секој што не бил нејзин член, не можел да учествува во религиските практики. Од божествата што ги почитувале Готите е познат *Teiws*, кој веројатно бил бог на војната, претставуван во облик на меч. Негувале култ и кон богот на грмотевицата, кој го нарекувале *дабов бог*. Познати се и божествата *Ing* и *Irmin*, чиј култ не е прецизно одреден. Во традиционална смисла, Готите ја обожавале и реката Дунав, на која ѝ принесувале жртви, а биле давани и заклетви во нејзино име.[2]

Раскинот на Готите со своите паганси и, во исто време, племенски традиции започнал во моментот кога тие како племенска заедница го воспоставиле првиот контакт со христијанството. Имено,

[1] Компетенциите по прашањата за култот се наоѓале во рацете на кралевите. Сп. Александар Рафаилович Корсунский, *О социальном строе Вестготов в IV в.,* ВДИ (3) 93 (1965) 64-65; Herwig Wolfram, *The Roman Empire and its Germanic peoples* (Berkeley-Los Angeles-London: University of California Press, 1997), 73; Herwig Wolfram, *History of the Goths*, translated into English by Th. J. Dunlap rev. (Berkeley-London: University of California, 1988), 106.

[2] Wolfram, *The Roman Empire and its Germanic peoples*, 74.

Готите од крајдунавскиот регион и од Крим биле првите германски племиња кои дошле во допир со христијанството.[3]

Кога императорот Аврелиј се одлучил да ја повлече римската власт од Дакија, завладеана претходно од императорот Трајан, на тој начин ја препуштил областа на експанзијата на Готите, Вандалите, Сарматите. Со повлекувањето на Римјаните од единствената нивна провинција на север од Дунав, се повлекле гарнизоните и администрацијата. Меѓутоа, месното романизирано население останало во своите земји и постепено ги романизирало придојдените нови господари. По заземањето на крајдунавските области, Готите во втората половина на III век извршиле продори на Балканскиот Полуостров и во Мала Азија, разорувајќи ги во тоа време областите од Империјата чии жители биле веќе масовно христијанизирани. При повлекувањето од овие територии, Готите заробиле голем број христијани, кои ги одвеле северно од долен Дунав.[4] Токму тие заробеници, како потчинети луѓе, започнале да ги „претвораат своите господари во браќа по Христа“.[5] Во прилог на тоа дека голем процент од Готите започнале да го прифаќаат христијанството сведочат податоците од актите на Првиот вселенски собор во Никеја (325), каде што е забележано името на Теофил, епископ од Готија,[6] како учесник и потписник на актите. Од житијата на готските светци, пак, дознаваме дека во рамките на готската заедница имало христијански свештеник речиси во секое село.[7] Тоа ни кажува дека до почетокот на IV век, меѓу

[3] Alexander Alexandrovich Vasilev, *The Goths in the Crimea* (Cambridge-Massachusetts: The Mediaeval Academy of America, 1936), 6.

[4] Philostorgius, *The Ecclesiastical History*, II. 5, trans. by E. Walford, (London: Bohn's Ecclesiastical Library, 1855); *Извори за Българска история I – Гръцки извори за Българска история I, редактор В. Бешевлиев* (София: Българска академия на науките, Институт за българска история, 1954), 31; Richard Fletcher, *The barbarian conversion: from paganisam to christianity* (New York: H. Holt and Co., 1998), 69, 72-73.

[5] Wolfram, *The Roman Empire and its Germanic peoples*, 75. Херви Волфрам, „Готите на територията на дънешна България“, во: *Готите и старогерманското културно-историческо присъствие по българските земи* (София: Balkan Media, 2003), 27.

[6] Theophilus Gothiae metropolis. Cf. Sacrorum conciliorum nova et amplissima collectio. Tomus secundus. Ed. J. D. Mansi (Florentiae: MDCCLIX), 695-696. Под терминот Готија се подразбира областа што ја населувале готските племиња северно од долен Дунав, крајбрежјето на Црно Море и Кримскиот Полуостров.

[7] „Пошто се приближаваше Ускрс, блажени Сава реши да иде у друго село код хришћанског свештеника Гутика, да заједно с њим празнује свето Васкрсење Христово. И када беше на путу, јави му се висок човек, светла изгледа, и рече му: Врати се у своје село к свештенику Сансалу. Сава одговори: Њега нема код куће, побегао је од гоњења у Грчку. - Свети Сава није знао да се свештеник Сансал већ био вратио кући због Ускрса. - И продужи блажени Сава свој пут ка свештенику Гутику“. Сп. Јустин Поповић, *Житија Светих месец април,* т. 4. (Ваљево: Манастир Св.

Готите веќе постоела солидно организирана црковна мрежа. За да постои организиран црковен живот за христијанските верници во овој регион во вид на епископија,[8] морало да има значителен број готски верници.

Следниот бран на христијанско влијание врз Готите се случува по победата што ја извојувала византиската армија на Константин II над Готите северно од Дунав и по склучувањето на мировниот договор од 332 година, кога настапиле поволни услови за ширење на христијанството.[9] Сепак, во наведениот временски интервал не би можело да се зборува за почетно масовно христијанизирање на заддунавските Готи, имајќи ги предвид настаните што следувале, односно забележливо е дека мнозинството од готските племиња кои под притисок на Хуните преминале на византиска територија во 376 година биле пагани. Меѓутоа, нема сомнение дека малоазиските заробеници се првите што го посеале семето на христијанизацијата и на романизацијата меѓу Готите.

Токму од тие малоазиски заробеници потекнувал идниот готски епископ Улфила (Вулфила 'мал волк'), чија мајка била од Кападокија,[10] а своето готско потекло го водел од таткова страна. Се родил околу 310/11 година, што би значело дека ѝ припаѓал на втората или на третата генерација родена северно од Дунав. Христијанско крштение добил, по сè изгледа, веднаш по раѓањето, а научил и да зборува три јазика (готски, латински и грчки). Тој можел да составува теолошки трактати и творби на латински и на грчки јазик.[11]

Во 340/41 година, кога приврзаниците на аријанството имале најголемо влијание во Империјата (337–361), Улфила се појавил во Константинопол на чело на една готска делегација за утврдување на односите на својот народ со престолниот град. Тогаш Константинополската патријаршија ја раководел Евсевиј Никомедиски, виден претставник на аријанското учење. При оваа посета Улфила веројатно бил хиротонисан од истиот тој Евсевиј за

Ћелије, 1954), http://www.manastirulesju.org.rs/files/04april.pdf/, пристапено на 11 јули 2014 година.

[8] По однос на прашањето каде (на Крим или на долен Дунав) се наоѓала епархијата на Теофил Готски, потписникот на актите од Првиот вселенски собор во Никеја, види кај: Vasilev, *The Goths in the Crimea*, 12-20.

[9] Socrates, *Ecclesiastical history* I, 18. 4. ed. W. Bright, (Oxford: Clarendon Press, 1893); Cf. N. Miteva, *The Goths and the Late Ancient Civilisation in the Balkan Peninsula*, Etudes Historiques, IX, (Sofia: Académie des sciences de Bulgarie, Institut d'histoire, 1972), 11; Wolfram, *History of the Goths*, 77.

[10] Philostorgius, *Ecclesiastical History*, II, 5.

[11] Wolfram, *The Roman Empire and its Germanic peoples*, pp. 77.

готски епископ и наследник на веќе починатиот нивни прв архиереј, Теофил.[12] На тој начин Улфила, сакал или не, се приклучил на страната на аријаните. Неговите први црковни и религиозни активности биле сконцентрирани на просторот на областа Дакија, односно Влашка.[13]

За потребите на својата мисионерска дејност, Улфила заедно со своите помошници измислил азбука по образец на латинскиот и на грчкиот алфабет за да ја преведе Библијата на готски јазик и на тој начин да ја доближи христијанската реч до своите соплеменици.[14] Во т.н. готска азбука биле инкорпорирани неколку знаци од руните, веројатно за оние гласови од готскиот јазик што не се совпаѓале со гласовите од латинскиот и од грчкиот јазик. Токму овој превод на Светото писмо претставува првиот книжевен споменик на Готите, кој го доближил германскиот јазик до неговиот пишан стадиум.[15]

Како резултат на големиот успех што го имал Улфила во својата мисионерска дејност меѓу Готите зад Дунав, мошне рано се

---

[12] Црковниот историчар Сократ, Улфила го нарекува ученик на Теофил, епископ на Готите, кој присуствувал на Никејскиот собор и ги потпишал соборските акти. Socrates, *Historia ecclesiastica*, II, XLI, 35. p. 159. Сп. Марк Борисович Щукин, *Готски путь* (Санкт Петербург: Филологический факулътет Санкт-Петербурского государственног университета, 2005), 203. За полемиката што се јавила во историската наука поврзана со прашањето дали Улфила бил прв епископ на Готите или не, види кај: Andreas Schwarcz, *Cult and religion among the Tervingi and the Visigoths and their conversion to Christianity,* во*:* The Visigoths from the migration period to the seventh century, ed. Peter Heather. (San Marino: The Boydell Press, 1999), 451-452: „This has been a point of discussion for a long time, because Philostorgios called Wulfila the first bishop of the Goths. Personally I think, while sharing in the main the view of Wolfram and Schäferdiek that Theophilus was a predecessor of Wulfila, that there might have been a difference in their mandate. Both were episcopi intra gentes, but Wulfila was clearly designed for the federated. Goths under treaty with the Empire, i.e. the Tervingi, whereas Theophilus' Gothia, not so strictly connected with imperial policy, may also have included the southern regions of the Greuthungi, where Christian beginnings from the same roots, i.e. prisoners, and from the poleis on the Black Sea coast are also possible. This difference may explain Philostorgios' remark".

[13] Георги Елдъров, „Вулфила (311-383) – пограничният просветител, Готите на територия на дъншна България" во Зб. *Готите и старогерманското културно-историческо присъствие по българските земи* (София: Balkan Media, 2003), 44-45; Edward Arthur Thompson., *Romans and Barbarians: The Decline of the Western Empire* (Madison: The University of Wisconsin Press, 1982), 240.

[14] Преводот на Библијата бил направен по првата просекуција на Готите-христијани, веројатно околу 350 година, на ромејска територија за оние Готи што се населиле во Никопол ад Иструм (Nikopolis ad Istrum, ден. село Никјуп, Великотрновско во Бугарија), познати под името Мали Готи, како што ги нарекува Јорданес. Сп.. Iordanis, *Getica*, LI 267. rec. T. Mommsen, (Berolini: MDCCCLXXXII).

[15] Philostorgius, *EH*, II, 5.

појавила верска нетрпеливост меѓу новопокрстените христијани и другите нивни сонародници кои се придржувале до паганските убедувања и практики. Нивната нетрпеливост се претворила во вистинско гонење на христијаните, а паднале и многу жртви. Христијаните биле мачени и спалувани.[16] Некои од Готите што страдале со маченичка смрт, Црквата ги прогласила за светци. Канонизацијата на светци што ја спроведувала Црквата имала за цел преку негување на култот на светецот да истакне дека неговиот дух е неуништлив и дејствува и по заминувањето на телото. На таков начин требало да се потенцира неуништливоста на христијанската вера, која, според христијанската догма, е единствената религија вредна за исповедање, а маченичката смрт требало да претставува особена чест за секој посветен христијанин. Насилничката смрт на голем број Готи-христијани не ги поколебала или не ги обесхрабрила многубројните нивни сонародници, туку напротив, тие со уште поголем ентузијазам ѝ пристапиле на оваа религија, што се огледа во новите покрстувања што уследиле по просекуциите. На тој начин симболично е означен триумфот на христијанската религија во готската заедница. Во оваа пригода ги наведуваме оние готски маченици чиј спомен е зачуван до ден-денешен во источноправославната традиција преку одбележување празнична почит кон 26-те готски маченици и тројцата готски светци одделно – Св. Сава Готски и Св. Никита Готски, современици на Улфила, и Св. Јован Готски, кој живеел во VIII век.[17]

Св. Сава Готски настрадал во 372 година, кога по заповед на готскиот поглавар Атарид отпрвин бил мачен, а потоа фрлен во реката Мусија со камен околу вратот. Неговото погубување, како што е наведено во житието, се должи на одбивањето да јаде од жртвеното месо што му го нуделе паганите. Со таквиот чин на вкусување идоложртвено месо му била нудена можност да се покае и да се откаже од христијанството. Меѓутоа, Сава енергично го одбил оброкот и продолжил горделиво да го фали и да му благодари на христијанскиот Бог, сметајќи дека овоземните страдања не се ништо наспроти славата со кој ќе се здобие на небесата.[18]

Св. Никита Готски, кој му бил ученик на епископот Теофил Готски, остро се спротивставувал на прогоните врз христијаните

[16] Sozomenos, VI, 37, 13-14.; сп. Елдъров, „Вулфила (311-383) – пограничният просветител“, 45.
[17] Росен Милев, „Епископ Вулфила (311-388). Готите и Източната църква“, во *Зб. год. на Софийския университет „ Св. Климент Охридски“*, , т. 95 (14) (София: Център за славяно-византийски проучвания „Иван Дуйчев“, 2010), 308.
[18] Поповић, *Житија Светих месец април,* т. 4, 15 април.

спроведувани од Атанарих. Поради оваа причина, по претходно мачење, бил погубен со спалување во 372 година.[19]

Дваесет и шесте готски маченици пострадале во 376 година од готскиот крал Унгерих, во време на императорите Валенс и Грацијан (364–378). Поради исповедање на христијанската вера, готскиот владетел ја запалил црквата во која се наоѓале 26-те Готи, меѓу кои имало мажи, жени и деца. Во хиерархиски поглед, овие христијански верници биле од мешан состав, како презвитери, монаси и обични верници.[20]

Јован Готски четири години епископувал меѓу Готите во VIII век. Тој не бил мачен, но бил изложен на прогон од страна на татарскиот каган кога службувал во Грузија, поради што пребегал кај Готите. Тој починал од природна смрт, а потоа бил канонизиран за светец.[21]

Готите-христијани кои не биле подложени на маченичка смрт во голем број биле изгонети од своите родни огништа. Така, во 348/9 година, по еден ромејско-готски судир, била спроведена првата просекуција на христијаните на заповед на готскиот поглавар Атарид.[22] Улфила, како религиозен водач на својот народ, бил принуден да побара дозвола од императорот Констанциј II (337–361) да премине на југ од Дунав и да се насели заедно со своите верни следбеници во Империјата. За нивно населување бил определ градот Никопол ад Иструм со околината, каде што Улфила ја продолжил црковната дејност меѓу своите сонародници.[23]

Втората просекуција над готските христијани била извршена веднаш по завршувањето на готскиот поход што го спровел императорот Валенс зад Дунав во 369 година, а била организирана од поглаварот на Готите, Атанарих.[24]

Третата просекуција била извршена во периодот 372/3 година, како последица од внатрешен готски судир меѓу проромејската струја, претставувана од Фритигерн, и антиромејската струја, претставувана

[19] Поповић, *Житија Светих месец септембар*, т. 9, 15 септември.
[20] Поповић, *Житија Светих месец март,* т. 3. 26 март.
[21] Поповић, *Житија Светих месец мај,* т. 5, 19 мај.
[22] Нада Зачевић, *Византија и Готи у IV и V веку* (Београд: Византолошки институт српске академије наука и уметности, 2002), 75.
[23] Зачевић, *Византија и Готи у IV и V веку,* 75; „Вулфила (311-383) – пограничният просветител“, 45; Волфрам, „Готите на територията на дънешна България**в**, 28.
[24] Sozomenos, The Ecclesiastical History, VI, 37, trans. by E. Walford (London: Bohn's Ecclesiastical Library, 1855; Socrates, EH, VI, 33, 7. Сп. Зачевић, *Византија и Готи у IV и V веку,* 75.

од Атанарих,[25] при што првите се обратиле за помош кај византискиот император.

Од изнесените податоци за просекуциите што биле спроведувани врз Готите- христијани можеме да забележиме дека првите две просекуции уследиле по судирите помеѓу Ромеите и Готите. Тоа би значело дека групата христијани била поистоветувана со предавници, а прогонот бил организиран како одмазда за нивното предавство. Дисидентското однесување на Готите-христијани експлицитно се потврдува непосредно пред третата просекуција, кога Фритигерн, водачот на проромејската фракција кај заддунавските Готи, застанал на страната на христијаните и веројатно по претходен договор со Валенс, влегол во војна со својот сонародник Атанарих. Ползата од ваквото однесување на Фритигерн требало да биде стекнување превласт во готската заедница или евентуално добивање одредени привилегии од византискиот император (титула или висока позиција во византиското општество). Освен тоа, индикативно е дека готските просекуции не биле извршувани од паганski свештеници, туку биле директно наредувани и спроведувани од племенските водачи, што ја открива политичката заднина на истите. Имено, готските поглавари и благородници на своите сонародници-христијани гледале како на предавници, бидејќи ја поддржувале Империјата и го нарушувале сакралниот племенски поредок. Сите оние што истапувале против постојниот поредок биле директна закана за владејачкиот слој, затоа што на тој начин ја подривале нивната власт.

Кога голем број Визиготи во 376 година биле притиснати од Хуните, побарале дозвола од византиската влада да го преминат Дунав и да се населат на територијата на Империјата,[26] при што повторно биле изложени на христијанско влијание. По овој настан и пред Адријанополската битка (378), веројатно се случила и најмасовната христијанизација на Готите, на што упатуваат современите извори – Амијан Марцелин и Евнапиј.[27] Ако во предходниот период Готите ја прифаќале христијанската религија на доброволна база, овој пат покрстувањето имало димензија и на присила, односно нивната христијанизација се одвивала во услови кога немале друг избор,

[25] Зачевиќ, *Византија и Готи у IV и V веку,* 75.

[26] Ammiani Marcellinus, XXXI, 3, 8. *Rerum gestarum libri qui supersunt. Recensuit rhythmiceque distinxit*, ed. C.U. Clark, I-II, (Berolini 1910-1915).

[27] Ammiani Marcellinus, XXXI, 12, 8; Eunapius, fr. 3, *The Fragmentary Classicising Historians of the Later Roman Empire (Eunapius, Olympidorus, Priscus and Malchus)* Text, Translation and Historiographical Notes by R. C. Blockley (Liverpool: F. Cairns, 1983).

бидејќи по сила на приликите се нашле на ромејска територија. Сепак, постојат индикации дека овој долготраен процес на покрстување продолжил и по овој настан, одвивајќи се и во последната декада на IV век.

Византиската влада ја користела христијанизацијата како еден вид црковна дипломатија меѓу варварите. Терминот *варварин* во овој период, покрај постојната лингвистичка и образовна конотација, добива и црковна,[28] односно, според сфаќањата на Византијците, варваринот бил лице кое исповеда паганска религија и е надвор од цивилизираниот свет. Методите на црковната дипломатија се препознаваат во дејствувањето на Улфила, кој ја превел Библијата на готски јазик, но писмото што го измислил за таа цел било речиси идентично со грчкиот алфабет.[29] Улогата на црковната дипломатија е видлива и во тежнеењето литургијата да се извршува на народен јазик, а Светото писмо да биде преведено исто така на јазикот на народот кој го прифатил христијанството.[30] Изборот на водач на црковната мисија меѓу Готите не е случаен и тој паднал на Улфила токму затоа што имал готско потекло, со претпоставка дека тој би можел да служи како добар пример за полесно спроведување на христијанизацијата меѓу неговите сонародници, односно дека би имал поголеми успеси во искоренувањето на паганството. Преку отстранување на паганството во готската средина се создавала погодна почва за Империјата да влијае на обезбедувањето сојузници и послушни поданици. Црковната дипломатија се користела првенствено да се пацифизираат варварите преку христијанизацијата[31] и истите да се направат, како што веќе споменавме, послушни поданици, кои Империјата би ги користела како селани-плаќачи на данок, но и како воена сила подготвена да одговори на барањата на византиската влада.[32]

---

[28] W. R. Jones, *The Image of the Barbarian in Medieval Europe*, Comparative Studies in Society and History, vol. 13, No. 14. (Cambridge: Cambridge University Press, 1971), pp. 387-389.

[29] Зачевиќ, *Византија и Готи у IV и V веку,* 74.

[30] Dimitri Obolensky, *The Principles and Methods of Byzantine Diplomacy*, во: <<Actes du XIIe Congrès International d'Etudes Byzantines>>, I (Belgrade: Comité Yougoslave des Études Byzantines 1963), 59.

[31] Во тој контекст, Павле Орозиј напишал: „...со посредство на христијанската религија, која ги обединила сите народи во признавањето на заедничката вера, така без конфликт тие варвари им се покориле на Ромеите“. Сп.. *Historiarum adversum Paganos Libri* VII, I, 16, ed. C. Zangemeister (Laipzig: 1889), 29.

[32] Claudian, *In Eutropium II*, 194-197. Vol. I, trans. By M. Platnauer, London 1956; Isidori, *Historia Gothorum*. MGH AA XI. 1, ed. Th. Mommsen, 293-295; Сп. *Извори за Българска история II – Латински извори за Българска история I*, ред. И. Дуйчев и др. (София: БАН, 1958), 384.

Црковната дипломатија била поткрепена со соодветна политичка идеологија и концепција на Империјата дека Византијците и нивната држава се Богоизбран сосед. Оваа концепција била проткаена вешто во секојдневниот живот на Византијците преку претставата за идеалниот управител, спасител на Империјата, што претставува последна утопија на античкиот свет. Во Византиската Империја таа концепција била доразвиена и претставена во форма на единствен владетел-император кој стои највисоко во хиерархијата на владетелското семејство на сите други владетели.[33] Империјата имала за задача да ги одбие варварите, да го чува мирот, да наложува сеопшта справедливост и единство на догмата, да го распространува христијанството меѓу варварите за да создаде „една паства со еден овчар".[34] Таков бил новиот христијанско-римски поглед на свет, кој истовремено обезбедувал законска основа за сите претензии на Империјата за светско господство.[35]

Христијанизацијата и романизацијата оделе рака под рака. Прифаќањето на христијанството не значело само исповедање нова религија, туку и усвојување нови облици на однесување, нов начин на облекување, извршување нови практики, византиско влијание на мајчиниот јазик преку инфилтрирање зборови од латинско и од грчко потекло.[36] Кај оние Готи што добиле угледни титули и биле назначени на високи позиции во општеството, истиснувањето на мајчиниот јазик било уште подрастично за сметка на официјалниот латински, односно грчки јазик.

Христијанизацијата на варварите, од една страна, значела раскин на врските со старите народни традиции, но, од друга страна, носела голем број привилегии. Да се биде припадник на христијанската заедница значело да се партиципира во цивилизираниот свет. Паганот што ја прифатил христијанската вероисповед се стекнувал со правото да се интегрира во визнатиското општество, да добива високи почести и функции, да склучува брак со Ромеј/ка, што претходно било

[33] За хиерархијата на владетелското семејство, види: Георги Острогорски, „Византијски систем хиерархије држава", во *Сабрана дела*, књ. 5 (Београд: 1970), 238-262; Георги Острогорски, „Византијски цар и светски хиерархијски поредак", во *Сабрана дела,* књ. 5, 274-275.

[34] Според Евангелието на Јован (10: 16), „имам и други овци, кои не се од ова трло, тие треба да ги приберам; и ќе го чујат гласот Мој и ќе биде едно стадо и еден пастир". *Свето Писмо (Библија) - Нов Завет* (Скопје: Еуролибер, 1999), 1068.

[35] Ј. Е. Караянопулос, *Политическата теория на Византийците*, vol. 1. Прев. К. Павликиянов (София: Научен център за славяно-византийски проучвания „Иван Дуйчев", 1992), 12.

[36] Wolfram, *The Roman Empire and its Germanic peoples*, 77.

најстрого забрането,[37] и, секако, да добие ромејско граѓанство, што претставувало најголема чест за еден империски поданик.

Со указот на Теодосиј I (379–395) од 392 година[38] било забрането исповедањето на сите други религии освен христијанството, а никејското учење било прогласено за единствена државна религија. Само припадник на никејската догма имал право да биде избран за император. Ваквата одлука ги спречувала видните Готи кои ја исповедале аријанската догма да се искачат на константинополскиот престол, па затоа во неможност самите да станат императори, издигнувале свои пулени на императорскиот трон. Таков бил случајот со Гото-Аланот Аспар, кој бил највлијателната фигура во византиската престолнина во V век. Тој станал патриций и конзул, а ја извршувал и должноста заповедник на источните војски. Со негова помош, на константинополскиот престол за императори биле издигнати Маркијан и Лав I. На чекор до императорското достоинство бил синот на Аспар, Патрикиј. Тој бил оженет за ќерката на императорот Лав I, му била доделена цезарска титула и бил прогласен за престолонаследник. Меѓутоа, во антигерманските немири што наскоро потоа избувнале во престолнината, Патрикиј, тешко ранет, бил разведен од императорската ќерка и лишен од цезарското звање, а Аспар и неговиот втор син Ардабур биле убиени.[39]

Освен родот на Аспар, голем број Готи во текот на IV и на V век успеале да дојдат до високи општествени и државни позиции во Византиската Империја. Така, на пример, лидерот на проромејската фракција, Фравита, кој бил паган,[40] своите симпатии кон Ромеите ги

---

[37] Бракот со варварка, односно варварин се казнувал со смрт. Сп. *Theodosiani libri XVI cum constitionibus Sirmondianis et leges novella ad Theodosianum pertimentes,* ed. Th. Mommsen et P. M., Meyer, vol. I-II, (Berolini: 1905), III, 14. 1. *Извори за бълг̄арска ист̄ория II - Лат̄ински извори за бълг̄арска ист̄ория* I, 262-263.

[38] Cf. *Theodosiani libri XVI.* X, 12.

[39] Конфликтот што постоел меѓу императорот Лав I и Аспар се заострил поради крахот на експедицијата против Вандалите во 468 година, како и поради тоа што Зенон бил оженет за ќерката на императорот, а најголемо незадоволство среде населението предизвикало барањето на Аспар да биде назначен неговиот син за наследник на престолот и да му се даде цезарско звање. Зонара го наведува аријанството на кандидатот за престолот како главна причина за бранувањата во престолнината. Ioannes Zonaras, vol. III, p. 122. 12-14, 123. 1. Cf. А. С. Козлов, „Народные массы в конфликте Аспара и Льва“, *Античная древность и средние века, Сборник 10*, (Свердловск: 1973), 264; А. С. Козлов, „Содержение конфликта Аспара и Льва I“, *Античная древность и средние века, Сборник 11* (Свердловск: 1975), 117-119; Острогорски, *Историја на Византија* 84; Фјодор Успенски, *Историја визнатијског царстава*, т. 1, (Београд: Zepter Book World, 2000), 208-209.

[40] Philostorgius, EH, XI. 8 ; *ИБИ I – ГИБИ,* I, 35.

изразил преку бракот со Ромејка, го зел ромејското име Флавиј и бил назначен на командантска позиција. Случајот со Фравита претставува исклучок, т.е. отклонување од религиозната асимилација, зашто тој како паган успеал да дојде до високи општествени позиции. Тој не бил подложен на ромејска асимилација, туку религиската толеранција, интеграцијата во ромејската служба и роднинското поврзување со Ромеите преку бракот со Ромејка кај него резултирале со романофилство. Ваквата отстапка за Фравита била направена веројатно поради неговото благородничко потекло[41] и тоа би требало да претставува само преодна фаза кон целосна асимилација, респективно и религиозна.

Пред крајот на владеењето на Теодосиј I, во византиска служба преминал Готот Мундерих, кој ја добил титулата дукс. Во истото време на византиска страна преминал и Готот Гајна, кој од обичен војник стигнал до командантска позиција. Меѓутоа, тој и уште еден негов соплеменик, Трибигилд, кој исто така извршувал командантска должност во византиската армија, подоцна ѝ откажале послушност на Империјата и востанале против истата.[42] Во 398 година познатиот водач на Визиготите Аларих ја добил високата титула magister militum per Illyricum.[43]

Во 70-тите и 80-тите години на V век, највлијателни во Империјата станале двајцата остроготски водачи – Теодорих Страбон (magister militum praesentalis) и Теодорих Амал. Последниов успеал да се закити со најпрестижните ромејски титули, и тоа: бил прогласен за патриций, исполнувал командантска должност како magister militum praesentalis, бил избран за конзул во 484 година, а се стекнал и со ромејско граѓанство.[44] Најпосле во 488/9 година, како намесник на императорот, заминал да ја преземе власта од Одоакар во Италија и да владее со истата во име на византискиот владетел.

Во овој случај, најевидентно е влијанието што го имала ромеизацијата врз Теодорих Амал. Имено, готскиот владетел, едуциран во ромејски дух, станал ревносен бранител на ромејскиот закон. Во едно писмо упатено до сите Евреи од Џенова го вели следното: „Одржувањето на законот е знак на civilitas (цивилизираност)..., што има подобро од тоа луѓето да сакаат да

[41] Eunapii, fr. 60; Zosimus, IV, 50. 57. 1; Cf. Wolfram, *History of the Goths*, 147.
[42] Thompson, *Romans and Barbarians*, 41-42.
[43] Успенски, *Историја визнатијског царстава*, т. 1, 134.
[44] *Извори за българска история I – Гръцки извори за българска история,* I, 133.

живеат под власта на правдата? [...] Затоа сè што се смета дека води кон цивилизираност, треба да се задржи со целосна посветеност“.[45]

Според зборовите на Касиодор Сенатор, Теодорих со објавата до своите поданици ги принудил да им се „покоруваат на ромејските обичаи“ и да се „насладуваат на античката слобода“, напуштајќи ја „варварската грубост“ и обвиткувајќи се со „моралот на тогата“, а „зависноста од законот“, според него, „била утеха за човековиот живот, заштита за слабиот и узда за моќниот“.[46]

Сепак, политиката на христијанизација и тивка асимилација спроведувана врз готските народи имала и негативни реперкусии за самата Византиска Империја. Имено, по инфилтрирањето на Готите во византиската армија, дошло во голем процент до нејзино варваризирање. Готските војски претставувале самостојни воени контингенти, раководени од свои команданти-Готи, особено за време владеењето на Теодосиј I, и како такви, биле вистинска закана за Империјата. Со оглед на тоа што во византиската служба овие варварски војски биле врзани со плата и имале автономија во функционирањето, тие често знаеле да дејствуваат по своја волја и да се свртат против Империјата. Всушност, на тој начин тие ѝ изразувале непослушност поради неисплатената плата или поради свои лични интереси кои им биле императив во даден момент.[47] Таквото однесување на готските воени одреди предизвикувало нетрпеливост и незадоволство кај месното ромејско население, кое многупати својот револт кон германскиот елемент во војската и, воопшто, во византиското општество го манифестирало низ жестоки бунтови. Така, во 390 година жителите на Солун дигнале востание во кое бил убиен

[45] „Custodia legum civilitatis est indicium…“ „quid enim melius quam plebem sub praecepto degere velle iustitiae, ut conventus multorum disciplinabilium sit adunatio voluntatum?“ „...quatenus quod ad civilitatis usum constat essc repertum, perpeti devotionc teneatur“. Cassiodori Senatoris, *Variae*. MGH AA XII, ed. Th. Mommsen, (Berolini: 1894), IV, 33, 128.

[46] „Libenter parendum est Romanae consuetudini;“ „...atque ideo in antiquam libertatem deo praestante revocati vestimini moribus togatis, exuite barbariem…“; „…iura publica certissima sunt humanae vitae solacia, infirmorum auxilia, potentum frena“. Cassiodori Senatoris, *Variae*, III, 17, 88.

[47] Така, на пример, Аспар ги осуетил поморските експедиции на Константинопол упатени против Вандалското Кралство во 431 и во 468 година. (Сп. Успенски, *Историја византијског царства*, т. 1, 208). Во 474 година, поради неиспалта на субсиидии, Теодорих Страбон го поттикнал Василиск да го узурпира престолот на Зенон. Сп. В. Велков, *Градът в Тракия и Дакия през късната античност* (София: БАН, 1959), 43. Водачот на федератите, Виталијан, во чиј состав имало и Готи, дигнал бунт против Анастасиј I во 513 година. (Сп. П. Мутафчиев, *Лекции*, т. 1, 210.)

Готот Бутерих – началник на војските во Илирик.[48] Ова востание претставувало израз на отпор на месното население кон готските одреди стационирани во Солун.

Опасноста од засилување на германското влијание ја увидел императорот Лав I, кој се погрижил да се справи со истата преку јакнење на домашните воени елементи. За таа цел во престолнината било повикано воинственото племе Исаврийци, предводено од нивниот водач Зенон, идниот император. Зенон постепено се приближувал и го истиснувал германскиот елемент. Постојниот антагонизам помеѓу Ромеите и Готите највидливо бил изразен во бунтот организиран во 471 година од антиготската струја во Константинопол. Во овој бунт загинале Аспар и неговиот син Ардабур, со што моќта на Германците била целосно скршена. Тој настан бил кобен за германскиот елемент, кој во Византија никогаш повеќе не ја достигнал претходната сила и воедно означил пресврт во организацијата на воените сили во Империјата.[49]

Меѓутоа, готската криза, најсилно изразена во IV и во V, век конечно била анулирана со заминувањето на Готите во 488/9 година во Италија. Мал дел од нив кои и понатаму се задржале на византиска територија не претставувале повеќе закана за самата Империја.[50]

[48] Sozomenos, HE, VII, 25.

[49] Успенски, *Историја византијског царстава*, т. 1, 209.

[50] На византиската територија Малите Готи се задржале и понатаму. Тие како етнички, социјално и културно хомогено население, според пишувањето на Јорданес, се задржале на Балканот дури до крајот на VI век. Iordanis, *Getica*, LI 267. Кримските Готи исто така не заминале со Теодорих во Италија, односно останале да живеат на Кримскиот Полуостров.

Gabriela SIMONOVA

THE GOTHS BETWEEN PAGANISM AND CHRISTIANITY: TRANSITION, TRADITION AND REPERCUSSIONS

- s u m m a r y -

For the Goths, the period of transition from Paganism to Christianity, like any other transition, was characterized by changes and turbulence. Thus, the conservative forces (Goths - Pagans) tend to retain the old things and preserve their positions and privileges, whereas progressive forces (Goths – Christians) strive for new things and for winning positions for themselves.

The very process of Christianization is followed by durability, gradualness in development and variability in intensity.

On this occasion, we analyze problematically the issues related to the Christianization of the Goths. We consider the relations between Goths - Pagans who remained faithful to their ancestral traditions and Goths - Christians who broke them.

We follow the persecutions of the Goths - Christians, their protection from Byzantium and their acceptance within it. Moreover, we emphasize the positive and negative repercussions as: on the one hand, their conversion and integration in the civilized world as well as their progress in Byzantine service and on the other hand, the break with the traditions and their becoming of renegades. Finally, we evaluate the consequences of the Christianization for the Byzantine Empire.

Драган Зајковски
Институт за национална историја – Скопје

УДК 94:27 (497.7) “484/518“

БОРБАТА ЗА ЦРКОВНА ПРЕВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА АКАКИЕВАТА ШИЗМА (484–518): КОНСТАНТИНОПОЛ VS РИМ

Со формирањето на Тесалоникискиот викаријат во 412 година[1] само навидум се чинело дека Римската црква извојувала конечна победа над Константинополската патријаршија околу јурисдикцијата во Источен Илирик. Во годините што следувале црковно-политичкиот судир помеѓу Рим и Константинопол сè повеќе се продлабочувал, кулминирајќи во 80-тите години на V век, кога дошло до целосно

[1] Тесалоникискиот викаријат е формиран во 412 година од страна на папата Иникентиј I како црковна организација под јурисдикција на Римската црква. Во диецезата на Тесалоникискиот викаријат влегувале провинциите Македонија, Ахаја, Тесалија, Стар и Нов Епир, Крит, Крајбрежна и Внатрешна Дакија, Мизија, Дарданија и Праевалитана. Види: Inocentius, *ep. Lectissimo et glorisissimo Moysi Rufo* [PL 20], col. 0619A – col. 0619B; в. Рајко Братож, „Ранохристијанската црква во Македонија и нејзините односи со Рим“, *Македонско наследство*, година V, број 13 (Скопје: 2000), 36; Митко Б. Панов, „Борбата на Римската црква за црковно господство во Македонија на преминот од антиката во средниот век (IV–VI)“, *Историја*, бр. 1–4, (Скопје: 1996), 66; *Историја на македонскиот народ, том I*, група автори [Скопје: Институт за национална историја, 2000], 226; *The Cambridge History Of Christianity, Volume 2, Constantine to c. 600,* ed. Augustine Casiday and Frederick W.Norris (Cambridge: Cambridge University Press, 2008), 10–11; Detlev Jasper and Horst Fuhrmann, *Papal Letters In The Early Middle Ages* (The Catholic University of America Press: 2001), 81; Geoffrey D. Dunn, “Innocent I and Rufus of Thessalonica”, in *Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik 59/2009*, ed. Ewald Kislinger (Wien: 2009), 51; Драган Зајковски, *Христијанството во Македонија од 313 до 700 година: векови на консолидација, етаблирање и дефинирање* (Скопје: Тримакс 2013), 46.

прекинување на црковните односи меѓу константинополскиот патријарх и римскиот папа. Тоа е периодот на Акакиевата шизма (484–518), која имала одраз и во црковните прилики во Тесалоникискиот викаријат, односно период кога борбата меѓу Рим и Константинопол за црковната превласт во провинциите Македонија Прима[2] и Македонија Секунда[3] влегла во нова фаза. Имено, уште во првата година од почетокот на шизмата тесалоникискиот митрополит Андреј, со поддршка на императорот Зенон (474–491), успеал да го оттргне Викаријатот од јурисдикцијата на Рим, определувајќи се за политиката на константинополскиот патријарх Акакиј (471–488).[4]

Пред да преминеме на главниот предмет на истражување, ќе направиме општ преглед на состојбите во христијанската екумена карактеристични за првите три децении по одржувањето на Четвртиот вселенски собор во Халкедон кои го условиле избувнувањето на Акакиевата шизма во 484 година. Имено, иако навидум поразени на вселенскиот собор во Халкедон во 451 година, приврзаниците на монофизитското учење во 60-тите и 70-тите години на V век го задржале влијанието во Александриската патријаршија. Тие чекале поволен момент јавно да се спротивстават на одлуките за осуда на монофизитизмот.[5] Веќе во втората половина на 70-тите години од V век промонофизитското свештенство во Александрија успеало да се наметне како сериозен фактор во тамошната црковна ерархија. Со

[2] Провинцијата Македонија Прима била со седиште во Тесалоника. Нејзината територија ги опфаќала подрачјата на долниот тек на Халијакмон, долниот тек на Аксиј и на Долни Стримон, како и пелагониската висорамнина. Во рамките на провинцијата влегувале градовите Филипи, Пела, Дион, Едеса, Береја, Хераклеја Линкестис и др.

[3] Провинцијата Македонија Секунда била формирана најдоцна до 449 год. и како таква постоела сè до 535–545 година. Таа се протегала главно на територијата на некогашните антички области Пајонија и Пелагонија, потоа областа Девриоп, што значи во Средно Повардарје, средниот и долниот тек на р. Брегалница и во средниот и северниот дел на висорамнината Пелагонија, заедно со Демир Хисар. Главен град на провинцијата Македонија Секунда бил Стоби.

[4] За односот меѓу Црквата и византискиот император, види: Жилбер Дагрон, *Цар и првосвештеник: студија о цезаропапизму у Византији* (Београд: Клио, 2001); Александър Шмеман, *Догматическият съюз*, проверено на 17.3.2014, http://dveri.bg/caak.

[5] Монофизитизмот е теолошко учење, според кое, во Христос, по отелотворувањето, е присутна само една божествена, но не и човечка природа. На Лажниот собор во Ефес (449) монофизитизмот бил прогласен за вистинска вера, а две години потоа, на Четвртиот вселенски собор во Халкедон (451), бил прогласен за ерес. Види: Димитриос Бартелос, *Византиски Христос* (Крагујевац: Каленић 2008), 36-37; Архиепископ Иларион (Алфеев), *Тајната на верата, Вовед во православното догматско богословие* (Скопје: Темплум 2009), 105-106.

нивна помош во 477 година за нов александриски патријарх бил хиротонисан Петар Монг.[6] Тој веднаш истапил против Халкедонскиот симбол на верата, заземајќи монофизитски став во толкувањето на Христовата природа. Иако истата година по наредба на императорот Зенон бил сменет, сепак монофизитите продолжиле да имаат силно влијание во црковниот живот на Истокот.

Од друга страна, трите децении по одржувањето на Четвртиот вселенски собор се период на сè поголемо заладување на односите меѓу Рим и Константинопол. Причината за тоа бил 28. канон од Четвртиот вселенски собор, со кој му било признато првото почесно место на римскиот папа, но во сè друго константинополскиот патријарх бил изедначен со него.[7] Во практиката тоа значело дека на Истокот, т.е. во Источната Римска Империја приматот во црковните работи го добила Константинополската патријаршија. Ова наишло на неодобрување од страна на римскиот папа. На тој начин дошло до влошување на односите меѓу двете највлијателни црковни столици во тогашната христијанска екумена.[8] Соочен со притисоците од Рим, константинополскиот патријарх се обидел да најде сојузници меѓу антихалкедонските промонофизитски групи во Египет, Сирија и во Палестина. Во тој контекст треба да се разбере неговиот обид за постигнување црковно единство на Истокот, кое можело да биде реализирано преку изнаоѓање компромисно решение со монофизитите. Воедно константинополскиот патријарх ја имал целосната поддршка од императорот Зенон, кој инсистирал на црковно помирување, плашејќи се од можноста религиозните несогласувања да предизвикаат политичка нестабилност во Византија.

Компромисот бил изнајден во летото 482 година, кога императорот Зенон го издал *Едиктот за обединување,* познат како Хенотикон. Станува збор за едикт чија цел била да понуди компромис, што требало да резултира со помирување меѓу *халкедонците* и

[6] Петар Монг ([477]482–490) – поглавар на Александриската патријаршија, познат по улогата во теолошките расправи во одбрана на монофизитизмот и поддршката на Хенотиконот на императорот Зенон. За време на акакиската шизма останал доследен на политиката на Константинопол.

[7] *Каноны или книга правилъ святыхъ апостолъ, Святыхъ соборовъ вселенскихъ и помястныхъ и святыхъ отецъ* (Монтреалъ, Канада 1974), 41; *The Seven Ecumenical Councils, Nicene and Post – Nicene Fathers, Second Series, Vol. 14*, ed. Philip Schaff and Henry Wace (Hendrickson Publishers, 1994); *Свештени канони на Светата Православна Црква*, ур. Атанасије Јевтиќ епископ, прев. Миле Љ. Штрбевски и Јани Мулев (Велес: Повардарска епархија – Св. Ѓорѓи Полошки, 2011), 135-137.

[8] Dvornik, *Vizantija i Rimski primat*, 46.

монофизитите.[9] Неговата содржина ги задоволувала минималистичките барања на двете страни, последново поради фактот што во него воопшто не е спомната природата на Исус Христос и е одбегнато какво било нејзино формулирање.[10]

По прифаќањето на Хенотиконот од страна на константинополскиот патријарх, тоа требало да го сторат и патријарсите во Александрија и во Антиохија. Меѓутоа, во февруари 482 година се усложниле состојбите во Александриската патријаршија. За нов патријарх бил хиротонисан Јован I Талаија, кој бил во лоши односи со Акакиј и со Зенон. Затоа во *Константинопол* веднаш било оспорено неговото епископско достоинство. Истата 482 година, на иницијатива на Зенон и на Акакиј, Јован Талаија бил сменет.[11] За нов александриски патријарх бил поставен Петар Монг, кој од 477 година се наоѓал во прогонство. Новиот александриски патријарх го потпишал Хенотиконот, а тоа го сторил и антиохискиот патријарх Петар Гнафевс[12] во 485 година.

Издавањето на Хенотиконот и враќањето на Петар Монг на александриската патријаршиска катедра предизвикало остри реакции во Рим. Папата Феликс III (483–492) испратил тричлено пратеништво во Константинопол со писма до императорот Зенон[13] и до патријархот Акакиј[14] во кои се осудувало издавањето на Хенотиконот. Во исто време се изразувало негодување од прифаќањето на Петар Монг за александриски патријарх. Сепак, и покрај овој притисок, Константи-

---

[9] Evagrius Scholasticus, *Ecclesiastical History*, ed.Edward Walford, (London: 1846, reprint 2008), III, 13 – 14; сп. *The Ecclesiastical History of Evagrius Scholasticus*, translated with an introduction by Michael Whitby (Liverpool: Liverpool University Press, 2000), 127.

[10] Во Хенотиконот се потенцира никејско-константинополската догма и се признаваат единствено одредбите од првите три вселенски собори. Воедно биле анатемосани Несторий и Евтих, а било канонизирано третото писмо на Кирил Александриски упатено до Несторий (12 анатеми), кое третирало догматски прашања. Види: Карташов, *Васељенски сабори,* том I, 415; *The Cambridge History of Christianity,* vol. 2, 17; Братож, „Ранохристијанската црква во Македонија“, 47; Панов, „Борбата на Римската црква“, 69.

[11] Georges Florovsky, *The Byzantine Fathers of the sixth to eighth century* (Vaduz: Büchervertriebsanstalt, 1987), 60–61.

[12] Петар Гнафевс (ок.469–471; 475–476; 478–479 и 485–489) – поглавар на Антиохиската патријаршија и противник на одлуките донесени на Четвртиот вселенски собор. На негова иницијатива во литургијата е воведено читањето на Никејскиот симбол на верата. Поради поддршката на монофизитизмот, на трипати бил менуван од епископската катедра и повторно враќан назад.

[13] *Epistola II, Felicis Papae III Ad Zenonem Imperatorem* (PL 58), col. 0899A – col. 0904C.

[14] *Epistola I, Felicis Papae III Ad Acacium Constantinopolitanum* (PL 58), col. 0893D – col. 0898D.

нополската патријаршија останала на своите ставови. Тоа било повод папата, во јули 484 година, да свика помесен црковен собор во Рим, на кој било осудено донесувањето на Хенотиконот, а Акакиј и Петар Монг биле екскомуницирани од Црквата.[15]

На ова веднаш реагирал Акакиј, кој го избришал името на папата Феликс III од диптихот.[16] На тој начин започнала т.н. Акакиева шизма; од едната страна биле Константинополската и Александриската патријаршија, а, пак, на другата застанала Римската црква заедно со епископиите под нејзина јурисдикција.[17]

*

* *

Во новонастанатите услови на раскол епископиите под јурисдикција на Тесалоникискиот викаријат добиле на важност во борбата за превласт меѓу папата и патријархот во Константинопол. Уште на почетокот од шизмата тесалоникискиот митрополит Андреј, кој дотогаш му бил лојален на Рим, ја сменил политиката и застанал на страната на Константинопол. Со тоа, всушност, престанал да постои Тесалоникискиот викаријат. Неговите епархии влегле под јурисдикција на Константинополската патријаршија. На тој начин Константинопол ја воспоставил црковната власт на целата територија во префектурата Илирик.[18]

Причините за оваа промена се должат на сè поголемите несогласувања што ги имал тесалоникискиот митрополит со папата во врска со јурисдикцијата во решавањето на црковните прашања во

---

[15] „*Acacius, qui secundo a nobis admonitus statutorum salubrium non destitit esse contemptor, meque in meis credidit carcerizandum, hunc Deus, coelitus prolata sententia, de sacerdotio fecit extorrem. Ergo si quis episcopus, clericus, monachus, laicus, post hanc denuntiationem eidem communicaverit, anathema sit, sancto Spiritu exsequente*“. (Edictum Sententiae Felicis Papae Propter Acacii Episcopi CP. Damnationem, col 0934B (PL 58). Сп. *Collectio Veronensis*, Acta conciliorum oecumenicorum, Tom I: Concilium Universale Ephesenum, ed. E.Schwartz, (Munchen: 1925/1926); види: *The Cambridge History of Christianity,* vol. 2, 17.

[16] Диптих – листа на имиња на живите или починатите патријарси и папи што ги читал ѓаконот за време на литургијата, односно евхаристијата. Почетоците на оваа практика се датираат во V век. Со текот на времето диптихот станал еден од медиумите преку кој Константинополската патријаршија го соопштувала ставот и политиката кон другите цркви, вклучително и кон папата. Првото бришење на имиња од диптихот е забележано во 451 година, кога биле избришани имињата на учесниците на Лажниот собор во Ефес 449 година.

[17] Во 489 година, на одржаниот синод на Римската црква бил екскомуниciран и антиохискиот патријарх Петар Гнафевс.

[18] Префектурата Илирија (Илирик) се состоела од Дачката и од Македонската диецеза и се простирала во средината на Балканскиот Полуостров, од Грција на југ до Дунав на север.

Илирик.[19] Овој антагонизам меѓу викаријатот во Тесалоника и римскиот папа вешто го искористил патријархот Акакиј, кој му ветил на Андреј одредени привилегии доколку ја прифати неговата јурисдикција.[20]

*

* *

За време на понтификатот на папата Гелазиј (492–496), Римската црква направила обид да го обнови викаријатот во Тесалоника и на тој начин да ги врати изгубените позиции во Илирик, вклучително и во двете провинции Македонија. Меѓутоа, овие напори само делумно вродиле со плод. Папата единствено успеал да ги придобие дарданските епископи на своја страна, додека, пак, епископите од двете македонски провинции (Македонија Прима и Македонија Секунда) останале доследни на политиката блиска до константинополскиот патријарх. За ова сведочат двете писма од кореспонденцијата на папата Гелазиј со дарданските епископи и писмото до лихнидскиот епископ Лаврентиј.[21]

Конкретно, во писмото адресирано до *„episcopos Dardaniae et Illyrici“,* датирано на 3 август 494 година, папата Гелазиј I искажува задоволство од фактот што дарданските епископи останале доследни на неговата политика.[22] Воедно им забранува какво било црковно-литургиско општење со епископите од Илирик и од Македонија што ја признавале јурисдикцијата на Константинополската патријаршија.

Второто писмо испратено од папата до дарданските епископи се датира на 1 февруари 496 година. Неговата содржина е сведоштво дека во Источен Илирик и во Македонија дополнително се зголемило влијанието на Константинопол. Во тој контекст папата ги предупредува дарданските епископи да внимаваат да не потпаднат под влијанието на Константинопол.[23]

---

[19] За кризата во Тесаломикискиот викаријат, види: Братож, „Ранохристијанската црква во Македонија“, 42-43.

[20] Панов, „Борбата на Римската црква“, 69; *Историја на македонскиот народ,* том I, 228.

[21] *Epistola XI, Ad Episcopos Dardaniae et Illyrici* (PL 59), col. 0057D – col. 0060A; *Epistola XIII, Ad Episcopos Dardaniae* (PL 59), col. 0061B – col. 0077B; *Epistola XI, Ad Laurentium De Lignido Episcopum* (PL 59), col. 0019C – col. 0021C. Сп. Зајковски, *Христијанството*, 72-73; Братож, „Ранохристијанската црква во Македонија“, 50.

[22] *Epistola XI, Ad Episcopos Dardaniae et Illyrici* (PL 59), col. 0057D – col. 0060A; сп. Mansi VIII, 46-48.

[23] *Epistola XIII, Ad Episcopos Dardaniae* (PL 59), col. 0061B – col. 0077B; сп. Mansi VIII, 49-64.

Сведоштво за обидите на Римската црква да ја врати јурисдикцијата над Тесалоникиската митрополија е едно недатирано писмо на папата Гелазиј I испратено до лихнидскиот епископ Лаврентиј.[24] Во него папата го известува Лаврентиј за активностите преземени во правец на обновување на Тесалоникискиот викаријат.

Сепак, и покрај континуираните обиди на Римската црква да воспостави јурисдикција во провинциите Македонија Прима и Секунда, изворите недвосмислено потврдуваат дека тие останале безуспешни. Епископите од Македонија, наспроти притисоците од папата, му останале лојални на патријархот во Константинопол.

Следните податоци за црковните прилики во провинциите Македонија Прима и Секунда се датираат во времето на последните години од понтификатот на папата Симах (498–514). Тоа е периодот кога епископиите во Македонија продолжиле да бидат под целосна јурисдикција на Константинопол. За ова сведочи писмото на папата Симах датирано на 8 октомври 512 година, упатено до епископите, свештенството, монасите и до народот, *„per Illyricum Dardaniam et utramque Daciam“*.[25] Во него се вели дека Црквата во тие области е еретичка, алудирајќи на нејзиното црковно-литургиско општење со Константинополската патријаршија. Папата во писмото бара да ги прекинат врските со Константинопол и повторно да се вратат под јурисдикција на Римската црква.

*

* *

Во втората деценија од VI век се интензивирала борбата за тоа кој да ја има црковната превласт во Илирик, вклучително и во Македонија. Според сведоштвото од зачуваната папска кореспонденција, папата Хормизд уште во првите години од својот понтификат започнал со притисоците насочени кон Константинополската патријаршија со цел да бидат прифатени неговите услови за надминување на Акакиевата шизма. Од овој период датира обемната кореспонденција на папата со византиските императори Анастасиј I и Јустин, потоа со тесалоникискиот митрополит Доротеј, со константинополските патријарси Тимотеј I (511–518) и Јован II (518–520), како и со многумина други епископи од Византија. Девет од писмата што се зачувани досега се преписка меѓу Хормизд и императорот Анастасиј

[24] *Epistola XI, Ad Laurentium De Lignido Episcopum* (PL 59), col. 0019C – col. 0021C; сп. Mansi VIII, 10-12.

[25] Mansi VIII, 245–246; сп. Братож, „Ранохристијанската црква во Македонија“, 52.

I[26], седум меѓу Хормизд и императорот Јустин[27], пет писма се од кореспонденцијата со тесалоникискиот митрополит Доротеј[28], едно со константинополскиот патријарх Тимотеј I[29] и шест писма со неговиот наследник, патријархот Јован II.[30]

За нашиот предмет на проучување од посебна важност е кореспонденцијата меѓу папата Хормизд и тесалоникискиот митрополит Доротеј. Во неа се содржани вкупно пет писма. Нивната содржина сведочи за континуираните безуспешни притисоци што ги вршел папата врз тесалоникискиот митрополит со цел да го придобие на своја страна.[31]

Ваквата силна црковно-дипломатска активност на Римската црква во Илирик предизвикала реакции од страна на константинополскиот патријарх Тимотеј и на императорот Анастасиј I. Тие со низа мерки се обиделе да го елиминираат или барем да го ограничат папското влијание во тој дел од Империјата. Како што

---

[26] *Epistola Anastasii Ad Hormisdam Pontificem* (PL 63), col. 0369D – col. 0370B; *Epistola II, Ad Anastasium Imperatorem* (PL 63), col. 0370C – col. 0371B; *Epistola Anastasii Augusti Ad Hormisdam Pontificem* (PL 63), col. 0374A; *Epistola IV, Ad Anastasium Imperatorem Augustum* (PL 63), col. 0374B; *Epistola V, Ad Anastasium Imperatorem Augustum* (PL 63), col. 0379B – col. 0381A; *Epistola Anastasii Imperatoris Ad Hormisdam Per Legatos sedis apostolocae missa* (PL 63), col. 0381B – col. 0383A; *Epistola Anastasii Imperatoris Ad Hormisdam Papam* (PL 63), col. 0383B – col. 0383C; *Epistola VI, Ad Anastasium Augustum* (PL 63), col. 0384A – col. 0385A; *Epistola Anastasii Ad Hormisdam* (PL 63), col. 0409C – col. 0410A.

[27] *Epistola Justini Imperatoris Ad Hormisdam* (PL 63), col. 0426D – col. 0427A; *Epistola XXVII, Ad Justinum* (PL 63), col. 0427B – col. 0427C; *Epistola Justini Ad Hormisdam* (PL 63), col. 0427D – col. 0428B; *Epistola XXVIII, Ad Justinum Augustum Responsoria* (PL 63), col. 0428C – col. 0429A; *Epistola XXXII, Ad Justinum Augustum* (PL 63), col. 0435B – col. 0437A; *Epistola Justini Ad Hormisdam* (PL 63), col. 0448D – col. 0449B; *Epistola XLIV, Ad Justinum Augustum* (PL 63), col. 0454B – col. 0455B.

[28] *Epistola Dorothei Thessalonicensis Episcopi Ad Hormisdam Pontificem* (PL 63), col. 0371C – col. 0372D; *Epistola III, Ad Dorotheum Thessaloninsem Episcopum* (PL 63), col. 0373A – col. 0373C; *Epistola XXII, Ad Dorotheum Episcopum Thessalonicensem* (PL 63), col. 0408D – col. 0409B; *Relatio Dorothei Episcopi Thessalonicensis* (PL 63), col. 0499D – col. 0500B; *Epistola LXXIII, Ad Dorotheum Thessalonicensem Episcopum* (PL 63), col. 0500C – col. 0500D.

[29] *Epistola XII, Ad Timotheum Constantinopolitanum Episcopum* (PL 63), col. 0399C – col. 0400A.

[30] *Ad Joanis Episcopi Constantinopolitani* (PL 63), col. 0429B – col. 0429D; *Epistola XXIX, Ad Joannem Constantinopolitanum Episcopum Responsoria* (PL 63), col. 0430A – col. 0430D; *Epistola XXXIV, Ad Joannem Constantinopolitanum Episcopum* (PL 63), col. 0438B – col. 0439B; *Exemplum Libelli Joannis Episcopi Constantinopolitani* (PL 63), col. 0444A – col. 0445B; *Joannis Ad Hormisdam* (PL 63), col. 0449D – col. 0450C; *Epistola XLV, Ad Joannem Episcopum Constantinopolitanum* (PL 63), col. 0455C – col. 0456D.

[31] Сп. Панов, „Борбата на Римската црква“, 69.

соопштува комесот Марцелин во својата хроника, императорот Анастасиј I во 516 година во Константинопол повикал пет епископи, привржаници на политиката на папата: Лаврентиј од Лихнидос (провинција Нов Епир), Алкиз од Никопол (провинција Стар Епир), Домниј од Сердика, Гајаниј од Наисус и Евангелиј од Павталија – тројцата од провинцијата Средоземна Дакија. Ова, всушност, значело некој вид егзил за споменатите пет епископи поради нивната непослушност кон Константинопол. Воедно тоа било силна порака до другите илирски епископи што се приклониле кон политиката на Римската црква.[32] Токму во овој контекст треба да се напомене дека егзилот на епископот Лаврентиј во Константинопол траел седум години пред повторно да му биде дозволено да се врати во Лихнид, каде што и починал на повеќе од 80-годишна возраст.[33]

*

* *

До промена во црковните односи меѓу Рим и Константинопол дошло во времето на императорот Јустин (518–527), кога биле создадени поволни политичко-црковни услови за надминување на Акакиевата шизма. Императорот уште во првите две години од стапувањето на престолот извршил силен притисок врз константинополскиот патријарх Јован II (518–520) да ги прифати условите на папата за помирување. Со таа цел во 518 година епископите под јурисдикција на константинополскиот патријарх одржале помесен црковен собор во Константинопол, на кој изразиле подготвеност за надминување на Акакиевата шизма.[34] Папата на ова одговорил со испраќање делегација во Константинопол за да го однесе неговото писмо (Протоколот за обединување), кое ги содржело условите за надминување на расколот: признавање на одредбите од сите четири вселенски собори, анатемизирање на Акакиј и на неговите привржаници, како и бришење на нивните имиња од диптихот на Константинополската патријаршија. На 28 март 519 година константинополскиот патријарх го потпишал Протоколот за обединување, со што формалноправно била надмината Акакиевата шизма.[35]

---

[32] Епископите Алкиз и Гајаниј умреле во првите години од егзилот во Константинопол, а, пак, Домниј и Евангелиј по извесно време биле вратени назад во нивните епископски седишта поради стравот од избувнување немири поради нивното заточеништво

[33] Marcellinus, *Chronica*, IX, 3, ed. Brian Croke (Sydney: 1995), 38-39.

[34] *Joannis Episcopi Constantinopolitani* (PL 63), col. 0429B – col. 0429D; сп. Карташов, *Васељенски сабори,* том I, 416.

[35] *Exemplum Libelli Joannis Episcopi Constantinopolitani*, col. 0444A – col. 0445B (PL 63); сп. Theophanis, *Chronographia*, A.M. 6011 (PG 108), col. 382 – col. 386; Братож,

Сепак, и покрај формалното надминување на Акакиевата шизма, воспоставувањето единство меѓу Римската црква и Константинополската патријаршија во практиката одело мошне бавно. Како што сведочи изворниот материјал,[36] најголем отпор во прифаќањето на Протоколот за обединување имало од страна на епископите во Македонија предводени од тесалоникискиот митрополит Доротеј. Тој иако официјално воспоставил единство со папата, во практиката водел двојна политика. Во пролетта 519 година, на враќање од Константинопол за Рим, во Тесалоника престојувала папската делегација, која побарала од Доротеј да го следи примерот на константинополскиот патријарх и да го потпише Протоколот за обединување. На ваквото барање Доротеј одговорил дека ќе го потпише веднаш штом ќе свика синод на својата диецеза на кој ќе се формализира воспоставувањето единство со Римската црква[37].

Настаните што следувале го покажале спротивното. Доротеј, имајќи ја безрезервната поддршка на граѓаните на Тесалоника, воопшто не бил подготвен за помирување со Рим. Истата 519 година во градот допатувал пратеник на папата, кој побарал од тесалоникискиот митрополит да стави потпис на Протоколот за обединување. Тоа било причина за дополнителен револт кај свештенството и кај верниците, кои под никакви услови не сакале да биде потпишан Протоколот. Тие присуството на папскиот пратеник го протолкувале како закана за нивната црковна слобода и затоа побарале да биде извршена измена во текстот на Протоколот за обединување. По одбивањето на папскиот пратеник да се изврши интервенција во текстот, Доротеј, притиснат од свештенството и од верниците, решил да не го потпише документот. Притоа, поради бесот на граѓаните, ситуацијата излегла од контрола: насобраниот народ во Тесалоника извршил напад на куќата во која престојувала делегацијата од Рим, при што животот го загубил нејзиниот сопственик, додека пак, папскиот пратеник успеал да остане неповреден.[38]

„Ранохристијанската црква во Македонија“, 59; Панов, „Борбата на Римската црква“, 70; Карташов, *Васељенски сабори,* том I, 416; *Историја на македонскиот народ,* том I, 228; *The Cambridge History of Christianity, vol. 2*, 18.

[36] *Le Liber Pontificalis* I, 52, ed. L. Ducheshe (Paris: 1955), 258; *Relatio Dorothei Episcopi Thessalonicensis* (PL 63), col. 0499D – col. 0500B; *Epistola LXXIII, Ad Dorotheum Thessalonicensem Episcopum* (PL 63), col. 0500C – col. 0500D.

[37] *Epistola LXXIII, Ad Dorotheum Thessalonicensem Episcopum* (PL 63), col. 0500C; сп. Братож, „Ранохристијанската црква во Македонија“, 59; Панов, „Борбата на Римската црква“, 70; Карташов, *Васељенски сабори,* том I, 416.

[38] *Epistola LXXIII, Ad Dorotheum Thessalonicensem Episcopum* (PL 63), col. 0500C.

Настаните во Тесалоника условиле остра реакција од папата, кој го повикал Доротеј во Рим.[39] Меѓутоа, наместо да сноси последици за настаните што се случиле, митрополитот Доротеј и презвитерот Аристид, кој важел за негов близок соработник, заминале во Константинопол каде што ја добиле поддршката од императорот и од патријархот.[40] Оттука може да се заклучи дека иако формално ја вратил јурисдикцијата над Црквата во Тесалоника, односно епископиите во Македонија, во практиката папата бил принуден да ја толерира проконстантинополската политика на Доротеј, а подоцна и на неговиот наследник Аристид.

[39] *Epistola LXXIII, Ad Dorotheum Thessalonicensem Episcopum* (PL 63), col. 0500C.
[40] Братож, „Ранохристијанската црква во Македонија“, 59; Панов, „Борбата на Римската црква“, 70.

Dragan ZAJKOVSKI

THE STRUGGLE FOR ECCLESIASTICAL SUPREMACY IN MACEDONIA AT THE TIME OF ACACIAN SCHISM (484–518): CONSTANTINOPLE VS. ROME

- summary -

With the establishment of the Vicariate of Thessalonika in 412 it seemed that the Roman Church won definitive victory over the Patriarchate of Constantinople in regard to the ecclesiastical supremacy over the prefecture of Illyricum. In the years that followed, the ecclesiastical conflict between Rome and Constantinople increased, culminating in the 80's of the V century. It is the period of the Acacian schism (484-518), which had an impact on the church conditions in the Vicariate of Thessalonika; it is a period of time when the struggle between Rome and Constantinople for ecclesiastical supremacy in the provinces of Macedonia Prima and Macedonia Secunda entered into a new phase.

In the new conditions of schism, the bishops under the jurisdiction of the Vicariate of Thessalonika gained great importance in the struggle for supremacy between the Pope and the Patriarch of Constantinople. At the very beginning of the schism, the metropolitan of Thessalonika, Andrew, which until then was loyal to Rome, changed his politics and stood on the side of Constantinople. In that way Constantinople established the church authority over the prefecture of Illyricum.

Attempts to restore the Vicariate of Thessalonika were madden by the popes Gelasius I (492 - 496), Symmachus (498 - 514) and Hormisdas (514 - 523). A testimony for this is a papal correspondence with the Constantinople's patriarchs and the Emperor. However, all these attempts have remained unsuccessful.

The changes in the ecclesiastical relations between Rome and Constantinople came under the Emperor Justin (518-527). As a result, favorable conditions for overcoming the Acacian schism were created . In 519, the Patriarch of Constantinople signed a document in order to overcome the Acacian schism. Although the Pope formally returned the jurisdiction over the church in Thessalonika, in practice, he was forced to tolerate Constantinople's policy in Illyricum.

Martin Husár
Institute for Research of Constantine and Methodius' Cultural Heritage
Constantine the Philosopher University in Nitra

УДК 94 (497.7: 437.6) "3/7"

END OF ANTIQUITY AND BEGINNING OF THE EARLY MIDDLE AGES (4TH – 8TH CENTURY) IN TODAY'S SLOVAKIA AND MACEDONIA[1]

Introduction

The distance between Bratislava, the metropolis of the Slovak Republic, and Skopje, the capital city of Macedonia, is more than thousand kilometres. Despite this fact, I decided to compare both regions as they were developing in the period around the half of the first millennium AD. When considered within the most decisive development era of medieval Europe, both regions are interesting sample areas worth comparing. In spite of the distance between them, both regions can be seen as example samples which may serve to analyse not only distinguishing features but also similar aspects of the development. In my analysis I will refer to available archaeological and historical sources.

The Goths, the Huns and the Roman Empire (4th – 5th century)

In the second half of the 4th century, prior to the Migration Period, the whole area of Macedonia was a part of the Roman Empire, unlike today's Slovakia. Only a small part of today's Slovakia on the right bank of the Danube, where the small Roman military camp (Lat.: *castellum*)

[1] This article was written within the project KEGA no. 014UKF-4/2012.

Gerulata[2] was located, was a part of the Roman Empire. On the contrary, the Germanic tribe of Quadi people, later known as the Suebi[3], were settled to the north of the Danube and in western and central part of Slovakia. There are records on two forward-located Roman settlements in the above-mentioned area. These were a *castellum* in Iža[4], which was the forefield of the legion's camp (Lat.: *castrum*) at Brigetio, and the supporting fortified point at Devín[5].

At the beginning of the Migration Period, in 375, the Huns crossed the Volga, but before doing so they undertook they way to plunder the Middle East up to Antiochia. As a result, tribes of the Alans, Goths, Tervings and Taifals settled further to the west found themselves under pressure. Following these events, the Goths tried to move to the land of the Roman Empire beyond the Danube known as the Balkans.[6] Only the Tervings succeeded in this attempt and in 376 concluded federation agreement (Lat.: *foedus*) with Rome with regard to the area of Thrace and Moesia. One year later, the Goths revolted against Roman officers for bad treatment and lack of food. Later on, the related Goths' tribe of the Greutungs and groups of Alans and Huns, who presumably separated from main military tribes of the above-mentioned nations, joined the rebels. After a bloody battle at Adrianopole in 378, during which the Romans lost around ten thousand legion soldiers and the Roman Emperor Valens (364-378), plundering and marches of the Goths and allied tribes spread to almost whole eastern region of the Balkans. The Morava and Axios valley, and hence the area of today's Macedonia, were affected too.[7] Eventually, on 3 October 382 the Roman Emperor Theodosius I (379-395) concluded peace

[2] Katarína Harmadyová , Ján Rajtár, and Jaroslava Schmidtová, "Slovakia. Frontiers of the Roman Empire, " in *Frontiers of the Roman Empire*, ed. David J. Breeze, Sonja Jilek, and Andreas Thiel (Nitra: Archeologický ústav SAV/Institute of Archaeology of the Slovak Academy of Sciences and Múzeum mesta Bratislavy/Bratislava City Museum, 2008), 58-71.

[3] Ján Beljak et al., "Osídlenie juhu stredného Slovenska v dobe rímskej," in *Archeológia na prahu histórie. K životnému jubileu Karola Pietu*, ed. Gertrúda Březinová and Vladimír Varsík (Nitra: Archeologický ústav SAV/Institute of Archaeology of the Slovak Academy of Sciences, 2012), 44, Fig. 5; 6: 4.

[4] Harmadyová, Rajtár, and Schmidtová, "Slovakia. Frontiers," 72-81.

[5] Harmadyová, Rajtár, and Schmidtová, "Slovakia. Frontiers," 52-57. Veronika Plachá and Jana Hlavicová. *Devín. Slávny Svedok našej minulosti* (Bratislava: Perfekt, 2003), 22, 23.

[6] Peter Heather, *The Fall of the Roman Empire. A New History* (London: Pan Books, 2005), 145.

[7] The Tervings, a tribe of Goths, led by Fritigern took the march through the Morava and Axios valley in 380AD. Heather, *The Fall of The Roman*, 183, 184.

treaty with the majority of the Goths who were subsequently given the region between the Danube and Balkan mountains.[8]

The destiny of another Goths' group lead by chieftains Alatheus and Saphrax[9] might be related to the area of today's Slovakia. Supported by separated groups of the Alans and Huns, this group violently marched in the Roman territory in 376 and together with the Tervings joined the battle at Adrianople two years later. In 380 the Emperor Gratian (375-383) offered the group settlements in Pannonia after their campaign into the province together with federation agreement.[10] This fact can be relatively well proved by archaeologically documented presence of the stated feoderati alongside the ruined yet still persisting Danube limes of Pannonia and alongside the so called Amber Road leading to the north and, hence, through the area of today's Slovakia as well.[11]

According to the current state of archaeological and historical research it is assumed that the centre of the Huns's power moved to the area of Carpathian Basin between the 4th century and 20's of the 5th century[12]. The later reign of Attila (435-453)[13] over Germanic and Indo-Iranian tribes of the given area demonstrated itself in Slovakia in a positive way. There were findings of luxury objects[14] and parts of a tribute which was paid by

---

[8] Michael Kulikowski, *Rome's Gothic Wars. From the Third Century to Alaric* (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), 152, 153. Walter Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung und Intergration. Zweite, erweiterte Auflage* (Stuttgart: Verlag W. Kohlhammer, 2005), 51.

[9] These chieftains were ruling instead of infant Gothic King Vithericus/Vandalarius and the first mentioned chieftain was Greutung. Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung*, 51.

[10] Iordanes, "De origine actusque Getarum 27; 140, 141," in *Iordanis Romana et Getica*, ed. Theodorvs Mommsen, (Berolini: Societas Aperiendis Fontibvs Rervm Germanicarvm Medii Aevi, 1882), 95.

[11] These were predominantly findings of eastern origin such as wheel-shaped pottery with polished decoration, Huns' cast cauldrons, three-bladed arrowheads, bone support of reflex bows or bones of mongoloid individuals. These artefacts were found alongside the Danube limes in originally Roman civil as well as military settlements in the region of today's Hungary, Austria and Slovakia, and within individual points of the so called Amber Road (Bratislava-Devín, Drslavice, Stráže etc.). Jaroslav Tejral, "Das Attilareich und die germanischen gentes im Mitteldonauraum," in *Attila und die Hunnen. Begleitung zur Ausstellung*, ed. Bodo Anke and Heike Externbrink (Stuttgart: Historisches Museum der Pfalz and Konrad Theiss Verlag GmbH, 2007), 108.

[12] Heather, *The Fall of the Roman*, 203. Tejral, "*Das* Attilareich und die germanischen," 109.

[13] Attila ruled together with his brother Bleda until 445. Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung*, 111.

[14] These constitute more or less to the material content of the Middle-Danube group "Untersiebenbrunn", a group of splendid graves dated back to the first quarter of the 5th century until the end of Attila's reign. It was a combination of Germanic, Ancient-Mediterranean as well as Alanian-Sarmatian elements from the Black Sea region and the circle of Bosphorus cities and North Caucasian foothills. For instance, there were big silver brooches with semi-circular head found in women's graves. In men's graves we may find

the Eastern Roman Empire.[15] Another obvious proof hereof is the density of settlement in lower Hron region, alongside rivers Žitava and Nitra as well as in the middle and lower Váh region.[16]

The above-mentioned stabilisation of relations in the region of the Middle Danube had an opposite effect on the region of today's Macedonia. In 447 Attila began his second invasion beyond the Danube to the Eastern Roman Empire. Although he did not manage to conquer Constantinople during this invasion, he and his troops reached the southernmost territories up to Greek Thermopylae.[17] It is assumed that 70 ancient cities in Balkan region were destroyed through this campaign. Destruction levels reveal that the campaigns did not leave the capital city of the Roman province Macedonia Secunda/Salutaris, Stobi untouched[18]. The same destiny could

---

sword handles lined with golden metal sheet with shielding crossbars or buckles decorated by cloisonné enamel technique. Tejral, "*Das* Attilareich und die germanischen," 107-113.

[15] In connection to the above-stated we must mention, for instance, the hoard of 1439 solidi of Valentinian II (375-392) and Theodosius II (408-450) from Hungarian location Hódmezővásárhely-Szikáncs, or the hoard of 108 solidi of Valentinian III (425-455). Tejral, "Das Attilareich und die germanischen," 110-112.

[16] Local Suebi people presumably moved to caves and refuge shelters in mountainous parts of western and central Slovakia at the end of unstable 4th century. From here they crossed the Rhine on New Year's Eve (?) 406 and raided Gallia. During the period of the Huns' domination the situation was first stabilised and the settlement in southern parts of Slovakia became dense again and reached its peak in the half of the 5th century. Heather, *The Fall of the Roman*, 194, 195. Karol Pieta and Matej Ruttkay, "Germanische Siedlung aus dem 4. und 5. Jh. in Nitra-Párovské Háje und Probleme der Siedlungskontinuität," in *Neue Beiträge zur Erforschung der Spätantike im mittleren Donauraum*, ed. Jaroslav Tejral, Herwig Friesinger, and Michel Kazanski (Brno: Archäologisches Institut der Akademie der Wissenschaften der Tschechischen Republik in Brno, 1997), 150, 151. Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung*, s. 73.

[17] Attila's appeal to the Western Roman Empire was his driving force. He requested the increase of tribute and return of deserters. He made good use of latest earthquakes in Anatolia and Constantinople. The earthquake in Constantinople of 27 January 447 ruined parts of city fortification including 57 towers which were reconstructed not earlier than within the following three months. During their invasive movements the Huns and their allied tribes, among which the king of the Gepids Ardaric and king of the Goths Valamir managed to conquer the Roman army in Dacia Ripensis and to conquer Marcianopolis. Right after this success they passed the bank of the Black Sea and from the Thracian Lowland set out to reach the Aegean coastline of today's Greece. Nic Fields, *The Hun. Scourge of God AD 375-565* (Oxford: Osprey Publishing, 2006), 15. Heather, *The Fall of The Roman*, 309-312, map no. 11. J. Otto Maenchen-Helfen, *The World of the Huns. Studies in Their History and Culture* (Berkley; Los Angeles; London: University of California Press, 1973), 119-125. Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung*, 110, 111.

[18] This was proved by the archaeological material from the above-mentioned layer which among other things revealed coins of the Emperor Theodosius II (408-450) and Valentinian III (425-455), the Huns' three-bladed arrowheads and bone linings of bows. Jelena Jarić, "The Barbarian Incursions on Macedonia in the Early Middle Ages: Defining Chronology,

be assumed for Scupi (today's Skopje)[19] which was the capital city of the late-Roman province Dardania.

The next historical episode which influenced both areas under analysis was the move and following settlement of the Pannonia Ostrogoths in the Balkans after the termination of the Huns' power in the Middle Danube region in 454. Though prior to this move, the king Thiudimer shattered the kingdom of the Skirs (469) and the Sarmatians (472) between rivers Danube and Tisza and even managed to shatter the kingdom of the Suebi in winter 469/470, which was spreading in the north-western part of the Carpathian Basin, i.e. in the area of today's Slovakia too.[20] These events came after a battle between the coalition of the Suebi, Sarmatians, Skirs, Gepids, Rugi and Ostrogoths in 469, which ended with the loss of the coalition.

Although the Ostrogoths received 300 pounds of gold[21] from the Eastern Roman Emperor Leon I (457-474) since 459, the poor Pannonia did not seem to be a region worth any further influence. Hence, the king Thiudimer and his son, the associated king Theodoric[22], decided to look for a better place for their people which would have been located in wealthier regions of the Western Roman Balkans where they stayed between 473 and 488/489[23] until the Emperor Zeno (474-491) redirected them to Italy.[24]

Geography and Factors," *Macedonian Historical Review* 1 (2010): 50. Jelena Jarić, "The Barbarians and the Big Cities: Destruction, Renewal and Transformation of the urban settlements in Macedonia during the Early Middle Ages," *Macedonian Historical Review* 2 (2011): 34, 42.

[19] An unusual group of 10 men's graves was found on a cemetery in the eastern part of the city. The buried men were originally wearing brooches with bulbous heads fixed to their cloths. These brooches are dated back to the second half of the 4th century and constituted an important military or clerical insignia which was a sign of an exceptional status of a person wearing it. Researchers identified these men as Germanic *foederati* who originally lived in the city of Scupi. It shall as well be noted that the construction works in the ancient city of Scupi during the unstable 5th century were considerably reduced if compared with the previous period. Jarić, "The Barbarian Incursions," 51. Jarić, "The Barbarians and the Big," 40, 42.

[20] Gabriel Fusek and Jozef Zábojník, "Príspevok do diskusie o počiatkoch slovanského osídlenia Slovenska," *Slovenská archeológia* 51 (2003): 327.

[21] Attila, for instance, was receiving 2,100 pounds of gold since 447 according to an agreement with Theodosius II. Maenchen-Helfen, *The World of the Huns*, 124. Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung*, 129.

[22] They originated from royal family of the Amals. Peter Bystrický, *Sťahovanie národov (454 – 568). Ostrogóti, Gepidi, Longobardi a Slovania* (Bratislava: PRO HISTORIA, 2008), 35.

[23] Along with the Pannonia Ostrogoths, there was another group of more or less undirected Gothic *foederati* located in the Thracian Lowland until the 60's of the 5th century, until the death of their leader and magister militum Theodoric Strabo. After Theodoric Strabo's death in 481 this group joined the Amal Goths of Theodoric, who originated from Pannonia.

While passing through the valley of Morava and Axios as well as the Via Egnatia route they again affected ancient cities in the region of today's Macedonia, i.e. Stobi[25] and Heraclea Lyncestis (today's Bitola)[26].

Arrival of the Slavs (6th century)

The 6th century arrival and settlement of the Slavs is a common element of both territories subject to my analysis. With regard to Slovakia, the presence of the Slavs, more precisely the Sclavenes[27], can surely be dated back to the first half of the 6th century.[28] This earliest settlement was concentrated on fertile soils of lowlands, predominantly in the Middle and the Lower Váh regions. The settlers naturally avoided the last Germanic Suebi and Lombards or, in other words, there was a distance kept between the stated Germanic and Slavonic settlements. The Lombards were actually

---

Together they acted as even bigger danger for the Eastern Roman Emperor Zeno. Mark Humphries, "Italy, A. D. 425-605 (Chapter 19)," in *The Cambridge Ancient History. Volume XIV. Late Antiquity: Empire and Successors, A. D. 425*-600, ed. Averil Cameron, Bryan Ward-Perkins, and Michael Whitby (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), 529, 530. Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung*, 129-133. Michael Whitby, "The Balkans and Greece 420-602 (Chapter 23)," in *The Cambridge Ancient History. Volume XIV. Late Antiquity: Empire and Successors, A. D. 425*-600, ed. Averil Cameron, Bryan Ward-Perkins, and Michael Whitby (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), 712-714.

[24] The aforementioned united Goths led by Theodoric spent winter in Pannonia and on 28 August 489 defeated for the first time the troops of Odoacer at the river Isontius. Out of 100,000 travelling Goths, 25,000 to 30,000 armed men might have marched to Italy from the Balkans. Pohl, *Die Völkerwanderung. Eroberung*, 132, 133. Whitby, "The Balkans and Greece," 712, 713.

[25] According to written sources, Stobi was raided twice during their invasive action, i.e. in 473 and 479. JARIĆ, Jelena. The Barbarians and the Big, s. 34. Ivan Mikulčić, *Stobi – antički grad (Stobi – an ancient city)* (Skopje: Magor, 2003), 103, 104.

[26] Roman historian Malchos most likely documented the burnout of the city of Heraclea Lyncestis in 479 by the Goths led by Theodoric. According to this historian, when the Goths arrived, they found the city and its surrounding untouched. The city bishop provided them with numerous gifts and supplies. However, when leaving the area, the Goths requested great supplies of corn and wine for their journey to Dyrrachium. Local citizens refused to fulfil such requirement, left the city and fled to a nearby standing fortress. Before leaving the area, the Goths could only burn Heraclea out. Jarić, "The Barbarians and the Big," 35. Malchos, "Fragmenta 20; 35-42, 94-100," in *The fragmentary classicising historians of the Later Roman Empire. Eunapius, Olympiodorus, Priscus and Malchus. Volume II. Text, Translation and Historical Notes*, ed. R. C. Blockley (Liverpool: Francis Cairns, 1983), 436-439, 440, 441. Whitby, "The Balkans and Greece," 713, 714.

[27] They occur in various sources in Latin form as the Sclaveni or in Greek form as the Sklavenoi. Fusek and Zábojník, "Príspevok do diskusie/Contribution to discussion," 329.

[28] The earliest possible period of colonisation to Slovakia through Carpathian passes can, however, be considered the beginning of the 70's of the 5th century. Fusek and Zábojník, "Príspevok do diskusie/Contribution to discussion," 327, 329. Jozef Zábojník, "Problematika včasného stredoveku na Slovensku," *Historický časopis* 58 (2010): 223.

located to the south of the Danube (cemetery Rusovce) or concentrated in a part of the land beyond the Little Carpathians (cemetery Devínske Jazero and Zohor), and Suebi[29] stayed concentrated to the south of the Slavonic settlements (cemetery Gáň), i.e. in brown-soil territories (cemetery Tesárske Mlyňany)[30] or in higher altitudes (hill-fort Kostoľany pod Tríbečom-Veľký Lysec and Rybník nad Hronom-Krivín)[31].

In the 6th century, the Balkans[32] including the territory of today's Macedonia became an invaded region and the place where various ethnic

[29] Their persisting presence in the territory of today's Slovakia could be proved by Cassiodorus' statement that the King of the Ostrogoths exempted people of the Venetian province from taxes related to years 536 and 537 as the Suebi rushed in here. Cassiodorus, "Epistvlae Theodericianae Variae 12, 7," in *Cassiodori Senatoris Variae*, ed. Theodorvs Mommsen (Berolini: Societas Aperiendis Fontibvs Rervm Germanicarvm Medii Aevi, 1894), 365, 366. Cassiodorus, "Epistvlae Theodericianae Variae 12, 7," in *The Letters of Cassiodorus being a condensed translation of the Variae Epistolae of Magnus Aurelius Cassiodorus Senator*, ed. Thomas Hodgkin (London: Henry Frowde, 1886), 495.

[30] There was a Roman coin, copper minimus (3-nummia) of Justin I (518-522) or Justinian I (538-565) found in the cemetery in a secondary damaged grave no. 66. This helped to date the cemetery back to the first half of the 6th century. An important finding was that the coin was found in an undamaged part of the grave, i.e. near the left foot. Matej Ruttkay, "Das völkerwanderungszeitliche Gräberfeld in Tesárske Mlyňany, Bez. Zlaté Moravce," in *Barbaren in Wandel. Beiträge zur Kultur Identitätsbildung in der Völkerwanderungszeit. Spisy Archeologického ústavu AV ČR Brno* 26, ed. Jaroslav Tejral (Brno: Archäologisches Institut der Akademie der Wissenschaften der Tschechischen Republik in Brno, 2007), 335, 336.

[31] Gabriel Fusek and Jozef Zábojník, "Frühslawisches Siedlungsobjekt aus Suchohrad. Zur Problematik der langobardisch-slawischen Beziehungen," in *Archeológia Barbarov 2009: Hospodárstvo Germánov. Sídliskové a ekonomické štruktúry od neskorej doby laténskej po včasný stredovek*, ed. Ján Beljak, Gertrúda Březinová, and Vladimír Varsík (Nitra: Archeologický ústav SAV/Institute of Archaeology of the Slovak Academy of Sciences, 2010), 174, 174. Ruttkay, "Das völkerwanderungszeitliche Gräberfeld," 336. Zábojník, "Problematika včasného," 220, 221.

> „Има ли зборови кои ќе објаснат што се случило на Западот!? Војската на Скитите поминува преку него и кружи како низ своја татковина. Земјата што раѓа благородни изданоци, луѓе бестрашни и челични, тие во корен ја сосекуваат и мечот го одделува нејакиот пород: едно дете останува кај мајката, а другото непријателот го одведува со силата на оружјето. Порано моќните градови – сега се прашина ситна. Гледајќи ги коњските штали на местото на коешто беа населбите на луѓето, леле, како да се воздржам од солзите. Така во оган пропаѓаат земјите и населбите, а ти граду – царица, средиште на Византија, кажи ми во каква судбина си потпаднал. Град, којшто стоиш на прво место по несреќа, колку порано си се гордеел со просперитет... Но преблаг збор, погледни ме со милостиво око, прекрати ги заемно истребувачките колежи,

[3] J. Sajdak, „Que signifie Κυριώτης Γεωμέτρης?“, *Byzantion* 6 (1931) 343–352; Lauxtermann, „John Geometres – Poet and Soldier“, 371-373.

[4] Lauxtermann, „John Geometres – Poet and Soldier“, 373; Lauxtermann, *Byzantine Poetry from Pisides to Geometres*, 289, n. 10. Во ова делоавтор се определува 997 година како *terminus post quem* за компилацијата на колекцијата на неговите поеми. Како основа за ваквото датирање, тој ја зема последната поема која ја поврзува со царската титула на Самуил. Исто и: Emilie Marlène van Opstall, *Jean Géomètre*, 14. Меѓутоа, ваквата хронологија е мошне несигурна и се заснова на датирањето на царската титула на Самуил.

одвлекување во заробеништво, востанија, бегства, прогонства, насилства, смртни казни, судења...“[5]

Со намера да ја презентира влошената општа состојба во Византија во периодот на владеењето на Василиј II, Геометар во поемата како главни непријатели ги означува „Скитите“, односно Самуиловата војска, акцентирајќи ги страотните пустошења, убиства, одведување во заробеништво и пропаст на населби. Притоа, забележлива е неговата тенденција за демонстрирањето на припадност на територијата подложена на опустошувачките непријателски продори, што било во согласност со византиската империјална идеологија. Самуиловата војска е таа што кружи на територијата, како на „нивна татковина“, убивајќи го византиското население. Симболиката на земјата што раѓа изданоци сосема јасно ја асоцира опасноста од губење на територијата која природно ѝ припаѓала на Византија. Во тој контекст, евидентна е критиката упатена кон Константинопол, која Геометар ја изразува во преносна смисла, насочувајќи го, всушност, своето несогласување со политиката на византискиот естаблишмент во престолнината.

На овој начин тој, всушност, настојува да ја прикаже немоќта на Василиј II како репрезент на врховната власт во спречувањето на опустошувачките продори на Западот, кои ѝ причиниле огромни штети на Империјата. Во таа смисла, разбирливо е зошто Геометар на самиот крај од поемата не го повикува императорот, туку самиот Христос да му помогне на Константинопол, кој, како престолнина, всушност, ја симболизира самата Империја: „Такви зборови испраќа кон тебе твојот град, градот кој е твој. Ти, којшто гледаш, не отфрлај го погледот од длабоките зла. До кога навистина ќе ни бидат маките?“[6] Според поимањето на Геометар, само Христос можел да стави крај на очајната состојба во кои се нашла Империјата, што било резултат на несоодветното владеење на Василиј II и на неговите воени команданти. Оттаму, поемата најверојатно го одразува историскиот контекст на граѓанската војна помеѓу Василиј II и Варда Фока во 987–989 година, во која биле вмешани и Русите на страна на византискиот император. Гледано од перспектива на Самуиловата држава, користејќи ја зафатеноста на Василиј II со граѓанската војна, Самуил, по триумфалната победа кај Трајановата порта во 986 година, можел непречено да ја реализира својата воена агенда, како резултат на што „скитската војска“ кружела „како низ своја татковина“. Потврда за

[5] J. A. Cramer, *Anecdota Graeca e Codd. Manuscriptis Bibliothecae Regiae Parisiensis*, *IV* (Oxford: Oxford University Press, 1841), 282.
[6] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 271-273.

ваквата хронолошка рамка е реторскиот израз на Геометар, во кој преовладува критиката на власта во Константинопол, со повикување на самиот Христос на помош, што кореспондира со новото дејствување во духовната монашка средина по 985/6 година.

Алудирањето на конкретните офанзивни продори на Самуил, со истоветна тенденција за демонстрирање на империјалната територијална припадност, може да се забележи и во поемата на Геометар *За грабежот на Ивиријците*.[7]

> „Не скитискиот оган, туку ивериското насилство сега го турка Западот против Истокот. Тоа [го означуваа] земјотресите, а македонската земја го покажа блесокот на новоизгреаните ѕвезди. Зошто напразно ги прекоруваш Скитите кога гледаш дека твоите пријатели и сојузници ги прават истите нешта“.[8]

Поблиското хронолошко определување на историскиот контекст содржан во оваа поема е овозможено со посочувањето на природните феномени. Силниот земјотрес што ја потресол престолнината, како и „блесокот на новоизгреаната ѕвезда“, односно појавата на Халеевата комета, се изворно регистрирани во 989 година. Ваквата хронологија коинцидира со граѓанската војна иницирана од Варда Фока, во која биле инволвирани и ивериските (грузиските) трупи. Контекстот на поемата евидентно е фокусиран на непријателската Самуилова војска, којашто е означена со терминот „Скити“, од чиишто офанзивни продори „македонската земја“ била подложена на „скитски оган“.

Притоа, забележлива е географско-етнонимската диференцијација на Јован Геометар на „македонската земја“ од непријателските војски „Скити“. „Пријателите“ во поемата би претставувале асоцијација за Византијците, односно за императорскиот естаблишмент во Константинопол. Доколку се прифати ваквиот историски контекст, Геометар во преносна смисла повторно алудирал на неспособноста на императорот Василиј II да се справи со сериозните предизвици од офанзивните продори на Самуиловата војска во Македонија, како и со граѓанската војна на истокот. Гледано од оваа перпективa, станува јасен неговиот критички тон и преносна мисла за залудните обвинувања од „македонската земја“ упатени кон непријателите „Скити“. Текстуалната контекстуализација на Геометар ја илустрира тенденцијата за прикажување на очајната состојба во која се нашол „Западот“ причинета од воената неспособност на Василиј II и на неговите воени функционери, чијашто одговорност била заштитата на

[7] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 282.
[8] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 282.

„македонската земја“. Со други зборови, жителите на „македонската земја“ се тие што залудно ја обвинуваат Самуиловата војска – „Скитите“, а, всушност, вистинскиот виновник се „пријателите“ – византиската војска, поточно воените генерали и самиот император Василиј II.

Дека ваквата реконструкција одговара на контекстот и на мислата на Јован Геометар, покажува и компарацијата со другите поеми во кои е содржана суптилната критичка реторика кон Василиј II, кои хронолошки коинцидираат со неговото разрешување од воената функција во 985/6 г. Впрочем, историскиот контекст содржан во современите изворни сведоштва ја потврдува дефанзивната позиција на Василиј II причинета од неговата зафатеност со граѓанската војна на истокот, во која учествувале и „сојузниците“ – иверискиte трупи. Оттаму, Јован Геометар, всушност, со поемата истапува со критика кон византискиот воен и политички естаблишмент одговорен за исклучително негативните состојби во Македонија кои биле последица од експанзијата на Самуиловата држава и се заканувале со целосно губење на територијата. Пораката е јасна – „македонската земја“ наместо да ја обвинува Самуиловата војска за влошената состојба, критиката треба да ја адресира кон сопствените „пријатели“ како одговорни за нејзината безбедност. Доколку се вистински генерали, тие треба самите да се справат со непријателот, како што би го сторил тоа Геометар кога бил на функција. Оттаму, поемата е своевидна манифестација на огорченоста на доскорешниот воин и неспорен патриот, кој останува немоќен да го даде сопствениот придонес на военото поле. Директното лично учество во справувањето со воените предизвици, Геометар го заменува со поетскиот збор, ставајќи се себеси во преносна смисла во директен дијалог со „македонската земја“, како што би го правел тоа доколку бил на воената функција.

Уште поостар критичен тон на Јован Геометар во контекст на неуспесите на Византија во справувањето со Самуиловата држава може да се забележи во поемата *За поразот на Римјаните кај бугарскиот теснец*, составена веројатно кон крајот на 80-тите години од X век:

> „Не би помислил, дури и сонцето да се помести, дека мизиските стрели ќе бидат посилни од авзонските копја. Пропаднете дрвја, злокобни планини. Пропаднете, мрачни планини! Пропаднете, недостапни пештери, таму каде што лавот трепери од средбата со срните! Сонце, скриј ја под земјата со злато блескавата кочија и кажи ѝ на великата душа на кесарот: Истарот го грабна венецот на Рим. Земи го бргу

оружјето, зашто мизиските стрели се посилни од авзонските копја“.[9]

Многу е веројатно дека овој пасус претставува алузија на состојбите поврзани со офанзивните воени дејства на Самуиловата војска кои резултирале со понижувачкиот пораз на Василиј II во битката кај Трајановата порта во 986 година. Геометар контекстуално сосема јасно ги посочува Василиј II и неговите команданти како главни виновници за катастрофалниот пораз, иако внимателно го избегнува именувањето на императорот. Тој евидентно настојува да ја долови сликата дека како последица од губењето на битката, византиската империјална доминација и супериорност, симболизирана преку лавот – императорот, била заменета со неговото треперење од соочувањето со непријателите – срните. Губењето на инсигниите при бегството на Василиј II, за што пишува Геометровиот современик Лав Ѓакон, во случајот симболично е претставено со грабнувањето на „венецот на Рим“, со што му се дава дополнителна острина на реторскиот израз во демонстрирањето на срамниот пораз на византискиот император. Имајќи го предвид ваквиот контекст, логично произлегува повикувањето на „непобедливиот“ император Никифор Фока да посегне по оружјето и да го порази Самуил, бидејќи актуелниот император не е способен да го стори тоа, бидејќи е совладан од „мизиските стрели“ и стравува од ново директно соочување.

Поемата содржи уште еден момент што може да ја долови перспективата на Геометар. Забележлива е тенденцијата на Геометар за конкретно географско лоцирање на самата битка, што е содржано во самиот наслов на поемата. Ваквата тенденција би можела да се очекува за некој воено опитен каков што бил Геометар, кој несомнено бил запознаен со воената стратегија која изискувала и познавање на географијата. Злокобните и мрачни планини се токму оние теснеци што воделе преку византиската територија кон градот Сердика, кој бил под контрола на непријателските војски. Контекстот кореспондира со описот на Лав Ѓакон, кој ја презентира катастрофата од „скитскиот меч“ и повлекувањето од „мизискиот“ напад преку „непреодните планини“ на римска територија.[10] Во таа смисла, употребата на

[9] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 296.

[10] *Leo the Deacon: The History of Leo the Deacon: Byzantine Military Expansion in the Tenth Century,* Introduction, translation, and annotations by A. M. Talbot and D. Sullivan, with the assistance of G. T. Dennis and S. McGrath (Washington, DC: Dumbarton Oaks Research Library and Collection, 2005), X.8, 10, p. 213-217.

терминот *бугарски* во самиот наслов на поемата несомнено ја рефлектира просторната мисла на Геометар при лоцирањето на битката доловена во конкретниот момент. Геометар со „бугарските теснеци“ всушност ја асоцира територијата на ликвидираната бугарска држава, каде што Византија имала контрола, разграничувајќи ја, притоа, од територијата контролирана од Самуиловата држава. Споменувањето на „Истарот“, односно на реката Дунав, во многу потсетува на географскиот контекст на Лав Ѓакон за територијалниот опсег на римскиот посед. Лав Ѓакон, враќајќи ја римската меморија, потенцира дека императорот Јустинијан II им ја доделил на Бугарите „земјата со која Истар граничи внатре во Македонија“, алудирајќи на историскиот легитимитет и припадност на Византија.[11]

Во таа смисла, упатувањето на „Истар“ би можело да претставува класичен реторски стил како алузија на цивилизациската граница со варварите, која Византија ја повратила со триумфалната победа во 971 година. Тоа што Геометар претендирал да го презентира, всушност е тоа дека по битката кај Трајановата порта била загрозена дунавската граница, а со тоа директно бил засегнат и самиот империјален „венец“, односно империјалниот престиж на Константинопол. Станува збор за симболично проектирање на римската меморија во функција на демонстрирање на византиската империјална доминација преку упатувањето на припадноста на територијата сериозно загрозена од „Мизите“, кои веќе можеле со своите стрели да посегнат кон Византија и кон самата престолнина Константинопол.[12] Ваквиот светоглед му одговара на еден воин како Геометар, кој ја споделува идеолошката матрица на Константинопол. Историскиот контекст несомнено одговара на реконструкцијата на ваквата концептуална претстава, со оглед на дека Самуиловата војска дури по 986 година ги

[11] Leo the Deacon, *History*, VI. 9 (ed. Talbot, Salivan, 129). За стереотипната перцепција на Римјаните во однос на варварите како продукт на дијалогот помеѓу самите себе во функција на демонстрирање на диференцијалната репрезентација во однос на „другите“, види кај: G. Halsall, *Barbarian Migrations and the Roman West, 376–568* (Cambridge, 2007). За етницитетот во раниот среден век како „мерка за културна дистанца“ помеѓу населението на Византиската Империја и варварите, види: F. Curta, *The Edinburgh History of the Greeks, c. 500 to 1050: The Early Middle Ages* (Edinburgh: Edinburgh University Press, 2011), 276-297.

[12] За тенденцијата на византиските автори за проектирање идеологија на географска сопственост во контекст на балканските групи во XI век, види: P. Stephenson, „Byzantine Conceptions of Otherness After the Annexation of Bulgaria (1018)“, во: *Strangers to Themselves: The Byzantine Outsider,* ed. D. Smythe (Aldershot: Ashgate/Variorum, 2000) 253–256; A. Kaldellis, *Ethnography after Antiquity: Foreign Lands and Peoples in Byzantine Literature. Empire and after* (Philadelphia: University of Pennsylvania Press, 2013, 112-113.

насочила своите офанзивни продори во традиционалните земји на некогашната бугарска држава кон Дунав, кои претходно биле под контрола на Византија и триумфално извојувани од Јован Цимиски.

Независно какво значење ќе му се даде на контекстот на Геометар, сосема јасно е дека терминот *бугарски* во поемата не имплицира етнонимска класификација, туку географско определување на самата битка меѓу Василиј II и Самуил во функција на демонстрирање на империјалната територијална припадност. Етнонимската мисла на Јован Геометар, која ја споделуваат и неговите современици, јасно е одразена и во оваа поема со означувањето на непријателската Самуилова држава со класичниот етноним *Мизи*.

Етнонимот *Бугари* кај Геометар единствено може да се сретне во поемата *За Бугарите*:

> „Претходно, Тракијци, посакувавте да придобиете сојузници против Скитите, но сега сакате да ги придобиете Скитите како сојузници против вашите пријатели. Ликува и се весели бугарско племе, држи и носи скиптар, венец, пурпур и виолетова... (недостасува линија – б.н.)... и тој ќе ви ги симне облеките, во долг јарем ќе ви ги врами вратовите и нозете во окови. И по грбовите и стомаците многумина ќе удри. И затоа престанете да правите 'поделби' помеѓу себе и имајте храброст да се однесувате како луѓе и да бидете горди".[13]

Содржинската комплексност на поемата, за што придонесува и присутното празно место во текстот, каде што веројатно треба да стои името на византискиот император, продуцира различни гледишта кај истражувачите, што ја засегнува и Геометровата етнонимска претстава. Една група истражувачи, доведувајќи ја поемата во релација со владеењето на Василиј II, укажуваат дека Јован Геометар ја имал предвид годината 989-та, кога византискиот император, соочувајќи се со сериозната опасност од војските на узурпаторот Варда Фока, стапил во сојуз со рускиот владетел Владимир, спасувајќи го на тој начин самиот Константинопол. Други истражувачи, пак, поистоветувајќи ги Тракијците со Бугарите, поемата ја доведуваат во контекст на настаните кои хронолошки се одвивале во 970[14] или во 986

---

[13] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 282-283. Англискиот превод од Мајкл Џефрис (Michael Jeffreys) со објаснување за интерполациите на крајот од поемата, види го кај: Andrzej Poppe, „The Political Background to the Baptism of Rus': Byzantine-Russian Relations between 986-89", *DOP* 30 (1976), 195-244.

[14] П. О. Карышковский, „К *истории балканских войн* Святослава", *Византийский Временник* (1953), 224-243. Авторот смета дека во поемата Геометар, всушност, го пренесува византиското поимање на царувањето на Борис II, кое во Константинопол било перцепирано како „узурпација". На истото посочува и Б. Ферјанчиќ во својот

година[15] Согледувајќи ја нелогичноста на демонстрирањето на царските инсигнии од „бугарското племе“ во 80-тите години од X век, некои истражувачи се определуваат и за 996/7 година како датум на настанување на поемата, доведувајќи ја во директна врска со прогласувањето на Самуил за цар.[16] Како и да е, во зависност од контекстуалната употреба на конкретната поема и нејзиното хронолошко дефинирање, за истражувачите, „Тракијците“ стануваат или Византијци или Бугари, додека еквиваленција на „Скитите“ се „Русите“. Внимателната анализа на поемата сепак укажува на неколку недоследности во –модерната интерпретација, што го поставува на преден план клучниот аспект - различната идентификација на „Тракијците“ на кои Геометар, всушност, директно им се обраќа.

Истражувачите кои ја поврзуваат поемата со историските настани од 989 година, еквиваленцијата „Тракијци“ – „Византијци“ – „Константинопол“ ја објаснуваат со фактот што во овој период Византија била територијално сведена единствено на областа Тракија по освојувачките походи на Самуиловата војска на запад, како и со офанзивните продори на Варда Фока на исток. Меѓутоа, историската реконструкција заснована на расположливите изворни сведоштва покажува дека воените дејства за време на граѓанската војна помеѓу Василиј II и Варда Фока воопшто не го засегнале географскиот простор на Тракија, бидејќи биле фокусирани на просторот на Мала Азија и на островот Абидос. Оттаму, се поставува прашањето зошто Геометар би им се обратил на „Тракијците“ доколку го немал предвид токму географскиот простор на Тракија? Ова особено што, како што покажуваат и другите поеми со историски карактер, тој секогаш

коментар на преводот на Геометар. Види: Б. Ферјанчиќ, *Византијски извори за историју народа Југославије,* III (Београд, 1966), 28-29.

[15] С. Пириватриќ, *Самуилова држава.* Обим и карактер (Београд, 1997), 166-167. Споменатиот автор, поистоветувајќи го етнонимот *Тракијци* со *Бугари*, истовремено ја забележува нелогичноста околу тоа на каква узурпација на царските обележја всушност алудира Геометар, имајќи предвид дека Борис II бил признат од Византија за цар во 969 година. Отфрлајќи ја можноста дека станува збор за евентуалното Самуилово крунисување за цар околу 997 година, Пириватриќ ја изнесува претпоставката дека Геометар во поемата всушност го изразил своето жалење поради губењето на царските инсигнии на Василиј II, кои биле запленети од Самуиловата војска при битката кај Трајановата порта во 986 година.

[16] Lauxtermann, „John Geometres – Poet and Soldier“, 372-373. Тој смета дека поемата е составена во 996-997 година единствено врз основа на поврзувањето на Геометровото негодување за дрскоста на Бугарите демонстрирана преку носењето царски инсигнии со царската титула на Самуил, кого погрешно го идентификува со Симеон. Истото гледиште, кое ја вклучува и погрешната идентификација на царот, го презема Ван Опстал. Види: Emilie Marlène van Opstall, *Jean Géomètre*, 14.

претендирал настаните да ги стави во конкретен географски простор, одразувајќи го на тој начин своето воено професионално искуство.

Имајќи ја предвид ваквата тенденција на Геометар, историскиот контекст на поемата подобро се вклопува во проектирањето на состојбите во 970 година, кога областа Тракија станала главен театар на воените операции, во кои како непријатели учествувале подеднакво Русите, Бугарите и Печенезите. Во вакви услови на комплексни воени прегрупирања, не се исклучува можноста дел од византиската тематска војска во Тракија да се приклонила кон Русите, што би го објаснило експресното преминување на непријателските војски низ територијата на Тракија сè до ѕидините на Аркадиопол.[17] Од сведоштвото на Лав Ѓакон јасно се гледа дека Русите во овој период ги загрозиле и „Македонците“.[18] Со оглед на тоа дека во конкретниот случај на Лав Ѓакон, со „Македонците“ се означувала, всушност, темата Македонија, географски лоцирана во источна Тракија, што го констатира и Скилица,[19] се потврдува и географскиот контекст на Геометар. Уште повеќе, Лав Ѓакон имплицира дека дел од тематските единици застанале на страната на Варда Фока во граѓанската војна откако биле привлечени од неговиот татко Лав *kouropalates,* кој бил прогонет на Абидос поради тоа што бил наклонет кон императорот Никифор.[20]

Тоа нè враќа кон клучниот проблем: кого, всушност, имал предвид Јован Геометар кога им се обратил на „Тракијците“? Од дешифрирањето на овој сегмент од поемата, всушност, зависи и реконструирањето на целосниот историски контекст. Компаративната анализа покажува дека Геометар во никој случај не претендирал да им се обрати на непријателите-„Бугари“, со оглед на тоа дека тој во своите поеми доследно им се обраќал на своите „Византијци“, што ги вклучува императорите и естаблишментот во Константинопол, дури и кога суптилно ги критикува. За еден воин каков што бил Геометар, тешко дека би можело да се очекува својот поетски израз да го сведе на свое директно обраќање кон непријателите. Исклучувањето на можноста Јован Геометар во конкретниот случај да им се обратил на „Бугарите“, дополнително го усложнува декодирањето на поемата во согласност со постојните интерпретации на модерните истражувачи.

[17] За битката кај Аркадиопол, види кај: *Leo the Deacon*, VI. 8 (ed. Talbot, Sullivan, 153, 155–161); *loannis Srylitzes Synopsis Historiarum*, ed. J. Thurn, CFHB 5 (Berlin, New York, 1973), XV.5-6 (ed. Thurn), 288-291.
[18] Leo the Deacon, *History*, VII. 9 (ed. Talbot, Salivan), 173-174.
[19] Skylitzes, *Synopsis Historiarum*, XV.5-6 (ed. Thurn), 288-291.
[20] Leo the Deacon, *History*, VII. 1 (ed. Talbot, Salivan), 129.

Доколку „Тракијците“ за Геометар биле Византијците, што несомнено и биле, како би можеле да бидат во сојуз против „пријателите“? Тоа нè води кон дилемата кои би биле, всушност, „пријателите“ на кои алудира Геометар. А. Поп е единствениот од истражувачите кој ја забележал ваквата нелогичност. Тој се обидува да разјасни дека зборувајќи за придобивање на сојузниците против Скитите, Геометар упатува на војната во периодот 969–971 година, додека „пријателите“ би кореспондирале со „Грците, Ерменците и Иверијците“. Неговата интерпретација е дека Русите биле повикани на помош против Тракијците, односно „пријателите“, за време на граѓанската војна во периодот 986–989 година, што би ги задоволило само Бугарите, бидејќи ќе можат да посегнат без страв кон царските ознаки.[21]

Доколку Геометар сакал да алудира на граѓанските војни во кои се судриле „пријателите“, како што смета А. Поп, се поставува прашањето зошто би го употребил терминот *Тракијци*, а не самиот град Константинопол, со што многу посоодветно би ја рефлектирал непосредната загрозеност на престолнината, како што го направил тоа во другите поеми? Ако кон тоа се додаде и константната тенденција кај Геометар за конкретно географско дефинирање на настаните, станува извесно дека со терминот *Тракијци* тој упатувал и на географскиот фокус на судирите, како што го правел тоа и во другите поеми со воена проблематика. Геометар, кој во тоа време заземал висока воена функција, секако бил детално запознат со воените прилики, од што произлегува и акцентирањето на географскиот фокус во областа Тракија. Во таа смисла, многу пореално е дека Геометар со споменувањето на Тракијците, ги имал предвид византиските тематски војски во Тракија.

Ваквата интерпретација би го овозможило и декодирањето на преостанатиот дел од поемата, каде што Геометар упатува на дрскоста на „бугарското племе“ со носењето на царските инсигнии. Евидентно е дека во конкретниот случај Геометар претендирал да го акцентира пркосот на „бугарското племе“ во однос на Византија. Пркосењето не подразбира узупрација, што е традиционалното истражувачко гледиште кое произегува од погрешната интерпретација дека Геометар во овој дел од поемата алудирал на Самуиловата демонстрација на моќ со царската титула. Во текстот, всушност, воопшто не се упатува на некаква узурпација. Единственото што е содржано во поемата е изразот на револт кај Геометар во контекст на покажувањето на царските инсигнии од страна на „бугарското племе“. Во согласност со

[21] Poppe, „The Political Background to the Baptism of Rus'“, 215.

идеолошкиот концепт на Византија, кој несомнено го споделувал Геометар како нејзин долгогодишен експонент, признавањето на царската титула можела да произлезе единствено од Константинопол. Ваквата идеолошка перспектива на Геометар може да се однесува на историскиот контекст со претпоставениот чин на признавањето на царската титула на Борис II од Свјатослав. Оттаму, многу пореално е пркосот на „бугарското племе", кој сликовито го демонстрирал Геометар, да се доведе во историскиот контекст на настаните во 970 година, кога по воспоставувањето на руската доминација и освојувањето на бугарската престолинана, Русите му дозволиле на Борис II да ја користи својата титула. Тоа, впрочем, го акцентираат Лав Ѓакон и Јован Скилица, кои јасно укажуваат на фактот дека дел од бугарските аристократски кругови ја поддржале воената агенда на Свјатослав, учествувајќи со свои војски во освојувачките продори против Византија токму во Тракија.

Секако дека за Византија, демонстрирањето на царските обележја од страна на „бугарското племе", што произлегувало од веројатното признание добиено од новиот владетел Свјатослав, претставувало нелегитимен чин, кој директно задирал не само во идеолошкиот концепт на Византија туку и во империјалниот престиж во хиерархијата на државите.[22] Оттаму, разбирливо е и потенцирањето на пркосот на „бугарското племе" од страна на Геометар, кој евидентно бил насочен против Византија. Потврда за тоа е и поделеноста кај истражувачите во однос на самото датирање на оваа поема, која произлегува од нелогичноста во врска со хронолошкото определување на царската титула на Самуил.

Гледано во целина, истражувачите кои го анализирале Геометровиот историски контекст го занемариле клучниот проблем во интерпретацијата на поемата. Зошто Геометар, кој, независно од суптилната реторска форма, не се воздржува од критиките кон Василиј II и неговото опкружување, во конкретниот случај го прави сосема спротивното – го глорифицира претстојниот империјален триумфализам. Имајќи го предвид карактерот на другите поеми и личниот антагонизам на Геометар, во конкретната поема секако не би можело да се алудира на Василиј II, а уште помалку на непријателите Борис II или на рускиот владетел Владимир, што не е исклучено од

[22] За супериорноста на Византија во моделот на хиерархијата на државите, види: G. Ostrogorsky, „The Byzantine emperor and the hierarchical world", *SEER* 35 (1956), 1-14; P. Stephenson, *Byzantium's Balkan frontier: a political study of the northern Balkans*, 900-1204 (Cambridge: Cambridge University Press, 2000), 33-38.

некои истражувачи.[23] Неможноста празното место во поемата да е наменето на Василиј II повторно нè доведува до хронолошката рамка на составувањето на поемата пред Геометровото разрешување од функцијата, односно на историскиот контекст на настаните поврзани со 970 година. Притоа, логично се наметнува прашањето дали играта на зборови и отсуството на критичкиот тон кон императорот не се должи на затскривањето на сопствената одговорност на Геометар со оглед на неговата тогашна висока служба во византиската армија. Внимателната анализа, меѓутоа, открива нешто друго. Разјаснувањето го овозможува преводот на Мајкл Џефрис на последниот дел од поемата: „cease to make <divisions> among yourselves, and have the courage to bear yourselves as men and to be proud“. Со алтернативниот превод поемата го добива логичниот крај – Геометар не им се обраќа на „Бугарите“, туку на самите Тракијци, со апел да ги прекинат поделбите помеѓу самите себе.

Погледнато од оваа перспектива, поемата има класичен карактер на директно обраќање на Геометар до своите војници, со забележлива тенденција за подигање на сериозно опаднатиот морал на војската. Дали, можеби, Геометар ја составувал поемата на самото бојно поле, обраќајќи им се директно на своите византиски војници од темата Тракија чијшто морал опаднал поради надоаѓањето на големата војска на Русите, Бугарите и Печенезите? Потврдниот одговор на ова прашање го дава самиот историски контекст, кој лесно може да се извлече од изворните сведоштва со оглед на тоа што Русите предводени од Свјатослав, по победата кај Филипопол без проблем продреле до Аркадијапол. Византиската војска секако не била имуна на дезертерството поттикнато од наближувањето на бројно супериорниот непријател, што довело до сериозни внатрешни поделби. Ваквата можна ретроспекција би можела да го разјасни контекстот на поемата и прекорувачкиот тон на Геометар, кој,

[23] Poppe, „The Political Background to the Baptism of Rus'“, 215. Авторот го остава отворено ова прашање, упатувајќи дека тоа би можел да биде бугарскиот владетел кој ја загрозил Тракија, или рускиот владетел Владимир, кој би се сменил од сојузник во непријател, или самиот Василиј II со неговата погубна политика. М. Раев „Бележки км производението на Йоан Геометър Εις τούς Βουγάρους“, Проф. д. и. н. Тотю Тотев *и столицата Велики Преслав*, ed. Р. Рашев (София: Български писател, 2006), 180-187. Последниов ја,изнесува хипотеза дека личноста која недостасува во празниот текст е Василиј II, сметајќи дека Геометар всушност ги поттикнува Бугарите да носат царски инсигнии по поразот на Византија во 986 година. Тој дури тврди дека Геометар ги повикува Византијците да ги сопрат поделбите и да склучат сојуз со Бугарите за да се борат против Василиј II. Гледиштето на Раев тешко може да се потврди и да се извлече од контекстот на Геометар.

всушност, бил насочен кон дел од војниците-„Тракијци“, коишто свртувајќи се на страната на Русите и на Бугарите, всушност се свртеле против сопствените „пријатели“, односно колеги од војската, предавајќи ја со тоа самата Империја. Оттаму, сосема е јасно зошто на крајот Геометар апелира да се стави крај на поделбите во самата војска, повикувајќи ги да демонстрираат храброст да се однесуваат како мажи и да бидат горди. Поемата воедно ја одразува и империјалната алузија на географската сопственост, која била загрозена од узурпацијата на византиската територија од непријателите.

Дури и да се примени традиционалниот превод без интерполацијата на Шајдвајлер, би се добил истиот контекст, имајќи предвид дека воинот Геометар не претендирал директно да им се обрати на „Бугарите“. Во тој случај, крајот на поемата, во кој Геометар го акцентира фактот дека императорот ќе ги казни поради „напуштањето на работата“, повторно би претставувал повик кон византиските војници, но насочен кон оние што дезертирале и не биле достојни да ги носат императорските ознаки на Византија. Двосмисленоста, секако, мошне јасно ја разбрале византиските војници и офицери на кои им биле упатени овие завршни зборови. Да сакал некој подобро да ги прикаже во толку кус текст комплексните настани што ја одбележале 970 година, сигурно немало да може да го направи тоа на начин како Геометар. Интелигентниот Геометар несомнено имал намера да ја долови комплексната состојба, интегрирајќи повеќе непријатели во само неколку стиха. Концизноста, секако, ја налагале самиот момент и конкретната намена на поемата, што го потврдува воениот карактер на директното обраќање на Геометар и нејзиното составување на самото бојно поле.

Гледано во целина, поемата претставува класичен повик на еден воен командант упатен кон своите војници, во кој покрај прекорот за дезертерството, се адресира и опаднатиот морал. Геометар, всушност, ги повикува своите колеги-војници од Тракија да стават крај на несогласувањата и да застанат во одбрана на Византија, бидејќи императорот наскоро ќе ги разбие сите дрски надворешни и внатрешни непријатели. Тоа претставува апел на воин до војниците во Тракија да се однесуваат како мажи и да бидат горди, со што евидентно се поттикнувал хероизмот и патриотизмот во одбраната на Империјата. Пораката е јасна – само обединети војниците ќе можат да ги победат непријателите, по што ќе следува триумфот со конечното покорување на Бугарите.

Оттаму станува јасно и обраќањето на Геометар кон „бугарското племе“, коешто, всушност, има преносна смисла, имајќи

предвид дека станува збор за форма на непосредно обраќање кон својата византиска војска со „Тракијци“. Геометар во улога на висок воен функционер преку поемата, всушност, имал намера да ја поттикне храброста на византиските војници, порачувајќи му преку нив на „бугарското племе“, во преносна смисла, дека наскоро византискиот император ќе ги казни надворешните непријатели и внатрешните предавници. Тоа е класично воено обраќање со мотивирачка порака упатено кон византиската војска, а не кон „бугарското племе“. Крајната цел на „Тракијците“, односно на византиската војска ќе биде конечното триумфално покорување на Бугарија, што воедно му дава смисла и на самиот наслов на поемата. Раскажано преку декодираните зборови на Геометар, „тој“, односно императорот Цимиски, моќно ќе го порази „бугарското племе“ и ќе им ги симне царските облеки и инсигнии. Оттаму станува јасно зошто Геометар во поемата не само што не го критикува императорот туку и го навестува неговиот императорски триумф. Тоа можел да го направи само некој што бил сè уште во воена служба и имал директна одговорност за состојбите во 970 година, манифестирајќи го својот револт поради пркосот на „бугарското племе“ коешто се дрзнало да ги прикажат царските инсигнии без дозвола на Византија. Доколку лакуната во текстот се однесувала на Василиј II, Геометар сигурно би применил сосема поинаква реторика. Воедно, фактот што титулата на Самуил и самото негово име биле игнорирани од византиските автори кои биле негови современици, дополнително потврдува дека во поемата Геометар не алудирал на узурпацијата на царската титула од страна на Самуил, туку на пркосот на бугарскиот цар Борис II.

Реторскиот израз во поемата од аспект на глорифицирањето на претстојниот императорски триумф тешко би можел да се очекува од Геометар по 985/6 година. Во овој духовен период неговиот поетски израз во однос на конкретните историски настани е доведен во контекст на критиката кон империјалниот естаблишмент, а обраќањето е сведено на потсетување на настаните во преносна смисла преку проектираниот дијалог со самиот себе. Ваквата конотација во никој случај не е содржана во оваа поема, во која Геометар истапува категорично во својство на класичен високопозициониран воин, ставајќи се во улога на директно инволвиран во воените настани. Подоцна, во манастирската тишина, тој како патриот постојано ќе се потсетува на ваквите подвизи при составувањето на своите поеми, како што бил оној од 970 година, кога тој ја пролевал сопствената крв за спас на Империјата, застанувајќи во првите одбранбени редови заедно со својата војска.

Во поемата *За кометопулот*, во чиишто наслов и содржина Геометар евидентно алудира на Самуил, сосема јасно се предочува историскиот контекст поврзан со појавата и подемот на Самуиловата држава, што било придружено со опаѓањето на воениот престиж на Византија.[24] Во обидот да ја декодираат мислата на Геометар во оваа поема, истражувачите во најголем дел имаат погрешен приод, базирајќи го реконструирањето на историскиот контекст во директна релација со хронологијата на составувањето на самата поема. Постоењето на две хронолошки одредници во поемата, едната поврзана со појавата на кометата, а другата со смртта на Никифор Фока, резултира со различната интепретација на настаните. Истражувачите што ја земаат како точна констатацијата на Геометар за појавата на коме(и)топулот со „залезот", односно со смртта на Никифор Фока, ја доведуваат поемата во историскиот контекст на востанието на комитопулите во 969 или во 976 година. Како потврда за ваквото гледиште се зема подоцнежното сведоштво на Јован Скилица, во кое се упатува на востанието на комитопулите по смртта на царот Петар во јануари 969 година.[25] Споменувањето на кометата, пак, се објаснува со конкретното време на составувањето на поемата во 989 или почетокот на 990 година. Други истражувачи го занемаруваат Геометровото поврзување на појавата на коме(и)топулот со смртта на Никифор Фока. Укажувајќи на несигурноста на овој реторски израз, како посигурна хронолошка детерминанта тие ја посочуваат појавата на Халеевата комета во 989 година, поврзувајќи ја со историскиот контекст кога Самуил се наложил како сериозна опасност за Византија.[26]

---

[24] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd,* 283.

[25] Дека Геометар го имал предвид востанието на комитопулите во 969 или 970, види кај: B. Prokic, *Die Zusätze in der Handschrift des Johannes Scylitzes* (München, 1906), 12; Антолјак, *Средновековна Македонија,* I, 122-123, 324; Панов, *Македонија низ историјата,* 75-76. Пириватрић, *Самуилова држава*, 57-71. Последниот констатира постоење на движење „отпаднишство" на комитопулите во 969 година, кое, според него, сепак немало поголем ефект. За интерпретацијата на поемата во контекст на востанието во 976 година, види кај J. Ферлуга во коментарот на преводот на Јован Геометар во *Византиски извори за историју народа Југославије*, 24-25, n. 5-6.

[26] За 989 година како датум на составување на поемата, види: K. Argoe, „John Kyriotes Geomerres, a tenth century Byzantine writer", Ph.D. thesis, University of Wisconsin (Madison, 1938), 140-41; Stephenson, *The Legend*, 17. Стефенсон укажува на употребената сингуларна форма *комитопул*, што, според него, имплицира хронологија по 986 година, кога настапила смртта на Самуиловиот брат Арон. Пириватриќ (*Самуилова држава,* 47-48) се согласува дека поемата била составена во 989 или во почетокот на 990 година. Лакстерман (*Byzantine poetry from Pisides to Geometres,* 235-236), констатирајќи дека Самуил станал закана за империјата по

Доколку се земат предвид личноста и карактерот на Геометар манифестирани преку неговиот реторски израз, станува јасно дека тој и во оваа поема ја задржува тенденцијата на акцентирање на сопственото воено искуство. Во конкретниот случај тој го прави тоа преку проектирање на претходното воено искуство со хронолошкото дефинирање на „залезот“, т.е. смртта на победоносецот Никифор Фока, презентирајќи ја како вовед во несигурниот период на воени неуспеси причинети од појавата и издигнувањето на „кометопулот“ Самуил. Притоа, индикативно е тоа што во конкретната поема воопшто не е споменат триумфот на Цимиски против Бугарија, што тешко може да се објасни со тенденциозното изземање на овој император поради симпатиите на Геометар кон Фока.[27] Историскиот контекст на Геометар може да се разјасни со неговата претстава за Самуил комитопулот, кого тој евидентно го диференцира од ликвидираното бугарско царство. Поради тоа тој и не го довел Самуил во врска со историските настани од 971 година. Секако, во целиот контекст треба да се земе предвид дека во конкретниот период на појавата на кометопулот во 969 година, Геометар бил активно инволвиран во воената служба. Оттаму, Геометар својата поетска мисла, всушност, ја фокусирал на историската паралела помеѓу владеењето на Никифор Фока и она на Василиј II, изземајќи ја на тој начин во извесна смисла сопствената воена одговорност. Поради тоа појавата на новиот непријател – „кометопулот“ Самуил, Геометар прецизно ја поврзува со залезот на Никифор, додека неговиот подем и манифестирањето на воената моќ го асоцира со кометата која се појавила во време на Василиј II.

Како и да е, во случајот со „кометопулот“ повторно се забележува преносниот директен дијалог на Геометар при составувањето на поемата. Овој пат Геометар го прави дијалогот со императорот Никифор Фока. Споменувањето на кометата и на ѕвездите кои судбински ги предодредуваат настаните, што е придружено со повикувањето на душата на Никифор Фока, наполно одговара на манастирскиот период од неговиот живот и акцентирањето на духовната поврзаност со својот омилен патрон. Ваквото декодирање

смртта на Цимиски и дека вистинскиот подем го забележал во 986 г. со победата кај Трајановата порта, смета дека поемата не можела да биде составена пред 976 година, а може да настанала најдоцна до 989.

[27] В. Г. Васильевский, „К истории 976—986 годов“, *ЖМНПр* 184 (1876), 116. Овој автор, игнорирајќи ја нелогичноста, укажува дека неспоменувањето на Цимиски се должело на големите симпатии кон Фока, иако притоа ја доведува поемата во контекст на востанието на комитопулите, кое, според него, избувнало по смртта на Цимиски во 976 г.

на Геометровата мисла воопшто не ја доведува во колизија хронологијата на составувањето на поемата по 985/6 година со хронолошкиот опсег на историскиот контекст на опишаните настани кој се протегал од 969 година до самото настанување на поемата. Всушност, Геометар презентирал поголем хронолошки период, проследувајќи ги појавата и подемот на кометопулот Самуил, на што бил и самиот сведок.

Анализата на текстовите на Јован Геометар го наметнува заклучокот дека во контекст на Самуиловата држава, тој доследно ги употребувал термините „Скити“ или „Мизи“, независно од периодот на составувањето на поемите. Терминолошката употреба на Геометар, всушност, го потврдува генералниот модел на репрезентација кај византиските автори – современици на Самуил, чијашто титула и самото име биле замаскирани со класичните термини или преку асоцијацијата со небесниот феномен *комета* = *кометопул*. Отсуството на титулата на Самуил, кое се забележува и кај подоцнежните византиски автори, несомнено претставува рефлексија на византискиот идеолошки концепт и политичка пропаганда, што може да се забележи и во дел од поемите на Геометар.

Mitko B. Panov

SAMUEL'S STATE IN THE MILITARY AND SPIRITUAL REPRESENTATION OF JOHN GEOMETRES

- s u m m a r y -

The contextual analysis of the work of John Geometres shows that in the context of Samuel's State, he consistently used the term "Scythians" or "Mysians", regardless of the period of the compilation of his poems. The terminology that Geometres used in his poems in describing the events related to Samuel's State confirms that he employed the general model of representation among the Byzantine authors that were contemporaries of Samuel. The title and the name of Samuel, were disguised through classical terms, or through association with the natural phenomena Comet = Kometopul. The absence of title for Samuel, which can be noticed also in the works of the later Byzantine authors, undoubtedly represents a reflection of the Byzantine ideological concept and political propaganda, that influenced the poems of Geometres.

Dragan GJALEVSKI
Institute of National History – Skopje

УДК 94 (495.02) "9"

BYZANTINE "JUST" WAR AND IMPERIAL INTERESTS IN THE BALKANS DURING THE TENTH CENTURY

As a state, the Byzantine Empire survived on the European political scene for more than a millennium. One of the strengths responsible for this longevity was its military system which, despite the changes and reforms that was carried out during the centuries, descended directly from the glorious Roman legions of emperor Augustus, or at least Diocletian.[1] On the other hand, the sources imply that Byzantium was also a civilization where humanity and other Christian virtues were constantly glorified, while war and warfare often condemned and presented as one of the greatest evils. Torn apart between the Christian ideal of *φιλανθρωπία* and the need for security, the Byzantines, who wanted to present themselves as highly religious people, had to find some way to morally justify warfare and taking away human life. For them war posed as the worst of all evils, and this view was constantly repeated throughout the Byzantine history in number of military tactics, hagiographies and chronicles.[2] This dualism in the society that emerged from Roman traditions and Christian values strongly influenced the Byzantine view towards war and warfare. Essentially, it represented a contradictory fusion of Roman militant ideology and Christian pacifistic and *philanthropic* ideals. The interaction among these two different ideological views led to the creation of a unique military concept that fully and unconditionally supported the pacifist ideal, but at the

[1] For the development of the byzantine army: Warren Treadgold, *Byzantium and its Army 284-1081*, (Stanford University Press), 1995.

[2] The anonymous author in his work *On Strategy* implies that "...war is a great evil and the worst of all evils." For more details: On Strategy, 4.9-14, *Three Byzantine Military Treatises*, ed. and trans. George T. Dennis, *Corpus Fontium Historiae Byzantinae Vol. XXV*, (Washington D.C., 1985), 21.

same time justified the existence of a powerful and effective military system.

The way out of this paradox was found in the political philosophy written by Eusebius of Caesarea. Established during the first half of the IV century and supported by the Christian church, the Byzantine Empire was portrayed as an earthly reflection (*μίμισις*) of the Kingdom of Heaven and its ruler as God's representative on Earth, *ισαπόστολος* - equal to the Apostles, guardian of the Church and the one true faith, defender of all Christians. According to this "official" ideology, the Byzantines perceived themselves as the "Chosen People" and their state as universal "Christian Empire" that fought for its survival against the enemies that surrounds it.[3] This established and generally accepted Byzantine self-image and their role in the world was constantly emphasized and repeated throughout the Imperial cult, military triumphs and everyday church liturgies, portrayed as a divine struggle against the dark forces.[4] Evidence that there was such a tendency in the Byzantine society for depiction of the events is the statement of Leo VI (886-912) outlined in the preface of his *Taktika*.[5]

---

[3] More details about the political philosophy shaped by Eusebius of Caesarea in: Norman H. Baynes, "Eusebius and the Christian Empire", *Byzantine Studies and Other Essays*, (Greenwood Press, 1974), 168-172.; Hélène Ahrweiler, *L'idéologie politique de l'Empire byzantin*, (Presses Universitaires de France, 1975), 13. For the formation and development of the Byzantine political thought: David M. Nicol, "Byzantine political thought", *The Cambridge History of Medieval Political Thought (c.350 - c.1450)*, ed. J. H. Burns, (Cambridge University Press, 1988), 52-53. For the role of Eusebius and his impact on the Byzantine imperial ideology see in: John Haldon, "Ideology and Social Change in the Seventh Century: Military discontent as a barometer", *Klio 68*, (Berlin, 1986), 156. Also in: John Haldon, *Warfare, State and Society in the Byzantine World 565-1204*, (UCL Press, London, 1999), 25. See also: George Ostrogorsky, "The Byzantine Emperor and the Hierarchical World Order", *The Slavonic and East European Review, Vol. 35, No.84*, (Maney Publishing, 1956), 2-5.; *The Oxford History of Byzantium*, ed. Cyril Mango, (Oxford University Press, 2002), 206-207.; Жилбер Дагрон, *Цар и Првосвештеник*, (Clio, Београд, 2001), 166.

[4] John Haldon, *Byzantium at War AD 600-1453*, (Osprey Publishing, 2003), 73-74. Also: Haldon, *Warfare, State and Society*, 23. About the triumphal entry and ceremonial parade in honor of the victories by the Byzantine emperors in the Ninth century see: Constantine Porphyrogenitus, *Three Treatises on Imperial Military Expeditions*, C.725-884, ed. and trans. John Haldon, *Corpus Fontium Historiae Byzantinae Vol. XXVIII*, (Wien, 1990).

[5] He suggests that the Byzantines like all other people are „…honored by the image and word of God, all man ought to embrace peace and foster love for one another instead of taking up murderous weapons in their hands to use against their own people. But since the devil, the killer of men from the beginning, the enemy of our race, has made use of sin to bring men to the point of wagging war against their own kingdom it becomes entirely necessary for men to wage war making use of contrivances of the devil, developed through men and, without flinching, to take their stand against those nations that want war…With everyone embracing his own safety, peace will be cherished by all and will become a way

The main problem that emerged for the Byzantines in their attempt to justify warfare was actually how to incorporate the image of their rulers as devout Christians, *philanthropists* and pacifists, with the need of maintaining a powerful military force and waging frequent wars against numerous enemies that surrounded the state. The solution that the imperial authorities had come can be seen in *Taktika* of Leo VI, where not only the Byzantine attitudes towards war and warfare are portrayed, but also in a way the basic principles of their military ideology. According to Leo, the Byzantines had always embraced the peace "…for our own subject, as well as for the barbarians, because of Christ, the emperor and God of all. If the nations also share these sentiments and stay within their own boundaries and promise that they will not take unjust action against us, than you too refrain from taking up arms against them. Do not stain the ground with the blood of your own people or that of the barbarians…But if our adversary act unwisely, initiate unjust hostilities, and invade our territory, then you do indeed have a just cause, inasmuch as an unjust war has been begun by the enemy. With confidence and enthusiasm take up arms against them. It is they who have provided the cause by unjustly raising their hands against those subject to us. Take courage then. You will have the God of justice on your side. Taking up struggle on behalf of your brothers, you and your whole force will be victorious." He further emphasizes: "…always make sure that the causes of war are just. Only then take up arms against men who act unjustly"[6]

This excerpt succeeds in only a few sentences to outline and highlight the general attitudes of warfare that were established in the Byzantine society somewhere in the late Ninth and the beginning of the Tenth century, a result of a long-term historical development, under which the *basileus* of Constantinople could began with hostilities. According to these ideological principles, the Byzantine Empire should not wage war against other nations, regardless whether they were infidels, pagans or Christians, except when those same nations have initiated the aggression. Only then, according to their beliefs, they had a "just" reason to begin with military activities. This clearly suggests that the Byzantines only approved of wars whose purpose, according to their point of view, was the protection of the Empire, the Christian people and the one true faith, although the interpretation of these goals could vary so that the offensive wars (and

of life." For more details: *The Taktika of Leo VI*, prooem.4., ed. and trans. George T. Dennis, *Corpus Fontium Historiae Byzantinae Vol. XLIX*, (Dumbarton Oaks, 2010).

[6] *Taktika*, II.30-31. See also: George T. Dennis, "Defenders of the Christian People", *The Crusades from the Perspective of Byzantium and the Muslim World*, ed. Angeliki E. Laiou and Roy P. Mottahedeh, (Dumbarton Oaks, 2001), 38.

aggressive in its essence), might be easily justified.[7] However, even with such an established ideological framework, the sources report that a certain difference existed in the so-called "just" wars that depended on the origin of the enemy who committed the act of aggression. Although according to the previously stated belief that the Byzantines were reluctant to fight against other people, the *Taktika* suggests that from a political and ideological point of view the Byzantine authorities were the least willing to fight against Christians. It should be avoided as much as possible.[8] But if there was need for military activities against them, in the same military manual a tendency can be noticed for their more substantial "justification".[9]

The reason why the Byzantine elite developed and established such an attitude regarding the warfare against other Christian nations can be located in the role that, according to the political philosophy of Eusebius of Caesarea, the Byzantine state and its ruler had on Earth. As a supreme guardian of the Church and Christian faith, but also a protector of Christians, any military actions by the Byzantine emperor against its own *protégés* without a solid political and ideological reason would be completely contradictory to his role given by God. At the same time, such an aggressive action would undermine his position as humane ruler and legitimate defender of the Christian people, not only among his own subjects that would reluctantly look on these military campaigns, but also among other nations in the Christian world. But when all other actions have failed to bring results, and the Christian enemies still continued to pursue injustice towards God's representative on Earth - the Byzantine emperor, then, according to Leo VI, he possessed a "just" cause to take up arms and fight against them.

---

[7] Not that the Byzantines – soldiers, officers and governments, disliked warfare and violence. They could be, and were, as bloodthirsty, aggressive and merciless as any of their various enemies. For more details about the byzantine aspects of "just" wars see: A. Laiou, "On Just War in Byzantium", *To Hellenikon: Studies in Honor of Speros Vryonis Jr.*, Vol I, eds. S.Reinert, J. Langdon and J. Allen, (New Rochelle, N.Y., 1993), 153-174. Also: Haldon, *Warfare, State and Society*, 16, 25-26.; Dennis, "Defenders of the Christian People", 37.; Warren Treadgold, "Byzantium, The Reluctant warrior", *Noble ideals and Bloody Realities*, eds. C. Niall and M. Yazigi (Brill-Leiden, Boston, 2006), 209-210.

[8] "Since the Bulgarians, however, embraced the peace of Christ and share the same faith in him as the Romans…we do not think of taking up arms against them." See: *Taktika*, XVIII.42. Also: Treadgold, "Byzantium, The Reluctant warrior", 212.

[9] That is quit explicitly mentioned in the *Taktika*. In 894, a war started against the Bulgarians because, according to Leo VI, they had broken „...the oath [given] to Christ or God…" In the upcoming battle the Byzantines used the Hungarians who "…decisively defeated them in three engagements, so that the Christian Romans might not willingly stain themselves with the blood of the Christian Bulgarians." See: *Taktika*, XVIII.40.

Only a few decades after this concept of "just" war was put in a written form, a turbulent period had begun for Byzantium on the Balkans. From the military and political aspect, the Tenth century was a time of significant ups and downs that went from one extreme to another. From peaceful coexistence with the other political entities and temporary establishment of imperial hegemony to a full-scale total war that led the Byzantine administrative system in the Balkans on the verge of disintegration.[10] In both situations the imperial government had taken numerous military actions. From strategic and tactical perspective they were not just defensive, aimed at protecting the imperial territory, but also offensive campaigns carried out without any prior provocation from the enemy. In accordance with the previously stated ideological principles of the Byzantine warfare these aggressive military activities had to be politically and ideologically justified.[11] Additional reason that necessitated even more this need for justification was the fact that the enemies were Christians and part of the *oikoumene* – the civilized world, where according to Byzantine belief the Emperor of Constantinople was its supreme leader.[12]

During the first decades of the Tenth century the situation in the Balkans was that of a protracted war, waged between Byzantium and Bulgaria. The long struggle with Simeon (893-927) that began after the break of the peace agreement, where the two opposing sides from a legal and political point of view were convinced that they were right, ended as a conflict for hegemony not only in the Balkans, but also in the *oikoumene*.[13] In accordance with the "official" byzantine ideology about the role of the

[10] For more details about the events on the Balkans during the Tenth century: Warren Treadgold, *A History of the Byzantine state and Society*, (Stanford University Press, 1997), 471-534. See also: John V. A. Fine Jr, *Early Medieval Balkans: A Critical Survey from the Sixth to the Late Twelfth Century*, (Ann Arbor, The University of Michigan Press, 1983), 142-181.; Георгије Острогорски, *Историја Византије*, (Београд, 1966), 253-294.

[11] According to Leo VI, the aggressive warfare and unnecessary bloodshed should be condemned. See in: *Taktika*, II.30.

[12] For more details about the Byzantine concept of world order: Георгије Острогорски, „Византиски цар и светски хиерархијски поредак", *О вероваљима и схватаљима Византинаца*, (Београд, 1969), 238-277. Or: Ostrogorsky, "The Byzantine Emperor", 1-14.

[13] For the Byzantine-Bulgarian war during the first decades of the Tenth century see: Jonathan Shepard, "Equilibrium to expansion (886-1025)", *The Cambridge history of the Byzantine Empire*, ed. Jonhatan Shepard, (Cambridge University Press, 2008), 505-506.; Jonathan Shepard, "Bulgaria: the other Balkan empire", *The New Cambridge Medieval History Vol. III c.900-c.1024*, ed. Timothy Reuter, (Cambridge University Press, 1999), 574-576.; Treadgold, *History of the Byzantine state*, 471-479.; Fine, *Early Medieval Balkans*, 142-157. About Simeon's character: Johnatan Shepard, "Simeon of Bulgaria - Peacemaker", *Emergent Elites and Byzantium in the Balkans and East-Central Europe*, ed. Jonathan Shepard, (Ashgate Variuorum), 2011.

Empire and the position of its ruler in the *oikoumene* (where Simeon was in fact seen as an integral part of its hierarchical order), the Byzantines were convinced about the righteousness of their own action and perceived the Bulgarian aggression as a "tyranny", an unlawful and illegal act of usurpation against the legitimate God-given rule of the *basileus*, a defection of the subject from its rightful master.[14] The war that Byzantium waged with Samuel Kometopoulos (976-1014) in the last decades of the Tenth century was politically "justified" in the same way. The establishment of Samuel's state after the subjugation of Bulgaria in 971 was regarded by the imperial authorities as a rebellion (*ἀποστασία*).[15] This political justification gave Basil II (976-1025) legitimacy before his own subjects, but also among foreigners, with the help of all possible means, including military, to re-establish order (*τάξις*) in the Balkans that has been set in 971 with the integration of Bulgaria within the Byzantine Empire.[16]

By perceiving the political steps of its adversaries in this manner the Byzantine government possessed a "just" reason which, from ideological point of view, allowed them to take military actions that could essentially be offensive and highly aggressive, such as the campaign of 917 directed against Simeon,[17] or the expedition of John I Tzimiskes (969-976) in 971 which ended with the submission of the Bulgarian state.[18] According to

---

[14] *Nicholas I Patriarch of Constantinople Letters*, trans. Rommily H. J. Jenkins and L. G. Westernik, *Corpus Fontium Historiae Byzantinae, Vol. VI*, (Dumbarton Oaks, 1973), 27-35.; Romani Lacapeni Epistolae, *Гръцки извори за Българската История Том IV*, ред. Иван Дуйчев, Михаил Войнов и др., (София, 1961), 301-302. Simeon's activities were characterized by the Byzantines as unjust acts committed on the Christians. See: *Theophanes Continuatus, Ioannes Cameniata, Symeon Magister, Georgius Monachus*, 408.13-14, ed. I. Bekker (*Corpus Scriptorum Historiae Byzantinae,* (Bonnae, 1838)). From the original: Продолжатель Феофана, *Жизнеописния Византийских Царей*, пер. Я. Н. Любарского, (Санкт-Петербург, 1992), 169.

[15] Ioannis Scylitzae, *Synopsis Historiarum*, XIII.5, XVI.11, ed. I. Thurn, (Berlin, 1973). From the original: John Skylitzes, *A Synopsis of Byzantine History 811-1057*, trans. John Wortley, (Cambridge University Press, 2010), 246, 312. See also: Ioannis Geometrae, *Гръцки извори за Българската История Том V*, ред. Иван Дуйчев и др., (София, 1964), 317-318.; Ioannes Zonaras, *Гръцки извори за Българската История Том VII*, (София, 1968), 185.

[16] For the Byzantine politics of reintegration in the Balkans at the time of Basil II and the various means he used to achieve this goal see: Dragan Gjalevski, "Byzantine politics of "sword and letter" – the case of Samuel", *Journal of History*, XLVIII/1, (Skopje, 2013), 63-75.

[17] For the byzantine campaign of 917: *Theophanes Continuatus*, 389.10-19. From the original: Продолжатель Феофана, *Жизнеописния Византийских Царей*, 162. Also: Leo Grammaticus, *Гръцки извори за Българската История Том V*, ред. Иван Дуйчев и др., (София, 1964), 161.

[18] More details about the campaign of John I Tzimiskes in 971: Leo Diaconus, 128.1-157.23., ed. Hasii, *Corpus Scriptorum Historiae Byzantinae*, (Bonnae, 1828). From the

Nicholas I Mystikos, patriarch of Constantinople from the beginning of the Tenth century, the totally unprovoked attack of 917 on Bulgaria[19] was politically justified by the alleged accusation, which had been presented to Simeon in a letter, that "...the Bulgarians had a plan for the complete looting and plundering of our [imperial] territory." He points out that the military campaign was carried out because of the renouncement that the Bulgarians have made from the existing truce and the subsequent negotiations with the Pechenegs in order to achieve that goal, which was "...a hint that they no longer prefer to adhere to the existing agreement."[20] Because the violation of the truce represented an action of a "tyrant" and usurper, according to the political conviction of the Byzantines, the steps they have taken afterwards against Bulgaria were more than just.

Same as the campaign of 917, the military operation of John I Tzimiskes during 971 was politically justified. Its aim was to prevent further aggression by the Russians against God's representative on earth - the Byzantine emperor. But in this case "justification" was much easier, because the enemy himself gave the reasons. Svyatoslav, leader of the Russians, willingly violated the military alliance with Byzantium and attacked the imperial territory in the Balkans.[21] But what makes this political and ideological step more than needed, even necessary, was the objective of Tzimiskes expedition. For it to succeed, the imperial army had to penetrate deep into Bulgarian land,[22] which proved fatal several times in the past. In fact, from the beginning of the Ninth century almost every Byzantine attempt to intervene militarily in Bulgaria, or to subdue it, ended with a catastrophic defeat.[23] For the Byzantines these military setbacks were

original: *The History of Leo the Deacon*, trans. M. T. Rice and D. F. Sullivan, (Dumbarton Oaks, 2005), 175-201.; Ioannis Scylitzae, XIII.9-18, XVI.11. From the original: John Skylitzes, *Synopsis*, 281-294. Also: Stephenson, *Byzantium's Balkans Frontier*, 51-55.; Florin Curta, Southeastern Europe in the Middle Ages (500-1250), (Cambridge University Press, 2006), 239-240.; Fine, *Early Medieval Balkans*, 187-188. About the aspects of the imperial propaganda in the sources that are connected with the campaign of John I Tzimiskes: Anthony Kaldellis, "The original source for Tzimiskes' Balkan campaign (971 AD) and emperors classicizing propaganda", *Byzantine and Modern Greek studies Vol.37 No.1*, (University of Birmingham, 2013), 35-52.

[19] In correspondence with the Bulgarian ruler Nicholas failed to point out one single valid and reliable aggressive action that Simeon have taken against Byzantium after the conclusion of the truce.

[20] *Nicholas I*, 59.

[21] About the military alliance between Byzantium and Russia see: Leo Diaconus, 63.6-14, 77.4-78.10. From the original: *Leo the Deacon*, 111-112, 128-129.

[22] Leo Diaconus, 130.19-131.12. From the original: *Leo the Deacon*, 177-178.

[23] The greatest military disaster that Byzantium had suffered from the Bulgarians was in 811 when the imperial army together with the emperor Nicephorus I (802-811) was surrounded in the mountain gorges and utterly destroyed. See in: *The Chronicle of Theophanes*

perceived as God's anger, a punishment for their sins. According to this belief (that had existed among the elite and probably the populace), only when they return to the path of righteousness and gain the mercy of God, success would once again attend Roman arms.[24] And from the Byzantine perspective, political justification of offensive and aggressive warfare could actually achieve just that.

In his *History* Leo the Deacon informs us that there was a strong anxiety among the imperial officers, and with certainty among the ordinary soldiers, from the idea put forward by emperor John I Tzimiskes for a military campaign in Bulgaria, deep into enemy territory,[25] where their predecessors in the past suffered several severe defeats. The author of the *Taktika* in one passage clearly indicates that the political "justification" of warfare and the concept of "just" war were intended to suppress the anxiety that could occur among the members of the armed forces before the battle. This concept was supposed to point out that during an aggressive military campaign, and the battles that followed, God's justice was on the side of the Byzantines and therefore, "...God will become benevolent and will fight along with our armies. The men will be more enthusiastic, holding the shield of justice before them, with the realization that they are not initiating injustice but are warding off those committing unjust acts."[26] It can be assumed that such or similar ideological justification for the upcoming war was used by the imperial authorities not only during the expedition of John I Tzimiskes in Bulgaria, but also in the military campaigns of Basil II in the Balkans, because many of his military operation were extremely offensive

Confessor, *Byzantine and Near Eastern History AD 284-813*, trans. Cyril Mango and Roger Scott, (Clarendon Press, 1997), p.490-492.

[24] From that point of view a very strong imprint on the public opinion in the Byzantine society left the defeat of the emperor Nicephorus I in 811 where most of his army and himself, were killed by the Bulgarians. About the influence that this defeat had on the byzantine beliefs see: John Wortley, "Legends of the Byzantine disaster of 811", *Byzantion XLIX*, (Bruxelles, 1979), 533-562. See also: Warren Treadgold, *The Byzantine Revival 780-842*, (Stanford University Press, 1988), 175.; Mark Whittow, *The Making of Byzantium 600-1025*, (University of California Press), 1996, 136.; Haldon, *Warfare, State and Society*, 23, 25.

[25] "But to the commanders and taxiarchs at any rate these words [spoken by the emperor about an offensive campaign] seemed to be ill-time recklessness and purposeless harshness verging on senseless insanity, to recommend thoughtlessly that the Roman forces proceed in to foreign territory by a precipitous path full of cavernous hiding places." For more details: Leo Diaconus, 131.13-17. From the original: *Leo the Deacon*, 178.

[26] *Taktika*, XX.169.

and aggressive, aimed towards objectives that were deep inside Samuel's state.[27]

Although the idea was to maintain the impression in the Byzantine society and beyond of the Emperor as righteous and peaceful Christian ruler guided by the principles of *philanthropy*,[28] it can be noted from the sources that, at least in the Balkans, during the Tenth century the political "justification" of war had also another, more tangible purpose. The survived written correspondence of Nicholas Mystikos that attests of his attempts to influence and pacify Simeon, where the Bulgarian ruler is often referred as a "tyrant" and his actions as an act of usurpation, thus "justifying" the next steps of the imperial government, leads to the conclusion that this ideological concept was probably one of the diplomatic means by which the Byzantines were trying to maintain, or improve, the current international position of the state, but also believed that with its help they could establish some political advantage over the opponent in the ongoing peace negotiations.[29] Furthermore, the aforementioned paragraph in the *Taktika* according to which the military forces would come to "…the realization that they are not initiating injustice but are warding off those committing unjust acts…", clearly states and shows that this idea was also used by the imperial authorities for more practical objectives: raising morale, courage and enthusiasm of the troops before the upcoming military campaigns or battles. But the sources do not give any concrete example how and in what way this ideological concept was spread among the soldiers. In this context military manuals can provide a kind of solution. They report how the army commanders were "obligated" before the beginning of the campaign, or the imminent battle, to give a speech to their troops in order to raise or maintain their combat readiness. So, it can be assumed that the idea of "just" war was probably spread, and the soldiers inspired, through that same speech.[30] Of course, it's necessary to mention that the justification of the upcoming

[27] About the military campaigns of Basil II see: *Ioannis Scylitzae*, XVI.25, XVI.30, XVI.36. From the original: John Skylitzes, *Synopsis*, 326, 328, 333.; Виктор Р. Розен, *Императоръ Василій Болгаробойца, Извлеченія изъ Лѣтописи Яхьй Антіохійскаго*, (Санкт Петербургъ, 1883), 34.22-26.

[28] More details about the concept of philantrophia see: Lawrence J. Daly, "Themistius' concept of *Philantrophia*", *Byzantion XLV*, (Bruxelles, 1975), 22-40.

[29] The Bulgarian ruler in these letters that were part of the diplomatic activities of Byzantium aimed towards the establishment of peace (as the Byzantines perceived it) in the Balkans is named in accordance with the principle of political "justification". He is a "tyrant", so essentially his activities are viewed as unjust and illegitimate, in stark contrast to the order in the *oikoumene*, or the civilized world, where the *basileus* of Constantinople is the supreme ruler. For more details: *Nicholas I*, 31-35.

[30] About the various aspects of importance and the necessity of speech by the army commander see: *Taktika*, II.12, XII.57, XIII.4, XIV.101, XX.110, XX.217.

warfare was not expressed in a direct way by the military commanders, and it seems that, when needed, it was done more subtly depending on the elocutionary skills of the speaker.[31]

Established at first as an imperial propaganda with an intention to maintain the ideological image of the Emperor of Constantinople as a righteous and peaceful Christian ruler, both in times of peace and while wagging wars, the political "justification" of war and warfare gradually gained other functions that were more tangible and practical. Besides its internal use for raising the morale, courage and enthusiasm of the imperial troops - both soldiers and officers, before the upcoming military campaigns or battles, this concept was actually one of the diplomatic means that the Byzantine Empire utilized in the Balkans during the Tenth century in order to maintain its supreme position in the *oikoumene*, to overcome the long political and military conflict with Bulgaria, and later with Samuel, and to achieve its interests and objectives, more specifically to impose, at least temporarily during this century, its hegemony over the entire territory of the peninsula.

[31] According to Leo the Deacon, before he launched the Bulgarian campaign John I Tzimiskes gave a speech to the officers in the imperial army. By highlighting the Roman descent of Byzantines, the Emperor actually laid a claim on Bulgaria and emphasized that in the past its lands were part of the Empire, thus justifying the invasion that followed. For more details: Leo Diaconus, 131.19-132.14. From the original: *Leo the Deacon*, 178-179.

Драган ЃАЛЕВСКИ

ВИЗАНТИСКАТА „ПРАВЕДНА“ ВОЈНА И ИМПЕРИЈАЛНИТЕ ИНТЕРЕСИ НА БАЛКАНОТ ВО ТЕКОТ НА X ВЕК

- резиме -

Иако било оформено како империјална пропаганда со намена да ја одржи пред јавноста идеолошката претстава за императорот од Константинопол како праведен и мирољубив христијански владетел, и во време на мир, но и додека водел војни, сепак политичкото „оправдување“ на војната и на војувањето имало и други намени кои биле многу поопипливи и практични. Покрај неговата внатрешна употреба за подигнување на моралот, храброста и на ентузијазмот на империјалните трупи пред претстојните воени походи или битки, овој концепт бил и еден од мноштвото средства што Византиската Империја ги применувала на Балканот во текот на X век за да ја одржи врховната позиција во *екумената*, да го надмине долгиот воено-политички конфликт со Бугарија, а подоцна и со Самуил, но и да ги оствари сопствените интереси и цели, поточно да ја наметне, барем привремено во текот на овој век, својата хегемонија на целата територија на полуостровот.

Орданче ПЕТРОВ
Институт за старословенска култура – Прилеп

УДК 94:725.182 (497.714) "10/12"

СРЕДНОВЕКОВНИТЕ КАМЕНОФРЛАЧКИ ПОСТРОЈКИ ОД ТВРДИНАТА ПРОСЕК ВО СПИСИТЕ НА НИКИТА ХОНИЈАТ

По средниот тек на реката Вардар, на местото каде што во неа се влева Человечка Река, речиси вертикално се извишуваат карпи до височина од 220 метри. Тие се поделени со процеп низ кој поминува Человечка Река. Овие карпи се дел од венецот Краставец, низ кој, пак, реката Вардар го направила својот процеп. Двете страни од р. Вардар на венецот Краставец биле интензивно населени уште од праисторијата, низ антиката, па сè до средниот век.[1] Во антиката, на

[1] Големиот број археолошки локалитети кои се наоѓаат во самата околина потврдуваат дека на ова место интензивно се живеело во изминатите три милениума. За археолошките истражувања на овој регион, види подетално кај: Blaga Aleksova, *Prosek – Demir Kapija: slovenska nekropola I slovenske nekropole u Makedoniji* (Beograd: Arheološko društvo Jugoslavije; Skopje: Arheološki muzej, 1966); Blaga Aleksova. *Loca Sanctorum Macedoniae: the cult of Martyrs in Macedonia from the 4th to the 9th centuries* (Skopje: Macedonian Civilization; Prilep: Institute for old Slavic culture, 1997); Иван Микулчиќ, „Топографија на Просек – Стенае – Демир Капија, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* 15-16 (41-42) (1989), 65-87; Иван Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија* (Скопје: МАНУ, Македонска Цивилизација, 1996); Иван Микулчиќ, *Антички градови во Македонија* (Скопје: МАНУ, 1999); Елица Манева, *Средновековен накит од Македонија* (Скопје: Републички завод за заштита на спомениците на културата, 1992); Елица Манева, *Крстеви: Средновековна некропола* (Скопје: Републички завод за заштита на спомениците на културата, 2000); Елица Манева, *Средновековна некропола Пепелиште: локалитет Трнче-Стреа* (Скопје: Македонска цивилизација, 2000); Viktorija Sokolovska, „Phenomenon", *Folia Archaeologica Balkanica* I (2006), 163-170; Елеонора Петрова, *Пајонија во II и I милениум пред н.е.* (Скопје: Македонска цивилизација; Музеј на Македонија, 1999); Никос Чаусидис, „Средновековни наоди од Просек", *Годишен Зборник на Филозофскиот факултет* 14 (40) (1987), 171-196.

разни карти, влезот во клисурата е именуван како Стенае,[2] а означува ’теснина, клисура, стена‘,[3] Во почетокот на XI век, како словенски превод за клисурата и за градот се споменува името Просек, додека во турските тефтери од 1519 и од 1530/31 година овој термин гласи Демир Капи, што значи ’железна порта‘.[4]

Градот Просек, сместен на недостапните карпи од левата страна на Демиркаписката Клисура (Стрезов Град – Кале),[5] со 17 хектари површина,[6] е најмоќната тврдина од средниот век на просторот на Република Македонија.[7] Поради својата извонредна стратешка положба, комуникациските врски и климатско-почвените погодности, бил еден од најзначајните средновековни градови.

Името на градот Просек се споменува во византиските пишани извори од XI век. Неговото име, со формата *τὸν Πρόσακον*, првпат е регистрирано во грамотата за правата на Охридската архиепископија на византискиот цар Василиј II од 1019 година. Градот Просек во овие грамоти се споменува како дел од Мегленската епископија.[8]

Од хрониката на Јован Скилица, која датира од крајот на XI век, дознаваме за походот на царот Василиј II во 1014 година. Овде се

---

[2] Фанула Папазоглу, *Антички градови у предримско доба* (Београд: САНУ, 1956), 242. Таа прва укажува на тоа дека името Стенае не претставува име на градот кој во античко време се наоѓал на влезот на Демиркаписката Клисура, туку дека називот *Stenas* ја означува самата клисура. Ова го прифаќа и И. Микулчиќ, според кого, најдени се два постамента и еден милјоказ, но, за жал, на сите нив недостасува името на градот, а се среќава само ознаката *Πολις*. Тој претпоставува дека античкото име на Демир Капија, или градот кој се наоѓал на влезот во клисурата Стенае, е *Алмана,* град кој сè уште не е убициран на терен. Иван Микулчиќ, *Антички градови во Македонија* (Скопје: МАНУ, 1999), 176-182.

[3] Елица Манева, „Тези за карактерот на театарот во средновековен Просек“, во *Историја на идеите на почвата на Македонија,* ур. Георги Старделов и др. (Скопје: МАНУ, 2000), 87.

[4] Александар Стојановски, *Дервенциството во Македонија* (Скопје: Институт за национална историја, 1964), 182. Во турските дефтери од ова време Демир Капи се споменува како дервенциско село на патот што водел за Солун.

[5] Според Т. Томовски, средновековниот град Просек бил изграден на Јуручки Камен, на месноста Марков Град, во кањонот на Человечка Река, од левата страна на реката Вардар. Томо Томовски, „Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 4 (30) (1978), 267-294. Според И. Микулчиќ, на овој простор нема податоци за живот во средниот век, а и според историските податоци што се однесуваат на градот, јасно е дека ова не може да биде позицијата на која бил изграден. Според него, градот Просек бил изграден од спротивната, лева, страна на Человечка Река, односно на месноста Стрезов Град или Кале. Микулчиќ, *Просек,* 81-83.

[6] Микулчиќ, *Средновековни,* 233, 234.

[7] Манева, *Театарот*, 87.

[8] Томовски, *Средновековни градови*, 199, бел. 18.

споменува дека тој од Скопје кон Охрид поминал крај Штип и Просек.[9]

Најважниот опис на тврдината Просек, на нејзината местоположба и на историските случувања врзани за неа го дава византискиот историчар Никита Хонијат.[10] Тој дава детален опис за архонтот Добромир Хрс[11] и за неговото владеење како самостоен господар токму од овој град како негова престолнина.[12]

Состојбата во Византија при крајот на XII и почетокот на XIII век успеале да ја искористат некои феудалци, кои завладеале со дел од територијата на Македонија на сметка на Византија. Формирањето на

---

[9] Јован Скилица, „Борба Василија II са Самоилом и његовим наследницама“, превод и обработка Јадран Ферлуга, во *Византиски извори за историју народа Југославије* том III, ур. Георгије Острогорски и Фрањо Баришић (Београд: Византолошки институт, 1966), 126.

[10] Никита Хонијат (Νικήτας Χωνιάτης) без сомневање бил еден од најдобрите византиски историчари. Бил царски секретар и учествувал со Исак II Ангел во походот против Бугарите. За време на Третиот крстоносен поход од 1189 година бил управник на темата Филипол. Активно учествувал во преговорите помеѓу византискиот двор и царот Фридрих I Барбароса, а бил сменет дури од Алексиј V Мурзуфл во 1204 година. По падот на Цариград под власта на Латините, тој со своето семејство бега во Никеја, каде што и умира помеѓу 1210 и 1220 година.

[11] За животот на Добромир Хрс пред неговото поставување за управник на градот Струмица од страна на византискиот цар Алексиј III Ангел се знае многу малку. Никита Хонијат нè известува дека по потекло бил Влав и по несогласувањето со Бугарите Петар и Асен, тој со своите петстотини војници се одделил и склучил сојуз со Византијците. Но поради неговата желба за власт и постојаното пробивање на византиска територија, бил уапсен од Византијците и ставен во затвор, но подоцна бил ослободен и поставен за управник на градот Струмица. Никита Хонијат, „Одметање Хрса и борбе око града Просека“ обработка Јованка Калић, превод Нинослава Радошевић-Максимовић, во *Византијски извори за историју народа Југославије,* том. IV, ур. Георије Острогорски и Фрањо Баришић (Београд: Византолошки институт, 1971),158-159, бел. 172 и 232-234, бел. 65-66.

[12] Хонијат, „Одметање Хрса“, 160. „Тоа се две карпи меѓусебно раздвоени и поставени една до друга, имајќи само еден тесен тешко прооден и стрмен пат, додека сиот преостанат масив од карпите е издигнат и непристапен, а длабоката река Аксиос тече наоколу и нив на неверојатен начин ги претвора во тврдина. Воената вештина дошла подоцна, како надополнување на природата, па ја направила речиси неосвојлива, бидејќи непробојниот бедем, поставен преку патеката што водела внатре, ја завршил како извонредно утврдување.

Ромеите ја оставиле пуста оваа тврдина и Хрс ја претвори во неосвојливо упориште против Ромеите, носејќи овде сè што е потребно за исхрана на војската, поставувајќи фрлачки постројки и внесувајќи прехранбени продукти, а истовремено допушти по околните врвови да пасат стада говеда и овци. Имено, околината на таа тврдина не е лесно совладлива, зашто е многу долга и широка, а ја красат ливади и е богата со пошумени предели. Но, таа тврдина е лишена од едно богатство, и тоа она неопходното и најважното, нема извори со барем една капка вода, ниту, пак, има ископани бунари, па затоа треба да се слегува до реката и со ведра да се носи водата“.

Второто Бугарско Царство на Петар и Асен во 1185 година и нивното навлегување и пустошење во Струмската област сè до градот Сер, на Византија ѝ задавало големи проблеми.

Византија, со цел да ја заштити границата со Бугарија, како управник на градот Струмица во 1196 година го поставува Добромир Хрс.[13] Бргу по ова, тој се одметнал и најверојатно во 1197 година се осамостоил во градот Струмица. Во истата 1197 година царот Алексеј III Ангел кај Кипсала ја собрал војската за да го нападне Хрс, но до овој напад не дошло, така што Добромир Хрс најверојатно тргнал во нови освојувачки походи и го освоил градот Просек. Него го утврдил и го направил своја престолнина. Во 1198 година византискиот цар презема нова акција против Добромир Хрс во градот Просек. Овој поход на византискиот цар завршил со неуспех. Неуспехот делумно се должи на разидувањето на војсководците во византиската војска, а делумно на непристапноста на градот Просек, неговото добро утврдување и снабденоста на одбраната на градот со фрлачки постројки кои ѝ нанесувале голема штета на византиската војска.

По овој пораз византискиот цар увидел дека целта не се остварува лесно, па решил веќе да не губи време и стапил во преговори со Добромир Хрс, на кого му оставил да управува со градовите Струмица и Просек. По враќањето во Цариград, царот му ја испраќа за жена својата блиска роднина, ќерка на протосевастот Мануил Камица. Подоцна Хрс и таткото на неговата жена преземаат низа походи, со што освојуваат огромна територија. Прво ја освоиле Пелагонија со градовите Прилеп и Битола, потоа продолжиле кон Тесалија, па сè до Пелопонез.[14]

Посебен аспект на војувањето помеѓу Алексеј III Ангел и Добромир Хрс, односно обидот на византискиот цар да ја освои тврдината Просек, претставува опсадната машинерија што била користена од двете завојувани страни. Според описите што ни ги дава Никита Хонијат, овде станува збор за опсадни постројки од типот на стожерски требушети. Добро поставената машинерија е еден од клучните фактори за лесната победа на малобројните бранители на градот Просек врз многубројната и неорганизирана византиска војска.

---

[13] Радивоје Радић, *Обласни господари у Византијем крајем XII и у првим деценијама XIII века* (Београд: Византолошки институт, 1986), 197.

[14] Подетално за историјата на Добромир Хрс, види во: Хонијат, *Одметање Хрса*, 158-163; Никита Хонијат, „Ратови Алексија III Анђела против Добромира Хрса“, превод Божидар Ферјаниќ во *Византијски извори за историју народа Југославије* том. IV, ур. Георије Острогорски и Фрањо Баришић (Београд: Византолошки институт, 1971), 225-239, Вера Весковиќ-Вангели, *Самостојните феудални владетели во Македонија* (Скопје: Култура, 1963); Радић, *Обласни господари,* 193-205.

За изгледот, начинот на функционирање и на управување се дознава од следниот опис на Никита Хонијат:

> „...Покрај тоа, фрлачките постројки со кои се служеа варварите многу наши убија, бидејќи тие одозгора доста точно гаѓаа. Имено, старешината на фрлачките постројки, кој истовремено го насочуваше лостот и праќата ја затегаше, беше најдобар градител на овие постројки. Прво кај Ромеите служел за плата, а после поради неисплатена заработка се вратил кај Хрс. Војската тешко ја погодувале не само топчестите камења фрлани од фрлачките постројки туку и тоа што одозгора го обрушувале низ одронот. Камењата со кои се гаѓало, дури и ако не ги погоделе, често биле смртоносни за оние крај кои паѓале. Кога камен ќе паднел на цврста карпа, од силината на ударот се разбивал во повеќе делови, тогаш тие откршоци, разлетувајќи се на разни страни, значеле смртоносно зло“.[15]

За фрлачките постројки што биле користени во одбраната на тврдината Просек речиси и да не е пишувано, а оние што ги наведува Никита Хонијат општо се определувани како каменофрлачки постројки.[16] Според описот што го дава Никита Хонијат, може да се заклучи дека не станува збор за некоја од фрлачките постројки чиј развој може да се бара во античкиот или доцноантичкиот период. Овде, иако нема опис на изгледот на постројките што биле користени од страна на бранителите на градот, сепак, според информациите што ги дава авторот, а во кои се забележани задолженијата на старешината што ги градел и управувал со нив, можат да се забележат два детали што можат да помогнат во нивното препознавање. Првиот детаљ се однесува на информацијата дека старешината што ги изградил постројките за одбрана на градот Просек оперирал со истите, односно го насочувал нивниот лост, додека вториот детаљ што ни помага при детерминирањето на постројката е тоа што старешината ја затегнувал праќата за исфрлање на проектилите.

---

[15] Хонијат, *Одметање Хрса*, 162.

[16] Весковиќ-Вангели, *Самостојните владетели,* 27. Во своето дело авторката ги именува само како каменофрлачки постројки, а на фотографијата што ја приложува ги прикажува следните „опсадни машини: врана со сандак, кука за рушење sидови, подвижна кула со мостови, балиста, торан со овен, катапулт“. Од постројките прикажани овде, само балистите и катапултите служат за исфрлање камени проектили, односно претставуваат каменофрлачки постројки.

Ако ги разгледаме фрлачките постројки[17] што користат лостови за исфрлање на проектилите, тогаш ги отстрануваме од опција римските балисти,[18] кои и онака веќе не биле во употреба долго време и во својата конструкција не вклучуваат праќа. Тензиските постројки, како опсадниот самострел, секако не би биле во опција поради тоа што немале лост за исфрлање на проектилите.[19] Како опција може да се разгледаат само онагерот[20] и тракцискиот требушет. Додека првите работат на принципот на торзиската сила, вторите работат на принципот на тракциска сила.[21] Понатаму се споменува дека

[17] Повеќе за фрлачките постројки од античкиот и од средновековниот период, види во: Duncan B. Campbell, *Greek and Roman Artillery: 399 BC-AD 363* (Oxford: Osprey Publishing, 2003); Duncan B. Campbell, „Ancient Catapults: Some Hypotheses Reexamined“, во *Hesperia,* vol. 80, No. 4 (2011): 677-700.; Paul E.Chevedden, „The Invention of the Counterweight Trebuchet: A Study in Cultural Diffusion“, во *Dumborton Oaks Papers,* No. 54 (2000), 71-113.; W. T. S. Tarver, „The Traction Trebuchet: A Reconstruction of an Early Medieval Siege Engine“, во *Technology and Culture,* Vol 36, No. 1 (1995), 136-167; David Nicolle, *Medieval Siege Weapons (1): Western Europe AD 585-1385* (Oxford: Osprey Publishing, 2002); Christopher Gravett, *Medieval Siege Warfare* (Oxford: Osprey Publishing, 2000).; Ralph Payne-Gallwey, *The Crossbow: Medieval and Modern Military and Sporting* (London, New York: Longmans, Green, and Co., 1908); Ralph Payne-Gallwey, *The Projectile-Throwing Machines of the Ancient* (London, New York, Bombay and Calcutta: Longmans, Green, and Co., 1907).

[18] Римските балисти и катапулти функционираат на принципот на торзиска сила, односно на сила акумулирана во испреплетени јажиња, коса или животински тетиви. Овие постројки функционираат со два лоста поставени хоризонтално. Римските балисти исфрлале камени проектили, додека катапултите – големи стрели.

[19] Опсадните самострели ги заменуваат римските катапулти и функционираат на принципот на тензиската сила, односно голем лак кој може да е изработен од едно парче дрво или, пак, композитен лак изработен од повеќе парчиња дрво или метал. Тие најчесто исфрлаат големи стрели, но истите, иако поретко, можат да се користат и за исфрлање камени проектили. Најчесто биле користени во дефанзивни цели и поставувани на круништата од ѕидовите или, пак, биле користени на бродовите поради помалите димензии што ги имале.

[20] Онагерот е фрлачка постројка која функционира на принципот на торзиска сила, односно на акумулирана енергија во извртени јажиња, коса или тетиви во кои средишно, вертикално е поставен лост. Едниот крај од лостот е поставен помеѓу испреплетените јажиња, а додека на другиот крај е поставена праќа.

[21] Требушет е фрлачка постројка со еден ротирачки лост, кој својата енергија ја црпи по пат на гравитација или човечка енергија, но има случаи кога се вклучени двата типа енергија, гравитациската и човечката. Тие се делат на три типа, и тоа: тракциски требушет (придвижуван од човечка сила), гравитациски (Counterweight, придвижуван од противтег закачен на кусата страна од лостот што е поделен на кус и долг лост од страна на оската) и хибриден требушет, кој ги користи и човечката енергија и противтегот. Овие постројки се претпоставува дека се творба на три континенти и на четири цивилизации. Види: Chevedden, Counterweight Trebuchet, 74. Нивната појава се претпоставува дека е во Кина кратко пред почетокот на IV век ст.е. и нивниот развој се движел низ Византија, арапскиот свет и низ Западна Европа. Главната

старешината ја затегнувал праќата за исфрлање на проектилите. Онагерот во почетокот на своето појавување, односно во доцната антика, за исфрлање на проектилите користи праќа, која подоцна сè поретко се користи, а наместо тоа овие постројки користат корпи за поставување на проектили. Од друга страна, ова се постројки во кои се акумулира огромна количина енергија и се доста опасни за посадата што ракува со нив.[22] Поради акумулираната енергија, не е можно насочувањето на самиот лост. Затегнувањето на праќата кај овие постројки не е забележано во историските пишани или ликовни извори, а поради опасноста што ја носело е и малку веројатно. За разлика од онагерот, тракцискиот требушет се јавува во две варијанти рам-требушет[23] (trestle frame trebuchet) и стожерски требушет (pole frame trebuchet). Првата варијанта не дозволува насочување на лостот кон одредена цел, додека втората варијанта овозможува оперирање со него во опсег од 360°. За разлика од другите постројки, овде е забележано затегнување на праќата од страна на искусен старешина. Самото затегнување на праќата играло важна улога за прецизноста и дометот на овој вид постројки. Затоа и овој детаљ е доста често прикажуван на средновековните ликовни претстави со воена тематика (сл. 1, 2). Ова ни дава за право да претпоставиме дека при опсадата на Алексиј III Ангел на градот Просек биле користени тракциски требушети од варијантата на стожерски требушети.

Во почетокот на VII век историските извори говорат за допирот на Византија со еден нов тип фрлачки постројки. Според описот даден

претпоставка е дека дифузијата на оваа постројка од Кина кон Европа се случила благодарејќи на турските племиња кои од Централна Азија продреле кон арапскиот свет и кон Византија. Според Х. Доналд, турските племиња своето знаење за изработката на овој тип фрлачки постројки прво им го пренеле на Арапите. Во пишаните арапски извори е забележана употреба на фрлачки постројки кои наликуваат на тракцискиот требушет. Се претпоставува дека тие почнале да ги користат овие постројки кон крајот на VII век. Donald R. Hill, „Trebuchets“, во *Viator: Medieval and Reneissance Studies* 4,(1973), 99-116.

[22] За опасноста на овие постројки по животот на посадата споменува и Амилиј Маркелин, кој го вели следното: „Меѓу овие битки, еден архитект од нашата страна, чие име не го знам, се случи да стои во близина на ’скорпионот‘ – опсадна машина, кога каменот што операторот го ставаше нерешително во праќата се исфрли наназад; [архитектот] ја испушти душата паѓајќи на грбот, целата негова структура на екстремитетите беше распарчена, така што неговото тело речиси не беше препознатливо“. Види: C. D. Yonge, превод, *The Roman History of Ammianus Marcellinus* (London: Geore Bell & Sons, 1894), 362, XXIV, IV, 28; Brian Campbell ed., *Greek and Roman Military Writers* (London, New York: Routledge, 2004), 206-208.

[23] За изнаоѓањето на соодветен назив на македонски јазик, им благодарам на д-р Виолета Крстеска, м-р Бобан Карапејоски и м-р Огнен Чемерски.

во Миракула I,[24] овде најверојатно станува збор за тракциски требушет.[25] Почнувајќи од овој период, тракциските требушети заземаат сè поголемо учество во воените дејства што ги водела Византија, притоа развивајќи го овој тип во хибридна, а подоцна, во текот на XII век, и во гравитациска варијанта. Информациите од современите автори, како и археолошките наоди на проектили од територија на Република Македонија покажуваат дека тракциските требушети биле најчесто користената фрлачка постројка на овие простори во средниот век. Пред сè, ова се должи на евтиниот и лесен начин на изработка, за која не се потребни специфични материјали или делови кои се изработуваат во одредени работилници. Проектилите за овие постројки најчесто биле изработувани и пред самите градови и тврдини што се опсадувале. Во описот на спомената битка од Просек може да се забележи дека веќе во текот на XI и на XII век овие каменофрлачки постројки биле задолжителен дел од одбраната на секој град и тврдина, а, исто така, и дел од нападот на секоја војска. На тоа укажува фактот дека самостојниот владетел Добромир Хрс можел да си дозволи да поседува исти каменофрлачки постројки какви што користела и Византија, која во тој период била водечка државна формација и воена сила. При опсадата на Просек, евидентно е дека каменофрлачките постројки биле истовремено користени и од византиската војска и од војската на Добромир Хрс, што се гледа од следниот извадок:

> „Вечерта, скришно излегувајќи од тврдината, варварите ги разбија постројките кои Ромеите ги поставија по тамошните ридови...“[26]


При опсадата на градот Просек од страна на Алексеј III Ангел, двете завојувани страни користат фрлачки постројки, најверојатно од типот на стожерски требушети. Едната завојувана страна овие постројки ги употребува во офанзивни, додека другата во дефанзивни цели (Сл. 3). Овие постројки претставуваат едно од најупотребуваните постројки во средновековјето поради нивниот едноставен дизајн, брзата и економична изработка, а, пред сè, поради прецизноста и ефикасноста. Поради овие карактеристики, стожерските требушети се користат долг временски период. Од нивното прво појавување на

[24] Miracula S. Demetrii I. 14, превод и коментари Фрањо Баришиќ, во *Византијски извори за историју народа Југославије* том. I, ур. Георије Острогорски (Београд: Византолошки институт, 1955), 180-181.
Првиот извештај до владата во Атина митрополитот го испратил по враќањето во Костур(кон крајот на 1900 или почетокот на 1901 година), во кој особено внимание ѝ посветил на потребата од испраќање грчки вооружени чети во Македонија. На тој начин, тој бил првиот што отворено „ја презентирал пред грчката влада идејата за [организирано] испраќање вооружени сили од Грција во Македонија“.[10]Во согласност со проосмалискатаполитика на грчката држава во тој период, владата во Атинанеим посветила воопшто внимание на извештајот на митрополитот и, конкретно, на барањата наведени во него. По неколку недели, разочаран од молкот во Атина, Каравангелис повторно го посетил битолскиот конзул. Тој се надевал дека идејата за испраќање вооружени групи од Кралството Грција би наишло на разбирање кај грчкиот конзулат во Битола. Наспроти ваквите негови очекувања, во текот на целата 1901 година грчката влада испраќала јасни инструкции до своите конзули во османлиска Македонија, преку кои децидно им забранувала да се вклучуваат во тајни здруженија или да преземаат какви било дејности со кои би се нарушиле добрите односи со Високата порта.[11] Во таа насока бил и одговорот на конзулот: „Не само што не ни испраќаат помош, туку и ни пречат. Не можеме ништо да направиме“.[12] Митрополитот, одговарајќи му на К. Пезас, констатирал дека македонското револуционерно движење секојдневно станувало сè посилно, а како резултат на тоа Кралството Грција би се довело во ситуација да ја „изгуби Македонија“. Во новонастанатата состојба, која иницирала константно губење на позициите на грчката пропаганда, Каравангелис се сметал „за повикан да ја спасува Македонија од убијците на Грците!“.[13] Во име на оваа цел, костурскиот митрополит ја напуштил првобитната и единствена должност, т.е. црковно-религиозната, и целосно се ангажирал во организирањето на грчката националистичка пропагандна дејност.

---

[10] Весела Трајкова, „Наченки на андарското делов Македония – Каравангелис, Јон Драгумис идесетината Критяни“, во *Преглед,* г. XXIV, бр. 1 (София: Македонски научен институт, 2001), 45.

[11]Константинова, *Балканската политика на Грција*, 293-295.

[12]Германос Каравангелис, *Македонската борба (мемоари),* (Скопје: Култура, 2000), 15.

[13] Крсте Битовски, *Грчката „Македоонска борба“* (Скопје: Институт за национална историја,2001), 76.

Истовремено, во борбата против МРО активно се вклучила и Цариградската патријаршија. Патријаршиските митрополити во османлиска Македонија, во март 1901 година, добиле посебен циркулар од Патријаршијата, преку кој им се сугерирало да собираат докази за дејноста на револуционерното движење и истите да бидат испраќани во Истанбул или кај османлиските власти.[14] На тој начин патријаршиските великодостојници станале сојузници и доушници на месната османлиска власт, следејќи го, во тој период, курсот на грчката држава.

Очајничката ситуација во која се наоѓал Карвангелис по првобитните неуспеси во однос на неговите обиди да донесе паравоени формации од Кралството во османлиска Македонија не го спречило во обидите дапронајде нов начин во организирањето на борбата против МРО. Митрополитот дошол до идеја да формира платенички вооружени групи од месното население, во прв ред од отпадниците на МРО, но и да создаде мрежа од свои соработници во селата одКостурската епархија. За таа цел, во почетокот на 1901 година ја направил првата поголема обиколка со намера да ја испита на самиот терен можноста од формирање своја, паралелна, „организација“, чијашто агенда би била борбата против македонското националноослободително движење. На овој начин, Каравангелис, преку врбувањето свои приврзаници, создал раскол, нетрпеливост и недоверба меѓу самото македонско население. Така, тој преку својата активност успеал делумно и да ја реализира својата идеја, односно да предизвика ослабнување на позициите на МРО во костурската околија.

Развиената организациска мрежа, масовното учество на населението во движењето, големиот број револуционерни чети во предилинденскиот период го оневозможило евентуалното испраќање или опстојување на вооружените групи од Кралството Грција во османлиска Македонија. Ваквата состојба ја потврдил и грчкиот конзул во Солун, Н. Евгенијадис. Во извештајот до грчката влада од 4 јануари 1904 година (ст. стил), навраќајќи се на еден постар извештај од 30 април 1900 година (ст. стил), конзулот на следниот начин ја опишал тогашната состојба во османлиска Македонија. Имено, тој констатирал дека: „Четите формирани во Грција и испратени во Македонија не само што со ништо немаше да ни помогнат, бидејќи не го познаваа ниту теренот, ниту јазикот, ниту луѓето, туку истовремено можеа да станат и причина да ги влошиме односите со Турците…, додека, од друга страна, жестоко ќе беа прогонети од турските власти и многу

[14] Константинова, *Балканската политика на Грција*, 280.

бргу ќе беа растурени. Затоа што во бугарофилските реони[15] во кои беа повикани да работат нашите православни славофони[16], со изговор дека можат да бидат прогонети од власта, а, во суштина, затоа што не ќе сакаа да имаат никаква претходна врска со нив, ќе одбиваа да ги заштитат и со првата закана од страна на власта ќе ги предадеа…“.[17]

Во извештајот, конзулот доста реално ја образложил неповолната ситуација за испраќањето на вооружените чети од Кралството Грција во османлиска Македонија. Во својата елаборација тој преку синтагмата „нашите православни славофони“ јасно алудира на постоењето на грчко население во најголем дел од османлиска Македонија.[18] Меѓутоа, контрадикторноста во неговото објаснување е веднаш воочливаодаргументот презентиран во извештајот, именодека грчките чети би пристигнале во туѓа земја и меѓу население непознато за нив, со кои не би можеле ниту јазично да се разберат. Исто така, интересен е и податокот даден од страна на конзулот во однос на македонското патријаршиско население кое би ја одбило соработката со грчките вооружени чети. Но, неговата експликација за ова прашање е нереална и тенденциозна. Всушност, констатацијата дека Македонците-патријаршисти не сакале да соработуваат со грчките вооружени групи е точна. Меѓутоа, причината не била нивниот страв од османлиската власт, туку нивното активно учество во македонското револуционерно движење.Идејата за испраќање вооружени групи од Грција во османлиска Македонија,Пезас ја презентирал и пред британскиот заменик-конзул во Битола, Питер Џејмс Мекгрегор, кој исто така ја одбил поддршката на еден таков план.[19]

Грчкиот пропаганден триаголник: Атина – Битола – Костур

Владата во Атина, под притисок на засилената дејност на грчките националистички фактори во османлиска Македонија и во Кралството Грција, како и поради „изненадувачкиот“ брз развој на македонското револуционерно движење, билапринудена да заземе

[15] Се однесува на селата во кои било доминантно македонското егзархиско население.
[16] Се мисли на Македонци-патријаршисти.
[17] Извештај на кралскиот грчки конзулат во Солун бр.3, 4 јануари 1904 година (ст. стил). Копија од документот поседува авторот.
[18] Грчките пропагандни институции во османлиска Македонија, како и во Кралството Грција, македонското патријаршиско население најчесто го именувале со терминот *Славофони*, што, според нивните сфаќања, значело дека тој дел од населението има „словенска припадност“, но, истовремено, било со грчка „национална свест“.
[19]ΒασιληςΚ. Γουναρης, *Τα γεγονότα του 1903 στη Μακεδονία μέσα από την ευρωπαϊκή διπλωματική αλληλογραφία*, Μουσείο Μακεδονικού Αγώνα, Θεσσαλονίκη, 1993, 162.

поенергичен став околу македонското прашање. Митрополитот Каравангелис во своите спомени констатира дека како резултат на активностите на грчката пропаганда во Македонија и божемните „масовни убиства на Грци… започнал да се буди интересот и на јавното мнение во Грција“.[20] Грчките пропагандни фактори во османлиска Македонија, поддржани од националистичките кругови[21] во грчката држава, на своја рака започнале да ја организираат борбата против МРО. Бил создаден национално-пропагандниот триаголник Атина–Битола–Костур, кој, координирајќи се меѓусебно, самоиницијативно започнал да изнаоѓа начини и да подготвува планови за организирано дејствување против македонското револуционерно движење.

За реализирање на грчките „национални работи“ во Битола особено се ангажиралЈон Драгумис. Тој во ноември 1902 година бил назначен за секретар во грчкиот конзулат во Битола, функција која му дозволувала голема слобода во дејствување. Паралелно со секојдневните обврски, Драгумис ги проучувал извештаите на конзулот Пезас испраќани до грчкото Министерство за надворешни работи. Преку нив мошне реално ја согледал фактичката ситуација во Битолскиот вилает и, како што самиот напишал, „забрзаното излегување од контрола“[22] на работите за грчката пропаганда. Неговата засилена активност билазабележана од март 1903 година[23], период од кога започнал интензивно „да мобилизира“, за грчките служби, „свештеници, учители, лекари“,[24] односно сите ониешто ги сметал за погодни во борбата за „спасување на *елинизмот*“ во османлиска Македонија. Набргу ја формирал организацијата *Амина* (Одбрана), којадејствувала исклучиво во пределите со грчко, влашко или погрчено население во јужна Македонија. За центар на организацијата бил предвиден да стане градот Битола. Всушност, намерите на Драгумис биле следните: тежиштето на грчката борба да биде во Македонија и со самото тоа мошне вештовладата во Атина би ги избегнала притисоците од страна на османлиската власт, односно би се анулирала директната поврзаност на грчката влада со настаните во османлиска Македонија.[25]

---

[20]Каравангелис, *Македонската борба*, 25.

[21] Тука спаѓале фамилиите Драгумис, Мелас, Политу, Рактиван, Ламброс, Ламмбрис, Делиос, Маврос, Варатасис и други.

[22]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 44.

[23] На 18 март 1903 година(ст. стил) Кјузе Пезас поради здравствени причини заминал на медицинсколекување, оставајќи го Јон Драгумис да раководи со конзулатот во Битола. Види:Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 44.

[24]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 44.

[25]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 17.

Организацијата што ја создал Драгумис повеќе наликувала на групација од меѓусебно неповрзани групи, изолирани во одредени населени македонски места, без никаква меѓусебна координација. Овие групи најчесто биле составени само од неколкумина членови врбувани лично од Драгумис. Според Уставот, целта на *Амина* не била борбата против османлиската власт, туку национална заштита и сојуз на грчките општини.[26] Понатаму, било предвидено вооружување на грчките елементи во Македонија и собирање информации за дејноста на МРО, како и дејствување на грчките вооружени чети.[27]

Следниот фактор во грчкиот пропаганден триаголник за дејствувањето во османлиска Македонија се наоѓал во Атина. По завршувањето на Грчко-турската војна (1897) и неуспехот на *Етники етерија*[28], група млади грчки офицери продолжиле да дејствуваат во насока на „одбрана на *елинизмот* во Македонија".Групата била составена од следните офицери: Георгиос Цонтос-Вардас, Константинос Мазаракис, Александрос Кондулис, Георгиос Катехакис-Рувас и други. Со особена посветеносткон „делото" се истакнал Павлос Мелас, кој, според грчкиот историчар Георгиос Модис, бил „нивниот најголем столб".[29] Истовремено, поединци од оваа група офицери биле дел и од*Комитетот за помош на Македонците*, кој се наоѓал во Атина, и во кој најмногу се истакнувале Јоанис Валаоритис, Марко Драгумис (брат на Стефанос Драгумис[30]), Константионос Рактиван и

[26]Константинова, *Балканската политика на Грција*, 295.

[27]Весела Трајкова, „Наченки на андарското дело в Македония – Каравангелис, Јон Драгумис и десетината Критяни", *Преглед*, г.XXIV, бр.1 (София:*Македонски научен институт*, 2001), 50.

[28]*Етники етерија* била создадена во пролета 1894 година од групагрчки офицери. Организацијата за две години прераснала во сериозна политичка и воена сила во грчката држава. *Етники етерија*, користејќи ги немирите во Крит, решила во пролетта 1896 година да испрати вооружени чети во османлиска Македонија. Вооружената акцијата завршила неславно за аспирациите на грчката пропаганда во Македонија. Можностите и целите на вооружените групи испратени од Кралството Грција во никој случај не биле и не можеле да бидат насочени кон дестабилизирање на османлиската власт во Македонија. Напротив, нивната цел била да се презентираат територијалните аспирации пред Европа, но и да ѝ се спротивстават на бугарската пропаганда во османлиска Македонија. *Етники етерија* испратила чети во Македонија и во наредната 1897 година. Овие грчки паравоени чети ја доживеале судбината на претходните, т.е. многу бргу биле ликвидирани или прогонети.

[29]Г. Х. Моδη, *Μακεδονικος αγων και μακεδονικες αρχηγοι*(Θεσσαλονικη: 1950),223.

[30] Стефанос Драгумис (1842-1923) бил грчки општественик, политичар и националeн идеолог на грчката вооружена пропаганда во османлиска Македонија. Тој бил и пратеник во грчкото собрание, наизменично бил и министер за правда, за внатрешни и за надворешни работи во периодот 1886–1893 година. Кратко време ја извршувал и функцијата премиер на Кралството Грција (18 јануари – 6 октомври 1910 година).

други. Од големо значење за понатамошната дејност на П. Мелас било неговото стапување во брак со Наталија Мела, ќерка на Ст. Драгумис и сестра на И. Драгумис. Според сеќавањата на Н. Мела, во куќата на нејзиниот татко, Ст. Драгумис, не се воделе други разговори освен за ситуацијата на „*елинизмот* во Македонија“ и дека од утро до вечер нивната куќа била исполнета со маса луѓе.[31]

Исто така, Мелас во младоста активно зел учество во работата на *Етники етерија*. Тој се здобил со чин потпоручник, а војничката должност ја вршел во криптографската служба во пограничните северни реони на Кралството Грција. Во почетниот период од дејствувањето на оваа група, главна цел била изнаоѓањето на финансиски средства за грчката пропаганда во османлиска Македонија. Мелас во овој период, но и понатаму, секогаш го користел авторитетот и познанствата на таткото на својата сопруга.

Уште еден активист од грчкиот пропаганден триаголник бил костурскиот митрополит Германос Каравангелис. Тој, според грчката историографија, „претставувал лостот за четничкото раздвижување“, додека Јон Драгумис и Павлос Мелас биле „првите што ѝ дале живот [во Грција] на одлуката… да му се помогне на измачениот елинизам во Македонија“.[32] Драгумис, по доаѓањето во Битола, ја претставувал алката на поврзување на идејата за грчка вооружена борба против македонското револуционерно движење. Тој ја вршел кореспонденцијата и координацијата помеѓу националистичките групи во османлиска Македонија и Кралството Грција. Драгумис и Мелас во костурскиот митрополит пронашле личност преку која се надевале дека полесно ќе ги реализираат плановите за создавање месни платенички вооружени чети, но и за испраќање исти такви од грчката држава во Македонија. Исто така, и Каравангелис, по неуспешните обиди да предизвика внимание кај официјална Атина, конечно пронашол „национални дејци“ преку кои сметал дека полесно ќе ги реализира плановите, а истовремено се стекнал и со финансиска, морална и техничка поткрепа за претходно започнатата дејност. Така, активистите од грчкиот пропаганден триаголник започнале да функционираат и да ги остваруваат своите намери.

Јон Драгумис, согледувајќи ја фактичата ситуација во османлиска Македонија, констатирал дека поголемиот дел од населението словенско, но и дека, според него, истото нема „никакви национални

[31]НаталиаМела, *ПаулосМелас* (Αθηνα: 1926), 166.

[32]Κωνσταντίνος Σβολοπούλος, „Η αποφαση για την οργανωση του ενοπλου αγωνα“, *Ο Μακεδονικος αγωνας; Συμποσιο,Θεσσαλονικη-Φλωρινα-Καστορια-Εδεσσα*(Θεσσαλονικη: 1987), 59.

чувства“.[33] Исто така, заклучил дека теренот за дејствување на грчката пропаганда епогоден, бидејќи кај македонското словенско население „наместо религиозно чувство постои приврзаност кон култот на нивните предци, наместо национално чувство – солидарност, која преку јазикот влијае на нивниот идентитет“.[34] Тој сметал дека треба веднаш да се дејствува, но не во правец на „задржување“[35], туку е потребно „освојување на Македонија од наша страна (од страна на грчката држава, б.н.)“.[36] За реализирање на оваа замисла требало да се дејствува во две насоки:прво, задржување на земјата во грчки раце, под што подразбирал купување османлиски или еврејски чифлици од страна на Грци и забрана за продавање чифлици од страна на Грци на странци (особено на Бугари); второ, забрана за примање земјоделци кои немале грчко етничко потекло во грчките чифлици, а доколку веќе биле дел од нив, нивно елинизирање или отстранување.[37]

Во писмото до Мелас од 23 јануари 1903 година (ст. стил), Драгумис нагласил дека, доколку сакаат нивната борба да успее, треба да се „работи“ во Македонија, а тој и Каравангелис веќе дејствувале „како што можеле“, но била потребна и „ангажираност во Грција“.[38] Исто така, констатирал дека „и за двете работи се потребни парични средства“. Во продолжение на писмото Драгумис се интересирал за ситуацијата во Атина околу „македонското прашање“, но не испуштил и да го советува Мелас во кои насоки треба да се одвиваат нивните активности. Во тој контекст биле поставени и следните негови прашања и сугестии до Мелас: „Што се случува со друштвото, ќе се формира ли? Се формира ли? Има ли пари? Ако има, задржете една сума за да купиме оружје, може подоцна да имаме потреба…, ако постои друштво, можеш и да ја кажеш идејата за потребата од оружје исто како таа да била твоја. Сега погрижете се, прво, да организирате новинарска борба за грчките интереси во Европа, што подразбира да имате пари да купите странски весници и луѓе… И јас сум подготвен[да пишувам, б.н.] и Ната [Наталија Мела, б.н.] може да пишува, јас ќе испраќам информации… Второ, потребно е да имате доволно пари со кои ќе можеме да располагаме во секое време“.[39] На овој начин И. Драгумис ги поставил основните насоки на дејствување

[33]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 48.
[34]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 49.
[35] Се мисли на задржување на Македонците-патријаршисти под нивно влијание и, пред сè, задржување во рамките на Цариградската патријаршија.
[36]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*,52.
[37]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 49.
[38]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 11.
[39] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 11-13.

на грчката пропаганда против МРО во овој период како во Османлиската Империја така и во Кралството Грција. Истовремено се залагал и за поведување на медиумска кампања во која ќе бидат презентирани грчките интересиво османлиска Македонија пред европската јавност.

Во Кралството Грција постепено започнала акцијата за собирање финансиски средства за грчката пропаганда во османлиска Македонија. На почетокот таа се одвивала со одредени потешкотии поради неподготвеноста на грчките финансиери, но ипоради сомнежот на националните фактори со оглед напоранешната дејност на *Етники етерија*.Како најголем финансиер на грчката пропаганда во Македонија, но и во самата Грција, се истакнувала богатата француска принцеза Луиза де Раинкур, која живеела во Атина. Таа била врбувана финансиски да го помогне делото од страна на Марија, тетката на Ј. Драгумис.[40] Во грчката држава до финансии за потребите на пропагандната активност се доаѓало и преку роднини, пријатели, богати донатори, додека Ст. Драгумис барал парични средства и од своите богати пријатели кои живееле во Египет.[41]

И. Драгумис во наредните писма испратени до Меласго насочил вниманието кон организирањето на вооруженаta борба против МРО, дејноста на Каравангелис во Костурската епархија и на правењето анализи за целите и активностите на македонското револуционерно движење. Тој сметал дека треба да се дејствува против внатрешната организација со чети создадени од поткупеното месно население во османлиска Македонија. Во писмото испратено до Мелас од 6 февруари 1903 година (ст. стил) го напишал следното: „Не треба да испраќаме четници од Грција, треба да ги создаваме овде (се мисли во Македонија, б.н.). За среќа, почнавме пред повеќе месеци (речисибез парични средства)…, парите што си ми ги испратил се потребни за да ја продолжиме привремено одбраната на костурските села. Костурскиот митрополит е единствениот патриот меѓу другитемитрополити и работи со ентузијазам“.[42]

За разлика од залагањата на Каравангелис во Македонија да се испратат вооружени групи од Грција, ставот на И. Драгумис бил

[40] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 44.
[41]Трајкова, *Наченки на андарското дело в Македония*, 51. Во писмото од 24 мај 1903 година (ст. стил), Павлос Мелас го известил Јон Драгумис дека неговиот татко Стефанос „има за цел да ти побара извештај за сè што се случува во Македонија, а потоа да побара пари за вас од пријателите во Египет“. Види: Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 119.
[42]Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 17.

различен. Тој сметал дека се доволни само месните чети[43], какви што веќе имал формирано костурскиот митрополит. Од писмото јасно се гледа дека неговата цел била создавање нови или одржување на постојните месни чети со парични средства пристигнати од Грција. Но нејасно било од кого тие чети ќе го „бранеле" македонско население во Костурско?! Имено, целта на Каравангелис и на неговите соработници не била „борбата против османлиските власти", како што било наведено и во Уставот на *Амина*, туку „националната заштита"[44] на патријаршиските општини во османлиска Македонија, кои ги сметале за свои, грчки, општини. Така, главната задача на Каравангелис и на неговите соработници била да го спречи македонското патријаршиско население да партиципира во македонската револуционерна борба и да остане лојално на грчката/патријаршиската пропаганда.

Оттука, јасна била и интенцијата на И. Драгумис презентирана во цитираниот извештај. Неговата замисла била борба против дејствувањето на МРО, која претставувала и главниот соперник на „грчката борба" во османлиска Македонија.Тој, според информациите што ги добивал од костурскиот митрополит за дејноста на ренегатот Коте Христов од селото Руља, бил убеден дека единствено со чети формирани од месното поткупено македонско население, грчката пропагандна структура успешно ќе може да му се спротивстави на македонското револуционерно движење. Според него, таквите чети многу добро би го познавале теренот на кој би дејствувале, лесно би се засолнувале и би се снабдувале со храна и истовремено би можеле да се формираат или да серасформираат според потребите. Токму во периодот кога македонскиот етникум бил обединет околу платформата на МРО, која пропагирала автономија на Македонија, Драгумис сакал да предизвика раздор и поделеност кај населението. Тој се обидел и да ја прикаже етничка различност помеѓу македонското словенско население врз основа на црковната припадност. Затоа Македонците-патријаршисти ги прогласил за „Грци", додека Македонците-егзархисти за „Бугари", вклучувајќи ја тука и МРО, која ја третирал како орган на бугарската влада.

---

[43] Ист став имал и грчкиот конзул во Солун, Н. Евгенијадис. „Така, само со формирање чети од населението на православните македонски села [македонски патријаршиски села, б.н.] ќе успееме да им се спротивставиме на бугарските чети [се мисли на четите на МРО, б.н.]. Извештај на кралскиот грчки конзулат во Солун бр.3, 4 јануари 1904 година (ст. стил). Копија од документот поседува авторот.

[44] Јура Константинова, *Бъгари и Гърци в борба за османското наследство* (София: Фабер, 2014), 108.

Од друга страна, тој, исто така, ја потценил и силата на македонското револуционерно движење во предилинденскиот период,и тоа особено добро организираната четничка институција на МРО во костурската околија. Затоа присуството на каква било вооружена сила која не ги прифаќала Уставот и Програмата на МРО, и тоа особено оние паравоени формации кои биле формирани од соседните пропаганди структури, жестоко била прогонувана или уништувана од страна на четите на македонското револуционерно движење. Грчката пропагандна структура единствено можела да се надева на разбојничките елементи од месното македонско население или напоранешните четници-отпадници од редовите на внатрешната организација. Последниве најчесто биле изолирани во неколку села, каков што бил случајот со ренегатот Коте, принудувајќи го населението со терор и насилство на послушност.

Ј. Драгумис во писмото од 27 февруари 1903 година(ст. стил) му ги претставил на Мелас целите на МРО. Тој свесно согледувајќи ја ситуацијата,го констатирал следното: „Четите на Комитетот (МРО, б.н.)насекаде се присутни и немаат намера да ги послушаат Русите и Големите сили кои ги советуваат за мир. Дури сега работат поенергично од порано… тие не бараат Македонија да ја направат бугарска, туку сакаат автономна држава (Македонија на Македонците)“.[45] Драгумис во продолжение на писмото заклучува „дека е потребно заштита на православните села[46] и нивно просветување, затоа што голем број од нив стануваат привлечени“[47] од страна на револуционерното движење. Ако во претходното писмо од 6 февруари тој не се изјаснил од кого треба да се бранат костурските села, во ова писмо тој многу јасно упатува на „виновникот“. Исто така, овие отворени искази очигледно алудираат на неговата загриженоста поради губењето на патријаршиските приврзаници.Затоа тој уште еднаш се навратил да потенцира дека еден од начините за „заштита“ на самопрогласениот грчки елемент во Македонија ево формирањето на чети од месното население. Во врска со тоа го известуваи Мелас дека „околу Костур има една чета (се мисли на групата на Коте, б.н.) која ги штити нашите“,[48]за накрајот да потенцира дека доколку не успеат да формираат нови такви чети, нема да успеат во своитенамери, ниту,

[45] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 27.
[46] Села населени со Македонци-патријаршисти, кои Ј. Драгумис и грчката пропаганда машинерија ги претставувале како грчки.
[47] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 27.
[48] Се однесува на Македонци-патријаршисти.

пак, ќе може да опстане постојната чета на Коте, бидејќи од сите страни е опколена со четите на МРО.

Една од активностите на пропагандниот триаголник била набавувањетооружје за потребите на грчката пропаганда во османлиска Македонија. Во почетниот период (1900–1903), со паричните средства од Грција, оружјето најчесто се купувало во Македонија[49], и тоа од муслиманското население и преку определени шверцерски канали. Испраќањето на оружјето од Грција, според Мелас, било „невозможно…, моментално владата строго го има забрането“.[50] За ваквата ситуација во Грција, Мелас му сугерирал на Драгумис да го извести и Каравангелис. Меѓутоа, само еден месец подоцна, Драгумис со „изненадување“ ја примил одлуката на Владата во Атина да му „испрати 200 пушки на костурскиот [митрополит Каравангелис]“.[51] За разлика од податоците во извештајот на Драгумис, митрополитот во своитеспомени посочил бројка од 100 пушки, со доволен број куршуми и исто толкав број гуни (наметки). Во грчката држава, целата акцијаза снабдување на оружјето за потребите на грчката вооружена пропаганда ја координирал Мелас. Тој преку писмо го известил Каравангелис дека оружјето го испратил до Каламбака и дека митрополитот требало да ја добие испорачаната пратка преку неговите доверливи луѓе.[52] Ваквиот развој на настаните и делумната промена на политиката на Владата во Атина биле очекувани. Било одлучено да бидат преземени порадикални чекори, од една страна поради притисокот на националистичките кругови во Кралството Грција и во османлиска Македонија, а од друга, поради развојот на настаните и сè поизразеното губење на позициите на грчката пропаганда во османлиска Македонија.

Ј. Драгумис во едно од наредните писма испратени до Мелас му соопштува дека „нашата работа досега главно се состои од создавање чети во Костурско, издржување на Коте и придобивање на Грците (се мисли на патријаршиското население, б.н.), кои се овде (се мисли на Битола, б.н.) и во селата“.[53] Тој, исто така, се грижел и за распределување на финансиите што пристигале од Грција, а биле наменети за потребите на грчката пропаганда во југозападна

[49]Јон Драгумис го известил Павлос Мелас на 30 април 1903 година (ст. стил) дека во Македонија купувал пушки. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 91.

[50] Писмо од Павлос Мелас до Јон Драгумис, 29 март 1903 година (ст. стил). Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 67.

[51] Писмо од Јон Драгумис до Павлос Мелас, 30 април 1903 година (ст. стил). Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 91.

[52]Каравангелис, *Македонската борба,* 25.

[53] Писмото е со датум од 12 мај 1903 година (ст. стил). Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 27.

Македонија. Во Битола на почетокот паричните средства биле испраќани преку Министерството за надворешни работи на Кралството Грција, но поради честото доцнење, Драгумис му сугерирал на Мелас да ги испраќа лично, со препорачани писма. Финансиските средства биле давани месечно, а нивната големина зависела од потребите на грчката пропаганда во османлиска Македонија, но и од можностите на националистичките кругови во грчката држава да соберат парични средства од богатите „донатори“.[54] Откако парите ќе пристигнеле во Битола, Драгумис задржувал извесна сума за свои потреби, додека најголемиот дел ги препраќал кај костурскиот митрополит. Последниот паричните средства ги користел за купување оружје, за месечното исплаќање на Котевата чета, за поткупување разни разбојници и за други активности кои биле насочени против македонското словенско население и македонското револуционерно движење. Финансии биле предвидени и за убиства на високи раководители на МРО во Костурско.[55]

Како и да е, Каравангелис, Драгумис и Мелас во месеците пред почетокот на Илинденското востание (1903) биле ангажирани околу првичното организирано пристигнување на вооружени поединци и групи од Грција кои имале за цел да се борат против дејствувањето на МРО.[56] Различните погледи и пристапи на оваа „тројка“ околу начинот на организирањето на борбата против македонското револуционерно движење не претставувале поголема пречка во реализирањето на нивните националистички планови.[57] Дејствата преземени од „тројката“ имале значајно влијание врз идната организирана интервенција на грчката држава во османлиска Македонија, па затоа

[54]Од писмото на Павлос Мелас испратено до Јон Драгумис на 26 април 1903 година(ст. стил) се дознава дека за април месечната сума изнесувала 60 лири,сСо можност таа сума да се зголеми во наредните месеци. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 87.

[55]Во писмо до Германос Каравангелис од 8 мај 1903 година (ст. стил), Јон Драгумис го замолилкостурскиот митрополит да им даде 50 лири на одредени луѓе во Билишта кои требало да го убијат Васил Чакаларов. Во случај да не успеел атентатот врз Чакаларов, парите требало да се вратат кај Каравангелис. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 103.

[56]Се однесува на пристигнувањето на првата паравоена организирана формација од Кралството Грција во османлиска Македонија непосредно пред Илинденското востание (јуни-јули 1903), која дејствувала во делови од леринската и од костурската околија.

[57]Во својот дневник, Јон Драгумис на 12 август 1903 година (ст. стил) забележал: „Владиката сака акција која веднаш ќе донесе резултат за македонското прашање. Јас сакам работа што ќе ги подготви и ќе ги направи луѓето подобри и ангажман кој ќе има некакво влијание врз македонското прашање“. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 53.

може да се каже дека „Јон Драгумис, Германос Каравангелис“ и Павлос Мелас „биле предвесници на [грчката] македонска борба“.[58]

Заклучок

Во периодот по завршувањето на Грчко-турската војна од 1897 година, па сè до крајот на Илинденското востание (1903), карактеристичен бил дуализмот во грчката политика кон „македонското прашање“. Официјална Атина ги градела своите интереси во поглед на османлиска Македонија врз основа на добрососедските односи со Високата порта и можноста за извлекување корист за големогрчката идеја. Од друга страна, дел од претставниците на грчките националистичко-пропагандни институции во Османлиската Империја, согледувајќи го забрзаното губење на позициите на *елинизмот* во Македонијакако резултат на активноста на македонското националноослободително движење, се залагале за поагресивно дејствување на грчката пропаганда на теренот и започнување вооружена борба против МРО.

[58]Αποστολου Ε. Βακαλοπουλου, *Ο μακεδονικος αγωνας (1904-1908) ως κορυφαια φαση των αγωνων των Ελληνων για τη Μακεδονια*(Θεσσαλονικη: 1985), 29.

Dimitar LJOROVSKI VAMVAKOVSKI

THE GREEK POLICY TOWARD OTTOMAN MACEDONIA (1900–1903): PERIOD OF REORGANIZATION AND DUALISM

- s u m m a r y -

By the end of the nineteen and the beginning of the twentieth century, as a result of "good neighborhood" pro-ottoman policies, preferred by the Greek state after the war from 1897, Ottoman Macedonia had begun losing the positions of the Greek propaganda, which led to lesser ability of Greece to protect her own interests in the European parts of the Ottoman Empire. In this period, one of the main characteristics is the dualism in the Greek politics toward the Macedonian question. Official Athens and her interests toward Macedonia were based on good neighborhood relations toward the Supreme Port and realization of the Megali idea. From the other side, one part of the representatives of the Greek nationalistic and propagandistic institutions in the Ottoman empire, fearing from losing their influence, which resulted from the action of Macedonian liberation movement, were conspiring for more aggressive action of the Greek propaganda, and started an armed struggle against MRO.

Македонка МИТРОВА
Институт за национална историја – Скопје

УДК 355.216 (=163.41)
(497.7) “1903/1908“

СРПСКАТА ПАРАВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА (1903–1908)

Вовед

Српската држава, следејќи го примерот на Бугарија и на Грција, кои уште од крајот на XIX век дејствувале со вооружени чети во османлиска Македонија, се активирала на полето на вооружената пропаганда (и тоа особено по Илинденското востание од 1903 година). Српската влада енергично се зафатила со формирање, финансирање и со раководење со четничка паравоена формација, чијашто дејност била насочена во правец на остварување на завојувачките планови на Кралството Србија кон османлиска Македонија. Ова претставувало нов курс во српската надворешна политика кон османлиска Македонија, со кој требало, ако не целата територија, тогаш барем еден дел од неа да стане посед во трајно владеење на српската држава.

Покрај примерот на своите соперници во Македонија, дополнителни три значајни внатрешнополитички и надворешнополитички настани го канализирале Кралството Србија кон вооружената пропаганда: Мајскиот преврат, Илинденското востание и Мирцштешките реформи. Имено, на 29 мај 1903 година офицерите-заговорници извршиле државен и династички преврат во Кралството. Заедно со династијата Обреновиќ, од политичката сцена во Србија отпаднале и оние фактори кои дотогаш не го фаворизирале ориентирањето на српската пропаганда кон вооружен курс. На нивно место дошле нови политички фактори, кои започнале да го стимулираат развојот на овој процес. Меѓу нив, на прво место биле офицерите-заговорници, кои по превратот ги зазеле клучните позиции во армијата и станале силен политички фактор. Како војници по

вокација, нивната визија за националната и државната мисија на Кралството Србија на Балканот ѝ вдахнувала нов живот на политичката идеологија на Илија Гарашанин.[1] Со личното учество во раководството на Српската четничка организација (СЧО), офицерите-заговорници придонеле многу за развојот на вооружената пропаганда во османлиска Македонија и ја вклучиле во делот на приоритетните државната задачи на Кралството Србија.

Важна улога за развојот на српската вооружена пропаганда имало Илинденското востание од 1903 година во Македонија. Владејачките кругови во Белград се соочиле со опасната можност да се случи признавање на автономијата на Македонија. Со тоа тие би го загубиле сето она што дотогаш го имале освоено преку дејствувањето на просветно-црковната пропаганда. Најревносни приврзаници на ориентацијата кон вооруженият курс на српската пропаганда биле српските агенти во османлиска Македонија, и тоа од конзулите до учителите. Уште во почетокот на 1903 година, нивните извештаи биле полни со предлози за организирање на четничкото движење како единствена можност да бидат заштитени српските интереси во османлиска Македонија.[2]

Трет фактор за развој на српската вооружена пропаганда биле Мирцштешките реформи во османлиска Македонија. Идејата за иднатата промена на границите на административните области со оглед на групирањето на т.н. „различни националности“ во Македонија, содржана во членот 3 од реформската програма, дополнително ги потхранувала апетитите на српската влада. Белград во оваа идеја гледал проект за поделба на сфери на влијание во османлиска Македонија, што конвенирало со официјалната српска политика за поделба на целата област. За да си осигурат дел од реформските реони, владејачките кругови во Кралството Србија вложиле многу сили и средства во вооружената пропаганда, како поефикасна форма за дејствување во Македонија.[3]

---

[1] В. Вучковић, „Унутрашње кризе Србије и Први светски рат“*, Историски часопис*, 14-15 (Београд, 1963-1965*)*, 176.

[2] Љубен Лапе, *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија* (Скопје: Институт за национална историја, 1954), 135, 165, 196.

[3] Радослав Попов, *Австро-Унгария и реформите в Европейска Турция 1903-1908* (София: Българска академија на науките, 1974), 75.

1. Првата фаза во организацискиот развој на Српската паравоена организација (1903–1905

Деталната анализа на севкупната дејност на српската вооружена пропаганда во османлиска Македонија укажува на постоење на две фази во нејзиниот развој. Првата фаза се однесува на периодот од 1903 до 1905 година, во кој пропагандата од идеен проект преминува во процес на практична реализација. Оваа етапа се однесува на почетоците на организацискиот развој на Српската четничка организација во Кралството Србија. Втората фаза го опфаќа периодот од 1905 до 1908 година. Во неа се случува конечното дооформување на четничката организација и нејзиното структурно организирање како во српската држава така и во османлиска Македонија.

Почетоците на српската паравоена интервенција во османлиска Македонија можат да се следат уште од 1900 година. Меѓутоа, сè до крајот на 1904 година, вооружената пропаганда освен што успеала, и тоа дури по Илинденското востание, да уфрли неколку чети во Македонија, не постигнала некои позначајни резултати. Ова, впрочем, било и разбирливо зашто организацијата не била изградена, немала раководен кадар и, над сè, немала јасен план за работа. Поголема активност во османлиска Македонија српската вооружена пропаганда пројавила по востанието. Иницијативата за тоа ја дале веќе постојните раководни тела, какви што биле Главниот и Извршниот одбор.

Есента 1902 година во Белград бил основан Главниот одбор, како прв раководен орган на Српската четничка организација.[4]

[4] Драган Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, *Годишен зборник на Филозофски факултет*, кн.7/33, (Скопје, 1981), 40-41. Во составот на овој одбор влегувале: Милорад Гоцевац – општински лекар од Белград, Лука Человиќ – трговец, претседател на Управниот совет на трговско-лихварското здружение *Белградска задруга*, Васа Јовановиќ – адвокат и новинар, Живоин Рафајловиќ – активен пешадиски мајор, Никола Спасиќ – претставник на старо трговско семејство од Белград, член на Управниот совет на Народната банка, Љубомир Ковачевиќ – професор на Великата школа во Белград, поранешен министер. Види Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, 40-41; Христо Силянов, *Освободителни борби на Македония*, т. 2 (София: Държавна печатница, 1943), 277. Интересно е да се истакне дека овој одбор во прво време дејствувал под името „Белградска задруга“, а неговото седиште било во куќата на Лука Человиќ. Види Јован Хаџи-Васиљевић, *Четничка акција у Старој Србији и Маћедонији* (Београд, 1928), 18.

Пионерите на вооружената пропаганда произлегувале од тогашните влијателни граѓански и воени средини на српската елита. Со ваков состав, Главниот одбор на СЧО имал сериозно влијание меѓу трговските и банкарските кругови, националистички настроената интелигенција и меѓу армијата во Кралството Србија. Силниот политички кредибилитет на одборот се дополнувал со стабилната економска положба на неговите членови, така што освен со авторитет, тој бил осигуран и со материјални средства.[5]

Наскоро по формирањето на Главниот одбор, започнал процесот на регрутирање на четниците и нивно подготвување за испраќање во османлиска Македонија. Меѓутоа, уште во самиот почеток на работата, членовите на раководното тело се судриле со низа тешкотии. Во согласност со карактерот на дејноста што ја вршеле, членовите на овој одбор не биле во состојба непосредно да раководат со уфрлањето на вооружените чети преку границата со османлиската држава. Всушност, тие не сакале да бидат откриени како организатори на вакви акции насочени директно против суверенитетот на османлиската држава и со тоа да иницираат посериозни меѓународни последици врз и онака разнишаниот углед на Кралството Србија во летото 1903 година.[6] Поради овие причини, пред раководниот орган се наметнало прашањето за формирање уште едно раководно тело. За таа цел, во текот на месец август 1903 година, во Врање бил формиран нов четнички одбор, именуван како Извршен одбор.

Но, по извесно време од формирањето на Извршниот одбор, се наметнала потребата од создавање исти такви одбори и по должината на линијата Белград –Врање сè до српско-османлиската граница. За таа цел, по извесно време биле формирани вакви пододбори во Лесковац и во Ниш.[7]

Откако биле формирани главните тела и двата пододбори во Лесковац и во Ниш, српската вооружена пропаганда ја засилила

---

[5] За пример може да послужи фактот дека само Лука Человиќ, во чијшто дом биле одржувани состаноците, годишно давал по 40 000 до 50 000 динари, што е значителна сума за тоа време. Види: Силянов, *Освободителни борби на Македония*, 277.

[6] Со мајскиот преврат во Кралството Србија насилно била сменета династијата Обреновиќ и на нејзино место дошол Петар Караѓорѓевиќ. Поради ваквиот чин, Кралството Србија се нашло во меѓународна изолација. Големите сили не ја признале веднаш промената на династијата. Колку за пример ќе споменеме дека Велика Британија дури во 1906 година ја признала династичката промена и воспоставила нормални дипломатски односи со Кралството Србија.

[7] Живоин Рафајловиќ, „Наша Прва чета“, *Јужни преглед*, V/6-7, јуни-јули (Београд, 1930), 265; За ова види и Јован М. Јовановиќ, *Јужна Србија од краја XVII века до ослобођења* (Београд: Геца Кон А.Д., без год.), 159.

својата дејност во османлиска Македонија. За тоа недвосмислено говори и фактот дека веќе во текот на 1904 година биле подготвени и испратени неколку чети во османлиска Македонија. Меѓутоа, уште од самиот почеток организаторите се судриле и со низа тешкотии, различни по својот карактер. Во прв ред тие тешкотии ги чувствувале четите како оперативни единици: ненавременото снабдување со оружје, муниција, облека, храна, санитетски материјали, пари, а, над сè, непостоењето на сигурни бази за престој на теренот. Ова биле сериозни пречки со кои се судриле раководните органи на паравоениот пропаганден механизам. Решавањето на овие проблеми било тесно поврзано со формирањето нови помошни тела – пододбори, кои требало да се грижат за сето она што било неопходно во процесот на одвивање на активноста на паравоените оперативните единици – четите.[8] Чувствувајќи ја потребата од такви тела, постојните тела на СЧО пристапиле кон нивно формирање. Како што се гледа од едно писмо на Главниот, наречен уште и Централен, одбор од 26 мај 1906 година (ст. стил), испратено (под Пов. бр. 323) до Извршниот одбор во Врање, освен веќе постојните (во Лесковац и во Ниш), СЧО формирала пододбори и во Пирот, Крагуевац, Ќуприја, Параќин, Пожаревац, Велика Градишка, Лозница и во Шабац.[9]

Во првата фаза од својот развој, СЧО при крајот на 1903 година започнала да ја создава својата структура и во османлиска Македонија. Ова бил нов, особено важен момент во организацискиот развиток на српската вооружена пропаганда. Откако извршиле анализа на дотогашната дејност, раководителите на вооружената пропаганда дошле до следниот заклучок: колку и да се ангажираат во Кралството, нема да имаат основа да очекуваат реални успеси ако не располагаат со сопствена организациска структура во внатрешноста на османлиска Македонија. До ваква констатација логично ги довел обидот на паравоените чети што дотогаш биле испратени во османлиска Македонија да дејствуваат, и тоа без канали, без водичи, но главно без организација. Оттука, на самиот терен, или четниците преминувале на страната на Македонската револуционерна организација (од 1896-та ТМОРО, од 1905-та ВМОРО), или, пак, разбиени се враќале во Кралството Србија. Така, бугарскиот историограф Светозар Елдаров, во својата книга констатира: „Лишена од народносна база, Српската

[8] Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, 42.

[9] Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, 43; С. Краков, *Пламен четништва* (Београд, 1930), 89.

четничка организација во Македонија била градена врз основа на органите на училишно-црковната пропаганда и од нејзините членови: конзули, учители, училишни инспектори, свештеници и други платени агенти. Во својата дејност таа била помагана од специјални емисари, т.е. воени лица, испраќани од Кралството Србија. Поставувањето на структурата на Српската четничка организација во османлиска Македонија започнала по Илинденското востание, замаскирано со дејноста на српските добротворни друштва за распределување на помошта на настраданото население".[10]

До крајот на 1904 година во Битолскиот вилает биле создадени четири одбори на Српската четничка организација. Првиот бил основан во Битола на чело со Алекса Јовановиќ, српски учител во градот, и членовите Панта Гавриловиќ, вицеконзул, Саватие Милошевиќ, службеник во конзулството, и Јован Кирковиќ, училиштен инспектор и секретар на велешко-дебарскиот митрополит.[11] Битолскиот одбор започнал да ги организира и другите пододбори во преостанатите центри на српската пропаганда во вилаетот. Како покритие била користена мисијата на Милица Добриќ и Надежда Петровиќ, претседателката и секретарката на *Коло српских сестара*, коишто во втората половина на 1903 година презеле пропагандно-добротворна обиколка во некои реони на Македонија. Во Кичевската каза, двете активистки на женското здружение, во придружба на Ј. Кирковиќ, имале за задача да му поделат 4000 динари на настраданото население. Со оваа сума Ј. Ќирковиќ успеал да создаде два пододбора именувани како „добротворни", а, во суштина, единици на СЧО: еден во Кичево, чиј претседател бил училишниот управител Лазар Кујунѓиќ, а вториот во Самоков, нахискиот центар на Порече, на чие чело застанал училишниот управител Марко Цериќ.[12] Четвртиот пододбор во Битолскиот вилает бил организиран во ноември 1903 година во Крушево, и тоа од страна на битолскиот српски конзул

[10] Светлозар Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, (София: Военноиздателски комплекс „Св. Георги Победоносец", 1993), 75.

[11] Алекса Јовановић, „Четнички покрет у Јужној Србији под Турцима", *Споменица двадесетпетогодишнице ослобођења Јужне Србије 1912-1937* (Скопље, 1937), 273, 275, 278-280.

[12] Љубен Лапе, „Добротворната акција на српската сликарка Надежда Петровиќ во Кичевско и Пореч 1903 година", *Историја*, 1, (Скопје, 1967), 88-93; Лапе, *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија*, 357.

Љубомир Михајловиќ и со посредништво на училишниот управител Алекса Грдановиќ, кој станал и претседател на пододборот.[13]

Четири одбори на СЧО биле создадени и во Косовскиот (Скопскиот) вилает. Центарот на оваа област било Скопје, седиштето на вилаетот и на српското конзулство. Кон крајот на 1903 година бил организиран одбор на СЧО од директорот на српската гимназија во градот, Светозар Томиќ, потпомогнат од агентот на српската пропаганда Милан Манчиќ. До средината на 1904 година, во Скопскиот одбор се вклучиле и српскиот свештеник Стефан Димитриевиќ и учителите од српската гимназија Петар Косовиќ и Богдан Раденковиќ.[14] Покрај овој во Скопје, кој бил именуван како централен, во Прешевската каза бил создаден реонски одбор, чиешто седиште било префрлено во патријаршискиот манастир Св. Прохор Пчињски, кој станал база за дејствувањето на кумановските српски паравоени чети.[15] Другите два пододбори на СЧО во вилаетот биле создадени во Велес, кој бил предводен од директорот на српската гимназија Давид Димитриевиќ, и во Куманово, од свештеникот Ташко Петровиќ и учителот Лазар Бошковиќ.[16]

Со ваква структура и ваков личен состав, СЧО и во двете свои филијали, и во османлиска Македонија и во Кралството Србија, се развивала сè до средината на 1904 година. Но формирањето, ширењето на организацискиот апарат и неговата активна дејност не можеле долго време да останат сокриени од пошироката јавност. Првиот потрес следувал по ширењето на веста за разбиената српска кумановска чета на 12 мај 1904 година (ст. стил). Оваа чета во судир со османлиската војска била разбиена, а на меѓународен план овој настан бил замаскиран со неколку вешти маневри од страната на српската влада.[17] Имено, тогашниот раководител на Главниот одбор во Белград,

---

[13] Лапе, *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија*, 338, 342-344.

[14] Краков, *Пламен четништва,* 98.

[15] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912) ,* 75.

[16] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 75.

[17] *Документи о спољној политици краљевине Србије 1903-1914*, књ. I, св. 2, САНУ, (Београд: Српска академија науке и уметности, 1998), док. 207, док. 208; 364. Српскиот конзул во Скопје, Михајло Ристиќ, во извештајот испратен до Белград го коментира настанот како предавство и го моли Министерството за надворешни работи да ѝ застане на патотот на ваквата авантура затоа што тоа му пречи на српското дело во Македонија; Според сеќавањата на С. Симиќ, била разбиена четата на српскиот четнички војвода Анѓелко Алексиќ кај селото Четирце, која броела дваесет и четири четници. Види Стеван Симић, *Српска револуционерна организација (комитско четовање у Старој Србији и Македонији 1903-1912)*, (Београд: И. П. „Душка“, 1998), 96.

генералот Јован Атанацковиќ, бил „деградиран“ со изземање од должноста аѓутант на кралот и началник на канцеларијата на кралските ордени, а организацијата раководена од него била именувана како „добротворно друштво“.[18] Ваквата етикета, залепена набрзина на СЧО, се покажала како премногу прозирна за да може да ја прикрие вистинската суштина. Само два месеци подоцна пратениците на Русија и на Австро-Унгарија во Белград испратиле индентични ноти до српската влада. Со нив, тие го опоменувале Кралството Србија дека ако не ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи испраќањето на паравоените чети во Македонија, ќе биде одговорно за евентуалните меѓународни последици.[19] Разбивањето на српската чета од страна на османлиската војска и реакциите на големите сили ја претставуваат, всушност, границата на преминувањето од првата во втора фаза на дејствување на српската паравоена интервенција во османлиска Македонија.

Всушност, дотогашното искуство на одговорните фактори во Белград им покажало дека само контролата врз СЧО од страна на владата не е доволна. За нејзиното беспрекорно и главно конспиративно функционирање било неопходно таа да го преземе директното раководење со четничката организација. „Стратегиската цел на српската вооружена пропаганда: создавањето ’српско население‘ во Македонија или барем впечаток дека таквото навистина постои – претпоставува строго создавање конспиративност на организацискатa структура во Кралството и, напоредно со ова, целосна гласност за постоењето на организацијата надвор од него“.[20] Значи, сето ова укажува дека постоел паралелизам во дејноста на српската вооружена пропаганда. Центарот бил престолнината на Кралството Србија, а главната експозитура требало да биде во Македонија.

До крајот на 1904 година СЧО во Кралството Србија било добро раширено и нејзината мрежа од одбори, пододбори и помошни организации како *Коло српских сестара* или *Српска браћа* ја опфатиле целата територија на земјата. Главниот одбор во Белград и неговите единици се занимавале со врбување и испраќање чети, собирање пари, складирање оружје и други активности. Но многу често тие се дуплирале во работата и во ингеренциите. „Ваквиот растеж по хоризонтала не бил добар не само поради технички причини, туку влегувал во противречност и со стратегиската цел на вооружената пропаганда. Сето ова ја предизвикало неопходната промена по

[18] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 76.
[19] *Документи о спољној политици краљевине Србије 1903-1913*, док. 323, 546.
[20] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)* , 77.

вертикала, којашто требало да ја усоврши структурата на СЧО во насока на полна централизација и конспиративност и главно да гарантира контрола и раководење од страна на српската влада“.[21]

За проблемите на идниот развој на СЧО се дискутирало на состанокот одржан кон крајот на октомври 1904 година, кој бил свикан од страна на министерот за надворешни работи, Никола Пашиќ. На него присуствувале српските конзули од османлиска Македонија и српскиот претставник во Софија, Светислав Симиќ. Раководителите и извршителите на српската политика оцениле дека Главниот одбор под претседателство на генералот Ј. Атанацковиќ станал претерано транспарентен во јавноста и, следствено, веќе бил искомпромитиран. Самиот Ј. Атанацковиќ бил окарактеризиран како „крајно своеглав човек“. Освен тоа, основната стратегија на српската политика била „да се слушне гласот на српскиот народ во Македонија“. Меѓутоа, ова било невозможно да се изведе преку Главниот одбор во Белград предводен од генералот. Врз основа на сите овие аргументи, на овој состанок на српските дипломати било одлучено да се распушти Главниот одбор на СЧО и раководството на вооружената пропаганда директно да премине во рацете на Министерството за надворешни работи, во чиишто рамки ќе се создаде нов раководен орган под името Врховен одбор.[22] Ова, всушност, го означува преминот во втората фаза на дејствување на српската вооружена пропаганда во Македонија, во којашто СЧО и официјално станува државен орган.

2. Втората фаза во организацискиот развој на Српската паравоена организација (1905–1908)

Втората фаза од развојот на оваа паравоена организација ја карактеризира конечното дооформување на структурната поставеност на четничката организација во Кралството Србија, а паралелно со тоа и во османлиска Македонија. Практичното изведување на промената било извршено на 21 јуни 1905 година (ст. стил). Врховниот одбор, за којшто било надлежно Министерството за надворешни работи, донел решение, според кое, организирањето и испраќањето на четите било изземено од сите дотогашни одбори и пододбори и преминало во рацете на новосоздадениот Централен одбор со седиште во Белград. Старите одбори и пододбори и понатаму продолжиле да постојат, но само како помошни органи и со ингеренции исклучително за собирање пари и материјали. Во системот на СЧО останал единствено да

[21] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 77.
[22] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 78.

функционира Врањскиот одбор, од кој се создале два нови органи: Пословен и Извршен одбор.[23] Решението од 21 јуни 1905 година (ст. стил) точно го утврдило местото на Врховниот, Централниот, Пословниот и на Извршниот одбор во структурата на СЧО, определувајќи им го членскиот состав и строго дефинирајќи ги границите на нивните компетенции. Меѓутоа, во ингеренциите се појавило и двојство во работата на Пословниот и на Извршниот одбор, чиишто функции донекаде се дуплирале. Затоа со специјална наредба на Врховниот одбор од 17 декември 1905 година (ст. стил), двата последни одбори биле распуштени и на нивното место бил формиран само еден – Извршниот одбор. Две години подоцна, и Централниот одбор прекинал со својата дејност, така што од 1907 година СЧО дејствува со сосема упростена структура: со Врховен одбор во Белград и Извршен одбор во Врање.[24]

Паралелно со организациската мрежа на СЧО во Кралството Србија, била создавана и нејзината филијала во османлиска Македонија. Поради специфичните услови во Македонија, организациската структура на СЧО била различна од таа во Кралството Србија. Врз основа на мрежата од одбори, создадени во текот на 1903–1904 година, била формирана една базична илегална четничка организација, која својата завршна форма ја добила со Правилникот од 1905 година.

Овој документ, официјално именуван како *Правила на тајното друштво Српска одбрана*, содржи 34 члена групирани во 11 дела, кои ја отсликуваат новата, втора фаза во развојот на организацијата на вооруженатa пропаганда во османлиска Македонија.[25] Ваквото именување на СЧО во Македонија било дел од стратегијата на српската политика, која по секоја цена се стремела да ја разграничи организацијата во српската држава од нејзината филијала во османлиска Македонија. Имено, ова било направено со конкретна политичка цел: СЧО во Македонија да биде презентирана како автохтона појава, и покрај тоа што и двете структури претставувале делови од една иста организација и биле создадени од еден ист центар – Министерството за надворешни работи во Белград.

---

[23] Глигор Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, *Гласник*, XII/1 (Скопје: Институт за национална историја, 1968), 182-183.

[24] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 187.

[25] Јовановић, *Јужна Србија од краја XVII века до ослобођења*, 160-164; Данчо Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, т. I (Скопје: Архив на Македонија, 1977), 74-78.

Целта на четничката организација Српска одбрана била да го штити српството во Стара Србија и Македонија со истите средства со кои „се служел непријателот“ (член 2).[26] Имено, ова требало да го реализира преку прогонување на сите „бугарски и бугарофилски чети“ и со најстрого казнување на сите оние што им помагале. За Српска одбрана биле „Бугари“ сите оние што се бореле против власта на султанот во Македонија (член 18).[27] Целите на Српска одбрана биле идентични со задачите на грчката паравоена организација Македонска борба, а тоа било борба против македонското револуционерно движење, но не и борба против османлиските државни органи.[28] Српските чети „не треба да напаѓаат војници, жандари и османлиски чиновници“, стои во член 17 во Правилникот на четничката организација.[29]

Иако целта на организацијата била да ги ослободи „Србите“ од османлиското ропство, таа ги задолжила своите „револуционери“ да избегнуваат судир со османлиската војска. Тие требало:

1. да се борат против „бугарските чети“ кои претставувале главни непријатели на српските историски права во Македонија;

2. да ги придобијат за српската кауза сите села врбувани од бугарската пропаганда преку истакнување на големината и иднината на српската нација;

3. да се залагаат за тоа потиснувачите на народот да бидат уништувани и на иста казна да бидат ставени и „Бугарите“, кои не биле наклонети кон српската кауза...[30]

На чело на организацијата во Македонија постоеле два одбора, еден во Скопје, а другиот бил во Битола (член 5).[31] Под нив биле поставени пододборите, кои се наоѓале обично, но не и задолжително, во центрите на казите (член 6).[32] Пододбори на СЧО биле формирани во Куманово, Велес, Дебар, Охрид, Прилеп, Кичево, Пореч, Дримкол

---

[26] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*,74.

[27] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*,78.

[28] *Историја на македонскиот народ*, кн. 3 (Скопје: Институт за национална историја, 2003), 376.

[29] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 76.

[30] *Историја на македонскиот народ*, 376.

[31] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 74.

[32] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

и во Крушево.[33] Последните органи во хиерархијата биле месните, односно селските одбори.

Според Правилникот, механизмот на функционирањето на СЧО бил следниот: Скопскиот одбор ги раководел пододборите и месните одбори во Источното Повардарје, а Битолскиот во Западното. Одборите издавале упатства и наредби за кои биле задолжени пониските органи, како што стои во членот 9 од Правилникот.[34] Пододборите биле должни да се во постојана врска со соодветниот одбор и да ги спроведуваат наредбите до месните одбори во својот реон (член 10).[35] Правилата им одредувале големи задолженија на месните одбори, како, на пример, сите жители на населеното место да ги придобијат како членови на организацијата, да собираат доброволни прилози, да ги исполнуваат сите наредби од соодветниот пододбор (член 11).[36] Сепак, ваквата замислена организациска поставеност останала само запишана на хартија, затоа што во реалноста месните одбори играле незначителна улога во структурата и дејноста на СЧО во Македонија. Со исклучок на српските патријаршиски села во Пореч и неколкуте села во другите реони, наследени од училишно-црковната пропаганда, Српска одбрана до крајот останала организација само на српските учители, училишни инспектори и свештеници, т.е. на платените српски агенти во османлиска Македонија.

Правилата на Српска одбрана биле добро редактирани и мошне опширни, меѓутоа ниту во еден од 34-те члена не било прецизирано ниту, пак, кажано кој, всушност, раководи со Организацијата. На ова се надоврзуваат и се наметнуваат неколку последователни прашања: зошто не биле датирани Правилата, од кого биле напишани и каде? Позната е само годината, но не и местото и датумот. Во извештајот на бугарското трговско агенство во Скопје од 16 април 1905 година (ст. стил) којшто се однесува на дејствувањето на српската чета во селото Јачинце, Кумановска каза, се спомнува писмо упатено до „српскиот војвода“ Павле Јачински. Писмото било

---

[33] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 186.

[34] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

[35] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

[36] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

придружено со „устав на српскиот комитет, составен од 34 члена“.[37] Овој податок нè упатува на заклучокот дека Правилата биле напишани во првото тримесечје од 1905 година, и тоа на територијата на Кралството, а потоа почнале да се дистрибуираат на целиот раководен кадар на СЧО во Македонија.

И по формата и по содржината, овој документ имал повеќе репрезентативен отколку вистински правилнички карактер. Неговата намена била да служи повеќе за пропагандна агитација меѓу македонското население и пред надворешниот свет отколку да претставува основа за градење и дејствување на СЧО во османлиска Македонија. Вистинските документи што ја определувале и ја канализирале нејзината активност биле инструкциите и наредбите на Министерството за надворешни работи во Белград и на српските конзулства во османлиска Македонија. Околноста што во Скопје и во Битола се наоѓале највисоките органи на Српска одбрана не била воопшто случајна. Преку нив српските конзулства во двата града раководеле со системот од одбори и пододбори во османлиска Македонија и ги испраќале неопходните инструкции и средства. Од јануари 1908 година сите одбори на СЧО во Битолскиот и во Скопскиот вилает преминале под надлежност само на Скопскиот генерален конзулат. Всушност, интенцијата била да се постигне „единство во службата и акцијата и системот што мора да се има во оваа работа“.[38]

Организацијата не претставувала единствен структурен елемент на српската паравоена интервенција во османлиска Македонија. За да ја реализира својата поставена цел, ѝ биле потребни и специјални инструменти на насилство, т.е. паравоените чети. Бидејќи била лишена од својата српска народносна база во Македонија, СЧО била принудена да го потчинува населението само со помош на вооружена сила. Ваквите околности им наметнале на нејзините раководители целото свое внимание да го посветат на создавањето воена четничка институција.

---

[37] Величко Георгиев, Стайко Трифонов, *Гръцката и сръбската пропаганди в Македония (краят на XIX - началото на XX век)*, (София: Македонски научен институт, 1995), док. 59, 351. Вилаетските власти го превеле документот на османлиски, а странските дипломати во Скопје направиле превод од османлиската копија и затоа во многубројните преводи и преписи се појавува различното именување на документот. Некои го именуваат како Правилник, а другите како Устав. Имено, според содржината на самиот документ, тој би можел да ги исполнува и двете функции.

[38] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 188.

До крајот на 1904 година четничката организација на српската вооружена пропаганда претставувала еден систем од чети и секоја од нив дејствувала во определен регион во османлиска Македонија. Задолженијата на четите биле определени од *Правилникот на српските чети*, изработен, најверојатно, во почетокот на 1904 година.[39] Од 1905 година четничката институција на вооружената пропаганда навлегла во повисок стадиум од својот развој, т.е. во втората фаза, отсликана во *Правилата на тајното друштво Српска одбрана*. Една третина од 34-те члена се однесувале на организациската поставеност на четничката институција. Во однос на претходниот период (првата фаза), можат да се забележат два нови моменти: создавање на т.н. Горски штаб и конечно формулирање на „српската селска полиција". Создавањето на Горскиот штаб следувало поради зголемениот број на четите.

Во втората фаза, во текот на 1905 година, територијата на османлиска Македонија била поделена на две области по течението на реката Вардар, секоја со свој одделен горски штаб – ГШ за Источното и ГШ за Западното Повардарје.[40] Составот на горските штабови бил пополнуван исклучиво со офицери на српската армија. Во периодот од 1905 до 1908 година началници на ГШ за Западното Повардарје биле офицерите од резервниот состав на српската армија: Сретен Рајковиќ, Панта Радосављевиќ, Никола Јовановиќ, Ѓорѓе Џамбасановиќ и Сава Петровиќ. Во вториот штаб на истата должност биле: Аксентие Бацета–Рујанац, Воин Поповиќ, Алимпие Марјановиќ и други.[41]

Имено, регрутирањето, вооружувањето, обуката и преостанатото поврзано со формирањето на српските чети било извршувано од филијалата на СЧО во Кралството Србија.[42] Така, првиот дел од процедурата што кандидатите-четници морале да го направат било поднесувањето молба до Централниот одбор на Српската четничка организација во Белград. По нејзиното разгледување и одобрување,

[39] Силянов, *Освободителни борби на Македония*, 305; Зографски, *Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија* (Скопје: Институт за национална историја, 1955), 210.

[40] Јовановиђ, „Четнички покрет у Јужној Србији под Турцима", 288-289; Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија", 188; Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година", 60-61.

[41] Јовановиђ, „Четнички покрет у Јужној Србији под Турцима", 288, 289, 293, 297; Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија", 188-189.

[42] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија", 189-190.

истата била испраќана до Пословниот одбор во Врање, од каде што била дистрибуирана до Извршниот одбор. Избраните кандидати пред евангелието, камата и револверот давале заклетва дека би го дале животот за „ослободување и обединување на браќата Срби со мајка Србија“. Новопримените четници не заминувале веднаш во Македонија. На почетокот, задолжително го поминувале курсот по воена обука воден од офицерите на српската армија. По обуката, четниците преминувале во привремени одделенија, коишто служеле како резерва, сè до нивното префрлање во османлиска Македонија. Од нив подоцна се пополнувал составот на старите или се формирале нови чети. За испраќањето на секоја чета во османлиска Македонија бил информиран одборот на СЧО во Скопје. Тој бил должен преку пододборите и месните одбори да стапи во врска со четата и по востановените канали да ѝ испраќа еднаш во неделата парични средства за издршка.[43]

Српските четници и војводи без материјален надомест не служеле во СЧО. Тие добивале месечни плати. Имено, за војводите, месечните плати варирале од 100 до 150 динари, а за четниците од 20 до 60 динари. Од друга страна, и болните и ранетите четници биле лекувани на сметка на СЧО. Централниот одбор на СЧО пред пратениците во Собранието во Белград се залагал да издејствува и постојани пензии за српските четници. Српските офицери, подофицери и војници, учесници во различни структури на четничката организација, од воениот министер добивале „задгранична теренска служба“, а нивната активност во османлиска Македонија се сметала како служба во армијата.[44]

Во втората фаза, во периодот 1905–1908 година, СЧО веќе без никаква дилема претставува специјализиран државен орган кој ја спроведува политиката на Кралството Србија кон османлиска Македонија.

Заклучок

Проследувајќи го формирањето, организацискиот развиток во двете фази на СЧО, како во Кралството Србија така и во османлиска Македонија, констатираме дека СЧО не претставувала ништо друго освен терористичка организација, т.е. паравоена формација на српската држава која дејствувала на македонска територија со

[43] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 186.

[44] ЦДАИ, ф. 176, оп. 1, а.е. 2494, л. 33 преземено од Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 91.

единствена цел: завладување нови територии. „Поимот паравоена формација означува воена структура која е организирана како напоредна воена формација на регуларната армија на одредена држава, или на одделни нејзини партии на власт, или на организации блиски до власта. Нејзината цел е преку субверзивната активност да подготвува терен за завладување на одделни територии“. [45] Сите овие атрибути ја сочинуваат суштината на функционирањето на Српската четничка организација на македонската територија. За определувањето на ваквата улога на СЧО во османлиска Македонија говорат и следниве аргументи: организацијата била под директна контрола на Министерството за надворешни работи на Кралството Србија; била финансирана од државниот буџет на Кралството Србија; во раководството на организацијата во османлиска Македонија влегувале исклучиво српските воени лица и српските агенти; четниците во Македонија работеле исклучиво за пари; основната методологија на работата на четите било заплашувањето и насилството, односно теророт врз месното население. Конспиративноста во работењето на организацијата во матичната филијала во Кралството Србија и паралелно со ова целосната артикулација на постоењето на истата во Македонија укажува на единствено нешто, имено дека Српската четничка организација во османлиска Македонија била паравоена формација на српската држава.

Уште еден неспорен факт што зборува во прилог на ваквиот заклучок е динстинкцијата помеѓу целите на Српска одбрана и Македонската револуционерна организација во борбата против османлиската власт. Ако МРО во членот 3 од својот Устав ја апострофира „борбата против османлиската власт“,[46] Српска одбрана во членот 17 од својот Правилник потенцира: „...српските чети не треба да напаѓаат војници, жандари и османлиски чиновници“.[47]

---

[45] Марија Пандевска, *Струмички револуционерен округ (1893-1903)*, (Скопје: Институт за национална историја, 2002), 320.

[46] Манол Пандевски, *Програмски и статутарни документи на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација (1904-1908)*, (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1998), 33.

[47] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 76.

Makedonka MITROVA

THE SERBIAN PARAMILITARY ORGANISATION IN THE OTTOMAN MACEDONIA (1903–1908)

- s u m m a r y -

The detailed analysis of the overall activities of the Serbian military propaganda in Macedonia points at the existence of two phases in its development. The first phase refers to the period between 1903 and 1905, during which, the propaganda develops from an ideological project into a process of practical realisation. This phase refers to the beginnings of the organisational development of the Serbian Chetnik Organisation (SCO) in the Kingdom of Serbia and its spreading to Ottoman Macedonia. The second phase covers the period between 1905 and 1908. During that period the Chetnik organisation and its structural organising is rounded up both in the Kingdom of Serbia and in Macedonia. If we look at the foundation and the organisational development of the two phases of the SCO, both in the Kingdom of Serbia and in Ottoman Macedonia, we come up with the single conclusion that SCO is nothing more but a terrorist organisation i.e. paramilitary formation of the Serbian state that operates on the Macedonian territory with a single objective: conquering new territories.

Ирена АВИРОВИЌ
Институт за национална историја – Скопје

УДК 314.25-026.49
(73:=163.3) “1918/1944“

РЕГИСТРИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ВО МЕЃУВОЕНИОТ ПЕРИОД: ИДЕНТИТЕТСКА РАСПРАВА

Во периодот од 1880 до 1920 година во САД пристигнале 37 милиони имигранти. Мнозинството имале потекло од јужна и од источна Европа, биле православни христијани, католици и Евреи од Русија, Австрија, Унгарија, Полска, Балканскиот Полуостров и од балтичките држави. Покрај овие доселеници, имало и голем број кои доаѓале од Германија, Ирска, Холандија, Скандинавија. Во најмал број биле доселениците од Ерменија, Либан, Сирија, Шпанија, Португалија, Јапонија, Кореја, Карибите и од западните покраини на Индија.[1]

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век доселениците од јужна и од источна Европа (т.н. нови имигранти) за првпат ги надминале по бројност старите доселеници (Англичани, Шкоти, Ирци, Холанѓани, Германци, Швеѓани, Французи и Мексиканци), и тоа поточно во 1896 година, а нивната доминација по бројност траела до дваесеттите години од минатиот век,[2] кога, впрочем, бил воведен американскиот систем на квоти. Заедно со Словените од југоисточна Европа, во групата нови имигранти спаѓале и Италијанците, Грците и Евреите. [3]

---

[1] K. Lee Lerner, Brenda Wilmoth Lerner, Adrienne Wilmoth Lerner (eds.), *Immigration and Multiculturalism: Essential Primary Sources* (USA: Thomson, Gale, 2006), 108-109.
[2] Lerner et al.,, *Immigration and Multiculturalism: Essential Primary Sources*, 52.
[3] Lerner et al.,, *Immigration and Multiculturalism: Essential Primary Sources*, 61.

САД е држава создадена од иселеници. Во 1800 година населението во САД броело 5,3 милиони жители, додека, пак, во 1905 година веќе имало достигнато бројка од 105,7 милиони луѓе.[4] Уште на почетокот од формирањето на американската држава се поставил принципот на „американизација“ на населението, односно на новодојдените емигранти, кој потоа го создава системот познат како *казан за претопување*[5] (Melting pot).[6]

Иселувањето на македонскиот народ во прекуокеанските земји започнало кон крајот на XIX век и продолжило во текот на XX век, како дел од поголемиот бран нови миграции од земјите на јужна и на источна Европа. Во првите децении македонската прекуокеанска емиграција била ориентирана кон северноамериканскиот континент, односно кон САД и Канада, а по воведувањето на системот на квоти во САД во дваесеттите години од XX век, таа се пренасочила кон Австралија.

Дека Македонија е традиционално емиграциско подрачје, потврдуваат речиси сите автори кои пишувале за оваа проблематика. Преселничките движења на Македонците во прекуокеанските земји се јавиле кон средината на XIX век и се изразиле во вид на печалбарство. Се смета дека првата група печалбари пристигнала на северно-американскиот континент во 1885 година, а, пак, во Австралија во дваесеттите години од минатиот век, поточно во 1924 година. Сепак, имало поединци кои заминале со други печалбарски групи и претходно. Традиционални иселенички краишта биле Леринско, Битолско, Преспанско, Костурско, Воденско, Тетовско, Охридско, Солунско, Струшко, Прилепско;[7] 60% од македонските иселеници потекнувале од егејскиот дел на Македонија во Грција и од горенаведените региони кои ги потврдуваат македонските автори.[8]

---

[4] Potts Lynda, *The world labour market*, (London: Zed Books, 1990) цитирано според Robin Cohen, *Migration and its Enemies: Global Capital, Migrant Labour and the Nation-State* (Ashgate Pub Co: 2006), 42. Достапно на www.ashgate.com (9.6.2013).

[5] ’Казан за претопување‘ е буквалниот превод на *Melting pot*, термин чие преносно значење е
’мешавина од раси‘.

[6] Cohen, *Migration and its Enemies: Global Capital, Migrant Labour and the Nation-State*, 6.

[7] Славе Николовски – Катин, *Македонски иселенички паноптикум* (Битола: Друштво на наука и уметност, 1996), 11.

[8] Проф. д-р Александар Трајановски ги дополнува Кукушко и Мегленско. Види: Александар Трајановски, „Основањето на македонски храмови и црковни општини во дијаспората од почетокот на 20 век“, во *Прв меѓународен научен собир „Иселеништвото од Македонија од појавата до денес“, Крушево 3-5 август 2000 година* (Скопје: Агенција за иселеништво на Република Македонија, 2001), 409.

Иселувањето на етничките Македонци продолжило во првите години од XX век, а најголеми бранови на емиграција се забележани по Илинденското востание во 1903 година. Најинтензивно било иселувањето по Балканските војни (1912–1913) и Првата светска војна (1914–1918), како и по поделбата на Македонија (1913) меѓу трите соседни држави Србија, Грција и Бугарија, како резултат на Букурешкиот мировен договор.[9]

Македонија и Тракија биле најкомплексните етнолингвистички територии кои останале во рамките на Отоманската Империја по Берлинскиот договор од 1878 година. Географска Македонија се протегала на простор од 65 000 км², од Шар Планина на север до планината Олимп и Егејското Море на југ, од Охридското Езеро на запад до Родопските Планини на исток. Во склоп на оваа територија, етнолингвистичкото население на почетокот на XX век го сочинувале Турци, Бугари, Грци, Срби, македонски Словени, Албанци, Власи, Евреи и Роми.[10] Токму поради оваа мешавина од култури, религии и традиции, во романските јазици Македонија била наречена „овошна салата“[11], додека, пак, идентитетот на нејзиниот народ кон крајот на XIX век бил покомплициран од оној во Албанија, поконфузен од оној во Босна.[12] Со оглед на тоа што Македонија била меѓу најсложените мултиетнички региони во Европа, во моите миграциски истражувања се трудам да ги анализирам податоците на етничките Македонци кои се иселувале од целокупната горенаведена територија, бидејќи во меѓувоениот период Македонија не претставува сè уште посебен и самостоен правно-политички субјект.

Идентитетското прашање на Македонците е проблем со кој се судираме и во сегашноста, а кој влече корени од самото креирање на т.н. македонско прашање до современиот спор за името со Република Грција. Од друга страна, пак, идентитетот во миграциските студии претставува посебно поглавје кое не може да се сублимира во еден ваков труд со ограничен обем. Тоа подразбира, пред сè, истражување на терен (доколку е возможно, за добивање најобјективни резултати), опфаќање на надворешните фактори (односно слободата на етничко

[9] Генерално, сите автори ги издвојуваат овие историски настани како политички причини за емигрирањето на македонското население. Види: Славе Николовски – Катин, *Македонците во САД и Канада (*Скопје: Македонска искра, 2002, 26. Ставре Циков, *Четвртата емигрантска Македонија* (Скопје: Аз-буки, 2007), 35.

[10] Paul Robert Magosci, *Historical Atlas of Central Europe* (Toronto: University of Toronto Press, 2002), 87.

[11] *Macédoine* на француски јазик, *macedonia* на италијански и на шпански јазик.

[12] Misha Glenny, *The Balkans, Nationalism, War, and the Great Powers, 1804-1999* (London: Penguin Books, 2001), 156.

изјаснување на пописи во странските држави), понатаму на степенот на асимилација, на идентитетот кај втората или третата генерација иселеници итн.

Оттаму, во меѓувоениот период објективно можеме да зборуваме, пред сè, за локален идентитет кај нашите иселеници, односно за силно поистоветување со родните краишта (село или поднебје), јазичен, религиозен и дури на крајот етнички, односно национален идентитет, кој постојано е под влијание на политичките случувања на Балканот. Несомнено, придавката *македонски* во овој период истражувачите го употребуваат во етничка конотација, иако мора да се напомене дека во бугарската литература честопати таа е употребувана како географска одредница. Дали „*Македонски Българи*“ се Бугари од територијата на Македонија или Бугари со македонско потекло или, пак, група луѓе со двоен идентитет? Во македонскиот јазик само сопствените именки Македонец, Македонка и нивните множински форми се пишуваат со голема буква, но во англискиот јазик овие именки, како и односните придавки македонски, бугарски, американски, се пишуваат со голема буква.Во англискиот јазик, на пример, *Macedonian Americans* се американски граѓани со македонско потекло, односно родум од Македонија или со македонски родители.

Според моите ставови, идентитетот е флуиден[13] и релативен, секој човек има право на избор да се чувствува онака како што смета, дури и да го смени тоа чувство во текот на својот живот поради надворешни влијанија, присилно или од индивидуални причини. Во однос на неговата релативност, во горенаведениот случај македонските иселеници во САД пред сè биле Европејци, потоа емигранти од југоисточна Европа, потоа Словени и Балканци, потоа Македонци, Бугари, Грци, Срби, а според пасошите, дури и Турци, а дури на крајот биле Егејци, Пиринци, битолчани, охриѓани итн. Единствено речиси сите биле православни и зборувале јазик сличен на српскиот, близок до бугарскиот, но сосема различен од грчкиот. На пример, Марија Тодорова појаснува дека како и кај сите национални идентитети, дури и „*Грците имаат хиерархија на повеќекратни идентитети:* Грк – Епирец – Европеец – припадник на Балканот, на Југоисточна Европа или на Медитеранот*“*.[14]

Според горенаведеното, ќе се трудам да бидам што пообјективна во однос на ова прашање, без на навлегувам во митско-поетската расправа за етничките идентитети на Балканскиот

[13] Во врска со терминологијата'флуиден идентитет', види повеќе во Zygmunt Bauman, *Identity, Conversations with Benedetto Vecchi* (Polity Press: 2004).
[14] Марија Тодорова, *Замислувајќи го Балканот* (Скопје: Магор, 2001), 63.

Полуостров. Можам само накусо да се повикам на неколку домашни и странски автори кои подетално ја обработувале оваа проблематика, поаѓајќи од реномираниот Хантингтон, кој иако смета дека националните држави формирани во Западна Европа по Француската револуција се и ќе продолжат да бидат главни актери во решавање на светските прашања, сепак не се лимитира на поистоветувањето на националниот идентитет само со постоењето на национална држава. За илустрација ги зема токму САД и СССР за време на Студената војна, држави кои го дефинираа својот идентитети врз идеолошки принципи.[15] Тој го поставува концепотот на цивилизациски идентитети, според кој препознава седум до осум цивилизации на современиот свет, и тоа западна, конфучијанска, јапонска, исламска, индуска, словенскоправославна, латиноамериканска и африканска,[16] комбинирајќи ги географските, историските, верските, националните и етничките разлики на народите во светот. Во една ваква теоретска рамка, македонскиот идентитет на иселениците во САД може да биде дефиниран и како идеолошки идентитет, особено кога ќе го поврземе со двете спротивставени емигрантски организации, МПО[17] и МНС[18], кои според својата идеолошка ориентација имаат различни решенија за македонското прашање и различна дефиниција на македонскиот идентитет.

Според Миша Глени, национализмот и националниот идентитет на Балканот кон крајот на XIX и почетокот на XX век биле изградени врз кревка основа, бидејќи дури и веќе етаблираните грчки, српски и бугарски идентитети се чувствувале загрозени од национална заедница која и денес брои едвај повеќе од два милиона жители. Што се однесува, пак, на македонскиот идентитет, Глени смета дека неговата стабилност претставувала тешка мисија ако се земе предвид оспориот регион од каде што произлегува и самиот. Идентитетот,

[15] Samuel P. Huntington, „The Clash of civilazations", *Foreign Affairs* (Summer 1993), 23-49. Достапно на: http://www.svt.ntnu.no/iss/Indra.de.Soysa/POL2003H05/ huntington_ clash%20of%20civlizations.pdf (11.7.2013).

[16] Види повеќе во: Семјуел Ф. Хантингтон, *Судирот на цивилизации и преобликувањето на светскиот поредот* (Скопје: Евро-Балкан прес, 2010).

[17] Сојузот на македонски политички организации (МПО) бил основан на 1 октомври 1922 година во Форт Вејн, Индијана, од страна на македонски и на бугарски иселеници. Во 1952 година организацијата го сменила своето име во Македонски патриотски организации. Организацијата потои и денес.

[18] Македонскиот народен сојуз (МНС) бил прогресивна македонска организација во САД и Канада и традиционален идеолошки противник на МПО. Оваа организација била формирана во 1929 година и згаснала по Втората светска војна поради политиката на САД, односно поради започнувањето на Студената војна.

според него, се менува со генерациите, за време на војни, згаснува, но и повторно се раѓа со појавата на нови држави и распадот на старите империи.[19]

Кит Браун, во обидот да го „наслика“ идентитетот на македонските иселеници на почетокот од XX век во САД, а употребувајќи ги методите на социокултурната антропологија, индуктивното истражување, интерпретацијата според контекстот и избегнувањето на „историскиот тоталитаризам“ во прилог на креирањето национална историја, а оградувајќи се од можноста за добивање сигурни резултати, го сублимира истиот во метафората „жолтиот терор на белата раса“ (‘*The yellow peril’*[20] *of the Caucasian race*’),[21] или поедноставно формулирано, Кинезите од Европа[22]. Заклучокот на Браун е дека да се докаже дека Македонците на пат кон Америка се нарекувале како такви на почетокот нод XX век, речиси половина век пред формирањето на Народна Република Македонија, претставува Сизифов труд. Тие се присутни во имиграциските статистики, но истовремено се и оспорени.[23]

Споредени со Кинезите и со Италијанците од јужна Италија, македонските доселеници ја продолжиле традицијата на печалба, односно на привремена сезонска работа. Понатаму, патувале и работеле во групи, ги споделувале ризиците, трошоците и профитот, а честопати живееле во заедница.[24] Биле стигматизирани како „заостаната раса“ заедно со Италијанците, Грците, Бугарите и ѝ припаѓале на генералната категорија Словени. Нивната стигматизација или дискриминација била поради местото на потекло – Отоманската Империја, и како народ под вековна туѓа власт се перципирале како неспособни да се водат самостојно; генералната категоризација во групата на Словените според говорот водела кон стереотипната слика

19 Glenny, *The Balkans, Nationalism, War, and the Great Powers, 1804-1999*, 158.

[20] Терминот *Yellow Peril* (жолт терор) на англиски јазик означува ’роб‘, односно неквалификуван работник со потекло од Азија, најчесто од Кина‘. Се употребувал со пејоративна конотација. Оваа метафора во однос на македонските иселеници ја има воведено Франк Гарбарино во 1909 година.

[21] Keith Brown, „The’Yellow Peril‘ of the Caucasian Race: Macedonian Migrants and National Categories in early Twentieth Century U.S. Governmental Sources“ во: *Македонскиот идентитет низ историјата* (Скопје: Институт за национална историја, 2010), 161-175.

[22] Ваквата метафора е преземена од Gabaccia Donna, „The ’Yellow Peril‘ and the ’Chinese of Europe‘: Global Perspectives on Race and Labor, 1815-1930“ во Jan & Leo Lucasen (eds.) *Migrations, Migration History, History: Old Paradigms and New Perspectives (*Berlin: Peter Lang, 1997), 177-196.

[23] Brown, „The ’Yellow Peril‘ of the Caucasian Race“, 173-174.

[24] Brown, „The ’Yellow Peril‘ of the Caucasian Race“*,* 172.

за овој народ како „*недисциплиниран и склон кон консумирање алкохол*“.[25]

Лоринг М. Денфорт прави транснационално истражување на македонските иселеници и на нивниот идентитет во Австралија. Според неговото современо истражување, Македонците можат да бидат истовремено припадници на повеќе категории, и тоа „*луѓе што живеат во Македонија; древни луѓе со коишто владееле Филип од Македон и Александар Велики; Грци; Словени; граѓани на Република Македонија“.*[26] За докажување на своите „различни видови Македонци“, Денфорт, покрај на теориската рамка, се потпира најмногу на своето антрополошко истражување во Австралија фокусирано на создавањето национални идентитети на поединечно ниво.[27] Заклучокот на неговото истражување е дека двајца браќа од исто семејство можат да развијат два различни идентитети. Тоа е примерот на Тед Јанас, Македонец во Австралија, и на Џим Јанис, Грк во Австралија.[28]

Конечно, Марија Тодорова зборува за „*специфичен балкански себе-идентитет или...неколку себе-идентитети“*[29] и за тоа дека *„во времиња на големи кризи, идентитетите можат да станат несигурни, или пак, што е почест случај, да бидат почисто дефинирани*.“[30]

Тодор Чепреганов како причина за овој т.н. менталитет на разделување кај македонските иселеници во меѓувоениот период го посочува Букурешкиот мировен договор од 1913 година и поделбата на Македонија. Според него, непостоењето на држава на македонскиот народ во тој период уште повеќе им оневозможило на иселениците да развијат заеднички национален идентитет.[31] Во прекуокеанските земји, особено во САД, каде што македонската емиграција била најбројна,

[25] Brown, „The 'Yellow Peril' of the Caucasian Race“, 172-173.
[26] Лоринг М. Денфорт, *Македонскиот конфликт: етничкиот национализам во транснационалниот свет* (Скопје: Македонска книга, 1996), 19.
[27] Денфорт, *Македонскиот конфликт: етничкиот национализам во транснационалниот свет*, 25.
[28] Денфорт, *Македонскиот конфликт: етничкиот национализам во транснационалниот свет*, 276-292.
[29] Тодорова, *Замислувајќи го Балканот,* 28.
[30] Тодорова, *Замислувајќи го Балканот,* 74.
[31] Тодор Чепреганов, „Два документи за активноста на Македонската патриотска организација меѓу двете светски војни“, *Историја*, год. XXXVIII, бр. 1-2 (Скопје: Сојуз на Историчарите на Република Македонија, 2002), 107
Денфорт, *Македонскиот конфликт: етничкиот национализам во транснационалниот свет,* 160.

дополнително настанува „геноцид преку пописно редефинирање“[32] на етничките Македонци како резултат на асимилаторската политика на Бугарија, Србија и на Грција која се пресликала и на северноамериканскиот континент.[33]

За дополнување и појаснување на гореукажаното, го поставувам следното прашање: *Како американскиот систем ги перципирил народите во периодот пред Втората светска војна?* Уште во 1899 година Бирото за имиграција започнало да ги разликува имигрантите според *расата*[34]*,* или *народите,* како и *нацијата* на која ѝ припаѓале, односно чии граѓани биле. Ваквиот начин на собирање податоци се спроведувал до 1931 година. Понекогаш службениците во Елис Ајленд[35] биле пристрасни во определувањето на категориите. Повеќето раси биле базирани на националното потекло и на јазикот.[36] Оттука Македонците, кои немале своја држава, црква и јазик, едноставно морале да се попишат во некоја од понудените категории според патните исправи или најблискиот јазик до нивниот, најчесто бугарскиот.

Пасошите како валиден документ започнале да им се бараат само на кинеските и на јапонските привремени работници во САД. Но поради безбедносни причини од национален карактер, особено за време на Првата светска војна, во 1917–1918, привремено им се барале пасоши на сите странци што влегувале во земјата во тој период. Конечно, во 1921 година употребата на пасош станала постојана

---

[32] M. Weiner, „Community Associations in Indian Politics“ (необјавено), цитирано според Clifford Geertz, *The Interpretation of Culture. Selected Essays* (New York: Basic Books, Inc., Publishers,1973), 275.

[33] Чепреганов, „Два документи за активноста на Македонската патриотска организација ...“, 108.

[34] Терминот *малцинство* се појавил подоцна. Историски, овој термин е проблематичен бидејќи многу европски доселеници формирале етнички заедници дури откако се населиле во САД. На пример, Италијанците од југот, Словените, Евреите, Грците и Унгарците биле водени како малцинства во раните години на нивното доселување. Нивните јазици, обичаи и религија се разликувале од англосаксонското мнозинство. Поради тоа, тие биле дискриминирани, живееле во сегрегација, а истовремено предизвикувале љубопитност поради својата различност. Види повеќе во: Barry Moreno, *Encyclopedia of Ellis Island* (London, Westport, Connecticut: Greenwood Press, 2004),168.

[35] Елис Ајленд е остров лоциран јужно од Менхетен, во њујошкиот залив. Познат е како најголемо имиграциско пристаниште во САД, а денес функционира како историски музеј за имиграција и генеалошки истражувања. Заедно со Статуата на слободата, денес Елис Ајленд има статус на национален споменик во САД.

[36] Moreno, *Encyclopedia of Ellis Island*, 200.

процедура за сите странци. Истата година е донесен Законот за квоти[37] и покрај пасош, била потребна и виза која ја издавале американските конзулати во одредени земји.[38]

Одделението за издавање пасоши било отворено на Елис Ајленд во 1926 година. Главна задача на ова одделение била да прима пасоши од амбасадите и од конзулатите на депортираните лица, бидејќи овој документ им бил потребен на странците пред да се вратат назад во своите држави.[39] Одделението за статистика, пак, постоело со самото отворање на Елис Ајленд и неговите службеници биле задолжени за водење табеларни статистики за илјадниците странци кои пристигнувале во пристаништето. Секоја година се броел влезот и излезот на сите странци.[40] На пример, Евреите кои спаѓале во категоријата раса, доаѓале од повеќе држави, зборувале различни јазици, но никогаш не биле категоризирани според земјите на потекло (Русија, Полска, Унгарија итн.), туку според религијата. Италијанците, пак, иако сите доаѓале од Кралството Италија и биле католици по вероисповед, сепак ги делеле на северни и јужни Италијанци.

На листата од расите кои влегувале во САД помеѓу 1899 и 1931 година не се наоѓаат Македонците, а од Балканот се присутни Бугарите, Србите, Црногорците, Хрватите, Словенците, Далматинците, Босанците, Албанците и Херцеговците. Бројот на Бугарите, Србите и Црногорците е 169 030 доселеници помеѓу 1899 и 1931 година, па сметаме дека Македонците биле вброени во оваа категорија или, пак, доколку се гледало на државата на потекло или на пасошот, во зависност од периодот, можно е да се вклучувани меѓу Турците (22 942) или Грците (517 802).[41]

од членовите 3 и 4 од споменатиот Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост[11] од 1945 година со кои се казнува секој облик на проповедање национална, расна или верска омраза и раздор.[12]

Во членот 23 од Уставот се поместени одредби во однос на остварувањето на избирачкото право на граѓаните. Во одредбата се констатира дека сите граѓани што навршиле 18 години старост имаат право да избираат и да бидат избирани во сите органи на државната власт независно од повеќе критериуми, како што се расата, полот, степенот на образование, вклучително и вероисповедта.

Во членот 25 од Уставот е определен односот на ФНРЈ кон прашањето на слободата на совеста и на вероисповедта. Државата во ставот 2 им ги гарантира овие права на граѓаните врз основа на начелото на секуларизам, односно на одвоеноста на верските организации од државата, при што се впушта во негова конкретна разработка во следниот став 3, која се сведува на 3 заложби:

- **Прво**, се предвидува дека верските организации, чиешто учење не се противи на Уставот, се слободни во своите верски работи и во вршењето на верските обреди;
- **Второ**, се дозволува правото верските организации да формираат верски училишта за подготовка на свештеници кои се под надзор и контрола на државата и
- **Трето**, имајќи го предвид искуството помеѓу двете светски војни, кога дел од црквите и верските организации во Југославија беа инволиврани во политичкиот живот на државата, уставотворецот ги забранува злоупотребата на црквата или на верата во политички цели и постоењето на политички организации на верска основа.

Во последниот став 5 од овој член државата и правно го санкционира правото материјално да ги помага верските организации.

Во членот 26 од Уставот, кој се однесува на бракот и на семејството, уставотворецот дополнително го развива принципот на секуларизам, овој пат во однос на прашањето на полноважноста на бракот. Имено, наспроти она што е практикувано во минатото, како што ќе видиме подолу во текстот, областа се регулира во 2 дела:

- **Прво**, дека е полноважен само оној брак што е склучен пред државните органи (а не и пред органите на верските организации, б.н.) и

[11] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост на ДФЈ* од 1945 г.
[12] Види: *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

- **Второ**, дека граѓаните имаат право да извршат венчавање во согласност со верските прописи на верските организации, но само откако ќе го направат истото пред државните органи.

Во членот 38 од Уставот, кој се однесува на правото на образование, како и во членот обработен претходно, државата ја прекинува ваквата врската на верските организации со јавното образование со нормата дека училиштето е одвоено од црквата.

1.3. УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 1947 ГОДИНА

Во Уставот на Народна Република Македонија[13] (НРМ), кој е донесен на 31 декември 1946 година, се поместени 7 члена во врска со прашањата за статусот на верските организации и за слободата на вероисповед. Во конкретна смисла, 5 члена од македонскиот највисок правен акт непосредно се однесуваат на оваа област, додека 2 члена имаат посреден однос.

Во однос на првата група членови, уставотворецот на социјалистичка Македонија *на ист начин, во иста форма и со ист текст ги пресликува соодветните одредби од Уставот на федеративна Југославија*. Имено, во главата V со наслов „Права и должности на граѓаните“ се пресликани следните одредби од Уставот на ФНРЈ:

- **Прво**, од членот 21 на Уставот на ФНРЈ[14] во членот 20 на Уставот на НРМ,[15] кој се однесува на еднаквоста на граѓаните;
- **Второ**, од членот 23 на Уставот на ФНРЈ[16] во членот 22 на Уставот на НРМ,[17] кој се однесува на избирачкото право;
- **Трето**, од членот 25 на Уставот на ФНРЈ[18] во членот 24 на Уставот на НРМ,[19] кој се однесува на слободата на совеста и на вероисповедта;
- **Четврто**, од членот 26 на Уставот на ФНРЈ[20] во членот 25 на Уставот на НРМ,[21] кој се однесува на заштитата на семејството, како и

[13] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947, Службен весник на Народна Република Македонија, год.: III, бр. 1, Скопје, 1.1.1947 г., 8-40.
[14] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г..
[15] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.
[16] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[17] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.
[18] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[19] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.

- **Петто**, од членот 38 на Уставот на ФНРЈ[22] во членот 37 на Уставот на НРМ,[23] кој се однесува на правото на образование.

Наспроти споменатите, значајни се и членовите 12 и 49, кои *во посредна смисла се однесуваат на слободата на вероисповедта и на статусот на верските заедници*. Имено, првиот член се однесува на *правата на малцинските заедници*, додека вториот на *правата на граѓаните на другите републики од ФНРЈ кои живеат во НРМ*. Во согласност со овие одредби, уставотворецот ја предвидува можноста националните малцинства да ја уживаат „заштитата на својот културен развиток и слободната употреба на својот јазик", додека граѓаните на другите републики на ФНРЈ „на територијата на НРМ уживаат еднакви права како и нејзините граѓани". Во оваа насока, согледувајќи дека под категоријата „заштита на својот културен развиток", гледано во екстензивна смисла, може да се подведе и слободното изразување на вероисповедта, како и афирмацијата на религискиот идентитет, уставотворецот на НРМ остава простор овие права да се остваруваат и од страна на националните малцинства, како и од страна на припадниците на другите народи на ФНРЈ кои живеат во социјалистичка Македонија.

1.4. ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД 1951 ГОДИНА

Законот за правната положба на верските заедници[24] од 1951 година е првиот правен акт во ФНРЈ со кој се регулираат прашањата поврзани со положбата на верските организации и остварувањето на верските слободи и права на граѓаните на Југославија, а со тоа и на Македонија. Последното е врз основа на член 46 од Уставот на ФНРЈ,[25] според кој сојузните закони важат на целата територија на федеративна Југославија, при што во случај на несогласност меѓу сојузните закони и законите на републиките, се применуваат сојузните закони.

---

[20] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[21] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.
[22] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[23] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.
[24] *Закон за правната положба на верските заедници на ФНРЈ* од 1953 г, Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија, год. XIX, бр. 22, Белград, 27.5.1953 г., 209-210.
[25] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

Законот за правната положба на верските заедници се донесува врз основа на членот 71 точка 2 од уставниот закон на ФНРЈ за основите на општественото и политичкото устројство на ФНРЈ и за сојузните органи на власта.

Законот е усвоен од страна на Сојузното собрание на ФНРЈ и на Собранието на народите на ФНРЈ на заседанијата одржани на 22 мај 1953 година.

Законот се состои од 23 члена и е поделен на 4 дела, од кои:

- **Првиот дел** се однесува на општите одредби;
- **Вториот дел** се однесува на вршењето на верските обреди;
- **Третиот дел** се однесува на вршењето на верската настава и
- **Четвртиот дел** се однесува на завршните одредби.

Во дванаесетте члена кои се однесуваат на *општите одредби* се дефинираат генералните аспекти на кои се однесува Законот и се поставуваат рамките преку конкретизација на одредбите од Уставот на ФНРЈ од 1946 година поврзани со статусот на религиите и остварувањето на верските слободи и права на граѓаните.

Во членот 1, во малку видоизменета форма се пресликани одредбите од членот 25 од Уставот на ФНРЈ кој се однесува на слободата на совеста и на вероисповедта. Во оваа смисла е предвидено дека на граѓаните на ФНРЈ им се гарантира слободата на совеста и слободата на вероисповедта, при што во следниот став се утврдува дека граѓаните на ФНРЈ можат да ѝ припаѓаат на која и да било вероисповед или на која и да било верска организација, односно да не припаѓаат на ниту една вероисповед или верска организација. Во последниот став, пак, од овој член е поместена одредбата дека исповедањето на верата претставува приватна работа на граѓаните.

Во членот 2 од Законот е предвидено дека граѓаните можат слободно да основаат верски организации, при што е утврдено дека сите вероисповеди уживаат еднакви права и сите верски организации имаат иста правна положба. Во последниот став од овој член се санкционира дека верските организации мора да ја остваруваат својата дејност во согласност со Уставот на ФНРЈ и со соодветните закони.

Во првиот став од членот 3 на Законот е определено дека верските организации се слободни во вршењето на верските работи и верските обреди, при што во ставот 2 се предвидува дека истите можат да издаваат и да растураат верски печат. При остварувањето на ова право, верските организации, според Законот, се должни да се

придржуваат до приписите на ФНРЈ кои се однесуваат на средствата за јавно информирање.

Во членот 4 од Законот дополнително се разработува ставот 5 на членот 38 од Уставот на ФНРЈ, кој во однос на правото на образование предвидува дека училиштата се одвоени од црквата. Во оваа насока, во ставот 2 од овој член, кој претставува дополнителна разработка на оваа почетна премиса, е предвидено дека верската настава (катихезацијата) во црквите, храмовите, односно во другите простории што се определени за тоа од страна на регистрираните верски организации е слободна. Во третиот став од овој член, во насока на дополнителна разработка на правото на верските организации да организираат верска настава, е предвидено дека истите можат слободно да основаат одделни верски училишта (нецелосни средни, средни и виши школи) за подготвување свештеници и да управуваат со тие верски училишта.

Членот 5 од Законот претставува конкретизирање на ставот 4 на членот 25 од Уставот на ФНРЈ, кој се однесува на забраната на злоупотреба на религијата во политички цели. Имено, се констатира дека се забранува злоупотреба на верските работи, верската настава, верскиот печат, верските обреди и на други манифестации на верските чувства на граѓаните во политички цели. Исто така, на линија на одредбите од Законот за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост од 1945 година[26] е санкционирана и забраната за предизвикување верска нетрпеливост, омраза и раздор, додека во последниот став, пак, определувајќи ги границите на верската слобода, законодавецот предвидел дека е забрането да се попречуваат верските собири, верската настава, верските обреди или другите манифестации на верските чувства на граѓаните.

Во членот 6 од Законот се поместени одредби кои ги определуваат границите на односот на граѓаните со верските организации. Во таа насока, во ставот 1 е предвидено дека никој не може на кој било начин да биде присилен да стане член на некоја верска организација, да остане член на таквата организација или да истапи од неа. Во ставот 2, пак, законодавецот предвидува дека никој не може на кој било начин да биде присилен да учествува во верски обреди, процесии и други манифестации на верските чувства. Во следните два става од овој член се предвидува и дека никој не може да им забрани на граѓаните да учествуваат во верските обреди и во

[26] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост на ДФЈ* од 1945 г.

другите манифестации на верските чувства и дека никој не може да присили член на верска организација да не ги користи правата што му припаѓаат како граѓанин во согласност со Уставот и со законите.

Во членот 7 од Законот се разработени одредбите од членот 21 на Уставот, кои се однесуваат на еднаквоста на граѓаните. Во таа смисла, низ призмата на споменатите уставни одредби, ваквата заложба се отсликува во три дела:

- **Прво**, се констатира дека на граѓаните не може да им биде ограничено остварувањето на определени права и обврски што им припаѓаат поради нивните верски убедувања, поради припадноста на некоја вероисповед или на некоја верска организација или поради учеството во вршењето на верските обреди и други манифестации на верските чувства.
- **Второ**, предвидено е и дека верските организации, нивните свештеници, верските претставници или припадниците на некоја вероисповед не можат да уживаат одделни предимства, привилегии или одделна заштита.
- **Трето**, припадноста на одредена вероисповед или исповедањето одредена вера не ослободува никого од општите граѓански, воени или други должности што мораат да се извршуваат врз основа на законите.

Членот 10 од Законот ја следи логиката на членот 26 став 2 од Уставот на ФНРЈ,[27] кој се однесува на прашањето на полноважноста на бракот. Во оваа смисла, надворзувајќи се на уставната одредба дека е полноважен само оној брак што е склучен пред надлежните органи на државата, законодавецот предвидува дека одлуките на верските организации во брачните спорови и во предметите од дисциплински карактер, како и другите нивни одлуки немаат дејство надвор од верската организација.

Во членот 11, пак, се операционализира ставот 5 од членот 25 на Уставот на ФНРЈ,[28] во согласност со кој државата има право материјално да ги помага верските организации. Ваквата операционализација се врши во три дела:

- **Прво**, преку дефинирање на постапката за остварување на ваквата заложба, во согласност со која Сојузниот извршен совет и републичките извршни совети се институциите што ги носат овие одлуки;

[27] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[28] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

- **Второ**, преку оставањето на можноста споменатите тела со одлуката за материјална помош на верските организации да ја определат и целта за која се однесува односната помош или одреден дел од истата;
- **Трето**, преку дефинирање на правата на државата, како и на должностите на верските организации во овој дел, во согласност со кои е определено дека верските организации самите располагаат со доделените материјални средства, а ако помошта е дадена за определена цел, државата има право да побара црквите и верските организации да поднесат извештај за употребата на доделените средства.

Во петте члена од *втората глава* на Законот попрецизно се определуваат рамките на вршењето на верските обреди од страна на верските организации.

Во членот 14 законодавецот определува дека крштевањето и актот на обрежување на малолетни лица може да се изврши единствено по барање на еден од родителите, односно на старателот, при што се констатира дека доколку малолетното лице е постаро од 10 години, е потребна и негова согласност. Со последното законодавецот, предвидувајќи уште еден нов услов за да се изврши еден верски чин, дополнително ја усложнува постапката, и така, како што ќе покаже и практиката, се поставува уште една сериозна пречка која ги оневозможува граѓаните во полн обем да ги остварат своите верски слободи и права.

Членот 15 од овој Закон се однесува на прашањето на венчавањето, како и на чинот на крштевање. Овој член, како и во случајот со членот 10 од овој Закон кој се однесува на полноважноста на бракот, ја следи логиката на ставот 2 на членот 26 од Уставот на ФНРЈ.[29] Имено, преточувајќи ја соодветната уставна одредба според која венчавањето во согласност со верските обреди може да се изврши откако ќе се случи бракот пред надлежниот државен орган, се предвидува и дека чинот на крштевање може да се спроведе откако ќе се изврши запишувањето на односното лице во матичната книга на родените.

Во следните два члена се предвидени уште две околности кои се однесуваат на предметот на овој Закон:

- **Прво**, во членот 16 се констатира дека лицата што се наоѓаат во болници, домови за стари лица, интернати и во други установи можат во границите на куќниот ред да

[29] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

вршат исповедање на сопствената вера и да бидат посетени од свештеник, како и

- **Второ**, во членот 17 е определено дека ѕвоната на црквите и на храмовите, како и црковните згради можат да се употребуваат и за ѕвонење во случај на општа опасност (пожар, поплава и слично), при што е санкционирано дека верскиот претставник кој управува со црковните згради нема право да одбие ѕвоната да се употребат во таков случај.

Во трите члена од *третата глава* попрециозно се регулира прашањето на верската настава. Споменатите членови ја следата логиката на членот 25 од Уставот на ФНРЈ, со кој им се овозможува правото на верските организации да формираат верски училишта за подготовка на свештеници кои се под надзор и контрола на државата, како и ставот 5 на членот 38 од Уставот на ФНРЈ, со кој се санкционира дека училиштето е одвоено од црквата.

Во *последната глава* од Законот, која се однесува на завршните одредби, во 4 члена се дефинирани прашањата поврзани со повредата на овој Закон, како и неговото стапување во сила.

1.4.1. УРЕДБАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ОДДЕЛНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ОД 1961 ГОДИНА

Законот за правната положба на верските заедници од 1951 година донесен од страна на сојузните органи на ФНРЈ се применува без каква било дополнителна разработка или допрецизирање сè до 1961 година, кога Извршниот совет на НРМ, врз основа на членот 23 од истиот Закон, според кој републичките извршни совети ќе се погрижат за неговото извршување, а по потреба и ќе донесуваат поблиски прописи на 21 јуни 1961 година, донесува Уредба за извршување на одделни одредби од Законот за правната положба на верските заедници.[30]

Со споменатата Уредба дополнително се допрецизираат:

- **Прво**, ставот 2 на членот 12 кој се однесува на собирањето прилози;

[30] *Уредба за извршување на одделни одредби од законот за правната положба на верските заедници*, Службен весник на Народна Република Македонија, год. XVII, бр. 26, Скопје, 31.7.1961 г., 401-403.

- **Второ**, членот 13 кој се однесува на јавните простории за вршење на верските обреди, на самиот чин на вршењето на обредите, како и на прашањето кои лица можат да ги извршуваат споменатите верски процесии;
- **Трето**, членот 14 кој се однесува на актот на крштевањето, односно на актот на обрежувањето, како и
- **Четврто**, членот 4 и членот 19 кои се однесуваат на прашањата поврзани со вршењето на верската настава и правата на родителите и на малолетникот во однос на споменатото прашање.

На крајот од Уредбата се поместени казнените одредби.

Со Уредбата за извршување на одделни одредби од Законот за правната положба на верските заедници, властите на НРМ навлегуваат во натамошно нормирање на одредени области поврзани со религијата, со што дополнително го отежнуваат функционирањето на верските организации, а со тоа и остварувањето на слободата на вероисповед. Имено, тоа се постигнува преку одредбите со кои:

- **Прво**, се предвидува инволвирање на републичките органи во давањето одобренија за извршување на одредени верски чинови, на верските организации сериозно им беше отежнат просторот за дејствување;
- **Второ**, се условува собирањето материјални прилози од страна на црквите и на верските организации врз основа на одобрение од соодветен орган на управата задолжен за вршењето на внатрешните работи;
- **Трето**, странски државјани можат да вршат верска настава во високообразовните институции на верските организации единствено врз основа на добиено одобрение од органот на управата задолжен за вршењето на внатрешните работи
- **Четврто**, само верски лица одредени од надлежниот орган на верската организација можат да вршат верска настава;
- **Петто**, за посетување верска настава од страна на малолетник е потребно писмено одобрение од двајцата родители, односно од старателот, доставено до верската организација, како и усна согласност од страна на малолетникот.
- **Шесто**, за спроведување на верскиот чин крштевање/ обрежување, малолетникот е обврзан да даде јавна согласност.

Aleksandar SPASENOVSKI

CONSTITUTIONAL AND LEGAL FEATURES OF THE MACEDONIAN SOCIALIST MODEL OF SECULARISM

- s u m m a r y -

In this essay, the author analyzes the proper constitutional and legal provisions in Socialist Macedonia that refer to the relations among the state and the religious organizations as well as the freedom of religious belief. The major intention is to clarify the nature of the Macedonian socialist form of secularism to further recognize the contemporary relations of the state with the religious organizations.

Драгица ПОПОВСКА
Институт за национална историја – Скопје

УДК 069:341.485
(=411.16):94 (497.7)

МУЗЕЈОТ НА ХОЛОКАУСТОТ ВО СКОПЈЕ: МЕСТО НА СЕЌАВАЊЕ*

Во фокусот на интерес на овој труд е Музејот и Меморијален центар на Холокаустот во Скопје, разгледуван како *место на сеќавање*. Во антрополошки дискурс, со употреба на симболизмот, ќе го прикажам начинот на кој овој споменик го вообличува сеќавањето и се јавува како маркер на времето. Значењето на овој музеј и неговата функција го прави простор од кој извира важноста на едно време, настани и личности за кои сведочи, а раскажани од позиција која музејот ја зафаќа денес.[1]

Местата на сеќавање[2] се тесно поврзани со поширокото значење на културата и вообичаено со нив се врзуваат одредниците сеќавање и паметење. Иако двата феномена се однесуваат на

---

* Трудот е проширена верзија на рефератот презентиран на меѓународната научна конференција „*70- годишнина од депортацијата на Евреите од Македонија"*, одржана во МАНУ на 12 март 2013 година.

[1] „Минатото не се појавува само по себе, тоа е резултат на културно конструирање и презентација; тоа секогаш се раководи од специфични мотиви, очекувања, надежи, цели и е формирано од појдовната рамка на сегашноста" (според Асман, во: Станка Янева, „За паметниците в паркова среда", во: *Зборник радова Етнографског института*, бр. 26 (Београд: САНУ, 2009), 71.

[2] Францускиот теоретичар Пјер Нора (Pierre Nora) во својата седумтомна студија *Места на сеќавање*, која се занимава со истражување на реперите на францускиот идентитет (Nora, Pierre ed. (1984 – 1992.) *Les Lieux de memoire*. Paris: Edition Gallimard), го проширува поимот *место* од неговата географска и просторна употреба на означување мемориска подлога како културна референца со идентитетска намена, место кое во својата широка мрежа на референци вклучува лепеза на значења, од политички симболи и институции, па сè до разновидни културни практики. Овој автор се смета за родоначелник на терминот *место на сеќавање*. Mirko Sebić, „Naša mesta-geografija sećanja i zaborava", во*: Naša mesta, Geografija sećanja i zaborava,* (Novi Sad: Nova Misao, 2012),5).

меморирање случки или настани од минатото и за свој антоним го имаат терминот заборав, сепак во науката истите различно се дефинираат.[3] Поради ограниченоста на просторот, нема да навлегувам во поширока елаборација на нивните значења, а за потребите на овој труд, двата поими ќе ги опсервирам како „комплементарни аспекти на една целина“[4], кои во музејот, како *место на сеќавање*, се појавуваат заедно, односно се интегрирани.

Музејот на холокаустот во Скопје се наоѓа на местото на некогашното Еврејско Маало. По донесувањето на Законот за денационализација (2002) и формирањето на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, овој простор им е вратен на Евреите, како имот без правни наследници. Камен-темелникот на музејската зграда е поставен на 2 септември 2005 година,[5] а Музејот е свечено отворен на 10 март 2011 година.

Музејот на холокаустот во Скопје, како *место на сеќавање,* ќе го анализирам од два аспекти: од аспект на просторот во кој е ситуиран и од аспект на амбиенталната целина што ја претставува. Изборот на двата аспекти е направен имајќи предвид дека музеите претставуваат дидактички артефакти во јавниот простор, преку кои се визуелизираат специфични простори и конкретни настани.[6]

---

[3] Според Кујиќ, „паметењето е ’складирање‘ содржини од минатото, додека, пак, сеќавањето означува актуелизација на зачуваните содржини. Сеќавањето е зафат во минатото секогаш од нова сегашност“. Паметењето е секогаш институционално регулирано и контролирано, а сеќавањето не е. Слична дистинкција во англискиот и во францускиот јазик не постои (двата поима се означуваат со зборот *memory,* т.е. *mémoire).* Во однос на германскиот, пак, дистинкцијата е препознатлива преку термините *Gedächtnis* и *Erinnerung* (првиот поим се однесува на регулирано *паметење,* а вториот на *сеќавање).* Лада Стевановиħ, „Реконструкција сећања, конструкција памћења. Кућа цвећа и Музеј историје Југославије“, во: *Зборник радова Етнографског института*, бр. 26 (Београд: Српска академија наука и уметности, 2009), 103.

[4] Анализирајќи параметри кои се однесуваат на сеќавањето и на паметењето, авторката наведува дека „овие дава „пола“ не можат да се одвојат без лоши последици“ (Alaida Asman, „O metaforici sećanja“, *R.E.Č, Časopis sa književnost i kulturu, i društvena pitanja*, br. 57.3, mart 2000. www.b92.net/časopis – rec/,122).

[5] Ави М., Козма Хазан**,** „Поставен камен-темелникот на меморијалниот Центар на Холокаустот на Евреите (2.9.2005 година)“, *Билтен за меѓународна соработка*, бр. 5.

[6] Според Никол Геше Кенинг (Nicole Gesché-König): „Музеите се непоткопливи сведоштва за нашето минато. Многу од тоа што нè опкружува: градби, уметнички споменици – исчезнува, од немарност или лоша политика, или од војна и слични разорувања – и за тоа не останува никаква трага. Музеите се единствени места на кои можеме да застанеме, да се одмориме и да го согледаме минатото. Nada Vrkljan-Križić, „Suvremene funkcije i poslanja muzeja“, *Muzeologija-mediji* (Zagreb: Institut za povijest umetnosti, 2004), 354.

Некогашното Еврејско Маало, или Чивутана, како што уште се нарекувало, се простирало од Кале кон Вардар и Старата чаршија, од црквата Св. Димитрија до крајот на градот, покрај Вардар, над Камениот мост.[7] Ова е, всушност, просторот во кој Евреите во минатото активно живееле, практикувајќи сопствени културни, традиционални вредности.[8]

Познато е дека и местата, исто како и луѓето, имаат свои биографии кои раскажуваат за нивното формирање, егзистирање и трансформирање во и низ времето, во практиката...[9] За жал, во биографијата на Еврејското Маало во Скопје е испишана депортацијата на Евреите во март 1943 година,[10] кога маалото го губи својот некогашен идентитет, сè до неговото целосно исчезнување во 1963 година, кога земјотресот ја разурнува и последната трага од ова место. Во вакви околности некогашното Еврејско Маало, иако се задржува во сеќавањето на старите скопјани, без неговото конкретно постоење, ризикува да се соочи со заборавот. Ова е така зашто „местата се дефинираат со материјална реалност која може да се види, да се допре, да се обележи и да се најде“.[11]

Треба да се има предвид дека културата во која денес живееме е особено динамична и комплексна, па аналогно на тоа спомените и, воопшто, приказните не се споделени од сите членови на заедницата, особено од младата генерација, која не ги памети „настаните“. За да се обезбеди интензивирање на постојните асоцијации со местото, неопходно е постоењето на конкретен детаљ во просторот.

---

[7] Види: Киро Дојчиноски, *Скопје-паралели* (Скопје: Матица македонска,1999),109.

[8] Европските патописци ги споменуваат Евреите уште во средниот век и ги сметаат за најстари жители на Скопје од вонбалканските доселеници. Тие се занимавале главно со трговија и со занаетчиство. Зборувале шпански и живееле главно компактно во Еврејското Маало, иако ги имало и во другите маала. Повеќе во: Ала Качева и др., *Животот во Скопје 1918-1941* (Скопје: Музеј на град Скопје, 2002), 27. „Кон крајот на XIX и почетокот на XX во маалото биле изградени повеќе летни кафеани со бавчи и убави приватни куќи за живеење. Среде маалото имало синагога и училиште. Во тој период куќите во Еврејското Маало биле едни од најубавите и најбогатите во градот. Спроти стариот театар се наоѓале богатите еврејски дуќани, бакалници во кои можела да се купи најубавата увозна стока во тоа време“(Дојчиноски, *Скопје-паралели*,109).

[9] Според Tilley 1994, цитирано во: Brian S., Osborne, Landscapes**,** Memory**,** Monuments, and Commemoration**:** Putting Identity in Its Place**.** Department of Geography. Queen's University. Kingston, 2001, 5. *canada.metropolis.net/events/ethnocultural/publications/putinden.pdf*

[10] Во 1943 година, на населението во градот Скопје му е нанесен страшен удар со варварската депортација на Евреите. Само од овој град, во тој период биле депортирани 3 286 Евреи во злогласниот логор Треблинка (Дојчиноски, *Скопје-паралели*,72).

[11] Види: Osborne, *Landscapes*, *Memory*, *Monuments, and Commemoration*, 4.

Токму тој детаљ е обезбеден преку ситуирањето на Музејот на местото на некогашното Еврејско Маало.[12] На неговата форма, односно појава може да се гледа како на трансформирана слика на просторот каде што некогаш опстојувале Евреите, на негово повторно оживување во рамките на денешницата. Просторот што го зафаќа музејот денес конституира дискурс преку кој Евреите историски се врамуваат себеси и своите релации не само со некогашното Еврејско Маало, со Скопје, туку и со другите етнички заедници со кои еврејскиот етникум ги градел односите во секојдневната комуникација.[13]

Во согласност со претходното, „приказните стануваат дел од митската вредност и историското значење на просторот преку нивната вткаеност во конкретниот детал во пејсажот“,[14] поточно во Музејот на холокаустот во Скопје, кој на тој начин станува референтна точка која може да биде посетена, видена и допрена.

Самиот објект обезбедува нарацијата за тоа минато. Во наративите се кријат процеси на когнитивно сместување на различни животни факти во една мрежа која ја осмислува стварноста. Впрочем, „со помош на наративите, ние ги интерпретираме и ги разбираме случувањата околу нас. Нивната најважна функција е когнитивната, зашто организираат перцепции на стварноста во осмислен и кохерентен образец“.[15]

Когнитивно добиеното знаење за местото и смислата за просторот воопшто се длабоко вградени во човечкиот идентитет, што придонесува за специфичната географија на просторот.[16] Овде, преку Музејот, се воспоставува комуникација на минатото со сегашноста.

---

[12] „Постои нераскинлива врска помеѓу паметењето и просторот... Јадрото на тој *ars memorativa* се состои од *imagines,* содржини на паметење, кодифицирани во компресирани сликовни формули, и од **loci**, специфични места на некој структуриран простор со кој се поврзуваат овие слики. Од овој тополошки квалитет има само еден чекор до архитектонски комплекси кои го отелотворуваат паметењето“ (Asman, „O metaforici sećanja“, 122).

[13] Косгроув (1998) потенцира „дека просторниот пејсаж конституира дискурс преку кој препознатливите социјални групи историски се врамуваат себеси и своите релации со земјата и со другите човекови групи и дека тој дискурс е во релација со... ’ways of seeing‘“. Види: Osborne, *Landscapes*, *Memory*, *Monuments, and Commemoration*, 5.

[14] Osborne, *Landscapes*, *Memory*, *Monuments, and Commemoration*, 5.

[15] Јелена, Васиљевиќ, „Kultura sećanja i medijska narativizacija sukoba u Hrvatskoj“, *Етноантрополошки проблеми,* н.с. год. 3. св. 1 (2008), 248.

[16] Според Гилан Роуз, „еден од начините на кои идентитетот се поврзува со одредено место е со чувството дека тој припаѓа во него“. Види: Osborne, *Landscapes*, *Memory*, *Monuments, and Commemoration*, 4.

Од старата матрица, топосите што се вградени во меморијата на жителите од градот, како, на пример, Давидовата улица и синагогата, ќе бидат дел од приказната преточена во општата поставка на Музејот.[17] Имајќи предвид дека улиците, зградите и, воопшто, населбите се материјални предмети кои евоцираат одредени значења и служат како просторни координати на идентитетот,[18] јасно е дека на овој начин се потенцира континуитетот на еврејските врски со местото каде што некогаш живееле. Ова, од своја страна, ја зајакнува и идентификацијата на посетителите со времето и со местото на настаните, што значи дека овој простор, од аспект на симболизмот, практично ги интегрира денешните македонски Евреи во центарот на некогашното „огниште“ – преку Музејот како артефакт.

Во рамките на музејската зграда се планира да се прикаже животот на Евреите, нивниот идентитет, духовност и култура, кои музејот на себе својствен начин ќе ги пренесе на посетителите и ќе го одржи духот на местото. Ова е, секако, во контекст на првата задача која секој современ музеј треба да ја има, без разлика која содржина ја презентира, а тоа е јасното читање на „*духот на самото место*, неговата особеност и препознатливост, неговата убавина и идентитет“.[19] Со внимателно селектирање на поставките и на предметите што ќе бидат изложени во рамките на музејот, тие ќе станат „икони“ кои ќе го обезбедат континуитетот на заедницата.

Претходната анализа јасно покажува како постоењето на Музејот на холокаустот во Скопје ја обезбедува меморијата и го монументализира паметењето на некогашното Еврејско Маало. Но, истовремено овој музеј означува драматично симболично место кое укажува на ужасот на холокаустот[20] и на празнината која настанала по

[17] Види: *Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија* (брошура): http://www.holocaustfund.org/docs/Brochure_Holocaust_Memorial_Center_of_Jews_from_Macedonia.pdf6

[18] Повеќе во: Osborne, *Landscapes*, *Memory*, *Monuments, and Commemoration*, 4.

[19] Vrkljan-Križić, „Suvremene finkcije i poslanja muzeja“, 353.

[20] Зборот *холокауст* потекнува од грчкиот збор *holokaustos* и се состои од грчката сложенка на коренот *hólon*, што значи ’општо‘ и *kaustón*, што значи ’чисто, исчистено, изгорено‘. По Втората светска војна зборот *холокауст* почнал да се употребува исклучиво за да го означи нацистичкото уништување на европските Евреи, така што и денес неговата употреба често се присвојува за опишување и објаснување на нацистичкиот геноцид над Евреите, како архетипски настан. Секако, во последно време, според авторот, во светот се забележува растечка свест овој термин да се употребува и за нацистичкото уништување и на другите нееврејски народи. Во хебрејскиот јазик и сè почесто во меѓународните кругови, кога се сака да се потенцира специфично еврејската компонента на холокаустот, се употребува терминот *šoa*, исто така со библиско потекло, кој означува ’несреќа, голема

него во сеќавањата и, воопшто, на празнина во ткивото на градот. Тој ги воведува посетителите во историјата на постоењето на еврејскиот народ.

Вообичаените асоцијации кога зборуваме за Евреите се прогонувањето и уништувањето во периодот на Втората светска војна, кога од страна на нацистичкиот режим во Германија масовно се убиени околу шест милиони Евреи. Иако периодот на холокаустот го одбележува цел мозаик на изгубени животи, сепак се чини дека примарни жртви на оваа политика се токму Евреите. Во овој контекст, особено е интересна реченицата на еден преживеан сведок на холокаустот, кој напишал: „Иако сите жртви не биле Евреи, сите Евреи биле жртви“.[21]

Холокаустот нè потсетува на ужасни времиња, на случувања кои предизвикуваат чувство на вознемиреност. Изградбата на Музејот на холокаустот е во функција на обезбедување историска нарација за доживеаната траума на ова население, како и соочување на посетителите со неа. Според Куљиќ, дури кога „историското мислење ќе го отвори трауматскиот сегмент на искуството и ќе се соочи со него, траумата станува конструктивна зашто го вклучува минатото во иднината“.[22] На овој начин, „никогаш повеќе“ станува императив на сеќавањето, а не само лекција од минатото.[23] Така, Музејот на холокаустот станува парадигма на минатото која е во служба на иднината, зашто раскажувањето за траумата се наоѓа во односот помеѓу музејскиот експонат и посетителот. Иако постојат историски податоци кои го опишуваат настанот како таков, сепак траумата како доживување не може да биде соодветно перципирана без музејските поставки. Практично, музејот создава приказна која го поттикнува посетителот на размислување и ја приближува сликата на „настанот“ до него.[24]

катастрофа‘. Повеќе во: Smail Čekić, *Historija holokausta*, 4-5 http://www.camo.ch/PDFO/HISTORIJA_HOLOKAUSTA_SMAIL_CEKIC.pdf

[21] Според Ели Визел, „Евреите биле одредени за истребување исклучиво затоа што се родени како Евреи. Нивната судбина не била запечатена затоа што нешто направиле или објавиле, или стекнале, туку затоа што биле синови и ќерки на еврејскиот народ. Како такви, тие биле осудени на смрт колективно и поединечно...“ (Čekić, *Historija holokausta*, 8).

[22] Todor Kuljić, *Kritička kultura sećanja – tri načela*, *www.kczr.org/.../todor_kuljic_kriticka_kultura_se*

[23] Kuljić, *Kritička kultura sećanja – tri načela*.

[24] Интересни согледувања за сеќавањето и заборавот види: Vladimir Gvozden, „Slike uništenja, knjige sećanja“*, Naša mesta, Geografija sećanja i zaborava, Časopis za savremenu kulturu Vojvodine* (Novi Sad: Nova misao, 2012), 13.

Преку говорот на просторот, односно преку зградата на музејот, која сама по себе е специфично дело на современата архитектура, се настојува со силата на фактите да се задржи сеќавањето на овој настан. Музејот е медиум за комуникација со општеството.[25] Впрочем, неговата улога е да му ја пренесе на општеството пораката содржана во неговите поставки. Двонасочната комуникација помеѓу музејот од една и посетителот од друга страна се воспоставува преку успешни комбинации на музејски презентации во просторот.

Ставањето на оригиналниот железнички вагон со кој Евреите од Скопје, Битола и од Штип се одведени во смрт, во рамките на музејскиот простор е во функција на сведоштво за кобниот 11 март 1943 година, сведоштво за заминувањето без враќање на невини луѓе. Ова го потврдува и авторот и идеен творец на поставката, американскиот научник Мајкл Беренбаум, кој за вагонот како артефакт вели: „Тој е многу силен по своето значење. Во вакви вагони тие луѓе биле товарени и третирани како стока. Шест дена патувале затворени, без храна и принудени да вршат нужда во вагонот. Кога пристигнувале во 'Треблинка' биле егзекутирани за само два часа".[26] На овој начин, преку конкретниот предмет, во случајот вагонот, се настојува да се изрази и да му се пренесе на посетителот апстрактното: неизвесноста, страдањето, смртта...[27]

Сеќавањето се засилува со портретите на оние што ги загубиле своите животи во гасните комори во логорот на смртта, кои се поставени во рамките на музејската зграда. Жртвите се јавуваат во улога на субјект кој го „носи" на сеќавањето. Средбата на посетителот со овие жртви, со умрените, станува поле кое практично го обезбедува сеќавањето на „настанот". Впрочем, во рамките на сеќавањето е неминовно внесувањето на самото злосторство како настан во свеста

[25] За начинот на кој музеите влијаат на општетсвото, особено на младата популација, види: Пере Аслимоски, „Музеите, младите и општетсвото", во *Museologica Macedonica* (Скопје: Македонски национален комитет, 2006), 26-31.

[26] Мимоза Петревска Геогриевска, „Вагонот на смртта è најмоќниот артефакт во новиот музеј", *Нова Македонија* бр. 22227, четврток 10 март 2011 година, http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=31011850403&id=9&setIzdanie=22227

[27] За музејското претставување на предметите во нивната материјална и духовна димензија, види: Зоја Богдановска, „Музејскиот предмет – жив трезор на духовното културно наследство", во *Museologica Macedonica* (Скопје: Македонски национален комитет, 2006), 54-59.

на посетителите, зашто не е доволно само сеќавањето на жртвите како такви.[28]

Смртта е конкретизирана и со трите урни со пепел од жртвите од Штип, Битола и од Скопје, чие пренесување во Музејот со гардиска придружба и почесна стрелба воспоставува реторичко-симболичен систем на погребен спектакл. Нивното присуство во Музејот сугерира на место кое ја обезбедува потребата од „вечен дом“ на невините жртви на холокаустот припадници на еврејската заедница, со што овој Музеј станува меморијален топос кој сведочи за еден настан, за едно време од кое идните генерации треба да учат како не треба, да не го забораваат за да не се повтори.

Од друга страна, овие урни им пружаат и извесна утеха на малиот број Евреи кои егзистираат денес на територијата на Македонија дека нивните покојници се удостоени со вечно почивање на свето место, место кое е опозит на заборавот, место кое се здобива со бесмртност. Од антрополошки аспект, смртта преминува во вечност низ спомент и сеќавањето.

Да не го заборавиме и круцијалниот аспект на овој Музеј да биде едукативен центар за младите генерации во смисла на „аплицирање на морални вредности кај нив, а извлечени како поука од мрачниот период на Холокаустот“.[29] Идејата е да се градат здрави општества во кои ќе нема место за супериорни и инфериорни, општества во кои културната, расната и другата различност ќе бидат основа за сплотување, а не за разединување.

Многубројните примери на практика поврзани со јубилеи, прослави и одбележување настани кои се во посредна или непосредна врска со задачата што ја има Музејот се дел од неговата функција да пренесува идеи и да создава знаење за нив.[30] Токму затоа главна цел на овој Музеј треба да биде тежнеењето да стане двигател на разновидни истражувања, работилници, семинари и сл. насочени кон содржината што ја негува тој (со што ќе има континуирано збогатување на поставките) и истовремено да пронаоѓа најдобар начин како да им го

[28] Todor Kuljić, *Kritička kultura*, 7. Токму во оваа насока се движи и работата на Музејот на холокаустот во Скопје.

[29] „Меморијалниот спомен дом е комплекс на функции, кои преку мотото <*Никогаш да не се повтори*> ќе едуцира здрави млади генерации“. Повеќе во: http://www.app.gov.mk/uploads/uplan24_detail.pdf, каде што е презентиран Урбанистичкиот проект на Меморијалниот спомен-дом на холокаустот на Евреите од Македонија од архитектите Мирко Андоновски и Никола Бошку, 1-14.

[30] За активностите на Музејот по повод различни јубилеи поврзани со Евреите и холокаустот, повеќе на: http://www.holocaustfund.org/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=112&Itemid=586&lang=mk

пренесе духот на местото и сеќавањето поврзано со него на посетителите од најразлични профили и возрасти.

Впрочем, животот на самиот музеј и функцијата што ја остварува се во тесна зависност со неговата посетеност и со напорот на вработените истиот да се промовира и да се одржи во јавноста, конструирајќи го и одржувајќи го колективното сеќавање.

***

Од претходно изнесеното можеме да конастатираме дека Музејот на холокаустот во Скопје претставува специфично место на сеќавање, кое визуелизира специфичен простор и конкретен настан.

Во однос на просторот, Музејот го отелотворува паметењето на некогашното Еврејско Маало и сеќавањето на животот и културата на Евреите кои до 1943 година живееле во него. Од аспект на конкретниот настан, музејската зграда и поставките во неа обезбедуваат просторна рамка во која преку историска нарација континуирано ќе се одржува сеќавањето на холокаустот.

Треба да се има предвид дека најголем предизвик на музејската работа е успешната комуникација со посетителот. Целта на таа комуникација е да го одржи сеќавањето на холокаустот и последиците од него во рамките на општественото живеење, со што ќе изврши влијание врз карактерот на понатамошните животни опции на членовите во тоа општество.

Dragica POPOVSKA

HOLOCAUST MEMORIAL MUSEUM FOR THE JEWS IN SKOPJE: A PLACE OF REMEMBRANCE

- s u m m a r y -

This paper focuses on the Holocaust Memorial Museum of the Jews from Macedonia in Skopje, considered as a place of remembrance. In anthropological discourse, by using symbolism, I will show how this monument shapes memory and exists as marker of time in the present. The significance of the museum and its function today makes it a place of importance in regard to time, events, and persons.

Ruzica CACANOSKA
Institute for Sociological, Political and Juridical Research – Skopje

УДК 316: 303 (091)

HISTORICAL BASIS OF SOCIOLOGICAL METHODOLOGY

"Facts are secret, opinion is free."
C. P. Scott

The key pillar of every science, besides of determining the research subject, is the precise defining of the approach and manner in which the new knowledge shall be produced, and which shall be used to further advance the existing knowledge fund of the same. Science, as a dynamic category, requires continuous advancement, as well as continuous re-exploring of the already established scientific base. In fact, the methodology includes the theory or the upholding concepts of the given science, approach and manner of collection of data, their processing, reasoning and, of course, the answer to the posed research question and confirmation or refusal of the initial presumption on the researched topic (thesis). Social methodology is a separate scientific discipline which is based on sociology and for which the knowledge of the other particularly "related" scientific disciplines is of great importance. Accordingly, it significantly draws from the social or humanistic sciences; from the history in this specific case.

The main subject of this paper is the review of the historical base of the sociological methodology. Actually, it poses the question on the usage of the historical knowledge in the sociological research indicating that the specialisation of scientific disciplines should be further extended with their increased complementarity. However, it does not mean that the author of this paper suggests that the specialisation of scientific disciplines should be avoided, but that it should be contextualised, due to the fact that the related disciplines can only support the perception of the defined topic. It is very important for the specific scientific disciplines to "meet" each other in that inter-space, where each of them shall provide its frame and manner of perception of the given topic. In that context, interdisciplinarity is an

approach which leads towards the application of knowledge and methods of two or more sciences in the study of a particular phenomenon.

The paper shall mainly focus on two segments of the history usage in the sociological methodology. First, it shall indicate the usage of history in the creation of the research outline. Afterwards it shall indicate the usage of history in the specific strategies (methods) of research. Within the founding of theoretical concepts of sociology, the influence of the historical science is rather important; however, it shall not be elaborated in this context.

Sociology vis-à-vis history

5. da izdava služben vesnik na makedonskata pravoslavna crkva;
6. da se griži za pravilnoto i ednoobraznoto i blagolepnoto izvršuvanje na bogosluženieto, sv.tajni i srkovnite obrjaadi;
7. da izdava napatstvija za gradenje na crkvi i manastiri;
8. da se griži za dobrotvornite i vospitatelni ustanovi;
9. da vrši nadzor nad eparhiskite arhierei;
10. da postavuva administratori vo ovdovenite eparhii;
11. da podgotvuva dveven red za sv.Arhierejski sobor i da izvršuva negovite rešenija;
12. da vrši nadzor nad glavnoto svešteničesko združenie i nad drugite crkovno-verski združenija;
13. da podnesuva godišen doklad do sv. Arhierejski sobor;
14. da sudi vo prva instancija;

a. nesoglasijata po-megju arhiereite
b. kanonskite provinenija na arhiereite i
v. disciplinskite i službeni provinenija na a rhiereite na svoite čnovnici i

15. da gi vrši site drugi raboti , koi ke mu bidat povereni od sv. Arhierejski sobor.

V. VISOK CRKVEN SUD

čl. 31
Visokiot crkven sud e vrhovna sudska vlast za provinenijata na sveštenstvoto (od dvata reda), za bračnite dela kako i za site crkovni dela, koi ne spagjaat vo sudska nadležnost na sv. Arhierejski sobor i sinod.
čl. 32
Sedalištето na visokiot crkven sud e vo stolninta na Arhiepiskopot na makedonskata parvoslavna crkva.
čl. 33
Visokiot crkoven sud go sočinuvaat:

a. pretstojatelot arhierej izbran od sv. Arhierejski sobor za 2 godini
b. 4 člena sudii-sveštenici so svoi so svoi zamesnici izbirani od sveštenicite na nivnite opšti redovni sobranija. Mandatot na členovite na –sudii trae 4 godini, sekoja ftora godina se podnovuva so dva člena; i

v. sekretar-prvenstveno lice so pravno obrazovanie. Sekretarot e postojanen činovnik i
g. nužiot broj činovnici.

čl. 34
Predsedatelot go zamesnuva najstariot člen na sudot.
čl. 35
Sudot donesuva polnovaži rešenija koga e vo sostav: predsedatel, naj-malko 3 člena sudii i sekretar.
čl. 36
Koga sudiite se ličmo zainteresuvani ili sa zimali učastie vo sudenjeto po istoto delo vo prvata instancija ne možat da sudat poftorno po toj predmet.
čl. 37
Predsedatelot i členovite na sudot se napolno nezavistni.
čl. 38
Visokiot crkoven sud e posledna sadebna instancija po presudite na eparhiskite crkovni sudovi.
čl. 39
Visokiot crkoven sud po služebna dolžnost razgleduva:

1. Presudite na eparhiskite crkovni sudovi za poništuvanie na brakovi
2. Svešteničeski providenija, i toa: gubenje služba i doživotna zabrana za činodejstvie, kako i lišenie od svešteničeski san ili konečno isklučivanje od crkovnata zaednica.
3. Otstranuvanje na mirjani od crkovnata zaednica.
4. Site rešenija na eparhiskite crkovni sudovi, isprateni od eparhiskite arhierei do Visokiot ckoven Sud.

GLAVNO CRKOVNO NASTOJATELSTVO

čl. 40
Vo stolninata na Arhiepiskopot ima glavno crkovno nastojatelstvo. Toa e vrhovno zakonodatelno upravno i kontrolno telo vo granicite na negovata nadležnost.
čl. 41
Glavnoto crkovno nastojatelstvo go sočinuvaat:
1. Arhiepiskopot kako predsedatel;
2. Dva arhiereja;
3. Eden pretstavitel na manastirskite bratstva (monaško lice);
4. Eden veroučitel;
5. po dvaica sveštenici od sekoja eparhija i
6. po eden prestavitel mirjanin od sekoja duhovna okolija.

čl. 42
Predsedatelot e mirsko lice i e izbrano od členovite na Glavnoto nastojatelstvo.
čl. 43
Arhiereite členovi na Glavnoto crkovno nastojatelstvo gi delegira sv. Arhierejski sobor; predstavitelot na manastirskite bratstva; veroučitelot od site veroučiteli; svešenici -od eparhiskite sveštenički bratstva i mirjanite od okol. Duhovni nastojatelstva ili eparhiskite nastojatelstva.
čl. 44
Mandatot na členovite na Glavnoto crkovno nastojatelstvo trae dve godini.
čl. 45
Glavnoto crkovno nastojatelstvo ima redovno zadenie eden pat vo godinata, a izvanredni po potreba ili po želanie na edna tretina od čenovite. Arhiepiskopot odreduva data za svikuvanie na zasedanieto.
čl. 46
Glavnoto crkovno nastojatelstvo može da donese polnovažni rešenija koga sa prisatni poveke od polovina od členovite.
čl. 47
Vo nadležnost na Glavnoto crkovno nastojatelstvo spagja:
1. da vo soglasie so sv. Arhierejski sobor donesuva uredbi i za izdržavane na site sveštenoslužiteli i činovnici kako i za izdržvavane na nivnite vdovici so semejstvata im;
2. da se griži za pensii na stari i bolni svešeno-služiteli i činovnici, kako i za izdrškata na nivnite vdovici so semejstvata im;
3. da propišuva pravila za svojata rabota i za rabotata na crkov-pravnite tela;

4. da vo sorabotka so sv. Arhierejski sabor pravi proekti za izmenuvae i dopolnivane na Ustavot na makedonskata parvoslavna crkva;
5. da propišuva pravila za službenicite na crkovno-upravna služba;
6. da donese uredbi a rakovodenje so crkovnite imoti i fondovi ili obrzuva takvi pored potrebite na Makedonskata pravoslavna crkva;
7. da iznajduva sigurni i redovni prihodi na centralnata kasa, kako i za parvilnata upotreba na istite;
8. da se griži za izdrška na bogoslovskite učilišta i svešteničkite kursevi;
9. odobruva prodažba i kupovina na crkovni imoti vo stojnost nad 100.000 din.

čl. 48

Glavnoto crkovno nastojatelstvo ima svoja kancelarija, so sekretar, lice prvenstveno so praven fakultet, koj bil na administrativna ili parvna služa najmalku 3. god; lice so sredno - trgovsko obrazovanie i nužen broj činovništvo.

Preku niv i preku naročno delegirani svoi členovi Glavnoto crkovno nastojatelstvo ja vrši svojata vrhovno-upravna i nadzorna vlast nad site organi vo crkovno-upravnata služba.

EPARHISKI ARHIEREJ

čl. 49

Eparhiskiot arhierej e vrhoven glava vo eparhijata za site crkovno jerarhiski raboti;

čl. 50

Eparhiskiot arhierej go izbirat crkovno-narodniot sobor po predloženata od sv. Sinod lista.

čl. 51

Za eparhiski arhierej može na bide predložo i izbrano lice, koe e pravoslaven Makedonec so bogoslovsko obrazovani (sredno ili više), a može i so parvni filozofski i drug fakultet. Istoto lice treba da bide so bezprekorno moralno povedenie i da ima osvedočena ljubov kon hristobvata crkva.

čl. 52

Eparhiskiot arhierej vo svojata eparhija e nadležen:

1. da ja pazi i brani sv. crkva i čistotata na pravoslavnata vera da se bori protiv suverija, loši navici i predrasadaci;
2. da go poučava duhovenstvoto i patstvoto vo eparhijata da živeat vo mir, hristijanska ljubov i moralna čistota;
3. da dava napatstvija za crkoven život i isprača arhipastirski poslanija;

4. да се грижи за извршување на св. богослужења и црковните обреди.
5. да освештува нови цркви и антимиси и, да се грижи да сите цркви бидат снабдени со св. миро, св. икони, богослужебни книги и др;
6. да ракополага достојни лица за свештенички чин е се грижи за пополнување на празни енории;
7. да парви канонски посетанија во епархијата;
8. да назначува епархиски проповедници и исповедници за свештенството во епархијата;
9. да се грижи за верската просвета во епархијата, да предлага на св. синод веронаучители за назначение и води надзор над нивната работа;
10. да адва благослов за градење на нови цркви , манастири и параклиси;
11. да назначува свој заменик, архиерејски намесници и манастирски старешини; води надзор над нив;
12. да дава разрешенија за степени на сродства, кој се спред брачното право негова надлежност;
13. да адва отпуска на свештениците од епархијата од 10 дена нагоре и им одредува заменици;
14. да разгледува помали прекршувања за свештенството (од двата реда) и да дава наказанија (опоменува, укорува, дава епитимија до 15 дена и забранува свештенодејство до 1 месец);
15. да во соработка со епарх. настојателство организира добротворителни друштвеи установи во својата епархија;
16. да се грижи за исполнување на сите наредби и решенија од по горните црковни власти и
17. да поднесува доклад за извршените работи на св. Архиерејски Собор за својата архипастирска работа во епархијата.

чл. 53

Архијереите не може да служат и проповедаат во друга епархија без знаење и одобрение на надлежниот архиереј.

чл. 54

Епархискиот архиереј не може да ја напушти својата епархија без разрешение на св. Синод.

ЕПАРХИСКИ ЦРКОВЕН СУД

чл. 55

Епархискиот црковен суд е црковно судски орган во епархијата.

чл. 56

Судот го сочинуваат:

a. претседател епархискиот архиереј, односно неговиот заменик;

b. dva člena sudii, so zamesnici svešni - lica izbrani od eparhiskoto svešteničko sobranie, a potvrduvani od sv. arhierejski sinod;
v. sekretar, svešteno lice naznačvan od sv. sinod po predloženie na eparhiskiot arhierej;
g. nužen broj činovnici naznačuvani od epargiskiot arhierej.

čl. 57
Členovite i sekretarot na eparhiskiot crkoven sud se so bogoslovsko obrazovanie, i treba da imat naj-malko 5 godini crkovna služba.
čl. 58
Členovite sudii i sekretarot ne možat da bidat vo srodstvo po megju sebe si ni so predsedatelot (krvno srodstvo do 4: duhovno dvoerodie do 2 stepen).
čl. 59
Koga nekoj od členovite je otsaten ili zainteresuvan vo razgleduvanoto delo go zamestuva sekretarot.
čl. 60
Eparhiskiot crkoven sud donesuva polnovažni rešnija koga sa na zasedanieto prisatni: predsedatelot, dvaica členovi so zamesnici i sekretarot.
čl. 61
Crkovniot sud e nadležen:

1. da sudi provinenija na sveštenicite od dvata reda;
2. da gi razgleduva i sudi bračnite sporovi;
3. da razgleduva oplakvanija od mirski lica protiv sveštenicite i obratno;
4. da soopštuva i izvršuva rešenijata i naredbite na pogornite crkovno-sudski vlasti i
5. da sudi na provinilite se crkovni nastojateli

EPARHISKO NASTOJATELSTVO

čl. 62
Vo sekoja eparhija ima eparhisko nastojatelstvo. Toa e upravno i nadzorno telo za crkovnite i upravnite raboti vo eparhijata.
čl. 63
Eparhiskoto nastojatelstvo go sočinuvaat:

1. eparhiskiot arhierej ili negoviot zamesnik (kako predsedatel).
2. troica sveštenici izbrani an eparhiskoto svešteničko sobranie.
3. eden predstevitel na manastirskite bratstva vo eparhijata.
4. Po dvaica predstaviteli na okoliskite crkovni nastojatelstva vo eparhijata

čl. 64
Eparhiskoto nastojatelstvo e nadležno:

1. да gi rasprakja i razjasnuva rešenijata, naredbite i dr. na Glavnoto crkovno nastojatelstvo i da dava napatstvija za pravilno ispolnuvane na istite;
2. da prima dokladi, godišni budžeti i predložnija od okol. Crkovni nastojatelstva, gi odobruva ili razrešuva, koga istite ne sa vo negova nadležnost gi preprakja vo svoe mnenie do glavnoto crkovno nastojatelstvo;
3. da ja kontrolira rabotata vo okoliskite i enoriskite crkovni nastojatelstva vo eparhijata;
4. da vo sorabotka so eparhiskiot arhierej organizira fondovi, dobrotvorni družestva i dr. crkovno-prosvetni ustanovi vo eparhijata i se griži za nivna izdrška;
5. da se griži za crkovnite starini vo eparhijata;
6. da se griži za matrijalnite potrebi vo eparhijata, parvi godišen budžet koj go ispraća do glavnoto crkovno nastojatelstvo na odobrenie;
7. da razrešva provanje na crkovni imoti vo stojnost do 100.000 dinara i
8. da podnesuva godišen doklad za svojata rabota do Glavnoto crkovno nastojatelstvo

ARIEREJSKI NAMESNIK

čl. 65

Na čelo na sekoja duhovna okolija stoi arhierejski namesnik. Toj e upravna, izvršna i kontrolna vlast vo okolijata za crkovno jerarhiski raboti.

čl. 66

Arhierejskiot namesnik se naznačuva od eparhiskiot arhierej. Za takov može da bide naznačen svešteno lice ili od mirskiot red, koe e redovno završilo više ili sredno bogoslovsko učilište, koe ima primeren život i se odličva so enoriska ili crkovno-admin. rabota.

čl. 67

Vo kancelarijata na arhierejskiot namesnik se vršat site raboti an okol crkovno nastojatelstvo.

čl. 68

Vo nadležnost na arhierejskiot namesnik spagja:

1. da se griži za čistotata na verata, za točnoto i pravilno izvršuvanje na sv. bogosluženie i crkovnite obrajadi vo okolijata;
2. da se griži sveštenstvoto vo okolijata da gi izvršuva svoite pastirski dolžosti i da ima povedenie koe odgovara na negovoto prizvanie;
3. da nastojata vo okol svešeničko bratstvo da vladee ljubov i složno sorabotuvanie;

4. da se griži za zapazuvanje na mesnite crkovno anrodni tradicii i dobri običai, a da se bori protiv lošite anvici i sueverni pojavi vo narodot;
5. da nastojava da se organizirat pravoslavni hristijanski bratstva pri enoriskite hramovi i da dava napatstvie za sveštenici vo okolijata za versko prosvetuvanje;
6. da gi obikoluva enoriite vo okolijata i da ja kontrolira pastirskata, veroučitelskata i administrativnata dejnost na enor. sveštenici i vrši nadzor nad manastirite;
7. da gi izvršuva točno naredbite na eparhiskiot arhierej i mu isprakja često mesečen doklad za svojata rabota vo okolijata;
8. da dava otpuska na sveštenicite od okolijata do 10 dena i im odreduva zamesnici; molbite za podolgo otsustvuvanje, da gi sprovede so svoeto mnenie do eparhiskiot arhierej;
9. da svikuva redovni i izvanredni Okol. svešte. Sobranija so cel da se dogovaraat za uspešna pastirska dejnost za zajaknuvanje na verata i hristijanskite dobrodeteli vo narodot;
10. da gi otklonuva i rasparvuva slučajnite raznoglasija pomegju enor. Sveštenici vo okolijata. Pri nevozmožnost da se postigne pomirenie ili pri golemi provinenija , go izvestuva eparhiskiot arhierej i
11. Da podnesuva baranja i dava predloženija na eparhiskiot arhierej vo vrzka so zasiluenje na crkovno-verskiot život vo okolijata ili eparhijata.

čl. 69

Arhierejskiot namesnik može da otsastvuva od svojata dolžnost samo so znanieto i odobrenieto na epar. Arhierej koj mu odredeuva i zamesnik.

OKOLISKO CRKOVNO NASTOJATELSTVO

čl. 70

Sekoja duhovna okolija ima svoe okolijsko crkovno nastojatelstvo, toa e rakovodno i kontrolno telo za crkovno upravnite arboti vo okolijata.

čl. 71

Okol. crkovno nastijatelstvo go sočinuvaat:

1. arhierejskiot namesnik kako predsedatel;
2. tri enor sveštenici delegirani od enoriskoto sveštenstvo;
3. eden predstavitel na manastirskoto bradstvo na okolijata;
4. po eden člen mirjanin delegiran od sekoe enorisko crkovno nastojatelstvo vo okolijata.

čl. 72
Okol ckovno nastojatelstvo ima redovni zasedanija, 4 pati godišno (na tri meseci edno) i izvanredni po potreba.
čl. 73
Mandatot na členovite na okol. crkovno nastojatelstvo trae 2 godini.
čl. 74
Vo negovata nadležnost spagja;

1. da gi rasprakja i razjasnuva rešenijata i naredbite na pogornite crkovni vlasti i da se griži za pravilnoto ispolnuvane;
2. da priema dokladi, godišni budžeti i predloženija od enor. crkovni nastojatelstva i da gi preprakja istite, so svoe mnenie, do eparh. crkovno nastojatelstvo za odobrenie;
3. postavuva konkretni zadači vo vrska so osobenite potrebi na dadenata okolija i dava napatstvija za uspešno izvršuvanje na istite;
4. da ja kontrolira rabotata na enor. crkovni nastojatelstva.

čl. 75
Administrativnite raboti na administrativnoto crkovno nastojatelstvo se vršat vo akncelarijata na arhierejskiot namesnik

ENORIJSKI SVEŠTENIK.
čl. 76
Duhovniot i crkoven život vo parvoslavnite enorii se arkovodi od enor. sveštenik. Toj e dolžen spored svoeto osobeno prizvanie da služi za primer na svoite enorijaši vo sekoe otnošenie.
čl. 77
Vo nadležnost na negovata rabota spagja:

1. da služi sv. liturgija i sekidnevno crkovno parvilo; da gi izvršuva sv. tajni i crkovni obredi po ustanoveniot od crkvata red i predpisanijata na duhovnite vlasti;
2. da propoveduva redovno Božieto slovo, da gi poučuva svoite enorijaši vo hramot i vo sekoe pohodno mesto i vreme;
3. da prepodava veroučenie vo učilišteto kade nema vozmožnost da bide naznačeno drugo lice za veroučtel;
4. da ima organizirano pravoslavno Hristijansko bratstvo vo koe sistemno da gi zapoznavuva svoite enorijaši za versko-moralnite istini an naša crkva
5. da se bori protiv lošite običai i praznoverci i protiv site nepravoslavni pojavi an vernicite vo okolijata;
6. da se griži zaedno so crkovnoto nastojatelstvo za čistotata na enoriskiot hram, gobištata i dr. dveti mesta;

7. da go apzi i podnovuva zaedno so crkovnoto nastojatelstvo inventarot na enoriskiot hram;
8. da ureduva biblioteka pri enoriskata crkva koja da e vo usluga na site enorijaši;
9. da vodi letopis na svojata enorija i enor. crkva
10. da gi izvršuva naredbite na pogornite crkovi vlasti;
11. da vo dogovor so crkovnoto anstojatelstvo se griži za ukrasata na hramot i za zasiluenje na crkovnata blagotvoritelnost;
12. da gi vodi točno i čisto crkovite registri i da izdava dokumenti po istite i
13. da isprakja doklad za svojata rabota vo enorijata do arh. namesnik.

ENORIJSKO CRKOVNO NASTOJATELSTVO

čl. 78
Sekoja enorija so pravoslavni vernici vo makedonija ima svoe crkovno nastojatelstvo. Ako pri edna enor. crkva ema poveke enorii, obrazuvaat edno crkovno nastojatelstvo vo koe sa zastapeni site enorii so ednakov broj nastojateli.
čl. 79
Enor. crkovno nastojatelstvo e sostaveno od 6-8 duši; ako vo edna enorija vleguvat poveke sela sekoe od niv e zastapeno vo enor. nastojatelstvo.
čl. 80
Predsedatel na nastojatelstvoto e enor. sveštenik. Kade pri eden hram ima poveke enor. svešenici, tie po megju sebe si izbiraat predsedatel.
čl. 81
Za crkovni nastojateli možat da bidat izbirani: parvoslavni hristijani nad 30 godini, da se členovi an enorijata, da se poznati so svojata čestnost, pobožost i ljubov kon Hristovata crkva.
čl. 82
Izborite za crkovni nastojateli se vrši sekoja ftora godina. Vo izborot učastuvat site vernici maži i ženi koi imaat parvo an glas.
čl. 83
Enor. crkovno nastojatelstvo ima redovni zasedanija ednaš mesečno a izvanredni po potreba.
čl. 84
Enor. crkovno nastojatelstvo donesuva polnovažni rešenija koga na zasedanijata sa prisatni poveke od polovinata nastojateli.
čl. 85
Enor. crkovno nastojatelstvo e nadležno:
1. da go prieme inventarot na enor. hram i da se griži za istiot;

2. да gi upravja crkovnite imoti i da se griži za pravilno stopanisuvanje;
3. da se griži za potrebi na enoriskiot hram: ikoni, odeždi, bogoslužebni knigi i dr. potrebi an negovata kancelarija;
4. da naznačuva po predloženie na enor. svešenici crkovni pevci i klisari i im odreduva voznagraždenija ili plati;
5. da se griži za podržanjeto na enoriskiot hram i dr. sv. mesta vo enorijat (stari crkvi, paraklisi, grobišta i dr.)
6. da gi vodi knigite za prihod i razhodot;
7. da prima prilozi, darenija i zaveštanija vo polza na enoriskiot hram;
8. da parvi godišen budžet za enoriskiot hram i go isprakja preko okol. crkovno nastojatelstvo vo eparhiskoto nasojatelstvo;
9. koga ima izvanredni potrebi pravo dopolnitelen budžet i go isprača po redoven pat za odobrenie;
10. da gi prima i izvršuva rešenijata i naredbite na po gornite crkovni vlasti;
11. da podgotvuva spisoci na enorijašite koi imaat parvo na glas (vo spisocite za crkovni izbori ne možat da bidat zapisani lica koi sa otstraneti od zaednicata na Hristovata crkva, koi izvršile zločin, koi živeat vanbračno, koi ne sa interesuvaat za verata i ne gi izvršuvaat svoite hristijanski zadolženija);
12. da se griži za pomaganje na bolnite bedni starci, vdovici i staricii drugi nuždajušti se vo enorijata;
13. da se griži za nužite na crkovno-verskata prosveta vo enorijata (da odredeuva suma za kupuvanje knigi so religiozno sodržanie, za potreduvane na salon za bratstveni sobranija i dr);
14. da sobira dobrovolni prilozi i od enorijašite vo slučj an izvanredni potrebi i
15. da vodi knigi na daritelite i otličilite se crkovni anstojateli. Istite gi spomenuva svešenikot na sv. liturgija vo nedelata na pravoslavieto.

čl. 86

Prihodite na enor. crkovno nastojatelstvo se:

1. od prodavanje na sveći;
2. od darenija i dobrovolni prilozi;
3. od naemi an crkovni imoti;
4. od taksi za svešteno-dejstvija i ceni knigi krštenija, venčnija i pogrebenija
5. od diskos na bogosluženieto.

čl. 87
Enor. crkovno nastojatelstvo e zadolženo da od bruto prihodot spored godišniot budžet isprakja opredeleni procenti an povisokoite crkovni organi.
čl. 88
Suficitot na enoriskoto crkovno nastojatelstvo se arzdeluva na tri dela: edden del se isprakja na fondot za penzii na sveštenoslužitelite i crkovni činovnici; ftoriot del na fondot za duhovna prosveta i izdrška na duhovnite učilišta pri glavnoto crkovno nastojatelstvo; tretiot del ostanuva vo aksata na enoriskoto crkovo nastojatelstvo.

MANASTIRI

čl. 89
Manastirot e sveto mesto kade živejat kalugeri ili kalugerki, zadruženi vo duhovna bratska zaednica, koj sa dale toržestven obed deka ke živat vo vozdržanie, siromašo i poslušanie. Manastirite služat za duhovni i dobrotvorni celi.
čl. 90
Site kalugeri koi živejat vo eden manastir sostavuvaat manastirsko bratstvo. Ako se od tri poveke tie si izborat po megju sebe starešina. Izborot go potvrduva eparhiskiot arhierej. Kade se pomalku od troica, starešinata biva naznačuvan od eparhiskiot arhierej.
čl. 91
Starešinata e rakovoditel na duhovniot i crkovniot život vo manastirot, a za site crkovno-upravni raboti e nadležno manastirskoto crkovno nastojatelstvo, koje e sostaveno od mirski lica. Predsedatel na nastojatelstvoto e starešinata na manastirot.
čl. 92
Manastirskoto crkovno nastojatelstvo se izbira na isti način kako i enoriskoto crkovno nastojatelstvo i ima ista nadležnost (čl. 85).
čl. 93
Sv. Arhierejski sobor e nadležen da donese pravilnik za vnatrešniot žvot vo manastirite.

CRKOVNA PROSVETA

čl. 94
Za podgotvuvanje svešteničkи kandidati sv. Arh. Sinod na Makedonskata parvoslavna crkva ke otvori bogoslovsko učlište i svešteničko-bogoslovski kursevi.
čl. 95

Nastavniot plan i programa za bogoslovskite učlišta gi propišuva sv. Arh. Sobor.
čl. 96
Bogoslovskite školi stojat pod vrhoven nadzor na Sv Arh sinod, a pod neposreden nadzor na eparhiskiot arhierej.
čl. 97
Pravilnici i uredbi za učilištata donesuva sv. Arh. Sobor
čl. 98
Za materijalnata izdrša na učilištata se griži Glavnoto crkovno nastojatelstvo.
čl. 99
Profesorite i učitelite vo bogoslovskite učilišta gi naznačuva sv. Arh. Sinod.

ZAVRŠNI ODREDBI

čl. 100
Ovoj Ustav stanuva polnovažen od denot koga se posle primaneto od crkovno narodniot sobor, objavi vo službeniot vesnik na Makedonskata pravoslavna crkva.
čl. 101
Organizacijata na site jerarhiski i crkveno-upravni tela treba da bide izvršena vo tečenie na tri meseci.
čl. 102
Sv. Arhierejski sobor, Sv. Arhierejski Sinod i Glavnoto crkovno nastojatelstvo da gi donesat site parvilnici i uredbi, koi se potrebni da se vovede vo život ovoj Ustav.
čl. 103
Koga bidat formirani site crkovno-jerarhiski i rckovno-upravni tela i se vovede vo sila ovoj Ustav, togaj prestanuva da važat site naredbi i okružni parvilnici od inicijativniot odbor za organizaramje na Makedonska pravoslavna crkva.
čl. 104
Ovoj Ustav na Makedonskata parvoslavna crkva e donesen na ftoroto zasedanie na crkovno-narodniot sobor, održano vo ...

Марија ПАНДЕВСКА

УДК 94 (497) “1912/13“
(049.3) 94 (497.7)
“1912/13“ (049.3)

Сто години од Балканските војни, прилози од научниот собир одржан на 3 и 4 декември 2012 година, МАНУ, Скопје 2013, 532

Кусиот приказ на публикацијата *Сто години од Балканските војни* и нејзиното академско значење ги поставувам во конотација со симболиката на сликарската техника позната како анаморфоза. Овој приод е малку неортодоксен затоа што вреднувањето на оваа публикација, која е посветена на историската геополитика, јас го вршам со лексиката на сликарскиот уметнички израз. Имено, поимот анаморфоза ја означува искривената/искривоколчената сликарска проекција која бара од публиката да употреби специјална направа или да заземе позиција на специфично видно поле за да може правилно да ја восприеми скриената симболика на платното. Во сликарството постојат два типа анаморфозни дела: оние на кои им треба промена на перспективата и оние на кои им се потебни специфични огледала за да се долови вистинската слика претставена на платното. Така, на пример, *Окото на Леонардо да Винчи* е најраниот пример на анаморфоза на перцепцијата, додека, пак, платното на Ханс Холбајн познато како *Амбасадорите*, кое е изложено во Националната галерија во Лондон, е најпознатото сликарско дело на анаморфозата. На ова платно една изобличена сликарска форма е поставена дијагонално, во долниот дел на композицијата. Кога оваа изобличена форма ќе се погледне од специфично определен правилен агол, таа пред публиката се трансформира во јасна форма на насликан човечки череп – симболиката на смртта. Всушност, накусо, анаморфозата е деформираната слика што се појавува во својата вистинска форма само кога ќе се погледне преку одреден нековенционален начин или кога треба да се употреби помагало – специјално огледало, најчесто во форма на цилиндар.

Според моето согледување, токму зборникот на трудови *Сто години од Балканските војни* може да се окарактеризира како алатката (огледалото) за гледање на (или пристапот на нековнеционалноста за гледање низ) големото платно на она што претставуваат и Балканските војни и Букурешкиот мировен договор како за Македонија и Македонците така и за другите балкански народи. Причините за тоа се и комплексни и повеќеслојни. Имено, од една страна стои фактот дека во општоцивилизацискиот развој веќе навлеговме во втората деценија на XXI век, а технолошкиот развој се побргу ги разбива комуникациските бариери. Меѓутоа, од друга страна, некои од парадигмите на XIX век, иако анахрони, силно се закотвиле во историското толкување на настаните стари веќе еден век. Па така, при одбележувањето на 100-годишнината од Балканските војни (1912–1913), низ академските центри на Европа се одржаа многубројни научни собири и на поголемиот дел од нив, освен во Република Турција и во Република Македонија, продолжи да се разгледува т.н. „ослободителен“ карактер на овие војни, или во поблаг случај, се избегнуваше да се говори за нивниот искучително завојувачки и разорнувачки карактер. Во оптек продолжи да циркулира познатото користење на двојните аршини кога се оценуваа истите, особено во славопојките или жалопојките кој сè грабнал или загубил од она што го планирал да го освои или да го добие. На тој начин одново и одново се повторуваше искривоколчената слика за Балканските војни. Затоа, зборникот на трудови *Сто години од Балканските војни* е токму тоа – цилиндричното огледало кое на амбасадорското платно и на зелената маса на која се кроеја судбините на обичните македонски луѓе ја открива страшната стварност, т.е. вистинската слика на дипломатските и на пропагандните манипулации, гинењето, разорувањето, бегањето? и трајното раселување, менувањето на етничките карти преку геноцидни воени зафати, окупациите и окупациските системи веднаш придружени со асимилациски зафати. Исто како на сликата на Ханс Холбајн, се открива страшната слика на човечкиот череп, на она што единствено можат да го донесат војните – смрт, како масовна физичка смрт така и смрт на етничко-географската целина каква што била османлиска Македонија и раселување на нејзиното домородно, и христијанско и муслиманско, население. Статиите што се дел од оваа публикација, секоја одделно и сите заедно, го овозможуваат токму тоа – истап кон неконвенционалноста да се открие вистинската слика на овие војни такви какви што единствено можеле да бидат: завојувачки. Тоа што македонскиот јазичен опсег е доста стеснет, останува да биде ограничувачки фактор. Затоа оваа правилно поставена перцепција кон

сите нијанси на анаморфозното платно за Балканските војни и Букурешкиот мировен договор (кој донесе сѐ, ама не и мир) не може да се пласира како парадигма низ светските академски простори, надвор од ограничените кругови на научниците што го познаваат македонскиот јазик.

И како што, во суштина, доликува, публикацијата *Сто години од Балканските војни* започнува со воведната статија на претседателот на МАНУ, академик Владо Камбовски (11-24), кој како тема го избрал појавувањето на општествениот феномен на нацијата, погодувајќи во сржта на проблемите на големите мултиетнички империи каква што била и Османлиската. Имено, токму нациите и национализмот произлезен од политичките програми за формирање национални држави го претставуваат клучот во домино-ефектот, според кој, за некоја година по распаѓањето на Османлиската Империја, во Европа ќе се распаднат и австроунгарското и руското царство, а зрелиот дваесетти век ќе го означи распаѓањето и на големите колонијални империи. Меѓутоа, одговорот на денешницата треба да се бара, како што запишал авторот, „во поимот на постоењето на културната нација“, напуштајќи ја дефинитивно парадигмата на „историските права на определената територија“. Тоа напуштање на парадигмата на модернизмот карактеристична за XIX век би требало да доведе до „ефективен модел на демократски политички систем, кој би имал капацитет да обезбедува внатрешна и регионална стабилност“. Но, авторот констатира дека тој „сѐ уште не е изграден како целовит и ефективен систем во државите на нашиот регион“. Корените на оваа неспособност да се стигне до оваа општобалканска цел се провлекуваат токму од периодот на Балканските војни и од незадоволените апетити како нивни исход, што резултирало со активно учество на истите актери и во двете светски војни.

Македонската историска и политиколошка мисла континуирано, од генерација во генерација, истражува и трага по причините што довеле до Балканските војни, одново навраќајќи се кон нив од различни аспекти. И она што е за нас карактеристично: секогаш критички разгледувајќи ги неповолните надворешни геополитички фактори, меѓутоа без заобиколување на вистината, на удар на критиката секогаш биле и внатрешните слабости на македонското националноослободително дело непосредно пред и за време на војните. И токму овие изречени кратки заблешки се однесуваат на статиите на авторите: Блаже Ристовски (25-70), кој обработил еден широк преглед на фактографија и анализа на историскиот процес на

создавањето на македонската нација. Меѓутоа, покрај сето тоа материјал?, неговите претстави откриваат и една друга значајна македонска општествена димензија. Имено, тој во својата статија јасно упатува на фактот дека во однос на одделни процеси и настани, македонската историска мисла, преку јавно изговорениот и напишаниот збор, никогаш не била унисона, дури и во времето на она што сега го нарекуваме едноумие. Како и тогаш, и сега различните аргументи и историски факти биле подложни на постојани дебатирања, што, впрочем, и ѝ доликува на една научна дисиплина. И таа дебата по сите отворени прашања продолжува. Така, авторот Владо Поповски (71-86) се задржал на геополитиката на руската империја во потрага по отсуството на нејзината поддршка за формирање посебна македонска држава, лоцирајќи три одлучувачки причини кои ја оневозможиле реализацијата на таа идеја, т.е. нејзиното пролонгирање до АСНОМ-ските решенија. Ванчо Ѓорѓиев (107-127), пак, во својата концизна споредбена анализа на реформските зафати во Османлиската Империја и нивните неуспеси лоцира дел од причините за неможноста за создавање каква било кохезија на османлиската мултиетничка империја на Балканот. Македонската историографија има продуцирано доста трудови што ги работат овие реформи во Империјата, меѓутоа оваа куса и содржајна причинско-последична анализа е иновантивна во својата перцепција на општите состојби во и околу османлинска Македонија. Жила Ленина (229-242) се навраќа кон либералните сфаќања и принципите за способноста на една национална држава да го оствари својот опстанок поставени во XIX век, што неминовно кај малите балкански народи ќе доведе до аспирации за завојување туѓи територии. Овие либерални сфаќања за „животоспособноста“ на државите таа ги разгледува низ критиката на оваа парадигма од познатиот теоретичар на нацијата Ерик Хобсбаум, како и низ контроверзните односи на малите држави и нивните држави-покровителки; во малку поширок контекст, за причините и за последиците од Балканските војни се поставени и статиите на Валентина Миронска-Христова (131-146), и тоа низ една историска преспектива за времето на XIX век, и на Африм Османи (243-254), кој се обидува да направи споредбена анализа на историските фази за функционирањето на казненото право на територијата на османлиска Македонија.

На овие пишувања се надоврзува статијата на Иван Катарџиев (87-106), која во себе ги содржи елементите на поврзување на историјата и сегашноста. Имено, елаборирајќи ги претензиите на балканските држави кон османлиска Македонија од XIX век, авторот

го става својот текст во корелација со јубилејните празнувања на т.н. „ослободителни“ напори на завојувачите. Така статијата на Катарџиев се поставува како еден пермин кон статиите на авторите Димитар Мирчев, Дејан Маролов и на Билјана Поповска/Иванка Додевска. Особено со својата статија, Мирчев (213-228), кој веќе поставените постулати на Катарџиев ги разгледува низ теориско-критичка анализа на актуелните национални доктрини на македонските соседи, но и пошироко на Балканот, докажува дека тие доктрини не се поместиле од својата позиција на модернизмот карактеристична за XIX век. Меѓутоа, постмодерната теорија на деконструкција на историските митови ја користат само како барање упатено кон македонската држава. Од друга страна, Дејан Маролов (255-272) во својата статија се обидува иновативно да ги интерпретира Балканските војни низ призмата на теориската рамка на концептот познат како *безбедносна дилема*, додека Билјана Поповска и Иванка Додевска (205-212) даваат еден концизен преглед на последиците од Балканските војни, од повторното санкционирање на Букурешкиот мировен договор по Првата светска војна во Версај (и придружните договори) до денешните денови на функционирање на парламентарната демократија во Република Македонија и неизвесностите на патот на нејзиното осамостојување и меѓународно признавање.

Вториот корпус статии кои се дел од оваа публикација се состојат од богатство на историска фактографија – тој неизбежен и незаменлив фундамент на историјата. И сите овие статии се распределени така што ги разлачуваат најразличните аспекти на Балканските војни. Имено, три статии од овој зборник на трудови им се целосно посветени на дел од битките и воените дејства и во нив низ различни формални формации или неформални дружини се разгледува македонското учеството во Првата и во Втората балканска војна, при што се елаборирани и условите и причините под кои Македонците ја прифатиле идејата за учество во нив. Тоа се статиите на Александар Трајановски (147-170) и на Александар Стојчев (171-194), кои не се поклопуваат, туку меѓусебно се надополнуваат, давајќи богатство од податоци за она што се случувало на овие делови од фронтовските линии. Притоа, Трајановски го збогатил својот текст и со интересни изворни илустрации. За другата страна на медалот во однос на македонското учество во Балканските војни се зборува во статијата на Исмет Кочан (335-350), затоа што синтагмата за постоење „хумана војна“ (нешто што и до ден-денешен се обидуваат да го користат одредени светски политичари) е, всушност, само оксиморон. Како нивни антипод во збрникот е поместена статијата на Наташа Котлар-

Трајкова и Вера Гошева (195-204), која ја следи трагиката на војните во однос на цивилното население. Во случајов тоа е градот Солун, но описите за ужасите едноставно можат да се пресликаат на кој било друг македонски топоним, и пошроко на секој топоним низ кој поминале овие војни на еден или на друг начин. За етничката група на македонските Власи и раздробувањето на нивното етничко ткиво под притисок на странските пропаганди во османлиска Македонија и нивното учество во различните војски на т.н. „ослободители“ пишува Никола Минов во својата статија (463-478).

Дипломатските аспекти на Балканските војни се разгледани одново низ статијата на Македонка Митрова (во коавторство со Марија Пандевска) (275-294) и статијата на Далибор Јовановски (295-310), и тоа Митрова преку синтентизирање на богатата фактографија и преку анализата ја разгледува позицијата на српското кралство и неговата потреба и планови да се прошири на туѓи етнички територии само за да може да се позиционира во Вардарската Долина и да добие излез на море, додека Јовановски кон својата тема пристапил од еден интересен аспект – со биографска конотација осврнувајќи се на Елефтериос Венизелос и неговата идеја за „Грција како држава на два континента и пет морија“, кој, пак, не може да се одвои од политиката на војните. Во случајот, пак, со статијата на Стефан Влахов Мицов (311-316), иако насловот носи ограничување само врз бугарската историографија, всушност повеќе се говори за бугарската пропаганда која ги продуцирала овие војни. Авторите Фехари Рамадани и Ѓула Челику (351-372) воопшто не се ограничиле на темата што ја носи нивниот наслов, т.е. само на дипломатијата на Австро-Унгарија. Тие разгледуваат пошироки контроверзни аспекти поврзани со периодот пред и за време на војните, кои е добро што сега се објавуваат за да може и дебатата по нив во науката да се одвива според правилата на академските дисциплини. Овој блок статии поврзани со дипломатско-политичките аспекти на војните се заокружува со трудот на Вера Лалчевска (373-382), која низ историјатот на формирањето и функционирањето на Карнегиевата комисија пред стотина години го поставува прашањето за можноста денес да се користи нејзината моќ за да се помогне во надминувањето на блокадите со кои се соочува Република Македонија.

Еден посебен корпус од седум статии претставуваат заокружена целина, која зборува за одгласите на Балканските војни и меѓу современиците, академските средини, како и во печатените медиуми. Така, Димитар Пандев (317-334) дава исцрпна анализа на

делото на А. М. Селишчев, кој од Русија непосредно по завршувањето на Балканските војни во 1914 година доаѓа во Македонија и на самиот терен се запознава со нејзината етнографија, историјата на писменоста и со македонската дијалектологија. Авторот подвлекува дека „неговите проучувања тој ќе ги издигне на рамниште на студии по македонисктика на Катедрата за словенска филологија на Московскиот државен универзитет“. Интересен пример за богата фактографија презентирана преку историската фотографија има приложено Билјана Ристовска-Јосифовска (385-408), пренесувајќи ги и анализирајќи ги ретките фотографии од страниците на руското списание *Искри*, додека двете статии, тие на Лилјана Гушевска (409-418) и на Шенер Билјали (419-426), го носат читателот на страниците на познатите светски дневни весници. Гушевска ги следи написите за и околу Балканските војни на Џ. Д. Баучер, редовен дописник на *Тајмс* од Балканот, а Билјали низ поголем број весници на англиски јазик ги пренесува дописничките коментари за Кумановската битка. И Балканските војни и активностите на Македонската револуционерна организација се предадени во двете статии поставени од различна перспектива. Имено, Драги Ѓоргиев (427-438) погледнува низ диоптријата на спомените на османлиите Селаникли Шемседин и Ахмед Нијази-бег, а Тодор Чепреганов (439-448) низ пишувањето на современикот на настаните Христо Силјанов. Овој турнус од статии завршува со обидот на Марија Емилија Кукубајска (449-462) да изврши промена на искривоколчената слика што Роберт Каплан ја дава за Балканот во неговото дело *Балкански духови*.

Локалните теми се темите што исто така говорат како војните на микониво се одразиле директно врз населението на одделни македонски области и за оваа поголема тема свои видувања базирани на истражување приложиле Силвана Сидоровска-Чуповска (479-486), разгледувајќи ги просветните и политичките прилики во Велес во годините на војните и првите мерки на новите српски окупациски власти. Оливер Цацков (487-494) ги разгледува последиците од војните врз животот во Штип и неговата околија и првите активности на бугарските окупациски власти по Првата балканска војна. Промената на властите во еден кус период пред војните и по нив е разгледан низ аспектот на три нови и различни училишни и образовни системи во периодот на само една каледнарска година во статијата на Марија Коцева (511-518). Примерот на Штип го следат и другите македонски градови кои поминале низ ваквата куса транзиција на различните окупациски системи. За епидемиите, како придружен елемент на војните, се зборува во статијата на Елена Јосимовска и

Верица Јосимовска со посебен осврт на Брегличката епидемија од 1913 година (495-510). Статијата, пак, за Комитското оро на Владимир Јаневски (519-527) се навраќа на еден од филиграните на богатата македонска фолклорна ризница, кој во себе ја носи мимичката игра и говорот на телото кои ја раскажуваат приказната за борбата и за воените вештини на македонските комити.

Ова е кусиот преглед на 33-те статии што го обликуваат обемениот зборник *Сто години од Балканските војни*. И на авторите и на читателите им го оставам правото да се согласат или не со моите куси нотации. Исто така, во овој критички приказ на оваа публикација, и читателите и авторите ќе забележат дека не се придржував стриктно до редоследот на статиите во однос на содржината дадена на зборникот. Тоа не се должи на некаква критика за уредувачкиот одбор, туку на моето тежнеење на што помал број страници да ги разложам сите сегменти на оваа публикација во обид што подобро своите размисли да ги артикулирам пред читателската публика.

И на крајот, но не со помала важност треба да се истакне дека за да може да се изврши обликувањето на ова издание како краен продукт за читателот, се потребни и усилбите на луѓето што ја работат комплетната логистика. Во овој случај тоа се членовите на Организацискиот одбор на научната конференција, но уште поважно, секретарите на научниот собир Нуман Аруч, Гоце Алексоски и најмногу Нада Хаџи Николова. Не треба да биде занемарен и трудот на Марјан Марковиќ како јазичен редактор и англиската лектура на Наде Георгиева. А навременото завршување на овој колективен труд не би било можно и без малиот, но ефикасен сектор за издавачка дејност на МАНУ, односно придонесот на Виолета Јовановска, Драгица Топузовска и особено, во овој случај, на Соња Трајановска. И кон нив треба да бидат упатени зборови на пофалба за комплетно завршената задача.